Борче Илиевски

# МАКЕДОНСКО - СРПСКИТЕ ЦРКОВНИ ОДНОСИ

1944-1970

Борче Илиевски

Македонско-српските црковни односи 1944-1970

БОРЧЕ ИЛИЕВСКИ

# МАКЕДОНСКО – СРПСКИТЕ ЦРКОВНИ ОДНОСИ 1944–1970

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет – Институт за историја
2011

*Рецензенти*

проф. д-р Даринка Петреска
проф. д-р Виолета Ачкоска

*Јазична редакција*

Елена Тошева

*Издавач*

Филозофски факултет – Скопје

*Техничка обработка*

Бомат Графикс – Скопје

*Печати*

Бомат Графикс – Скопје

CIP-каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

281.963:281.961"1944/70

ИЛИЕВСКИ, Борче
Македонско-српските црковни односи 1944-1970 / Борче Илиевски. – Скопје : Филозофски факултет, Институт за историја, 2011. - 236 стр. : илустр. ; 23 см.

Фусноти кон текстот. – Библиографија: стр. 227-234

ISBN 978-608-4508-62-5

а) Македонска православна црква – Односи – Српска православна црква – 1944-1970

COBISS.MK-ID 87292938

© 2011 Сите права се заштитени. За користење на книгава во целина
или делови од неа потребна е дозвола од авторот и издавачот.

# Предговор

Црковните канони, историјата и политиката претставуваат неразделни сегменти од еден заеднички корпус на прашања, кои неретко можат да претставуваат проблем и да предизвикаат поделби во православниот свет. Заради некои од наведените причини и денес дел од православните цркви не можат канонски да ја легализираат прогласената автокефалност. Односите меѓу одделни православни цркви особено на Балканот често пати биле оптоварени со политика и недоверба.

Црковното прашање во балканските земји, по правило, се решавало заедно со националното прашање. Со формирањето на националните балкански држави во XIX век доаѓа до еманципација на националните православни цркви од Цариградската патријаршија. Прва од Патријаршијата се одвоила Православната црква во Кралството Грција, а со здобивањето на независност, автокефалност добиле и православните цркви во Србија, Романија, Албанија и Бугарија. Се разбира дека процесот на признавање и прифаќање на автокефалноста на новопрогласените цркви не одел ниту брзо ниту лесно. На Бугарската православна црква и требале, речиси, осум децении додека била прифатена нејзината автокефалност од Цариградската патријаршија и од останатите православни цркви.

Новопрогласените автокефални православни цркви биле национални и независни од Патријаршијата во Цариград за сите прашања, освен за прашањата поврзани со догмите. Всушност, автокефалноста требало да ја чува тесната врска создадена меѓу младите нации и православието, односно принципот на автокефалноста произлегувал од врските утврдени меѓу идентитетот, етничкиот концепт и вероисповедта.

Во периодот од балканските војни до 1944 година, кога се конституира македонската држава неколкупати се промениле црковните јурисдикции на Српската и Бугарската православна црква на територијата на Вардарскиот дел на Македонија. Во 1922 година Српската православна црква после подолги преговори, во кои биле вклучени црковни и световни лица, добила официјален акт „Томос“ од Цариградската патријаршија со кој епархиите од територијата на Македонија, кои влегле во составот на Кралството на Србите Хрватите и Словенците, биле ставени под нејзина јурисдикција.

Тргнувајќи од општото милје на македонската држава по 1944 година ќе направиме обид за расветлување на еден важен сегмент од најновата историја на македонскиот народ кој се развива во специфичните услови на југословенскиот социјализам и федерализам. Овие специфични услови, од своја страна имале големо влијание врз конечното разрешување на т.н. македонско црковно прашање, односно врз формирањето на Македонската православна црква.

Истражувањето во рамките на поставенава тема има за цел од историски аспект да го проучи периодот на конституирањето и положбата на Македонската православна црква од прогласувањето на македонската државност (1944) до прогласувањето на црковната самостојност (1967), како и да ја проследи реакцијата на Српската православна црква на автокефалноста на МПЦ неколку години потоа, до кога се достапни релевантни архивски материјали за оваа проблематика.

Во обработката на темата посебно место зазема дејноста на Иницијативниот одбор за формирање на Македонска православна црква, неговите заложби и активности во периодот од 1944 до 1958 година. Значајно место во трудот е посветено на односите на двете цркви од обновата на Охридската архиепископија во 1958 година до прогласувањето на автокефалноста.

Една од целите на ова истражување се историските основи на односите на Српската православна црква кон македонската држава, народ и црква, како и односот на епископатот на СПЦ кон ова прашање. Посебно се обработува и значајната, а на моменти и клучна улога на Сојузната и Републичката комисија за верски прашања во решавањето на македонското црковно прашање во односите на Македонската со Српската православна црква по 1958 година.

При обработката на наведениве содржини покрај користените објавени извори и литература од македонската и странска историографија беа извршени истражувања во Државниот архив на Република Македонија, особено во фондовите ЦК СКМ/КПМ, Републичка комисија за односи со верските заедници, Извршен совет на НРМ, Претседателство на Владата на НРМ, како и сеќавања од Документарното одделение на ИНИ. Значаен изворен архивски материјал за оваа проблематика има и во фондот на Лазар Колишевски во Архивот на Македонската Академија на Науките и Уметностите.

Трудот е структуиран во повеќе глави и поглавја кои опфаќаат определени хронолошки или предметни целини.

Согледувањата од овие истражувања, кои најдоа свое место во содржините на трудов, се надеваме дека ќе дадат барем мал научен

придонес во расветлување на определени сè уште отворени историски прашања.

Во оваа прилика би сакал да се заблагодарам на рецензентите на трудот д-р Даринка Петреска и д-р Виолета Ачкоска кои во многуте разговори на оваа тема, како и со сугестиите несебично помогнаа при обликувањето на трудот.

# 1/ Црковните прилики во Македонија 1912-1944

## 1.1/ Улогата на Српската православна црква во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни

По создавањето на Кралството на Србите Хрватите и Словенците на 1 декември 1918 година, се поставило прашањето за обединување на сите црковни области кои ги опфатила новата држава. На териториите од кои било создадено кралството дејствувале автокефалните православни цркви: Православната црква во Кралството Србија, Карловачката митрополија чија јурисдикција се протегала во Австро-Унгарија и Православната црква во Црна Гора. Епархиите во Босна и Херцеговина номинално биле под јурисдикција на Цариградската патријаршија, а реално до 1918 година зависеле од австроунгарската власт. Цариградската патријаршија имала црковна власт и врз епархиите од Македонија, Косово и новопазарскиот санџак кои по балканските војни, односно Првата светска војна станале составен дел од Кралството на СХС.[1]

На 31 декември 1918 година била одржана конференција на сите православни епископи од Кралството на СХС, на која било разгледувано прашањето за обединување на православните црковни организации и создавање на Српска патријаршија. Од 24 до 26 мај 1919 година под претседателство на црногорско – приморскиот митрополит Митрофан (Бан) во Белград била свикана Втора конференција на православните архиереи од Кралството на СХС. На конференцијата било

[1] Српската влада уште во 1885 година доставила барање до Цариградската патријаршија во Скопје, Призрен, Велес, Дебар и Битола да се поставаат Срби за владици. За возврат српската влада би и давала парична помош на Патријаршијата за секое епископско место. Српската пропаганда се засилила по 1886 година кога во Белград било основано друштвото Свети Сава, како и по отворањето на српските конзулати во Скопје, Битола и Солун во наредната 1887 година. Српската влада во деведесеттите години на XIX век, редовно пред Портата го поставувала прашањето за избор на епископи Срби, пред сé, во Призрен и Скопје. (види: Ђоко Слијепчевић, Историја Српске православне цркве, том II, Београд, 1991, 437; Љубиша Доклестиќ, Српско-македонските односи во XIX век, Скопје, 1973, 370-388; Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960, 205-216; Глигор Тодоровски, Србија и реформите во Македонија, Скопје, 1987, 62-65).

прогласено обединување на православните цркви на територијата на државата, при што бил избран и одбор, наречен Средишен архијерејски собор на обединетата српска црква. На оваа конференција била донесена одлука со која се истакнувало „духовното, моралното и административното единство на сите српски православни црковни области“.[2]

Иако било прогласено обединување на сите црковни области во новата држава, практично, тоа било спроведено по добивањето на патријаршискиот акт „Томос“ од Цариградската патријаршија за епархиите во Македонија, Косово, Санџак и Босна и Херцеговина. Прашањето за начинот на отстапувањето на епархиите кои биле под јурисдикција на Цариградската патријаршија на Српската православна црква било предмет на преговори меѓу државно – црковна делегација на Кралството на СХС и делегација на Светиот синод на Цариградската патријаршија. Владата на Кралството Србија ги започнала преговорите со Цариградската патријаршија за присоединување на епархиите кои по балканските војни станале дел од нејзината државна територија веднаш по завршувањето на војните, но, заради почетокот на Првата светска војна преговорите биле прекинати.[3]

Во 1919 година преговорите меѓу Владата на Кралството на СХС и Цариградската патријаршија продолжиле.[4] Договор бил постигнат на 18 март 1920 година, а наредниот ден Светиот синод на Цариградската патријаршија со одлука одобрил епархиите кои биле под негова јурисдикција и тоа: Рашко-призренската,[5] Скопската,[6] Велеш-

[2] Варнава патријарх српски, Српска православна црква у прошлости и садашњости, Сремски Карловци 1935, 37; Душан К. Петровић, Уједињење српске цркве и обнова патријаршије – Српска православна црква 1219 – 1969, Београд 1969, 361 – 368; Рајко Веселиновић, Уједињење покрајинских цркава и успостављање Српске патријаршије – Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971, 15; Ђоко Слијепчевић, Историја Српске православне цркве, том, III..., 556-561.

[3] Душан К. Петровић, Op. cit, 364.

[4] Преговорите со Цариградската патријаршија ги воделе Панта Гавриловиќ, српски дипломатски претставник во Каиро, д-р Чедомир Митровиќ, професор по црковно право, народните пратеници Саво Љубибратиќ и Темко Поповиќ, протојерејот Стеван Димитријевиќ и јероѓаконот д-р Емилијан (Пиперковиќ), подоцнежен долгогодишен епископ тимочки (Александар Трајановски, Возобновување на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, Скопје, 2008, 203). Протојерејот Стеван Димитријевиќ, кој бил и професор на Богословскиот факултет во Белград по потекло бил од Кратово. (Миодраг Спирић, Досељавање из Македоније у Алексинац током XIX века, Вардарски зборник бр. 4, Београд, 2005, 91-97).

[5] Под притисок на Русија и Србија кон крајот на XIX век Цариградската патријаршија и Портата се согласиле во одредени епархии пред сè во тогашниот Косовски (Скопски) вилает да се постават епископи од српска националност. Ваквата согласност

ко-дебарската,[7] Пелагониската, Преспанско-охридската, дел од Воденската митрополијата, Полеанско-дојранската епископија, Струмичка-

најпрвин се реализирала во Призрен каде во 1896 година за епископ бил поставен Дионисиј (Петровиќ).

[6] По Призрен, Србија настојувала и во Скопје да биде поставен епископ од српска националност. Со смртта на патријаршискиот скопски митрополит Методиј се отворило т. н. скопско владичко прашање. Во ноември 1896 година српскиот митрополит Михаил се обратил до цариградскиот патријарх Антим VII со барање во Скопје за митрополит да биде поставен Србин. Но, патријархот Антим набрзо починал, а неговиот наследник Константин V и Синодот не биле подготвени да ги исполнат српските барања. (види: Васељенска патријаршија и српско црквено питање Поводом писма Њ. С. Васељенскога патријарха Константина V Њ. В. П. Српском автокефалном митрополиту Михајлу, од архимандрита Н. Дучића, Биоград, 1897, 3-37). По низа дипломатски притисоциод страна на српската влада, за администратор на Скопската епархија во 1897 година бил поставен архимандритот Фирмилијан (Дражиќ). По две години Синодот на Цариградската патријаршија го избрал архимандритот Фирмилијан за скопски митрополит. Ваквиот избор предизвикал незадоволство во Атина и Софија. Во јуни избраниот скопски митрополит Фирмилијан бил ракоположен, но набргу починал. Митрополитот Фирмилијан бил роден 1851 година во Шабац. Во 1869 година се замонашил, а богословското образование го оформил на богословијата во Халки и на Богословскиот факултет во Атина. Починал во 1903 година. По смртта на Фирмилијан, патријаршијата, за скопски митрополит повторно избрала лице од српска националност. Тоа бил Севастијан (Дебељковиќ). Синодот на Цариградската патријаршија го избрал и го посветил во јануари 1904 година за скопски митрополит. Но, болешливиот митрополит воопшто не ја презел должноста, туку починал во јануари 1905 година. Севастијан бил роден во Љипљан 1869 година. Богословија завршил во Халки. Него го заменил хилендарскиот архимандрит Викентиј (Крџиќ), кој управувал со Скопската епархија до 1915 година кога бил убиен од бугарските војски. Митрополитот Викентиј (Крџиќ) бил роден 1853 година во селото Ушче, во Студеничкиот округ. Долго време бил монах по манастирите во Србија, по што монашкиот живот го продолжил во светогорскиот манастир Хилендар. (Иван Иванић, Маћедонија и Маћедонци, опис земље и народа, Нови Сад, 1908, 485; Рајко Л. Веселиновић, Преглед историје цркве у старој Србији и Македонији од 1766 до 1919 година - Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971, 1335-336.

[7] Србија настојувала пред балканските војни и во Велес за митрополит да биде поставен архијереј од српска националност. Прашањето се заострило по оставката на дотогашниот патријаршиски митрополит Поликарп. Српската влада била незадоволна од поставувањето на новиот митрополит Партениј. (Ђоко Слијепчевић, Историја Српске православне цркве..., 449). Врз патријаршискиот митрополит притисок вршеле експонентите на српската пропаганда, како што бил Јован Бабунски, кој вршел притисок врз митрополитот за одредени кадровски решенија во епархијата. (Државен архив на Република Македонија (во понатамошниот текст ДАРМ), ф. Српска православна митрополија Скопје, 1. 507. 01. 03/13) Во 1910 година за епископ на Велешко-дебарската епархија, која била формирана од дотогашните патријаршиски епархии Велешката и Дебарската, бил избран и ракоположен Варнава (Росиќ). Против неговото именување во Велес имало протести. (ДАРМ, ф. Српска православна митрополија Скопје, 1. 507. 01. 04/14).

та митрополија, како и митрополиите во Босна и Херцеговина да се присоединат кон новосоздаденото кралство. Со оваа одлука Цариградската патријаршија прифатила споменатите епархии да се присоединат кон Автокефалната обединета српска црква која била во процес на конституирање. Цариградската патријаршија го признала и обединувањето на тогашните автокефални цркви Српската, Црногорската и Карловачката, како и далматинските епархии кои дотогаш биле под јурисдикција на Буковинската митрополија. Бидејќи патријаршискиот престол бил испразнет, одлуката требало да биде заменета со синодски и патријаршиски „Томос“ во рок од три месеци од изборот новиот цариградски патријарх. Во согласност со договорот Владата на Кралството на СХС се обврзала да и исплати на Цариградската патријаршија 1.5 милиони франци. Министерството за финансии на Кралството на СХС договорената сума ја исплатило во три рати, на име исплата за „Томосот“ добиен од Цариградската патријаршија. Последната рата била исплатена по добивањето на „Томосот “ во октомври 1922 година.[8]

Престолонаследникот Александар во име на кралот Петар со указ од 17 јуни 1920 година ја прифатил одлуката на православните архијереи од кралството од мај 1919 година со која се прогласувало обединување на сите православни области во една обединета автокефална Српска православна црква. Архијерејскиот собор на обединетата Српска црква на 12 септември 1920 година во Сремски Карловци ја прогласил Српската патријаршија. Сето ова било потврдено и со кралски указ.

Конечно по изборот на новиот цариградски патријарх Мелетиј IV кој со Синодот на Цариградската патријаршија на 19 февруари 1922 година одлучиле да издадат „Томос“ со што чинот на востановувањето на јурисдикцијата на Српската православна црква на целата територија на Кралството на СХС и формално завршило. Со тоа Скопската, Велешко – дебарската, Пелагониската, Преспанско–охридската и делови од Воденската и Струмичката митрополија и Полјанската епископија се нашле под јурисдикција на Српската патријаршија. Со воспоставувањето на црковната власт на територијата на Вардарскиот дел на Македонија, Српската православна црква започнала и со реорганизација на дотогашната поставеност на православната црква. Во црковен поглед Македонија била поделена на четири епархии: Скопска митрополија и три епископии, Охридска, Битолска и Злетовско–струмичка. Со Уставот на Српската православна црква од 1931 година

[8] Radmila Radić, 88 godina od osnivanja SPC (www. pescanik. net).

бројот на епархиите бил намален на три, Скопска, Охридско–битолска и Злетовско-струмичката епархија.[9]

Во релативно краткиот период од 1919 до 1941 година повеќемина архијереи раководеле со споменатите епархии. Главно, тоа биле луѓе кои добро ги познавале верско-националните околности во кои се наоѓала Македонија пред балканските војни и Првата светска војна, од кои ниту еден не бил по потекло од Македонија.[10] Посветувајќи му големо внимание на свештеничкиот кадар во Македонија, Синодот на Српската православна црква и архијереите морале да го решат и статусот на свештениците кои пред Првата светска војна биле во егзархиска служба. Српската православна црква немала доверба во овие свештеници кои долго време служеле на друга кауза. На поголем дел од ова свештенство му било наложувано да посетува различни курсеви со програми во духот на српската национална кауза, а поголем дел од нив уште во првите години биле отстранети од својата свештеничка служба во Македонија.[11] Архијерејскиот собор на Српската православна црква во соработка со Министерството за внатрешни работи констатирал дека државните потреби наложуваат парохиските свештеници од „Јужна Србија“ кои биле осомничени како непријатели на државата да се преместат во Србија за да бидат под постојана контрола. Во 1928 година жупанот на Брегалничката област побарал замена на петнаесетина свештеници. Истата година скопскиот митрополит Варнава[12] побарал од Министерството за вери преместување на двае-

[9] Драги Костадиновски, Вардарскиот дел на Македонија под јурисдикција на Српската православна црква (1919-1941), Скопје, 1995, 52 – 54.

[10] На чело на Скопската митрополија од 1920 до 1930 година бил Варнава (Росиќ), а од 1930 до 1941 година Јосиф (Цвиовиќ). Епископот д–р Николај (Велимировиќ) управувал со Охридската епархија од 1919 до 1931 година, а по нејзиното укинување бил охридско – битолски епископ до 1936 година кога преминал во Жичката епархија во Србија. Него го заменил епископот Платон (Јовановиќ) од 1938 до 1939 година. Со Злетовско–струмичката епархија раководеле Серафим (Јовановиќ) од 1920 до 1928 година, д-р Венјамин (Таушановиќ) од 1928 до 1934 година, д-р Симеон (Поповиќ) од 1934 до 1939 година и Викентиј (Проданов) од 1939 до 1941 година, кој во исто време бил и администратор на Охридско–битолската епархија. (Епископ Шумадиски Сава, Епархије и архијереи Српске православне цркве 1920–1970, Споменица Српске православне цркве, Београд 1971; 501-529; Драги Костадиновски, Op. cit. , 55-56. ).

[11] Миодраг Периќ, Историско правните аспекти во односите помеѓу Македонската и Српската православна црква, Скопје 1998, 175.

[12] Епископот велешко-дебарски, митрополит скопски и патријарх српски Варнава со световно име Петар Росиќ бил роден во Пљевља 1880 година. Завршил богословско-учителска школа во Призрен и Духовна академија во Петроград. Во 1915 година се замонашил. По завршувањето на студиите бил поставен за свештеник при српското пратеништво во Цариград. Синодот на Цариградската патријаршија под

сет и осум свештеници во северните краишта на Србија.[13] Еден дел од свештенството добило постојана забрана за служење, а некои, пак, биле пензионирани. Карактеристично е дека само во 1932 година од Злетовско–струмичката епархија со одлука на Синодот на Српската православна црква одеднаш биле пензионирани тринаесет свештеници и покрај недостатокот на свештенички кадар во овие области. Некои свештеници биле преместувани во северните краишта на Србија, иако за тоа постоел голем отпор особено во краиштата каде што српската пропаганда во минатото немала силни позиции.[14] Српската православна црква развила широка црковно-просветна и културна дејност преку своето свештенство кое задолжително требало да се грижи за јакнење на српската национална свест по пат на создавање на разни национални и културни друштва.

Овие друштва покрај верско-просветен карактер имале за задача меѓу младите генерации да ја развиваат српската културна традиција и национална свест. Во епархиите биле формирани православни црковно–просветни братства. Долго време во Охрид постоело и дејствувало црковно- просветното братство „Свети Климент“ кое било оформено по иницијатива на охридскиот епископ д-р Николај (Велимировиќ) и дејствувало до средината на триесетите години. Црковните великодостојници често членувале или. пак. биле иницијатори за формирање на организации кои немале строго црковен карактер. Така, скопскиот митрополит Јосиф[15] бил еден од раководителите на

претседателство на патријархот Јоаким III го избрал за викарен епископ на Велешко-дебарската епархија со титула главинички. За време на Првата светска војна престојувал со српската влада на Крф. По пробивот на фронтот заедно со српската војска дошол во Скопје, а од 1920 до 1930 година бил скопски митрополит. По смртта на патриајрхот Димитриј бил избран за поглавар на СПЦ. Починал на 23 јули 1937 година. Неговата смрт се доведува во врска со конкордатската криза. (Сава епископ шумадиски, српски јерарски од деветог до двадесетог века, Београд, Подгорица, Крагујевац, 1996, 50-51).

[13] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1970, 105.

[14] Карактеристичен е случајот во малешевската област каде во 1920 година поголем број од свештениците требало да заминат во Србија, каде што од страна на властите им биле нудени подобри услови за работа, но свештениците на ова силно се спротивставиле дури и по цена да бидат расчинети. (Д. Пачемска, Црковните прилики во Малешевијата меѓу двете светски војни, Историја, XXXV/1-2, 2002, 48).

[15] Епископот битолски и митрополит скопски Јосиф (1878-1957) завршил богословија во Белград и духовна академија во Киев. Пред изборот за епископ бил парохиски свештеник, наставник и ректор во богословија. За битолски епископ бил избран и хиротонисан 1920 година, а по изборот на скопскиот митрополит Варнава за српски патријарх во 1930 година, ја наследил скопската катедра. За време на балканските војни тогашниот јеромонах Јосиф учествувал како доброволец „како комита“

прорежимската организација Народна одбрана, која ја зајакнала својата улога особено по воведувањето на шестојануарската диктатура.[16]

По иницијатива на истиот владика се размислувало и за отворање на богословија во Битола. Тој мошне активно започнал да подготвува ваков предлог. Меѓутоа, целосната општествено–политичка состојба во овој период не дозволувала да се мисли на отворање и издржување на таква институција. Битола и околината сѐ уште биле разурнати и не претставувале интерес на државата да инвестира во таков проект, бидејќи се наоѓала во периферијата на државната област. Но, по долгото инсистирање на овој упорен епископ Светиот архијерејски синод на Српската православна црква го усвоила предлогот за отворање на богословија во Битола. Тогашниот министер за вери на Кралството на СХС, Миливое Јанковиќ, го прифатил предлогот и на 5 октомври 1921 година Министерскиот совет донел решение во Битола да се отвори богословија која ќе подготвува свештеници за служба. Богословијата „Свети Јован Богослов" свечено била отворена на 26 февруари 1922 година.[17] Во рамките на оваа богословија постоела доста богата библиотека која започнала да се комплетира со самото основање на богословијата. До почетокот на 1941 година библиотеката имала речиси 3.000 наслови.[18]

Иако преку оваа богословија меѓу другото била спроведувана националната доктрина за српскиот карактер на Македонија, сепак, таа одиграла и позитивна улога во образованието на кадар кој на овие простори бил многу потребен. Поголем дел од овие битолски богослови ќе бидат предводници на движењето за македонска црковна самостојност, а повеќе македонски архијереи своето богословско образование го стекнале токму во битолската богословија. Во богословијата за предавачи биле ангажирани голем број на руски духовници кои како бегалци живееле во кралска Југославија. Меѓу нив биле јеромонахот Јован (Максимовиќ), архимандритот Кипријан (Керн) и др. кои подоцна имале значајна улога во задграничната руска црква.[19]

---

во српската војска. (види: Митрополит Скопски Јосиф, Мемоари-друго издање-приредио м-р Велибор Џомић, Цетиње, 2008, *passim*; Предраг Пузовић, Улога цркве и свештенства у балканским ратовима, Вардарски зборник бр. 4, 2005, 131-140).

[16] Историја на македонскиот народ, том III, Скопје, 1969, 73.

[17] Чедомир Драшковић, Црковне школе Српске патријаршије – Споменица Српске православне цркве 1920 – 1970, Београд 1971; Драги Костадиновски, Op. cit. , 96; Vladan Jovanović, Jugoslovenska država I Južna Srbija 1918-1929, Beograd, 2002, 363.

[18] Богољуб Ћирковић, Библиотеке Српске православне цркве – Споменица Српске православне цркве 1920 – 1970, 427.

[19] Види: Игумен Никола (Трајковски), Света Русија записи од Македонија, Скопје, 2009, 39-54

Македонски богослови се образувале и во другите богословии на Српската православна црква, пред сè во Призрен.[20] Од 1919 до 1932 година само од Скопската епархија дипломирале 84 богослови, а во 1933 година во српските богословии од тогашната Вардарска бановина се образувале 169 ученици од кои 112 во споменатата битолска богословија. Српската црква настојувала во Вардарскиот дел на Македонија да го прошири бројот на книги и списанија кои имале верски, но и национален карактер. За таа цел биле отворани библиотеки во повеќе црковни општини во сите епархии во Македонија.

Сите овие активности на Српската православна црква биле раководени од желбата таа да го зацврсти своето влијание во Македонија, но, сепак, во тоа тешко успевала бидејќи историското наследство на овие простори не одело во прилог на овие нејзини намери. Токму заради ваквите прилики кои српската власт ги наследила во Македонија, се настојувало што побрзо да се внесат па и да се наметнат српските обичаи меѓу македонското население. Преку проповедите на некои свештеници се инсистирало кај верниците да се зацврстат одредени празнувања кои биле карактеристични за Српската православна црква и за српските народни традиции, а се настојувало да се изоставаат некои македонски традиционални навики и обичаи.[21]

И покрај сите настојувања на Српската православна црква во нејзиното нешто повеќе од дведецениско управување со Вардарскиот дел на Македонија, сепак, таа не успеала овој простор да го слее во рамките на српската култура и традиција. И покрај ваквиот резултат, Српската православна црква не се откажала од својата управа врз македонските епархии.

## 1.2/ Улогата на Бугарската и Албанската православна црква во Вардарскиот дел на Македонија 1941-1944 година

а) Почетокот на Втората светска војна на територијата на кралска Југославија на 6 април 1941 година, значел и нејзин крај. Југослави-

---

[20] Владимир Бован, Ученици Призренске богословије из Вардарске Македоније, Вардарски зборник бр. 5, Београд, 2006, 132.

[21] Особено внимание се посветувало на празнувањето на Свети Сава (27 јануари) и тоа како српски национален и верски празник, како и на празнувањето на државниот и просветен празник Видовден (28 јуни денот на Косовската битка). Посебно се внимавало на вклучување на учениците во прославите, при што младите побрзо да се навикнат на новите празнувања и одбележувања организирани од црквата или државата. Но, сите овие напори немале некои повидни резултати. Тие немале ефект особено во источните краишта.

ја внатрешно слаба и неединствена, во длабока криза, лошо подготвена за одбрана била лесен плен за нејзините непријатели. Германските и италијанските војски во текот на првата половина на април 1941 година ја окупирале територијата на Македонија. Претходно на 1 март претседателот на бугарската влада Богдан Филов потпишал пристапување на Бугарија кон Тројниот пакт. По капитулацијата на Југославија германската влада и дозволила на бугарската војска да ја воспостави бугарската власт во поголемиот дел од Вардарскиот дел на Македонија. Ова било во согласност со германско-италијанската спогодба склучена во Виена на 20 април 1941 година за поделба на Југославија по нејзиниот пораз и капитулација. Во согласност со ваквата спогодба, италијанските војски ги окупирале градовите Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга, како и поголем дел од селата во Преспа. Во јули 1941 година со декрет на кралскиот наместник на Албанија, Франческо Јакомони, овие краишта биле анектирани од страна на Албанија, која, пак, од април 1939 година била окупирана од Италија.

Во делот од Македонија окупиран од бугарските војски била воспоставена јурисдикцијата на Бугарската православна црква. Светиот синод на Бугарската православна црква мошне брзо реагирал на променетата состојба на црковен план. Така уште на 25 април 1941 година бил изготвен краток проект за новото црковно устројство за областите кои требало да се присоединат со Бугарија, а со тоа и да дојдат под јурисдикција на Бугарската православна црква.[22] На територијата која влегла во јурисдикција на Бугарската православна црква била направена реорганизација на епархиите кои постоеле до 1941 година (Скопска, Охридско–битолска и Злетовско– струмичка епархија). Наместо нив, Бугарската православна црква формирала нови, исто така, три епархии (Скопско–велешка, Охридско–битолска и Струмичко-драмска епархија).[23] Во почетокот на 1943 година Струмичката духовна околија била одделена од Струмичко-драмската епархија и припоена кон Скопско–велешката епархија. Оваа промена одговарала на административната поделба во овој период.

[22] Ваня Стоянова, Църквата и националното обединение – религия и църква в България, София 1999, 263.

[23] Растислав Терзоски, Бугарската православна црква во окупирана Македонија (1941 – 1944), Гласник на ИНИ, IX/2, Скопје 1965, 48; Петър Петров, Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, (www. promacedonia. org/pp_ht/pp_ht_5. html. Охридско–битолската епархија ги опфаќала околиите на градовите Битола, Дебар, Кичево, Костур, Крушево, Лерин, Прилеп, Ресен и Струга. Во Скопско – велешката епархија влегувале околиите и градовите Велес, Гостивар, Кочани, Кратово, Куманово, Скопје, Тетово и Штип, а Струмичко– драмската епархија во Вардарскиот дел ги опфаќала Малешевијата, Радовиш и Струмица.

На чело на епархиите застанале митрополити кои биле надлежни архијереи на епархии во Бугарија, а во македонските епархии само администрирале. Скопско–велешката епархија била управувана од трновскиот митрополит Софрониј, а помошник му бил брегалничкиот епископ Панарет; Охридско–битолската епархија била управувана од ловчанскиот митрополит Филарет а помошник му бил браничкиот епископ Максим; со Струмичко–драмската епархија управувал неврокопскиот митрополит Борис а помошник му бил драговитскиот епископ Харитон.[24] Во мај и јуни 1941 година наименуваните бугарски архијереи направиле канонски визитации на епархиите во Македонија. Тие веднаш до Синодот испратиле извештаи за состојбите во нивните епархии.

Синодот на Бугарската православна црква веднаш го разрешил и проблемот со учениците од српските богословии. Синодот донел одлука да се повикаат сите ученици од Македонија кои учеле во српските богословии да го продолжат своето образование во бугарските духовни училишта. Настојувајќи во иднина да обезбеди кадар од месното население Бугарската православна црква давала стипендии за богословско образование, а еден од условите за да ги добиеле кандидатите овие поволности биле тие и нивните родители да се „од бугарско потекло“. Во учебната 1942/43 година имало 25 стипендисти од Македонија и другите окупирани области. Државата ја користела црквата за свои пропагандни активности, кои сакала да ги обои со доза на религиозност. Уште во 1941 година било организирано т.н. пренесување на свештен оган од градот Преслав во манастирот Свети Наум крај Охрид. На прославата и бил даден широк публицитет од страна на бугарските власти, а црквата заедно со властите организирала пречек на „огнот“ во сите попатни македонски градови.[25] Црковните претставници биле ангажирани и во организирање и во спроведување на програмите на разни друштва, секции и организации. Некои црковни органи земале мошне активно учество во работата на народните универзитети, библиотеки, училишта и разни прослави. Црквата била директно вклучена и во работата на бугарските училишта. Бугарската црква била ангажирана и во создавањето на широка мрежа на читалишта и библиотеки. Освен во учителството бугарската влада многу надеж полагала и во свештенството за ширење на бугарската култура во Македонија, преку преземање на голем број активности.

Но, сите овие активности траеле сè додека во Македонија била присутна бугарската власт и војска. Заедно со повлекувањето на бу-

[24] Ваня Стоянова, Op. cit. , 265.

[25] Растислав Терзиоски, Op cit. 96.

гарските војски и администрација во септември 1944 година, со својот кадар се повлекла и Бугарската православна црква, како институција. Со тоа завршиле сите нејзини активности на овие простори.[26]

б. Окупираните области од италијанските сили биле потчинети на Дебарската префектура која била поделена на потпрефектури со центар во градовите Тетово, Гостивар, Кичево и Струга. Подоцна, по капитулацијата на Италија во 1944 година Тетовската потпрефектура била подигната во ранг на префектура. Во црковен поглед окупираната територија потпаднала под јурисдикција на Албанската православна црква.[27] Веднаш била извршена реорганизација и на црковен план и биле организирани архијерејски намесништва во градовите Дебар, Кичево, Тетово и Струга, кои непосредно биле потчинети на албанскиот архиепископ во Тирана.

Иселувањето на македонското население уште повеќе ја влошило состојбата на православната црква во овие краишта, а многу парохии останале и без народ и без свештеници. Празни парохии имало и во Дебарско и во Реканскиот крај, а речиси една третина од парохиите во Гостиварско останале испразнети. Веднаш по окупацијата некои свештеници кои потекнувале од Србија или Црна Гора ги напуштиле своите парохии. И покрај сите настојувања Албанската православна црква не можела во целост да ја наметне својата јурисдикција. Така, три парохии во тетовското намесништво не сакале да се потчинат на архиепископот Христофор, односно да ја признаат јурисдикцијата на Албанската православна црква, додека кичевскиот архијерејски намесник, воопшто, не примал никакви принадлежности.[28] Веднаш по воспоставувањето на јурисдикцијата архиепископот Христофор со акт од

---

26 Ваня Стоянова, Op. cit. , 268.

27 По прогласувањето на албанската држава националното движење на православните Албанци се засилило. Се поставиле барања не само за воведување на албанскиот јазик во богослужбите, туку и за свое народно духовенство и создавање на автокефална албанска православна црква. На 22. септември 1922 година во Берат бил свикан Црковно–народен собор на кој учествувале, речиси, сите православни духовни лица од Албанија, како и граѓани претставници на православното албанско население. Соборот ја прогласил Албанската православна црква за автокефална, а за нејзин поглавар бил избран архимандритот Висарион (Џовани). Патријархот во Цариград не ја признал автокефалноста. По подолги преговори и отако албанската влада и дала голем откуп на Цариградската патријаршија била постигната спогодба за признавање на автокефалноста на Албанската православна црква. Патријаршијата издала синодален „Томос“ на 12 април 1937 година за признавање на автокефалноста. Албанскиот архиепископ бил поставен во ист ранг со митрополитот на Полска. За албанската автокефалност Цариградската патријаршија со послание ги известила останатите православни цркви.

28 Глигор Тодоровски, Прилог кон прашањето на отпорот во Западна Македонија во време на окупацијата през 1941 – 1944 година, Весник на МПЦ, Скопје 1963, 25.

11 ноември 1941 година упатен до архијерејскиот намесник во Дебар, свештеникот Спиро Личеноски, наредил сите свештеници при вршењето на верските обреди задолжително да го споменуваат името на италијанскиот крал Виктор Емануел, на кралицата и престолонаследникот.[29] Но, во овој однос постоел пасивен отпор од православното свештенство. Многу свештеници не ја почитувале наредбата од архиепископот. Затоа архијерејскиот намесник повторно се обратил до свештенството напоменувајќи дека многу од нив не се придржуваат до наредбите на архиепископот поради што би можеле да бидат казнети.[30]

Но, и покрај сите предупредувања добар дел од свештениците продолжиле да не ги споменуваат имињата на членовите на италијанското кралско семејство, поради што биле и казнувани. И покрај сеалбанските црковни власти и понатаму настојувале да ја спроведат својата власт врз црквите во овој дел на Македонија. Архиепископот Христофор во пролетта 1942 година испратил распис до сите архијерејски намесници во „новоослободените земји“ со барање сите кореспонденции да се водат на албански јазик. Ова барање од архиепископот предизвикало големи тешкотии за свештенството. Само мал број од нив зборувале албански. Еден дел од постарите свештеници зборувале албански јазик, но, албанското писмо никој не го знаел. Оттука, во административните акти се сретнува големо шаренило во поглед на јазикот и писмото. Во актите се забележува дека имињата на свештениците биле поалбанчувани. Се сретнуваат имиња Русе Тасе, Стојан, Васили и други. Заради сè поголемото иселување и на народот и на свештенството со него, во овој период уште повеќе парохии останале испразнети. Затоа, почесто, онаму каде што сè уште останале верници албанскиот архиепископ за пари ракополагал за свештеници - луѓе од месното население кои немале богословска наобразба. Затечените и новоракоположените свештеници не го познавале албанскиот јазик и во црквите продолжиле да служат на црковно–словенски јазик.[31] Покрај сите настојувања и напори од Албанската православна црква целосно да ја воспостави својата власт на овие простори, во тоа не успеала.

[29] ДАРМ, ф. Албанска православна црква, к1, акт од 11 ноември 1941 година.

[30] ДАРМ, ф. Албанска православна црква, к1, документ од 22 ноември 1941 година.

[31] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква, Скопје, 1989, 1004.

## 1.3/ Формирање на верското поверенство во 1943 година

По капитулацијата на Италија (8 септември 1943 година) во Западна Македонија била создадена голема слободна територија. Оваа слободна територија се протегала од Гостиварско на север, до Ботун на југ и од Дебар на запад до бугарската зона на разграничување на исток. Во селата биле формирани селски народноослободителни одбори, а во средишните села и општински одбори. Сите вакви одбори имале за задача да се грижат за нормализирање на животот на слободната територија, да го чуваат поредокот и редот, имотот, како и да се грижат за животот на луѓето. Биле отворени училишта во кои наставата се изведувала на македонски јазик.

Бројните проблеми коишто се јавувале наложиле Главниот штаб на НОВ и ПОМ да изврши поделба на сектори. За таа цел на 11 октомври 1943 година во село Црвена Вода (Дебарца), од страна на Главниот штаб била донесена одлука за формирање на неколку одделенија и служби при неговиот состав, а меѓу останатите било формирано и верско поверенство.[32] Ова поверенство било формирано по иницијатива на македонското свештенство, а со задача привремено да биде надлежно за црковната проблематика во Македонија.[33] Со формирањето на верското поверенство при Главниот штаб на НОВ и ПОМ на слободната територија православното свештенство ја отфрлило јурисдикцијата на Албанската православна црква и се ставило под административен надзор и духовна подреденост на ова поверенство.

Спроведувајќи ги во дело одлуките на Главниот штаб на НОВ и ПОМ командантот на Главниот штаб со своја наредба од 15 октомври 1943 година за верски референт го назначил свештеникот Вељо Манчевски од село Броштица, Дебарско. Меѓу другото, во наредбата се истакнувало дека сите решенија од верскиот референт се обврзни за сите свештеници и верски општини на слободната територија. Се разбира дека решенијата и наредбите од верското поверенство не се одне-

32 Миле Тодоровски, Формирање и работа на верското поверенство при Главниот штаб, Весник на МПЦ, V/1963, 5-6, 162. Со формирањето се сакало пред јавноста да се демантира пропагандата којашто постоела за непочитувањето на верата од страна на народноослободителното движење.

33 Сеќавања на свештеник Антим Поповски за создавањето на верското поверенство при Главниот штаб на НОВ и ПОМ на ослободената територија 1943 година, Весник на МПЦ V/1963, 165 – 166. Миодраг Периќ, Активности за возобновување на Македонската православна црква во текот на Народноослободителната борба, Гласник на ИНИ, 37, 1-2/1993, 82;

сувале на догматски прашања, туку имале само административен карактер.

Од страна на верскиот референт Вељо Манчевски, било упатено циркуларно писмо до сите села на ослободената територија. Во писмото, најнапред, се објаснува новонастанатата положба по ослободувањето на овие краишта, а потоа се нагласува потребата од преземање на мерки за организирање на свештенството и регулирање на верските односи. Во писмото, меѓу другото, се истакнува: „Народноослободителната војска во борбата за слобода на македонскиот народ ослободи еден дел од неговата територија и заведе ред, законитост и дисциплина на која треба да се потчинуваат како одделни лица, така и извесни управни тела, било со верски или од друг карактер“. Потоа, откако објаснува дека при Главниот штаб на НОВ и ПОМ има определено лице за верски референт по источно– православна вера во писмото се вели: „...јас долу потпишаниот сметам за потребно да ви дадам извесни упатства за вашата работа во иднина“. Тие упатства се дадени во десет точки во кои се вели:

1. „Со успоставуењето на народноослободителната власт престанујат да важат сите закони и наредби от бившата окупаторска власт.
2. Се кинат сите верски врски со верските установи што се најдуваат надвор от територијата на ослободената македонска земја.
3. Сите свештеници на ослободената територија административно потпаѓаат под власта на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.
4. Сите свештеници својата верска работа со населението ја извршујат по правилата на Источно–православната црква како и до сега што беше (венчавка, погребуење, крстење и други верски работи).
5. Матичните и други книги се водат на македонски јазик.
6. Строго се забранува на сите свештеници да земајат високи такси за исполнуењето на верските обреди.
7. Сите спорој (брачни или други) што ќе се појават свештениците треба да ги достават на Околиското намесништво на ослободената територија, које ќе биде скоро избрано, или до Главниот штаб, пред да биде избрано намесништвото.
8. За сите работи, који ќе се појават во токот на работата, а истите не се изложени во писмово, веднаш да се извести Намесништвото за саветуење и за разрешуење.
9. Се задолжуат сите свештеници во својата парохија да држат проповеди во који ќе му кажат на народот дека народноослободителната војска не праи никакви пречки на вероисповедуењето и дава

полна слобода на свештениците да си ја вршат својата верска работа како и до сега.

10. Досегашното споменуење на епископот Христофор се забранue, пошто истиот е надвор от ослободената територија, а ќе се спомењујат само православни архиепископи и епископи – без име. Исто така, на ектенијата ќе се споменуе народноослободителната војска т.е. „ешче молимсја о народно–ослободителном воинствоем“.[34]

Во втората половина на месец октомври 1943 година во присуство на единаесет свештеници и дваесет и пет претставници на народноослободителните одбори се одржало првото свештеничко собрание, во куќата на Јонче Трифунов Николоски во селото Издеглавје, Дебарца. Главна точка на дневен ред било организирањето на црковно–административната власт на слободната територија, односно формирање на архијерејско намесништво на таа територија. За архијерејски намесник бил избран свештеникот Антим Поповски, од село Слатина, Дебарца. Во црковно–административен поглед архијерејското намесништво било поделено на девет парохии и, притоа, конкретно биле назначени парохиските свештеници.[35] На собранието биле донесени повеќе одлуки за вклучување на свештенството во НОВ и ПОМ, собирање на помош во храна и облека, регулирање на парохиите и определување на свештениците по месните цркви. Соборот се занимавал и со образовни проблеми, а бил подготвен и список на учители кои можеле да одржуваат настава по македонски јазик.[36] Командантот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, Михајло Апостолски упатил телеграма до собранието. Од името на собранието одговорил архијерејскиот намесник Антим Поповски, кој ја истакнал приврзаноста на свештенството кон народноослободителното движење.

Овој собор на македонското свештенство претставува прво колективно донесување на историски одлуки за отфрлање на јурисдикцијата на соседните национални цркви на територијата на Македони-

[34] АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ том I, книга 1. Избор, редакција и коментари д-р Александар Христов, д-р Миле Тодоровски, д-р Новица Велјановски, Архив на Македонија, Скопје 1984: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, том втори, Скопје 1981, 537 – 539.

[35] 1. Слатинска парохија со свештеникот Антим Поповски, 2. Слатинска парохија со свеште никот Томо Поповски, 3. Локовска со свештеникот Кирил Стојановски, 4. Годивјанска со свештеникот Зафир Јовановски, 5. Арбиновска со свештеникот Ристо М. Талевски, 6. Белчишка со свештеникот Ристо Талевски, 7. Велмејска со свештеникот Ламбе Поповски, 8. Злеска со свештеникот Матеја Н. и 9. Врбјанска со свештеникот Силјан Ристовски (Сеќавања на свештеник Антим Поповски..., 165)

[36] Антим Поповски, Издеглавје нов Витлеем за време на НОБ, Документарно одделение на ИНИ, 11.

ја.[37] Верското поверенство барало од архијерејското намесништво во село Издеглавје да се изврши попис на свештенството од слободната територија како и попис на сите цркви, манастири и капели во секоја парохија. Меѓу другото, се барало да се изврши и попис на православното население од слободната територија, колку луѓе има една парохија, бројот на семејствата, бројот на населението во секое село, брачни двојки и друго.[38] Но, политичката и воената состојба не дозволувале поверенството подолго време да може да ја врши својата дејност. Германските војски преземале широка офанзива против единиците на НОВ и ПОМ во Западна Македонија, со цел, да ги обезбедат комуникациите за стационирање на своите сили во Албанија по капитулацијата на Италија. Германските војски со дел од албанските балисти на 4 декември 1943 година ја започнале оваа офанзива. Главниот штаб на НОВ и ПОМ решил да дејствува во Централна и Источна Македонија и донел одлука, најнапред, да се префрли во Егејскиот дел на Македонија, а повлекувањето започнало на 5 декември. Слободната територија во Дебарца и Малесија била реокупирана од германските војски и од албанските балисти.

По повлекувањето на единиците на НОВ и ПОМ започнало тероризирање на месното македонско население. Архијерејскиот намесник, свештеникот Антим Поповски од неговото родно село Слатина бил спроведен во затвор најпрвин во Дебар, а потоа и во Тирана, каде што бил подложен на физичко и психичко малтретирање.[39] По овие настани престанала дејноста на архијерејското намесништво и на верското поверенство и оваа територија повторно, но само номинално, била ставена под јурисдикција на Албанската православна црква.

## 1.4/ Македонското црковно прашање и АСНОМ

Со одлуките донесени на Првото заседание на АСНОМ, истовремено со решавањето на македонското државно правно прашање се правеле напори и за решавање на македонското црковно прашање. Помеѓу сто и шеснаесетте делегати на Првото заседание на АСНОМ имало и четворица свештеници, Вељо Манчевски, Кирил Стојановски,

[37] Јован Белчовски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје,1990, 140.

[38] Миле Тодоровски, Op. cit. , 165.

[39] Свештеникот Антим Поповски дава детален опис на овие настани во неговото Сеќавање за учество во НОБ, Документарно одделение на ИНИ.

Иван Велев и Иван Гелев (поп Шаќо).[40] Дел од свештенството активно било вклучено во движењето на отпорот и пред заседанието на АСНОМ. Свештеникот Кирил И. Стојановски од село Локов активно учествувал во формирањето на Првата македонска ударна бригада. При свечениот чин на формирањето на бригадата свештеникот ги поздравил борците и го осветил бригадното знаме. Тој бил поставен и за бригаден свештеник.[41] Во Президиумот на АСНОМ уште на првите состаноци се дискутирало за одредени црковни прашања. На Третото заседание на Президиумот на АСНОМ одржано од 2 до 5 септември 1944 година во манастирот Свети Прохор Пчински се водела дискусија за тоа дали предметот *вероучение* треба да влезе во редовна настава во училиштата. На крајот било заклучено овој предмет да биде изучуван факултативно и да остане во рамките на училиштата.[42]

Важен чекор на македонското свештенство на патот за разрешување на македонското црковно прашање претставува формирањето на Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија. Овој одбор бил формиран во октомври 1944 година на слободната територија во село Горно Врановци, Велешко каде што привремено бил сместен Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Овој одбор го сочинувале свештеници коишто се наоѓале на слободната територија. На Осмото заседание на Президиумот на АСНОМ одржано на 27 октомври во Горно Врановци помеѓу дваесет и шесте новокооптирани членови за член на АСНОМ бил избран и свештеникот Методи Гогов.[43]

На состанокот на Президиумот одржан на 3 ноември 1944 година по предлог на Петре Пирузе за член на Президиумот на АСНОМ бил избран и свештеникот Вељо Манчевски.[44] Покрај овие споменати свештеници во Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија биле и свештениците Спиро Дамевски, Панде Поповски и други. Прва мерка којашто била преземена од овој одбор е препораката за основање на духовни одбори (еден вид црковни општини) во ослободените македонски градови.[45]

---

[40] Александар Трајановски, Црковно–народниот собор во Скопје и ангажирањето на свештеникот Методи Гогов за возобновување на Охридската архиепископија, Сп. Историја, 35-36/1-4, Скопје 1995/96, 44.

[41] Сеќавања на Кирил Стојановски од периодот на НОВ, Документарно одделение на ИНИ; Нестор Поповски, Православната црква и народната револуција во Македонија, Весник МПЦ, III/2, Скопје 1961.

[42] Президиум на АСНОМ – Записници, ИНИ, Скопје 1994, 38.

[43] Президиум на АСНОМ – Записници..., 39.

[44] Ibidem, 44.

[45] Александар Трајановски, Op. cit., 45.

По изборот на споменативе свештеници за членови на Президиумот на АСНОМ на состанокот одржан на 3 ноември 1944 година од страна на свештениците бил прочитан извештај и било решено извештајот да биде проучен од членовите на Президиумот, а потоа да се донесат заклучоци во врска со статусот на Православната црква во Македонија. За извештајот било дискутирано и на Второто вонредно заседание на АСНОМ, одржано на 30 декември 1944 година во Скопје и на заседанието на Президиумот на АСНОМ од 1 јануари 1945 година, каде откако се конституирал нов президиум, свештеникот Јован Гелев и самиот член на Президиумот го поставил прашањето за основање на верско поверенство при Президиумот на АСНОМ. Президиумот решил во тој момент да не се основа верско поверенство, бидејќи со новите прописи религијата била одделена од државата. За ова прашање дискутирале Методија Андонов-Ченто, Димитар Влахов и Лазар Колишевски. Во дискусиите преовладало мислењето дека македонските свештеници во иднина сами треба да се грижат за верските прашања и за потребите на македонските верници, а за сите поважни и потешки прашања да се консултираат со Президиумот на АСНОМ.[46]

Споменативе свештеници продолжиле активно да работат и по формирањето на Иницијативниот одбор. Во предвечерието на ослободувањето на Скопје под раководство на свештеникот Методи Гогов била формирана иницијативна група за црковно–административно организирање на црквата во Македонија и за благовремена подготовка за денот на конечното ослободување. Во оваа група освен Гогов биле и свештениците Никола Апостолски и Кирил Стојанов.[47] Овие свештеници по ослободувањето на Скопје на 13 ноември 1944 година ја отвориле Скопската митрополија и продолжиле да дејствуваат во неа. Во ослободеното Скопје одборот го сочинувале десетина свештеници кои продолжиле со работа. Иницијативниот одбор испратил писма до сите намесништва во Македонија во кои се сугерирало да се организираат духовни одбори на демократска основа кои би раководеле со црковниот живот. Освен тоа, во упатствата се барало црковните настојателства или одбори во одделните места во Македонија да изберат свои претставници за претстојниот Прв црковно–народен собор во Скопје.

Одборот организирал и разни свечености и прослави за повеќе поводи. За прв пат во ослободено Скопје на 8 декември 1944 година бил одбележан денот на Свети Климент Охридски. Во функција на потенцирањето на континуитетот на македонскиот индивидуалитет и за афирмирање на националните и општоцивилизациски вредности

[46] Президиум на АСНОМ – Записници..., 61.

[47] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква.... , 1027

на делата на македонските историски личности се одржало чествување на овој голем словенски просветител.[48] Во весникот „Нова Македонија“ – орган на Народноослободителниот фронт на Македонија по повод овој празник била издадена статија за значењето на Свети Климент во македонската историја.[49] На свечената прослава во Скопје за свети Климент говорел учителот Димитар Поп Евтимов.[50] Македонските свештеници во овој период биле мошне активни во тогашните општествени организации. Така, на Првата национална конференција на НОВ за Македонија, свештеникот Методи Гогов зборувајќи за формирањето на Македонската православна црква во слободна Македонија, истакнал дека таа ќе биде поткрепа на народот и ќе му помогне да достигне своја култура. Тој истакнал дека Православната црква во Македонија ќе биде така уредена што нема да пречи на ниту една друга религија.[51]

Во овој период дел од државните власти учествувале и во прославите на верските празници. На празникот Водици во Скопје била организирана традиционална прослава на фрлање на крстот во реката Вардар на која присуствувале претседателот на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов – Ченто и генерал–мајорот Павле Илиќ.[52] Во овој период свештениците мошне често се обраќале до властите и барале нивна помош за уредување на црковниот живот.

[48] Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943–1946), Скопје 2000, 134.

[49] „Нова Македонија“ 8 декември 1944 година, бр. 10; АСНОМ, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 2, 323 – 324, 339 – 341.

[50] „Нова Македонија“ 9. декември 1944 година, бр. 11

[51] „Нова Македонија“ 30. ноември 1944 година, бр. 5

[52] „Нова Македонија“ 21. јануари 1945 година, бр. 34.

# 2/ Српската православна црква и македонското црковно прашање 1944-1958

## 2.1/ Односите на Српската православна црква со југословенската власт

Втората светска војна оставила длабока трага во животот на Српската православна црква. По пропаѓањето и поделбата на Кралството Југославија, територијата која дотогаш се наоѓала под јурисдикција на Српската црква била поделена меѓу повеќе држави. Еден дел од архијереите биле протерани од епархиите со кои управувале, а други биле затворени и со тоа биле оневозможени да ја извршуваат својата должност. Голем број на верници и свештеници особено од територијата на т.н Независна Држава Хрватска страдале, меѓу кои и тројца архијереи.[1] На тој простор и повеќе години по војната СПЦ тешко закрепнувала.[2] Поделбата на СПЦ била резултат на крахот и поделбата на државата.

Патријархот Гаврил за целиот период на војната бил во интернација. Најпрвин, патријархот бил во затвор на Гестапо, подоцна бил префрлен во манастирите Раковица близу Белград и Вајловица крај Панчево, а во септември 1944 година заедно со епископот жички Николај (Велимировиќ), биле интернирани во логорот Дахау.[3] За време на војната патријархот бил заменуван од митрополитот скопски Јосиф.

---

[1] Во 1941 година од усташите биле убиени митрополитот дабро-босански Петар (Зимоњиќ), епископот горнокарловачки Сава (Трљаиќ) и епископот бањалучки Платон (Јовановиќ). Митрополитот загребски Доситеј (Васиќ) починал 1945 година во Србија како последица од мачењата.

[2] До кој степен била разорена структурата на Српската православна црква јасно говори фактот дека во 1959 година, односно 14 години од завршувањето на војната во Далмација имало само 11 православни свештеници и огромен број на разурнати или оштетени црковни објекти. Ваква состојба во Далматинската епархија затекнал епископот Стефан кој во 1959 година бил поставен за далматински епископ. Тој е прв епископ кој раководел со епархијата по завршувањето на војната, бидејќи долг период Синодот размислувал да ја укине оваа епархија, поради огромното разурнување во периодот од 1941 до 1945 година. (Милисав. Д. Прокић, Изградње цркава у послератном периоду – Споменица СПЦ 1920–1970, Београд 1971, 259–291)

[3] види: Мемоари патријарха српског Гаврила, Београд 1990, 395; Радмила Радић, Живот у временима: Гаврило Дожић (1881-1950), Београд, 2006, 222-295; Предраг Илић, Српска православна црква и тајне Дахауа, Београд, 2006, 294

По тешката состојба во која се нашла Српската православна црква во време на окупацијата, по ослободувањето црквата се соочила со новата власт. Во 1945 година биле донесени првите закони со кои коренито се менувала позицијата на црквата, во однос на предвоениот период. Со Уставот од 1946 година црквата е одвоена од државата, верските заедници немале влијание врз образовниот систем, матичните книги преминале во надлежност на државните органи. Богословскиот факултет во Белград во 1952 година бил отстранет од белградскиот Универзитет.

Со аграрната реформа на Српската православна црква и биле одземени близу 70.000 хектари земја и шума. Со Законот за аграрна реформа на црквите им биле оставени само по 10 хектари земја со исклучок на црквите и манастирите со поголемо историско значење кои можеле да задржат и нешто поголеми парцели земја. На Српската православна црква и биле национализирани 1.180 црковни згради во вредност од над осум милијарди тогашни динари.[4] Со овие мерки кои ги презела новата власт во Југославија, Српската православна црква сметала дека е ставена во подредена положба, со што, природно, односите меѓу црквата и државата биле заладени, наспроти политичкото несогласување на црквата со новото државно уредување и владејачка идеологија.

Во 1945 година од страна на партизанските единици бил убиен митрополитот црногорско-приморски Јоаникиј (Липовац), додека неговиот наследник митрополитот Арсениј (Брадваревиќ) во 1954 година бил осуден за противдржавна дејност, при што, и по отслужувањето на казната не можел да се врати во епархијата. Претходно, во 1948 година, му било судено и на хвостанскиот епископ Варнава (Настиќ).[5] За властите „трн во око“ биле и епископот американско-канадски Дионисиј (Миливојевиќ) и епископот д-р Николај (Велимировиќ),[6] кои останале најактивни противници на новата власт во Југославија. Проблеми со властите заради своите ставови или, пак, заради „дисциплинирање“ имале и други епископи во СПЦ. Митрополитот дабро-босан-

[4] Ристо Грбић, Општа обнова црквеног живота – Споменица СПЦ 1920 – 1970, Београд 1971; Радмила Радић, Држава и верске заједнице 1945-1970, први део: 1945-1953, Београд, 181

[5] Радмила Радић, Op. cit, II/31-53; Велибор В. Џомић, Страдање српске цркве од комуниста, www. rastko. rs/istorija/dzomic-stradkom/index_c. html.

[6] Роден во селото Лелиќ близу Валево 1880 година. Една од највлијателните фигури во Српската православна црква во XX век. Бил остар противник на комунистичката власт во Југославија. Починал во Соединетите Американски Држави во 1956 година. Во емиграција починал и далматинскиот епископ д-р Иринеј (Ковачевиќ).

ски д-р Нектариј Круљ и епископот бањалучки д-р Василиј Костиќ, биле и физички нападнати.

Голем дел од српските архијереи биле избрани пред 1941 година, а новата власт немала никаква контрола врз нивниот избор и сите нив ги оквалификувала како ревносни приврзаници на предвоениот кралски режим. Во оваа група влегувале нишкиот епископ д-р Јован (Илиќ), тимочкиот д-р Емилијан (Пиперковиќ), шабачкиот епископ Симеон (Станковиќ) и др. Властите немале доверба во нив и ги сметале за свои големи противници. Државните и партиските органи ја кроеле кадровската политика на црквата, така што врз одредени влијателни личности – кандидати за епископската должност, постоел мораториум за нивен избор како што бил д-р Јустин Поповиќ[7] и други личности. За некои, пак, мораториумот со текот на времето бил симнуван.[8] Ваквиот однос на властите кон епископатот на Српската православна црква е карактеристичен за периодот до средината на педесеттите години, иако и во наредните години и децении имало поединечни испади заради кои одредени епископи биле осудувани и на затворски казни.[9] Изборот на епископите бил контролиран од властите и во наредните децении.

По враќањето на патријархот Гаврил во ноември 1946 година, најпрвин морало да се обнови епископскиот кадар, десеткуван во текот на војната. Во 1947 година Соборот избрал шест нови архијереи, со што се подмладил составот на Архијерејскиот собор.[10] Патријархот

[7] Архимандритот Јустин (Поповиќ) роден во Врање 1894 година. Почитуван теолог и влијателна и харизматична личност во СПЦ, пред и по Втората светска војна. Меѓу двете светски војна бил професор на Теолошкиот факултет во Белград. По војната бил отстранет од Универзитетот по што се повлекол во манастир. Починал 1979 година. Дел од неговите следбеници како д-р Василиј (Костиќ), Хризостом (Војновиќ), Григориј (Удицки), како и помладите д-р Амфилохиј (Радовиќ), д-р Атанасиј (Јефтиќ), д-р Иринеј (Буловиќ) и др. имаат особено значајна улога во животот на СПЦ во време на патријарсите Викентиј, Герман и Павле.

[8] Дури и во осумдесеттите години се случувало републичките комисии за односи со верските заедници да даваат мислења за подобноста на некои личности да бидат епископи, односно се спротивставувале на нивното назначување на некои епархии (Милан Д. Јанковић, Патријарх Герман у животу и борби за спомен-храм, Београд, 2001, 471)

[9] Епископот жички Василиј (Костиќ) во 1973 година бил осуден на едномесечна казна затвор заради вербален деликт.

[10] Избраните архијереи во 1947 година ќе оставaт длабока трага во животот на Српската црква во наредните децении. Првиот осуден српски архијереј по Втората светска војна бил Варнава (Настиќ). Еден од водачите на „конзервативното“ крило меѓу епископатот д-р Василиј (Костиќ) во кое припаѓал и епископот Макариј (Ѓорѓевиќ), како и главниот противкандидат на епископот Герман при избор на поглавар на СПЦ во 1958 година, Хризостом (Војновиќ). Епископите Василиј и Хризос-

повеќе пати упатувал претставки до државните органи за одредени прашања, на кои најчесто не добивал одговор. Односот на државните фактори кон него бил полн со недоверба.

Во 1950 година починал патријархот Гаврил, а за нов поглавар на СПЦ бил избран епископот Викентиј (Проданов). По изборот на Викентиј за патријарх на СПЦ дошло до нормализирање на односите меѓу државните органи и Српската православна црква. Неговиот избор бил под директна контрола на државните органи.[11] Се разбира, постоеле доста тешкотии, имало повеќе инциденти во кои биле засегнати и некои архијереи, но, веќе од 1951 година државните органи започнале да даваат материјално-финансиска помош на СПЦ. Помошта во прво време доаѓала од органите на федерацијата и, пред сè, служела за нормално функционирање на органите на Патријаршијата, на Богословскиот факултет и богословиите. Со ваквата помош Српската православна црква покривала половина од финансиските потреби, а покрај помошта од федералните органи СПЦ добивала помош и од републичките институции каде што дејствувала.[12] Ваквата помош била нужна ако се знае дека голем дел од имот на СПЦ (како и на другите верски заедници) бил национализиран или потпаднал под одредбите на експропријација.[13] Државните органи ја користеле материјалната немоќ на црквата, со цел, преку разни дотации потоа да влијаат на однесувањето на црковните великодостојници, но, и за стекнување на впечаток, особено во странство, за соработка на СПЦ со новите власти

том припаѓале на кругот на Јустин Поповиќ, но, во однос на македонското црковно прашање имале сосема различни ставови.

[11] Пред изборот претседателот на Државната комисија за верски прашања ја посетил Патријаршијата и во разговор со неколкумина епископи нагласил кои епископи не би смееле да бидат на кандидатската листа за патријарх, меѓу кои биле епископите Николај, Дионисиј и др. Новиот патријарх бил избран на 1 јули 1950 година со 33 гласа од вкупно 59 членови на изборниот собор. Во изборот учествувале и пет свештеници од Македонија. (Radmila Radić, Izbor patrijarha Srpske pravoslavne crkve u 20 veku, Istorija 20 veka, XXVII/1, Beograd, 2009, 24-29)

[12] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Односот на Српската православна црква спрема државата, 2. 6. 1969 година.

[13] Претставниците на Српската православна црква во официјалните разговори со државните фактори, речиси, секогаш го поставувале прашањето на враќањето на национализираните имоти, на поголема помош околу подигање или обновување на верските објекти, како и на прашањето за статусот на учениците од богословските школи за кои се барало да им се признаат сите права како и на учениците од редовните училишта. Патријархот Герман особено бил упорен во барањето да се дозволи продолжение на изградбата на храмот Свети Сава во Белград, кое ќе биде одобрено од властите дури во средината на осумдесетите години.

и помирување со новиот систем и поредок.[14] Сепак, односите на Српската православна црква и државните органи останувале оптоварени со бројни проблеми и меѓусебна недоверба.

Патријархот Викентиј воспоставил поблиски односи со власта и изградил добар личен однос со Јосип Броз Тито. Како што ќе забележи историчарот Слијепчевиќ, Викентиј бил темелно образован човек со богато административно искуство во црквата. Тој знаел да воспостави баланс во односите меѓу црквата и државата, бил мајстор во преговорите и добар дипломат, прашањата кои не биле од интерес на СПЦ меѓу кои и македонското црковно прашање мошне успешно знаел да ги одолговлекува. Никогаш не ги одбивал преговорите со властите по било кое прашање.[15] Иако релативно кратко се наоѓал на чело на Српската православна црква (починал на 5 јули 1958 година) патријархот Викентиј упеал да воспостави нов однос меѓу црквата и атеистичката власт, однос кој приближно на ист начин продолжил да се одвива и по неговата смрт.

Властите особено биле заинтересирани за изборот на нов патријарх. Иако во Соборот на Српската православна црква меѓу епископите најголема доверба уживал епископот браничевски Хризостом (Воиновиќ), наклонетоста на властите којашто за изборот на нов патријарх, во овој случај, била одлучувачка ја стекнал жичкиот епископ Герман (Џориќ). На гласањето во Соборот при составувањето на кандидатската листа Хризостом добил 13, а Герман 7 гласа,[16] но, на изборниот собор на кој имало и други лица освен епископите Герман добил 37, а Хризостом 17 гласови. Во 1958 година се повторила историјата.

Државните фактори имале одлучувачко влијание при изборот на новиот патријарх.[17] Новинската агенција „Ројтерс“ на 13. 9. 1958 година јавила дека државата придавала особено внимание на изборот, додавајќи дека „новиот патријарх ќе мора да се соочи со сериозниот проблем со македонското свештенство“. Грчката „Вима“ отишла чекор подалеку па на 13. 9. 1958 година известила дека најголеми шанси да биде нов српски патријарх има епископот од Пожаревац, Хризостом“...

[14] Посетите на делегациите на СПЦ на другите цркви (во средината на педесеттите години на Грчката и Руската црква) биле овозможени со помош на државните финансии, за што биле одвоени 11 милиони динари, додека за покривање на дефицитот во буџетот на СПЦ во 1956 година од страна на државните органи биле одвоени 10 милиони динари. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Информација о Православној цркви, 47)

[15] Ђоко Слијепчевић, Историја Српске православне цркве..., 202 – 203.

[16] Милан Д. Јанковић, Патријарх Герман..., 10.

[17] Радмила Радић, Избор патријарха Српске православне цркве у XX веку..., 29-33

со широко образование, трудољубив, со правилно познавање на сите црковни прашања".„Вима" пишувала дека „круговите кои биле блиски до црквата го поставувале прашањето дали новиот патријарх ќе може на црквата да и даде еден дух и морална сила независна од тенденциите на титовистичкиот режим од чија страна се појавува значителен притисок".[18] Сепак, по изборот на Герман на 14 септември 1958 година дотогашниот жички епископ бил устоличен за нов српски патријарх.

По изборот патријархот Герман најпрвин се соочил со Македонската православна црква, односно со одлуките на Вториот црковно-народен собор. Во врска со МПЦ патријархот се соочил со двоен притисок. Од една страна, биле државните органи, а од друга страна, дел од епископатот. Државните органи имале значајно влијание и во т.н. американски раскол од 1963 година, односно расчинувањето на епископот Дионисиј. Сепак, по прогласувањето на автокефалноста на МПЦ во 1967 година дошло до нарушување на односите меѓу СПЦ и државата. Ваквите односи меѓу Српската православна црква и државата, кои почесто биле полни со недоверба и подметнувања ќе имаат силен одраз и врз решавањето на македонското црковно прашање. Српската православна црква во самостојноста на Македонската православна црква гледала како удар врз нејзиниот организам и „деструктивно однесување на некои елементи од Македонија поддржувани од властите". Некои српски великодостојници на Македонија гледале како на „класичен српски југ".[19] Од страна на најголемиот дел од епископатот на Српската православна црква барањето за автокефалност, но, и автономија на Македонската православна црква било сфатено како непријателски чин кон неа и цврсто застанале на предвоениот став за Македонија како историски српска земја Дел од епископатот не навлегол целосно во суштината на црковниот проблем, како и на македонскиот идентитет, сметајќи дека голем дел од македонските барања се само остаток од бугарската окупација. Помошта што понекогаш властите ја давале на барањата на свештенството и народот од Македонија, Српската православна црква го толкувала како заговор и удар врз неа и врз српството.

[18] Архив на МАНУ, ф, Лазар Колишевски, к-45, Избор од странскиот печат

[19] Драган Клакиќ, Op. cit. , 313.

## 2.2/ Улогата на Сојузната и републичките комисии за верски прашања кон македонско-српските црковни односи

Уште на Првото заседание на АСНОМ со првите политичко програмски документи за идната државно–правна положба на Македонија била донесена декларацијата за основните права на граѓаните на Македонија. Со првиот член на оваа декларација е прогласена еднаквост и рамноправност пред законите на сите граѓани на Македонија, без оглед на нивната народност, пол, раса и вероисповод. Во членот четири од декларацијата на секој граѓанин му се гарантира слобода на вероисповед и слобода на совест.[20]

Со создавањето на авнојска Југославија доаѓа до битни промени во општествено–економските и политичките односи во земјата. Започнал да се гради нов социјалистички систем на управување, кој со себе ги носел и сите специфики на односот кон религијата, односно интерпретацијата на марксистичките идеи за државата.[21] Комунистичката партија во однос на т.н. верско прашање барем декларативно прокламирала дека теистичкиот или атеистичкиот поглед на светот е приватно право или лична слобода на секој поединец. Уште во август 1945 година Министерскиот совет на Демократска Федеративна Југославија донел уредба за основање на државна комисија за верски прашања.[22] Во делокругот на работата на оваа комисија спаѓало проучувањето на сите прашања кои се однесувале на надворешниот живот на верските заедници, нивните меѓусебни односи, и односот на верските заедници кон државата и власта, како и собирање на материјал за законско решавање на односот помеѓу верските заедници и државата. Комисијата била задолжена да дава мислења и предлози по сите конкретни прашања од односот на верските заедници и државата, до конечното регулирање на тие односи преку закон. Во нејзина надлежност била и грижата за спроведување во живот и правилна примена на сите законски прописи кои се однесувале на уредувањето на меѓусебните односи на верските заедници и односите на државата кон нив.

Комисијата за верски прашања била задолжена да одржува постојани контакти со органите на верските заедници. Тие, пак, како и

[20] АСНОМ, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 1..., 157.

[21] Katrin Boeckh, Vjerski progoni u Jugoslaviji 1944-1953 godina: staljinizam u titoizmu, Časopis za suvremenu povjest, 38/2, Zagreb, 2006, 403

[22] Службен весник на ДФЈ, I/62, 21 август 1945 година, Уредба за основање Државна комисија за верски прашања.

органите на власта биле должни на комисијата по нејзино барање да и достават потребни податоци и известувања. Оваа комисија била составена од претседател и шест членови. Претседателот и останатите членови на комисијата ги поставувал и ги разрешувал од должноста претседателот на Министерскиот совет. Подетална одредба за организација на работата на комисијата за верски прашања со посебен правилник пропишувал претседателот на Министерскиот совет. Со оваа уредба биле поставени основите за законското решавање на односите помеѓу верските заедници и новоформираната авнојска Југославија. Комисијата за верски прашања со сите свои надлежности започнала да функционира од 1948 година. Наредната година за нејзин претседател бил поставен Милоје Дилпариќ, кој од 1951 година бил нејзин секретар, додека во 1953 година за претседател на Комисијата бил поставен Добривоје Радосављевиќ.[23] Двајцата споменати во наредниот период ќе имаат исклучително значајна улога во решавањето на македонското црковно прашање и во односите меѓу МПЦ и СПЦ.

Во состав на републичките влади биле формирани републички комисии за верски прашања кои требало да работат според упатствата на државната комисија. Верската комисија во Македонија била формирана во 1945 година и работела под претседателство на Епаминонда Поп Андонов. Задачата на оваа комисија била да ја проучи состојбата на верски план и да одржува контакти со православната црква како и со муслиманската и еврејската верска заедница во Македонија.[24] Декларативните одредби за слободата на вероисповедта биле потврдени и со Уставот на ФНРЈ донесен од Уставотворното собрание на 31 јануари 1946 година. Во членот 25 на овој Устав правно е регулиран односот на државата кон верските заедници. Според овие одредби на граѓаните им се гарантирала слобода на совест и слобода на вероисповед. Црквата според Уставот била одвоена од државата. Верските заедници чие учење не се судирало со Уставот можеле слободно да ги извршуваат своите верски работи и обреди. Верските училишта за подготвување на свештеници биле слободни, но, под општ надзор на државата. Се забранувало злоупотреба на црквата и верата во политички цели како и постоење на политички организации врз верска основа. Државата можела и материјално да ги помага верските заедници.[25]

---

[23] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., I/176-177

[24] ДАРМ, ф. Претседателство на Влада на НРМ, 159. 2. 53/241 – 247, Извештај за работата и организацијата на Верската комисија, 5. VII. 1945 година.

[25] Устав ФНРЈ, Загреб 1946, 12 – 13.

Слични или исти одредби биле пропишани и со републичките устави и прописи. Со формирањето на републичките комисии за верски прашања подетално биле следени случувањата во верските заедници на републичко ниво, а со текот на времето правната положба на верските заедници станала надлежност на републичките органи, кои ги одредувале правните односи помеѓу, како што тогаш се нарекувале „општествено-политичките заедници" и верските заедници.[26]

Сложеноста на односите помеѓу државата и верските заедници ја наметнала потребата за донесување на посебен сојузен закон. Во јуни 1953 година бил донесен Законот за правната положба на верските заедници, со кој биле определени рамките на црковните активности, но, во основа не го забранувал мешањето на државата во верските дејности.[27] Според овој закон вероисповедта била регулирана како приватна работа на граѓаните, а била прокламирана и слободна дејност и еднакви права за сите верски заедници, како и слободна издавачка дејност и растурање на верскиот печат, право за вршење на верски обреди и основање на училишта за образување на свештенички кадар, како и низа други одредби, кои декларативно нуделе широк спектар на права на верските заедници.[28] Законите за регулирање на правата на верските заедници биле носени и на републичко ниво со кои се одредувала и надлежноста на републичките комисии за верски прашања. Тие биле должни да ја следат примената на прописите кои се однесувале на верските заедници и за нивното дејствување да ги информираат претставничките и извршните тела од областа на односите меѓу државата и верските заедници, како и да предлагаат мерки за унапредување на односите помеѓу верските заедници. Републичките комисии биле задолжени да бидат во непосреден контакт со претставниците на верските заедници.[29]

Слични одредби како уставните решенија од 1946 година и Законот за правната положба на верските заедници од 1953 година, предвидувал и Сојузниот устав донесен на 7 април 1963 година. И со овој устав било прокламирано дека исповедувањето на вероисповедта е приватна и лична работа на граѓаните (член 46). Во уставот било потенцирано дека верските заедници се одделени од државата, како и тоа дека тие се слободни во вршење на верските работи и верските обреди. На верските заедници им било дозволено основање стручни верски училишта, а се предвидувало дека државата може и материјал-

[26] Radovan Samardžić, Religija i položaj vijerskih zajednica u SFRJ, Beograd, 1984, 76 - 78.

[27] Katrin Boeckh, Op. cit, 413; Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., I/377-380

[28] Уставни гаранции за слободата на вероисповедта, Весник на МПЦ, 1963/V, 66 – 67.

[29] Radovan Samardžić, Op. cit. , 77.

но да ги помага верските заедници. Овој устав дозволувал, во границите што ги одредувал сојузниот закон, верските заедници да имаат право на недвижен имот.[30]

На републичко ниво во Македонија уште пред донесувањето на Уставот од 1963 година биле преземени мерки за активно следење на работата на верските заедници. Но, за оваа задача Републичката комисија за верски прашања во првите повоени години немала доволен капацитет за извршување на поставените задачи. Некои прашања од верска проблематика до 1953 година биле исклучително во надлежност на органите за внатрешни работи.[31] Со цел Комисијата да функционира со целиот капацитет и во согласност со прописите и препораките од Сојузната комисија за верски прашања, во декември 1959 година донела Уредба за организација и работа на Републичката комисија за верски прашања. Комисијата во својот делокруг на работа требало да го следи спроведувањето и применувањето на законите и другите прописи кои се однесувале на верските заедници; подготвувала нацрт на прописи со кои се решавале прашањата од односите на државата и верските заедници; ја следела законитоста на прописите на народните одбори со кои се уредувале прашањата во областа на односите меѓу државата и верските заедници. Заради извршување на определените обврски Комисијата одржувала врски со органите на верските заедници и од нив можела да бара податоци потребни за нејзината работа.[32] Согледувајќи ги односите во оваа сфера Извршниот совет на НРМ на 25 март 1960 година заклучил да ги задолжи претставниците на народните одбори да ја следат работата на верските заедници. Ова придонело за поактивно следење на проблемите од односите на државата со верските заедници како и за почести контакти со претставниците на верските заедници.[33] Иако Републичката комисија одржувала тесни врски со раководствата на верските заедници кои дејствувале на територијата на Македонија, сепак, конкретната реализација на повеќето од поставените активности зависела од локалните раководства. Непостоењето на квалификувани органи во тогаш-

[30] Уставни гаранции за слободата на вероисповедта..., 66 – 67.

[31] Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Папка-А, Извештај за верската дејност и односите помеѓу црквата и државата во НР Македонија

[32] Комисијата ја сочинувале претседател, секретар и посебен број на членови кои ги именувал Извршниот совет од редот на своите членови, претставници на општествените организации и установи, како и културни и јавни работници. Составот и бројот на членовите на комисијата го одредувал Извршниот совет (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Уредба за организација и работа на Републичката комисија за верски прашања)

[33] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 3, Предлог за формирање на општински комисии за верски прашања, 1961 година.

ните народни одбори претставувало сериозен проблем за Републичката комисија. Заради сето ова во 1961 година по препорака на Извршниот совет на Македонија биле формирани комисии за верски прашања при околиските народни одбори, а општинска комисија била формирана само во Струмица, затоа што на тоа подрачје дејствувале многу верски заедници – речиси сите протестантски заедници, како и унијатите.[34]

Според препораките овие комисии требало да имаат од три до пет членови, а претседателот по можност да биде претседателот на општинското собрание. Во составот на комисиите имало претставници од општинските собранија, од ССРНМ (Социјалистички сојуз на работниот народ на Македонија), од образовните институции и од органите за внатрешни работи. Комисиите особено внимание посветувале на влијанието на општата политичка состојба врз верските заедници и нивниот однос кон државата и посебно во следење и проучување на дејноста на верските заедници. За составот и дејноста на овие комисии требало да биде информирана Републичката комисија за верски прашања, која давала инструкции за работата на општинските комисии за верски прашања.[35] Една од основните задачи на овие општински комисии била да придонесуваат за реализација на задачите што по одделни прашања биле поставувани од државните органи на повисоко ниво. Тие биле должни со посебна сериозност и редовно да вршат увид во интензитетот на работата и дејноста на верските заедници. Според препораките на Републичката комисија за верски прашања ова требало да придонесе за намалување на верското влијание во животот на населението, бидејќи се сметало дека т.н. општествено–политички мерки би можеле најуспешно да дејствуваат во овој правец.[36]

Општинските комисии биле задолжени да бидат во контакт со претставниците на верските заедници, при што овие контакти требало да се исползуваат за да се обрне внимание кон претставниците на верските заедници за злоупотребите кои би можеле да се направат при вршење на верските служби. Се разбира, овие „злоупотреби“ биле според тогашните сфаќања на овие комисии. При ваквите контакти претседателите на општинските комисии биле задолжени да ги информираат верските претставници со актуелните политички прашања.[37]

[34] ДАРМ, ф. Извршен совет на Македонија, 159. 109. 36/688 – 689, Извештај на Републичката комисија за верски прашања, 20. II. 1963 година.

[35] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 3, Општински комисии за верски прашања.

[36] ДАРМ, ф. Извршен совет, 159. 109. 36/688 – 698, Извештај од 20. II. 1963 година.

[37] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 3, Општински комисии за верски прашања.

Во сите овие правни прописи донесени на сојузно или републичко ниво, безрезервно е декларирана слободата на вероисповедта и одвоеноста на државата од верските заедници, односно немешање во нивните внатрешни односи. Но, сепак, во реалноста Сојузната и републичките комисии за верски прашања во голема мера влијаеле врз дејствувањето на верските заедници, оттука и на Македонската и Српската православна црква. На пример, изборите на поглавари на СПЦ во 1950 и 1958 година биле под контрола на државата и биле бирани – личности кои барем во тој момент им одговарале на државните структури. Комисиите за верски прашања силно влијеле и при изборот на епископи во Македонската и Српската православна црква, при што не мал број личности особено во СПЦ не смееле да бидат бирани. Сојузната и Републичката комисија за верски прашања биле одлучувачки фактор и при формирањето на кандидатската листа за избор на епископи во македонските епархии до 1958 година.

Државата имала влијание и во здруженијата на свештеници, преку кои требало да направи јаз меѓу свештенството и епископатот кој претежно бил оценуван за антикомунистички.

## 2.3/ Прв црковно-народен собор

На почетокот на декември 1944 година по конечното ослободување на Македонија и делумното стабилизирање на состојбите, скопскиот митрополит Јосиф го замолил Светиот архијерејски синод на Српската православна црква да се преземат мерки кај граѓанските и воените власти, со цел, да се дозволи враќање на свештенството и архијереите во, како што истакнал, „Јужна Србија“. По тој повод бил замолен повереникот на Националниот комитет за внатрешни работи да ги издаде потребните упатства до граѓанските и воените власти за нивно непречено враќање во епархиите[38] во Македонија.

Заради тоа што не добил дозвола да замине во Македонија и, веројатно, заради зафатеноста со администрацијата во Патријаршијата, бидејќи го менувал патријархот Гаврил, митрополитот Јосиф на 30 декември 1944 година побарал од пензионираниот поранешен епископ пеќски Јеротеј (Гавриловиќ)[39] – роден тетовчанец, во случај на потре-

[38] Српска православна црква у Другом светском рату (из архива Светог синода), Београд, 1991, 131

[39] Епископот Јеротеј (Гавриловиќ) бил роден на 20 септември 1873 година во Тетово. Завршил богословија во Призрен и Теолошки факултет во Атина. До изборот за

ба привремено да администрира со Скопската и Охридско–битолската епархија. Епископот Јеротеј на барањето дал своја писмена потврда, но, до извршување на овие одлуки не дошло.[40]

По повод божиќните празници на 3 јануари, свештениците Методи Гогов, Никола Апостолски и Кирил Стојанов испратиле писмо до Светиот архијерејски синод во кое ги информирале архијереите за состојбите во Македонија на црковен план. Тие нагласиле дека се претставници на Православната црква во Македонија и додале дека остануваат верни на канонските на Православната црква.[41] На писмото веднаш одговорил митрополитот Јосиф, при што ги повикал свештениците уште еднаш да размислат за своите ставови, „прашањето да го разгледаат од црковно-правен аспект, а не да се водат од моменталното и минливо расположение“. Светиот архијерејски синод на 22 јануари 1945 година побарал од Иницијативниот одбор за организирање на Православната црква во Македонија,[42] нарекувајќи го „самонаречен“ сите свои молби и преписки да ги испраќа исклучително преку митрополитот скопски Јосиф, како свој надлежен митрополит.[43]

Во редовите на Иницијативниот одбор веднаш по ослободувањето започнале забрзано да работат на организирање на Собор на кој би биле официјализирани барањата за организирање на самостојна

епископ бил наставник во богословијата во Призрен. За епископ пеќски бил поставен во 1926 година. По укинувањето на епархијата во 1931 година бил пензиониран. Починал на 20 октомври 1946 година во манастирот Раваница во Србија. (Епископ Сава, Епархије и епископи Српске православне цркве – Споменица СПЦ 1920–1970, Београд 1971, 526).

40 Српска православна црква у Другом светском рату..., 132; Ђоко Слијепчевић, Питање Македонске православне цркве у Југославији, Минхен, 1959, 28.

41 Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање, Вардарски зборник, бр. 1, Београд, 1999, 155.

42 Иницијативниот одбор за организирање на Православната црква во Македонија по ослободувањето бил единствена организирана институција што за своја основна цел и работа го имал функционирањето и организирањето на црковниот живот во Македонија. Иницијативниот одбор бил составен од пленум и извршно тело кое го сочинувале повеќе свештени и цивилни лица. Повеќепати во првите години по ослободувањето доаѓало до промени во раководството на Иницијативниот одбор, од внатрешни причини, но, и заради надворешни притисоци. Партиските извештаи говорат дека постоела добра соработка со членовите на Иницијативниот одбор уште од времето на неговото формирање во 1944 година, освен како што се истакнува со „непријателски настроени свештеници“.

43 Djoko Slijepčević, Die autokephalie der so genannten “Mazedonichen” orthodoxen kirche vom kanonischen und geschichtilchen standpunkt beurtelt, Balkan Studies, A Bianual publication of the Institute for Balkan Studies, Volume 20, Thessaloniki, 1970, 5; Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 156

Македонска православна црква, односно за обновување на древната Охридска архиепископија. Од почетокот на 1945 година раководството и членството на Иницијативниот одбор ги привршувало последните подготовки за организирање на еден ваков Собор на кој би се поставиле основите на идното уредување на Православната црква во Македонија. Подготовките не биле лесни, особено контактите со свештенството од внатрешноста, но, сепак, биле подготвени сите материјали и извештаи за успешно одвивање на соборот. Во овој период постоела општа оценка дека треба да се конституира самостојна македонска црква.

Во текст во весникот „Нова Македонија“ од март 1945 година е запишано: „нашата црква ќе се конституира како самостојна македонска црква рамноправна на соседните православни цркви, како на српската, бугарската и други. Нашата црква има историско право на тоа. Славната Охридска архиепископија ќе се обнови и ќе се даде можност на нашата црква да се обноват нејзините славни слободарски и културни традиции. Нашето свештенство е со полна свест за тоа дека во редот на другите извојувани тековини од нашиот народ во НОВ е и верската слобода која му дозволува да ги решава своите црковни прашања без туторство и наредби од страна, да изгради своја народна црква“.[44]

Во ваква атмосфера на полно одобрување и прифаќање на самостојноста на Македонската православна црква започнал Првиот црковно–народен собор. Соборот ја започнал својата работа претпладнето на 4 март 1945 година во салата на Офицерскиот дом во Скопје.[45] Пред околу триста делегати Соборот го отворил протојерејот Кирил Стојанов, парохиски свештеник во црквата Свети Константин и Елена во Скопје и член на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија. Видна и значајна улога во Соборот имале и повеќе македонски општественици, свештеници и интелектуалци како што биле Методи Гогов[46], Никола Апостолски, Петар Хр. Илиевс-

[44] „ Нова Македонија“, II/53, 4. март 1945 година .

[45] Александар Трајановски, Возобновувањето на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, Скопје, 2008, 232 „Нова Македонија“, II/54, 6 март 1945 година.

[46] Методи Гогов (1912-1999) роден во Штип каде го оформил основното образование. По завршувањето на битолската богословија се запишал на Богословски факултет во Белград, каде дипломирал во 1936 година. За време на Втората светска војна бил парохиски свештеник во Штип. Кон крајот на војната се вклучил во ослободителното движење и бил еден од основачите на Иницијативниот одбор за организирање на Македонска православна црква. По ослободувањето заедно со други свештеници го организира Првиот црковно-народен собор. Во 1948 година бил осуден на затворска казна од пет и пол години, а по отслужувањето на затворска-

ки, Ѓорги Милошев[47], Левко Арсов, Борис Бошковски, Лазар Кескинов и многу други кои и понатаму за целото време на решавањето на македонското црковно прашање имале значајна улога, а некои од нив по конституирањето на Македонската православна црква ќе станат нејзини архијереи или раководители на значајни црковни институции.[48]

На Соборот присуствувале и претседателот на Президиумот на АСНОМ Методиј Андонов-Ченто, претставникот од армијата полковник Панче Неделковски, помошник-повереникот за просвета Љубен Лапе и претседателот на Градскиот НОО Лазар Танев.[49] Присуството на овие репрезенти од раководството на македонската држава само го зголемило значењето на овој највисок претставнички форум на црковно–народната јавност во Македонија и означувало полна поддршка од тогашното раководство во Македонија кон тежнеењето за црковна автокефалност.[50]

Соборот го поздравил и претседателот на Президиумот на АСНОМ Методиј Андонов – Ченто, кој истакнал дека НОВ не се водел со идејата за борба против православната црква и верата воопшто и дека верниците имаат право на народна црква.[51] Во својата дискусија Ченто ја истакнал улогата на народното свештенство во ослободителните

та казна бил свештеник во Скопје. Како учесник на Вториот црковно-народен собор Секретаријатот за внатрешни работи за него ја составил следната карактеристика: „Методи Гогов, на 54 години, парох во Света Мина, бивш осуденик, ванчовист, сега повлечен - авторитетен". (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Список на делегати на Македонскиот црковно-народен собор). Во периодот од 1966 до 1970 година бил свештеник во Австралија, а во 1970 година бил назначен за ректор на Македонската православна богословија. За митрополит бил хиротонисан на 25 декември 1988 година. На 4 декември 1993 година е избран за поглавар на Македонската православна црква. Почина во Скопје во јули 1999 година. (Михаил архиепископ охридски и македонски, Скопје, 1994, 23-27).

47 Ѓорѓи Милошев (1912-1996) во монаштво Гаврил. Роден е во Скопје каде го оформил своето образование. Во 1936 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1942 година бил ракоположен за свештеник. Во 1978 година бил избран за повардарски митрополит, а во октомври 1986 година бил избран за поглавар на Македонската православна црква. (Александар Гиревски, Негово блаженство архиепископ Гаврил трет по ред на обновената Охридска архиепископија, Скопје 1994. )

48 Александар Трајановски, Црковно – народниот собор од 1945 година и ангажирањето на свештеникот Методи Гогов за возобновување на Охридската архиепископија, Сп. Историја, 35-36/1-4, Скопје 1995/96, 51.

49 „Нова Македонија", II/53, 4 март 1945 година.

50 Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1972, 122.

51 „Нова Македонија", II/53, 4 март 1945 година.

борби на македонскиот народ, при што заклучил дека македонскиот народ има целосно историско право на своја автокефална црква, бидејќи тој е слободен и како таков може сам да ги решава своите проблеми.[52]

Во својата дискусија свештеникот Кирил Стојанов при отворањето на Соборот во духот на тогашните политички погледи рекол: „првата и најважна точка во нашата програма е нашето општо желание имајќи ја нашата слободна и голема федеративна демократска Југославија и во неа како рамноправен член слободна федерална Македонија да ја имаме и слободната наша Македонска православна црква“.[53] По воведниот говор на свештеникот Кирил Стојанов, членот на Иницијативниот одбор теологот Левко Арсов поднел исцрпен извештај за историското и канонско право на македонскиот народ за своја автокефална православна црква. Во историскиот дел на рефератот му бил отстапен простор на повеќевековното постоење на автокефалната Светиклиментова охридска архиепископија и на долгогодишните борби на македонскиот народ за нејзина обнова. „Канонското право на македонскиот народ да има своја автокефална црква се базира на 38. правило на Петто-шестиот вселенски собор кое ја повторува завршната одредба на седумнаесеттото правило од Четвртиот вселенски собор и гласи: ако со царска наредба е основан нов град или ако претходно бил основан, во таков случај распоредувањето на црковните области да биде како државниот и граѓанскиот распоред“.[54]

Свештеникот Никола Апостолски член на Иницијативниот одбор поднел извештај за дотогашната работа на Иницијативниот одбор за организирање на Македонска православна црква. По поднесувањето на рефератот и извештаите повеќе дискутанти целосно ги поддржале рефератот и извештаите за работата на Иницијативниот одбор. Во текот на работата на Соборот бил избран одбор кој на Соборот му ја предложил следната резолуција:

1. „Македонскиот православен народ преку своите делегати од сите духовни центри на Македонија донесува решение да се обнови Охридската архиепископија, како Македонска самостојна црква, која нема да биде потчинета на ниедна друга помесна национална православна црква;

---

[52] Мирослав Спировски, Борба за автокефалност, Скопје 1990, 25.

[53] „ Нова Македонија“, II/53, 4 март 1945 година.

[54] Миодраг Periќ, Историско – правните аспекти на односите помеѓу Српската православна и Македонската православна црква, Скопје, 1998, 201; Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1029.

2. Македонскиот православен народ донесува решение за свој епископат и свое народно свештенство кое ќе биде гаранција дека нашиот народ ќе ги зачува карактерните особености и ќе биде поблизок до својата родна црква;
3. Се одлучува првиот македонски епископ на возобновената Охридска архиепископија да ја носи титулата:„архиепископ охридски", а нашата православна црква да се вика: „Светиклиментова охридска архиепископија" ;
4. Избрана делегација да ги посети сите сестрински цркви или писмено да ги извести и да биде толкувана пред нив како таква, за да добие пред нив канонска потврда;
5. По завршувањето на таа работа предлагаме делегација која ќе ги викне на гости епископите на другите православни цркви, а ние да бидеме викнати на Второто заседание за избор на кандидати за наши народни владики, кои ќе бидат хиротонисани од гостите епископи;
6. Првиот меѓу нашите епископи сакаме да биде устоличен на свечен начин во град Охрид, престолот на Охридската архиепископија;
7. Кога ќе се создаде Југословенска православна црква – патријаршија и нашата Македонска православна црква ќе влезе во нејзиниот состав како и другите православни цркви во Федеративна Југославија".[55]

Оваа резолуција била прифатена од делегатите на Соборот, а на крајот на Соборот биле испратени и телеграми до Президиумот на АВНОЈ, до Тито, до цариградскиот патријарх и до Светиот синод на Српската православна црква. На 4 март била одржана и панихида за паднатите борци во текот на НОВ, како и за сите борци паднати за слободата на македонскиот народ.[56]

Давањето на согласност за создавање на Југословенска православна црква и влегувањето на Македонската православна црква во нејзиниот состав во одредена смисла значело откажување од автокефалниот статус на сопствената црква. Имајќи ги предвид црковните канони за организирањето на Македонската православна црква преку обнова на Охридската архиепископија, Црковно–народниот собор за реализација на својата резолуција пристапил кон избор на нов иницијативен одбор за организирање на Македонска православна црква на

[55] Весник на МПЦ, број 1/67, Орган на Македонската архиепископија – Резолуција од Првиот црковно – народен собор на МПЦ.

[56] „Нова Македонија", II/54, 6 март 1945 година.

чело со протојерејот Кирил Стојанов, парохиски свештеник од Скопје.[57]

Новиот Иницијативен одбор веднаш се зафатил со спроведување на задачите од резолуцијата. Мошне брзо биле формирани околиски духовни одбори, благодарејќи на залагањето на поактивните свештеници како што биле Никола Апостолски, Кирил Стојанов и други. Надлежноста на овие духовни одбори се однесувала на судовите, на црковните прописи во подрачјата во кои се формирале, право да вршат надзор над црквите, манастирите и имотот. Посебно била значајна улогата на овие духовни одбори во запознавање на парохиското свештенство, на црковните одбори и манастирски управи со резолуцијата од Првиот црковно–народен собор.

Иницијативниот одбор свикал пленарна седница која се одржала на 20 април 1945 година во Скопје. На седницата големо внимание било посветено на отпорот што доаѓал од раководството на Српската православна црква, Иницијативниот одбор меѓу другото заклучил: „во врска со пратките испраќани до „српске цркве“ во Македонија да се испрати писмо до ПТТ со кое би се замолила поштата истите да не ги дистрибуира и да ги враќа назад бидејќи такви цркви во Македонија нема“.[58]

Од активностите на Иницијативниот одбор за реализација на задачите на соборската резолуција, посебно е значајно формирањето на духовни судови во Македонија. Организирањето и оспособувањето за работа на овие духовни судови била една од приоритетите на Иницијативниот одбор во овој период. Пленумот на Иницијативниот одбор на своето заседание во Скопје на 19 јуни 1945 година донел одлука да бидат основани и да почнат со работа духовните судови за православните христијани во Македонија. Било решено седиштата на духовните судови да бидат во Скопје, Охрид, Битола и Штип.[59]

По одржувањето на Првиот црковно-народен собор и донесените одлуки, Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија со телеграма од 9 март 1945 година го запознал Светиот архијерејски синод на Српската православна црква за соборските решенија.[60] По овој повод на 12 март 1945 година во Белград би-

[57] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1030.

[58] Миодраг Периќ, Историско – правните..., 203 – 207.

[59] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 2. 54/248, Писмо од Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија за организација на работата на духовните судови за православните христијани во Македонија.

[60] Јован Белчовски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1990, 142; Ђоко Слијепчевић, Op. cit. , 169.

ла одржана Епископска конференција, на која присуствувале митрополитот скопски Јосиф и епископите Нектариј, Венјамин, Симеон, Владимир и викарниот епископ Валеријан. На конференцијата бил донесен заклучок дека акцијата на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија како и соборот во Скопје се „неканонски и за акцијата на овој одбор ништо не може да се суди и пресудува“. Истиот ден седница одржал и Синодот на Српската православна црква при што се согласил со заклучоците на Епископската конференција. Било побарано од митрополитот Јосиф да замине од Скопје и да го проучи процесот што се одвивал во Македонија, како и да поднесе исцрпен извештај, мислења и предлози. Но, од Сојузното министерство за внатрешни работи не му било дозволено да замине за Скопје. Предлогот на министерството бил да се повикаат претставници на свештенството од Македонија кои би го информирале митрополитот за новонастанатата состојба.[61]

Но, наместо кон смирување, работите се одвивале во спротивна насока. Митрополитот Јосиф на 2 април 1945 година го известил Светиот синод на СПЦ дека на 30 март истата година основал црковен суд за Скопската епархија, кој привремено бил сместен во Врање.[62] При посетата на членовите на Синодот на Српската православна црква на кралските намесници повторно било побарано на архијереите и свештенството да им се дозволи враќање во Македонија, а на властите да им се нареди да ги почитуваат одлуките и наредбите на епархиските црковни власти на Српската православна црква.[63]

Со акт на Министерството за финансии во првата половина на 1945 година на Српската православна црква и биле одобрени петнаесет милиони динари, но, ниту еден динар не бил префрлен од нејзина страна за епархиите во Македонија, кои таа ги сметала за свои. Заради ваквата состојба Иницијативниот одбор морал да побара од Верската комисија при Владата на Македонија да интервенира кај Сојузната комисија за верски прашања да бидат одобрени средства за функционирање на Православната црква во Македонија.[64] На 18 јули 1945 година

[61] Српска православна црква у Другом светском рату..., 134. Светиот синод на СПЦ се обратил и до Претседателството на Владата на ДФЈ со молба на архијереите и свештенството од Македонија веднаш да им се одобри и олесни враќањето во местата на нивната служба. На барањето, Синодот во мај 1945 година добил негативен одговор. (Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 157)

[62] Драган Клакиќ, Времето на Колишевски, Скопје, 1994, 306.

[63] Српска православна црква у Другом светском рату..., 134.

[64] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 2. 56/250 – 252, Писмо до Верската комисија при Сојузната влада на ДФЈ, 6. 7. 1945 година.

министерот во Владата на ДФЈ, Емануел Чучков побарал од Синодот на СПЦ дел од средствата кои црквата ги примила од Министерството за финансии на ДФЈ да се доставаат и на македонското свештенство. На барањето одговорил митрополитот Јосиф со констатација дека епархиите во Македонија ќе бидат финансиски помогнати „кога ќе се вратат во крилото на својата мајка црква".[65]

Светиот архијерејски синод на Српската православна црква не можел да се помири со губењето на позициите што црквата ги имала во Македонија пред 1941 година, ниту со создавањето на посебна федерална единица и со сите сили настојувале да ги вратат своите позиции во македонските епархии. Во овој контекст е одлуката под број 1279 и пов. 81, запис 471 што Синодот на Српската православна црква ја донел на своето редовно заседание одржано на 22 септември 1945 година во кое меѓу другото се вели: „Епархиите во сегашна федерална Македонија: Скопската, Злетовско-струмичката и Охридско-битолската епархија по редовен и канонски пат се присоединети кон Српската православна црква, за што сведочи и „Томосот" на Вселенската патријаршија. Јурисдикцијата на Српската православна црква врз овие области е потврдена од сите православни цркви... Светиот архијерејски синод не може да признае никаква самостојна и независна црква во федерална Македонија, која е прогласена без дозвола и согласност на Мајката црква и на нејзините канонски епархии во тие краишта, која е на прво место повикана да ја толкува волјата на народот во црковните работи, како фактор кој првенствено се грижи за народот Господов и води сметка за него. Го смета прогласувањето на некоја независна Македонска православна Климентова црква извршено во Скопје на 4 март 1945 година, од страна на некој божем црковно-народен македонски собор како целосно самоволен и неканонски акт. Не ја признава и осудува секоја акција и работа на самонаречениот Иницијативен одбор кој незаконски ја пригграби црковната управа во тамошните епархии и без знаење и одобрение на нивните законски архијереи презема работи кои не спаѓаат во негова надлежност и со тоа го нарушува постојниот црковен поредок, го урива единството на Црквата, создава раскол и безредие во Црквата. Го повикува сето благочестиво свештенство и честитиот православен народ во Скопската, Злетовско–

[65] Во одговорот на барањето меѓу другото се истакнувало: „Ниту една епархија која самоволно себеси не се исклучила од составот на Српската православна црква не е заборавена. Напротив, и оние епархии како што се дел на Скопската, потоа Злетовско-струмичката и Охридско-битолската, ќе бидат помогнати кога ќе се вратат во крилото на својата Мајка црква, а дотогаш би било неприродно и нелогично Мајката црква да им помага на оние свои деца кои од неа самоволно се одрекуваат". (Радмила Радић, Држава и верске заједнице, I/287-288)

струмичката и Охридско–битолската епархија да и се обраќаат на својата законска и канонска епархија, да се покоруваат на нивните законски совети и наредби и во заедница со неа, чие враќање треба да се овозможи што поскоро, да ги задоволи сите свои црковни потреби во тие епархии во духот на канонските прописи“.[66]

Во декември 1945 година членовите на Синодот на СПЦ имале средба со министерот за внатрешни работи Владо Зечевиќ при што побарале од Претседателството на Владата преку Комисијата за верски прашања да се оневозможи работата на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија. На 21 декември Синодот на СПЦ упатил апел до свештенството во Македонија „да остане верно на канонските прописи, црковните закони и Уставот на СПЦ и да отстапи од движењето кое води во безредие и раскол во Црквата, рушејќи го нејзиното единство“.[67]

Од средината на 1945 година под притисок на властите слабее движењето за автокефалност. Во меѓувреме и покрај сите активности кои биле преземани од раководството на Иницијативниот одбор, еден дел од членовите на раководството на одборот се нашле во немилост на тогашните политички структури. Дури во еден период барањето за автокефалност било оквалификувано како шовинистички акт, а водачите на Иницијативниот одбор назначени како „бугарофили и ванчовисти“.[68] Во друга анализа, пак, поддржувачите на барањата за автокефалност се оквалификувани како „Македонци сепаратисти и шовинисти на чело со поп Гогов“.[69] Барањето за автокефалност сѐ почесто се заменува со автономност во канонска врска со Српската православна црква.

## 2.4/ Свештеничка конференција во мај 1946 година

По изборот на Владата на Македонија на 16 април 1945 година,[70] на чело со Лазар Колишевски, власта целосно паднала во рацете на

66 Одлуки на Синодот на СПЦ од 22 септември 1945 година, Гласник на СПЦ бр. 10, 1945 година.

67 Радмила Радић, Држава и верске заједнице, I/288; Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 158

68 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 69/509 – 513.

69 Архив на МАНУ, ф, Лазар Колишевски, к-45 , Проблеми на Православната црква во Македонија (1946)

70 Виолета Ачковска, Местото и улогата на владите на Македонија – некои аспекти од нивното конституирање и работа 1945 – 1995 година – ГИНИ, Скопје 1995, 39, 1 – 2, 15 – 31.

партиските кадри кои ја следеле политиката на централата во Белград. Политичарите кои припаѓале на т.н. демократско – опонентска струја биле маргинализирани или целосно отстранети од политичката сцена, со што и македонското црковно прашање добива нов правец на решавање. Резолуцијата на Првиот црковно–народен собор за властите била неприфатлива. Се сметало дека оваа резолуција била плод на „непријателски луѓе“ кои се наоѓале на чело на Иницијативниот одбор и кои успеале да протуркаат идеја од „шовинистички карактер“ за создавање на автокефална Охридска архиепископија.[71]

Во 1945 и 1946 година од највисоки места во државната и партиската хиерархија (сојузна и републичка) доаѓале изјави дека барањето за автокефалност на Православната црква во Македонија е израз на национален сепаратизам. Партиските комитети сè почесто го разгледувале ова прашање на своите седници. Дел од свештенството започнало да се изјаснува против одлуките донесени на Соборот во 1945 година. Автономното решавање на македонското црковно прашање станало најприфатливо решение преку кое се сметало да се постигне компромис со Српската патријаршија.[72] Компромисот бил нужен заради притисокот од политичките фактори за кои било прифатливо Православната црква во Македонија да има епископи кои потекнувале од редовите на македонското свештенство, и во администрацијата да се употребува македонскиот јазик со што се сметало дека би се постигнала определена рамноправност.[73]

Во ваква атмосфера веќе на почетокот на 1946 година започнале да се одржуваат свештенички собранија во некои градови, во кои била разгледувана состојбата со Православната црква во Македонија. На почетокот на јануари 1946 година, во Битола, во присуство на триесетина свештеници била организирана конференција. Присутните свештеници усвоиле резолуција во која барале од Патријаршијата во Белград да се организира автономна црква во Македонија, која ќе биде во канонска врска со Православната патријаршија во Белград.[74]

---

[71] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 69/509 – 513.

[72] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 1. 71/378 – 379, Записник од состанок одржан на 28. 2. 1946 година.

[73] Токму во овој период барем во Македонија било актуелно прашањето за федерално уредување на Православната црква во Југославија, каде црквите во секоја република во согласност со државното уредување би имале определена автономија. (Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, папка-А, Автокефална или автономна црква).

[74] Во пропратното писмо кое заедно со Резолуцијата било испратено до свештенството во Македонија меѓу другото стоело: „Апсолутната црковна самостојност го руши канонското единство на Православната црква во Југославија“. На свештенство-

На 25 јануари 1946 година дванаесет свештеници од Ресенско одржале состанок на кој донеле резолуција во која се вели:

1. „Да се моли Православната патријаршија во Белград да дозволи да се организира автономна црква во Македонија која би била во канонска врска со Белград т.е. црковното уредување да биде во согласност со федералното уредување на државата;
2. Духовенството да биде народно, а вишото духовенство да биде избрано од Архијерејскиот собор;
3. За исполнување на овие барања да се свика собрание и овој предлог да се разгледа;
4. Оваа резолуција да се упати до Народната влада на НРМ;
5. На Иницијативниот одбор во Скопје да му се откаже послушност".

Набрзо по оваа резолуција на група свештеници од Ресенско, на 5 март 1946 година од битолскиот духовен одбор било испратено писмо до сите околиски духовни одбори во Македонија. Во него се критикувало брзото организирање на Првиот црковно–народен собор од 1945 година. Пред одржувањето на овој собор во Битола била одржана конференција на која, меѓу другото, биле усвоени и овие принципи: „со ништо да не се загрозува канонското единство на Православната црква во Југославија, и да не се допушти впечаток на сепаратизам". Се вели дека автокефалното уредување на црквата во Македонија не е во согласност со државното уредување на Југославија. „Нашата држава е заедница на рамноправни народи, таа е федерација, а не конфедерација, таа е сојузна држава, а не сојуз на држави". Дел од битолските свештеници сметале дека автокефалното уредување на црквата во Македонија би значело полно одделување на црквата во Македонија од останатите цркви во Југославија и дека потполната црковна самостојност со прогласување на автокефалност постепено би отворила еден јаз меѓу македонскиот народ и останатите народи во Југославија, што како последица би можело лесно да се изроди во голема омраза.[75] Во писмо што било упатено до претседателот на Владата, Лазар Колишевски, битолскиот духовен одбор ги повторил наведените констатации со напомена дека „црквата во Македонија не е способна за само-

то му се предлагало да се бара автономија, а не автокефалност. (Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 158)

[75] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 74/509 – 517, Писмо од Православниот – околиски духовен одбор – Битола, испратено до сите свештенички одбори во Македонија по повод акцијата за организирање на Македонска православна црква и резолуцијата по тој повод.

стоен живот, самостојност се бара по редовен пат и не е во интерес на Православната црква кон непотребно и некорисно распарчување“.[76]

Во ова писмо видливо е партиското влијание врз изнесените ставови што се поклопува со некои партиски заклучоци од почетокот на 1946 година. Очигледно е дека партиските погледи за црковното прашање имале големо влијание врз некои свештеници. Претходно, Иницијативниот одбор остро ја осудил резолуцијата донесена од група битолски свештеници со која се бара отстапување од соборската резолуција од 1945 година и враќање под јурисдикција на Српската православна црква. Ваквите барања од страна на Иницијативниот одбор биле оценети како провокативни и предавнички.[77]

По одржувањето на конференцијата на свештенството во Битола и Ресен, се јавил и митрополитот Јосиф. Тој во писмо до гостиварскиот архијерејски намесник изразил радост што некои битолски свештеници започнале акција за обновување на врските со Патријаршијата во Белград.[78]

По овие настани во повеќе места во Македонија се раздвижиле духовите во однос на македонското црковно прашање. На 14 март 1946 година, група свештеници од Куманово откако ги разгледале состојбите во Православната црква во Македонија ја донеле следнава резолуција:

1. „Резолуцијата од Битола е умесна и реална и не е предавнички акт;
2. Свештенството од Кумановската духовна околија смета дека единствена можност да се реши хаотичната состојба во Македонската православна црква е организирање на автономна црква во канонско единство со Православната патријаршија во Белград;

[76] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Писмо од Духовниот одбор Битола до претседателот на Владата, 5. 3. 1946 година. Иницијатор за составување на ваквото писмо бил свештеникот Илија Тодоровски за кого државните органи сметале дека е просрпски ориентиран, а на литургиите во Битола го споменувал и српскиот патријарх Гаврил. Тој бил делегат и на Вториот црковно-народен собор, а Управата за државна безбедност во 1958 година за него ја дава следната карактеристика: „Илија Тодоровски на 48 години парох во Свети Димитрија во Битола и член на епархискиот суд, дејствувал на великосрпска линија и контактирал со српски владици - стоел на нивна линија. Бил предупредуван неколку пати, сега малу повлечен“. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-1, Spisok na delegati na makedonskiot crkveno-naroden sobor, Skopje, 1958 godina. )

[77] Миодраг Периќ, Историско – правните..., 213.

[78] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 158-159

3. Одлуката од Првиот црковно–народен собор за автокефалност да се отфрли како неостварлива, донесена уште во воено време, приготвена од Иницијативниот одбор на брза рака;

4. Да се свика свештеничко собрание кое темелно и сестрано ќе го проучи нашето црковно прашање гледајќи да не се загрози и распарчи канонското единство на Православната црква во Југославија и да не се допушти никаков сепаратизам“.

Речиси во исто време, на 15 март 1946 година и во Радовиш тројца свештеници донеле слична резолуција во која се вели:

1. „Нашата православна црква да биде уредена по каноните на Источната православна црква;

2. На чело на нашата православна црква да стои епископ по народност Македонец, кој ќе биде и член на Светиот синод на Југословенската патријаршија во Белград;

3. Да се измени насловот од Српска православна црква во Југословенска православна црква или само Православна црква;

4. Да се свика собрание од духовници и мирјани и овој предлог да се разгледа“.[79]

Ваквите ставови на дел од македонското свештенство кои, најверојатно, произлегле како реакција од одлуките на високиот клер на Српската православна црква, со кои биле осудени одлуките од Првиот црковно–народен собор, како и од ставовите на државното и партиско раководство на Македонија, кои, пак, биле спротивни со Резолуцијата од 1945 година. Во некои одлуки дури се барало и откажување од послушност на Иницијативниот одбор, избран на Црковно–народниот собор во 1945 година.

Сето ова било потребно за да се подготви теренот за свикување на собрание на кое би се поништила Резолуцијата за автокефалност. Соочени со ваквите ставови членовите на Иницијативниот одбор за организирање на православна црква во Македонија, Кирил Стојанов и Никола Апостолски, на 17 април 1946 година со писмо се обратиле до претседателот на Владата на НРМ Лазар Колишевски во кое ги изложиле своите погледи во однос на македонското црковно прашање кое влегло во фаза на длабока исполитизираност. Тие цврсто стоејќи зад одлуките на Првиот црковно– народен собор ги негирале изјавите за сепаратистички тенденции на одлуките од овој Собор. Свештениците нагласувале дека на Соборот од 1945 година се барало она што претходно, благодарејќи на историските околности, го остварил српскиот народ – црковна самостојност, црква, која би можела да стане членка

[79] ДАРМ, ф. Претседателство на Влада на НРМ, 159. 12. 74/ 509 – 517.

„во црковен сојуз на Југословенската православна црква“. Во писмото детално е образложено зошто се бара автокефалност, а не автономија. „Бидејќи Македонија е федерална република, а не автономна област или покраина на некоја автономна област, така и во црковен однос Македонија треба да биде рамноправна единка“.[80]

Во писмото се прави паралела со тогашниот Советски Сојуз во кој освен Руската православна црква, постоела и Грузиската православна црква и Украинскиот егзархат, при што се подвлекува дека повеќе пати предложиле организирање на Југословенска православна црква дури и на Синодот на Српската православна црква, но дека за тоа ништо не било сторено.[81]

Меѓутоа, веќе биле направени подготовките за свикување на свештеничката конференција. Така, свештеникот Боро Станковски на 4 мај 1946 година во весникот „Нова Македонија“ ги објавил официјалните партиски погледи во однос на македонското црковно прашање.

Тој го изнел ставот дека Иницијативниот одбор не успеал да дојде до некакво решение по однос на црковната организација во Македонија. Се наведува дека меѓу свештенството во Македонија по ослободувањето се искристализирале три става за решавање на македонското црковно прашање. Првиот став бил да се врати состојбата на црковен план како од пред 1941 година, што значи полна јурисдикција на Српската православна црква врз македонските епархии.

Вториот став бил прогласување на автокефалност, односно тоа е Резолуцијата од Првиот црковно-народен собор, кој според овој свештеник бил погрешен, бидејќи не водел сметка за новите услови во државата и третиот став се базирал врз следните принципи: Македонската православна црква да е автономна, т.е. самостојна во решавањето на внатрешните прашања; македонското свештенство само да избира свои владици; Македонската православна црква да биде членка на новата Југословенска православна црква, во чиј Свет синод би имало претставници – епископи од сите републики, а сите епископи би имале право да бираат и да бидат бирани за патријарх. Според свештеникот Станковски, ваквото решение би ги отстранило сите хегемонистички, сепаратистички и шовинистички тенденции во однос на македонското црковно прашање.[82]

---

[80] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 77/526 – 528, Информација од Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија.

[81] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 77/526 – 528,

[82] „Нова Македонија“, III/409, 4 мај 1946 година.

Со ваквите погледи изнесени преку тогашното официјално државно гласило веќе било јасно во кој правец требало да се движи разрешувањето на македонското црковно прашање. По завршувањето на сите подготвителни активности на 8 мај 1946 година започнала со работа Свештеничката конференција.

Свештеничката конференција на која присуствувале 128 свештеници од цела Македонија ја отворил претседателот на Иницијативниот одбор, свештеникот Кирил Стојанов кој од името на свештеничкото собрание ги поздравил гостите, потпретседателот на Народното собрание д-р Павел Шатев и Епаминонда поп Андонов, претседател на Верската комисија при Претседателството на Владата на НРМ. Двајцата со кратки говори го поздравиле свештенството и посакале целосен успех во работата за доброто на црквата и народот. Потоа се пристапило кон утврдување на дневниот ред кој гласел:

1. Донесување на правилник за работа на собранието
2. Извештај на Иницијативниот одбор
3. Донесување на решенија кои ќе бидат како сугестија за организирање на Православната македонска – односно Југословенска црква
4. Реорганизација на црковно–судската работа, во врска со граѓанскиот брак кој е задолжителен
5. Реорганизација на Иницијативниот одбор
6. Права и обврски на Иницијативниот одбор
7. Разно[83]

Извештај за работата на Иницијативниот одбор поднел свештеникот Кирил Стојанов, а потоа и членот на Иницијативниот одбор Никола Апостолски поднел реферат од областа на просветата, администрацијата и финансиската работа на одборот. Рефератот се однесувал на годишниот извештај за приходите и расходите од 4 март 1945 до 1 мај 1946 година. По третата точка од дневниот ред за организирање на Православната црква во Македонија реферат поднел свештеникот Стоило Давидов со наслов „За правото на македонскиот народ за своја автокефална црква“.[84] Тој истакнал дека е грешка да се зборува против Резолуцијата од Црковно–народниот собор од 4 март 1945 година, нагласувајќи го историското право на црквата во Македонија да биде

[83] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 81/539 – 548, Записник од Свештеничкото собрание.

[84] Миодраг Периќ, Историско – правните..., 219.

автокефална.[85] По ова се развила широка дискусија која, главно, се движела во правец за или против црковна самостојност.

Поделбата на свештенството по ова прашање била целосно видлива. Еден дел од делегатите истапил против рефератот на свештеникот Давидов, а Резолуцијата на Соборот од 1945 година ја оцениле како неодржлива. Свештеникот Ѓорѓи Ангеловски се изјаснил за создавање на Југословенска црква, а свештеникот Стефан Ацевски во однос на создавањето на Македонска автокефална црква заклучил дека тоа е тешка и неостварлива работа. Свештеникот Милан Проев сметал дека Соборот од 1945 година бил пребрзо свикан и се заложил за создавање на автономна, а не автокефална црква. Свештеникот Благој Андоновски од Куманово, прочитал реферат во кој истакнал дека е невозможно создавањето на автокефална црква без согласност на Српската православна црква. Сличен став имал и свештеникот Синесија Поповски од Струга, кој се заложил за канонска врска со Српската патријаршија.[86] Меѓутоа, не сите свештеници имале ваков став за решавањето на македонското црковно прашање. Добар дел од нив останал на линијата на резолуцијата од Првиот црковно–народен собор.

Свештеникот Атанас Поповски од село Слатино, Охридско го поддржал излагањето на свештеникот Давидов за историското право на македонскиот народ да има своја автокефална црква. Нестор Поповски истакнал дека „народноослободителната борба ни го даде патот по кој треба да одиме, да можеме да создадеме автокефална црква за Македонија“. Свештеникот Методи Гогов во духот на Соборската резолуција од 1945 година потцртал дека точката седум од истата дава за право како автокефална црква на рамноправна основа со сите други православни цркви „да учествуваме во создавањето на Југословенска патријаршија“ и предложил да се апелира до целото православно свештенство во Југославија за создавање на Југословенска црква – патријаршија, а за тоа време црквата во Македонија да се раководи од Иницијативниот одбор, додека во Белград не се свика Собор кој ќе го разгледа ова прашање. Свешетеникот Јован Гелев зборувал во духот на Резолуцијата од 1945 година, при што истакнал дека свештениците не се надлежни да ги поништат одлуките на овој Собор. Некои свештеници дури се заложиле за создавање на Охридска патријаршија.[87]

По искажувањата на делегатите пред собранието се обратил претседателот на Верската комисија Епаминонда поп Андонов. Отка-

[85] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 81/542.

[86] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 81/543

[87] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, Ibidem.

ко дал некои појаснувања за автокефалноста, тој застапувајќи го партискиот став истакнал дека „автокефалност значи одвоеност, прекинување на секоја врска со Српската партијаршија, затворање во круг – самите во себе, што значи нарушување на братството и единството на југословенските народи". Пред собранието во името на Верската комисија тој се заложил за создавање на автономна црква во Македонија.[88]

По излагањето на официјалниот владин претставник кој јавно и свртел грб на Резолуцијата од 1945 година, на предлог на некои свештеници се избрало работно тело кое било задолжено да состави нова предлог- резолуција. Членови на ова тело биле свештениците Цветко Крстески[89] од Прилеп, Славчо Петров од Крива Паланка, Ѓорѓи Ангеловски и Методи Гогов од Скопје, Богатин Атанасов и Илија Тодоровски од Битола и Борис Станковски од Куманово. Наредниот ден, на 9 мај 1946 година, свештеникот Ѓорѓи Поповски ја прочитал новата резолуција која требало да биде компромис меѓу Резолуцијата од 1945 година и барањата на Српската православна црква, а во суштина во неа биле вклучени ставовите на властите по ова прашање. Некои свештеници, сепак, го застапувале ставот за враќање кон јурисдикцијата на Српската црква, но, тие биле малцинство. Свештеникот Илија Мукаетов од Гевгелија можеби најдобро ја опишал состојбата кога побарал да се прифати новата резолуција бидејќи таа претставувала „средина меѓу подвоеното свештенство".[90] По подолга дискусија во која повторно излегле на површина ставовите за и против Соборската резолуција од 1945 година била усвоена нова резолуција од сите свештеници на ова собрание која гласела:

1. „Бараме да имаме народни архијереи, народно свештенство и самоуправност во решавањето на сите внатрешни црковно–народни прашања;
2. Народните архијереи да бидат избрани од народот и од свештенството;
3. Да се испрати апел до Светиот синод на Српската православна црква до српските православни свештеници и народот, како и до православното свештенство и православните верници на

[88] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 81/542 – 543, Записник од Свештеничкото собрание.

[89] Цветко Крстески (1911-1986) во монаштво Ангеларij, архиепископ на Македонската православна црква во периодот 1981-1986 година. Хиротонисан во архијерејски чин на 23 јуни 1975 година. Од 1976 до 1981 година е дебарско-кичевки митрополит. Загинал во сообраќајна несреќа на 15 јуни 1986 година.

[90] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 81/544.

другите југословенски народи и до Црковно–народниот собор на Македонија, да ја поткрепат идејата и акцијата за поскоро организирање на Православна црква во Југославија во која ќе влезат сите православни цркви на рамноправни начела;

4. Православните цркви на народните републики да имаат право на самоуправност во внатрешните црковно–народни прашања, да се раководат од свои народни архијереи, кои ќе бидат членови на Архијерејскиот собор на Православната црква во Југославија со еднакви права и задолженија при решавањето на прашањата од интерес на заедничкиот црковен живот;

5. Секоја народна црква, без разлика на бројот на верниците, да има по еден свој претставник во постојаното управно тело, односно Светиот синод на Православната црква во Југославија;

6. Проект-уставот на Православната црква во Југославија да биде изработен од комисија составена од ист број претставници на сите православни цркви во Југославија, истиот да се разгледа и прими на еден заеднички црковно–народен собор;

7. До организирањето на Православната црква во Југославија и хиротонијата на македонски архијереи, црковниот живот во Македонија да го раководи привремено избраното црковно–управно тело;

8. Му се наложува на тоа црковно–управно тело да го направи потребното, оваа резолуција да биде спроведена во дело“.[91]

По усвојувањето на резолуцијата се пристапило кон избор на нови членови на Иницијативниот одбор и реорганизирање на ова црковно–управно тело. По извршеното тајно гласање биле избрани нови членови на Пленумот на Иницијативниот одбор. По откажувањето на свештениците Борис Ангеловски и Никола Апостолски, биле кооптирани членовите кои добиле најмногу гласови по ред на листата. Така, новиот Пленум на Иницијативниот одбор го сочинувале: Нестор Поповски, Славчо Петров, Кирил Трпенов, Кирил Стојанов, Илија Мукаетов, Петар Давитков, Климент Малевски, Методи Димков, Синесија Поповски, Борис Станковски, Спиро Атанасовски, Цветко Крстески и Михаил Панев.[92] Најмногу гласови добил свештеникот Нестор Поповс-

[91] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 81/544 – 545.

[92] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 12. 81/546. За споменатите свештеници членови на Иницијативниот одбор како учесници на Вториот црковно-народен собор во 1958 година од Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ биле составени кратки карактеристики (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-1, Spisok na delegati na Makedonskiot crkveno-naroden sobor, Skopje, 1958 godina. ).

ки.[93] сè до 1958 година тој ќе биде на чело на Иницијативниот одбор, а самиот одбор во овој период претрпел и некои кадровски промени. По ова, дискусијата продолжила за повеќе прашања кои се однесувале на црковниот живот во Македонија. По упатувањето на повеќе поздравни телеграми собранието на 10 мај 1946 година ја завршило својата работа.

Во својата основа оваа резолуција се разликува во однос на Соборската резолуција од 1945 година со која се предвидувало создавање на автокефална црква. Новата резолуција предвидувала црквата да има самоуправни права за внатрешните прашања, што би значело симнување на еден степен подолу, односно во црковната терминологија овој статус е познат како автономен. Карактеристично е дека од повеќето учесници на свештеничкото собрание идејата за создавање на Православна црква на Југославија во помала или поголема мера била прифатлива, најверојатно, како замена за автокефалноста која во тој момент немала поддршка ниту кај политичките структури на републичко, а уште помалку на сојузно ниво. Напротив, поддржувачите на автокефалноста во редовите на свештенството честопати биле означувани како „непријатели“. За ваквите ставови уште повеќе придонела и позицијата на Српската православна црква која цврсто стоела на позициите за враќање на нејзиниот статус како од пред 6 април 1941 година. Сепак, идејата за создавање на Југословенска црква,

[93] Во една анализа за македонското црковно прашање од 1946 година, се дава карактеристика за новиот претседател на Иницијативниот одбор Нестор Поповски. „Тој е доста тих човек, нема свој цврст став по прашањето за решавање на црковното прашање. Сака сите ствари да ги реши во согласност со нашата власт. Како претседател нема самоиницијатива“. (Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, папка А, Одвојување на Македонската црква 1946). Во Сојузната комисија за верски прашања во биографијата на свештеникот Нестор Поповски меѓу другото стоело: „Во врска со решавањето на црковното прашање во Македонија во 1945 година го прифати автокефалниот став, од кој во 1946 година се одрече и го прифати ставот на државното раководство. Оттогаш по ова и другите прашања тој ги спроведува нашите ставови, може да се каже подобро од другите напредни свештеници. Преку него се спроведени низа мерки за спречување на црковните манифестации и слабеење на верскиот живот“...„како човек е амбициозен и властољубив заради што гледа на секој начин да им угоди на нашите власти, при што секогаш бил подготвен да го спроведе она што од него би го побарала народната власт, дури тоа да оди и на штета на црквата, само за да ја убеди власта дека е приврзан за неа и за да се задржи на позицијата“. (Радмила Радић, Држава и верске заједнице, II/205). Како учесник на Вториот црковно-народен собор за свештеникот Нестор Поповски во карактеристиката стои: „Нестор Поповски на 43 години, претседател на Иницијативниот одбор и архијерејски заменик и кандидат за владика - доста добар соработник“. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-1, Spisok na delegati na Makedonskiot crkveno-naroden sobor, Skopje, 1958 godina).

најверојатно, родена во политичките а не во црковните кругови, ниту тогаш ниту подоцна немала реална основа, а токму во Српската црква наишла на најголемо противење. Оваа идеја била само една политичка фикција, а не реална програма.

По завршувањето на свештеничкото собрание новиот Иницијативен одбор испратил апел до архијереите на Српската православна црква, а преку нив и до целото српско православно свештенство со желба да дадат сѐ од себе за да дојде до единство на Православната црква во Југославија. Во апелот се вели дека свештенството и православниот народ во Македонија од првиот момент кога го поставиле прашањето за својата црковна слобода никогаш во тоа прашање не внеле црковен сепаратизам и шовинизам. Се истакнува дека одборот отсекогаш бил раководен со единствената желба за создавање на една православна црква во ФНРЈ.[94]

По одржувањето на Свештеничката конференција, Светиот архијерејски синод на СПЦ на седница одржана на 25 јуни 1946 година ја разгледал резолуцијата донесена на конференцијата. Било констатирано дека: „состојбата во епархиите на југ од нашата земја не се значајно променети во правец на канонско средување“ заради што било одлучено дека нема потреба да се менува одлуката од септември 1945 година, за што Синодот ги известил надлежните архијереи.[95]

Анализирајќи го развојот на македонското црковно прашање по ослободувањето во Владата на НРМ констатирале дека: „...и на Второто заседание на Црковно-народниот собор[96] поголемиот дел од свештенството се искажа за автокефалност, но, го прифатија предлогот за автономна црква“.[97] На партискиот пленум во месец мај 1946 година било заклучено преку Иницијативниот одбор да се издејствува да биде донесен правилник за избор на црковни управи (настојателства), а правилникот да биде прочитан во Скопје пред присутниот народ во црквите, на почетокот на јуни 1946 година, а потоа во наредните недели тој да биде претставен и пред верниците и во другите градови во внатрешноста на Македонија. Се препорачувало партиските орга-

---

[94] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Извештај за работата на Иницијативниот одбор во НРМ. По завршувањето на Свештеничката конференција Петар Илиевски, вероучител од Скопје, му ја предал резолуцијата на митрополитот Јосиф во Патријаршијата во Белград. (Радмила Радић, Држава и верске заједнице, I/288).

[95] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 159.

[96] Се однесува на Свештеничката конференција.

[97] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, папка-А Проблеми на Православната црква во Македонија.

низации постојано да бидат во контакт со работата на црковните управи, а доколку е можно и со свои луѓе да учествуваат и во нивната работа. Но, притоа од страна на Централиот комитет била испратена препорака сите овие прашања во врска со изборот на црковни управи да останат внатре во партијата, да не дојдат до јавноста за да се остави впечаток дека станува збор само за внатрешна работа на црквата во Македонија.[98] За ова прашање Крсте Црвенковски при реферирањето на мајскиот состанок на ЦК КПМ за политичките состојби во Битолскиот округ соопштува „во Прилеп и Прилепско има многу луѓе кои беа пријатели на Ченто и велеа да одиме кај Ченто во Скопје за да го решиме прашањето за автокефална црква". Прашањето за автокефалност било поставувано низ повеќе места во Македонија. Во директна врска со влијанието на Лазар Соколов во Куманово се доведувала засилената национална и политичка активност во овој град. И овде било поставувано барањето за автокефалност на Македонската православна црква, а тоа се сметало за опонирање на политиката на партиското и државното раководство.[99]

Во Централниот комитет била формирана посебна комисија во состав Мара Нацева, Вера Ацева, Димитрије Алексовски – Пекар која требало да го разгледа „групашењето" по однос на црковното прашање, односно дејствувањето на фракционерската група во партиските организации, спротивно на политиката на партиското раководство. Притоа, им биле изречени партиски казни на повеќе членови. Така, на пример, во кумановската партиска организација било констатирано „големо раздвижување на постарите, посебно по однос на црквата, за автокефалност".[100]

Како одминувало времето Централниот комитет сè почесто го разгледувал статусот на Православната црква во Македонија. Од негова страна биле поставувани видни членови од Партијата кои требало да го проследуваат ова прашање. На 28 мај 1946 година од страна на ЦК КПМ било решено Никола Минчев да раководи со прашањето за црквата во рамките на Партијата.[101]Токму во овој период кога била одржувана Свештеничката конференција (мај 1946), речиси на секој состанок на Централниот комитет на КПМ било разгледувано црковното прашање. Констатацијата била дека проблемот се јавил уште од

[98] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 1. 4/6 Записник од Пленумот на ЦК КПМ од 29 мај 1946 година.

[99] Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање, Скопје, 2000, 293-295.

[100] Ibidem. , 296.

[101] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 1. 2/4 Записник од состанокот одржан на 28 мај 1946 година.

првиот ден на ослободувањето. Во една анализа од почетокот на 1946 година се вели дека македонското црковно прашање не е само прашање на односот црква-држава, туку се однесува на односите меѓу црквите во Македонија и Србија и кон другите републики. Самокритички се наведува дека на прашањето на црквата во Македонија веднаш по ослободувањето не било посветено доволно внимание. Откако прашањето било проучено се заклучува дека како основа за разрешување на проблемот треба да се прифати принципот „за автономна Православна црква во Македонија, која би била составен дел од една општа Православна црква во ФНРЈ".[102] Ваквите погледи за решавање на македонското црковно прашање Иницијативниот одбор ги застапувал и понатаму во тешките, а понекогаш и мачни разговори со државните и партиските раководители и со Српската православна црква.

## 2.5/Односот на СПЦ кон македонското црковно прашање во времето на патријархот Гаврил (1946-1950)

Новото раководство на Иницијативниот одбор барало начин за решавање на прашањето преку компромис со Српската православна црква. Делегација од Македонија, во декември 1946 година, неколку недели по враќањето на патријархот Гаврил[103] во земјата, го посетила и ги поставила македонските барања.[104]

Оваа делегација ја сочинувале свештеникот Нестор Поповски претседател на Иницијативниот одбор, членовите свештениците Кирил Стојанов, Илија Мукаетов, Борис Станковски, членот на Иницијативниот одбор и народен пратеник Лазар Танев и вероучителот Борис Бошковски.[105] Средбата се одржала во седиштето на Српската пат-

[102] Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Проблеми на Православната црква во Македонија (1946).

[103] Поглаварот на СПЦ Гаврил со световно име Георгије Дожиќ бил роден 1881 година во Долна Морача во Црна Гора. Се образувал во родното место, во Белград и во Призрен. Се замонашил во 1900 година, а теологија студирал на универзитетот во Атина каде бил промовиран и за доктор по богословија. Во 1911 година на 30-годишна возраст бил избран за рашко-призренски митрополит. Во 1920 година. бил избран за црногорско-приморски митрополит, а 1938 година за српски патријарх. Починал 1950 година во Белград. (Радмила Радић, Живот у временима: Гаврило Дожић 1881-1950, Београд, 2006, 1-381).

[104] Патријархот Гаврил се вратил во Југославија на 14. 11. 1946 година.

[105] Во овој период Борис Бошковски важел за еден од кандидатите за епископи во Македонија. Во анализа подготвена од државните структури одговорни за црковната проблематика во НР Македонија од 1946 година се вели: „Борис Бошковски веро-

ријаршија во Белград, а на неа покрај патријархот присуствувале митрополитот Јосиф и свештеникот Милан Смиљаниќ. На средбата станало збор за создавање на Македонска православна црква во рамките на една Југословенска патријаршија (идеја која во овој период била застапувана од некои структури во Македонија, како и на сојузно ниво, но, била неприфатлива за Српската православна црква), во која одделните цркви во федералните единици би биле застапени со свои архијереи во Синодот и Соборот на СПЦ.

Меѓутоа, овој предлог од патријархот и од митрополитот Јосиф категорички бил одбиен, заедно со создавањето на Македонска православна црква, бидејќи цврсто стоеле на ставот дека во Македонија треба да се вратат српските владици, митрополитот Јосиф во Скопје, а епископот Викентиј во Штип. На прашањето на членот на делегацијата Лазар Танев поставено до патријархот, дали тој го признава постоењето на македонскиот народ, патријархот откако малку се подразмислил одговорил „не го признавам". Тој, исто така, не го признавал ниту македонскиот јазик и во текот на разговорот го нарекувал дијалект.[106]

---

учител во машката гимназија во Скопје. Студирал теологија во Белград и Софија, родум од Прилеп. Во свештеничките редови го сметаат како „рационалист" и противник на „материјализмот" кај поповите. Има голема култура и ужива авторитет кај свештенството. Инаку лавира меѓу автокефализмот и автономизмот, но, од некои негови ставови се гледа дека е наклонет кон автокефалност. Цврсто стои на становиште за една чисто национална македонска црква. Во однос со власта е претпазлив, активно и јавно не истапува. Иницијативниот одбор го кандидира за владика, но, тој нејќе". (Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Проблеми на Православната црква во Македонија 1946 година).

[106] Драган Клакиќ, Op. cit. , 307 – 308. Официјално во Српската православна црква состанокот од 7 декември 1946 година бил оценет како неуспешен бидејќи членовите на Иницијативниот одбор со своите барања биле: „конфунзни, дрски и неодредени". (Српска православна црква у Другом светском рату..., 135). Истовремено, партиските органи се зафатиле со донесување на конкретни предлози во насока на што побрзо решавање на овој не само веќе црковен проблем. На состанокот на Централниот комитет на КПМ во почетокот на јануари се одлучило да бидат задолжени Љупчо Арсов и Никола Минчев да дадат конкретни предлози во врска со уредувањето на Православната црква во Македонија. Тие предлози требало да бидат доставени до средината на јануари 1947 година, а требало да ја опфатат состојбата во црквата во Македонија до тој период, како и дотогашните партиски мерки кои биле преземани по однос на решавање на ова прашање. Овие двајца партиски раководители пред партиските органи требало да ги изложат основните карактеристики на црковното уредување, веројатно за да бидат појасни и мерките кои Партијата би ги презела во иднина, како и да предложат луѓе кои би можеле да ја преземат епископската должност во Македонија во согласност со барањето на свештенството, високиот црковен клер да биде биран од редовите на македонското свештенство.

Архијерејскиот собор на Српската православна црква на заседание одржано на 23 ноември 1946 година ја потврдил одлуката донесена на 22 септември 1945 година и во потполност ја поддржал дотогашната дејност на Синодот во врска со црковното прашање во Македонија.[107]

Во овој период повеќе државни и партиски органи на дневен ред го имале прашањето на односот на Српската православна црква кон државата во контекст на македонското црковно прашање. Причините за прилично лошите односи на релацијата СПЦ – држава, овие органи ги барале во раководството на црквата. Властите сметале дека изразено негативно влијание врз епископатот на Српската православна црква имале епископите кои дејствувале од емиграција.

По враќањето на патријархот Гаврил во 1946 година македонското црковно прашање било редовна тема на повеќе седници на Синодот и Соборот на Српската православна црква. Врз основа на претходно одржаните разговори со државното раководство Синодот на Српската православна црква на 3 февруари 1947 година упатил претставка во девет точки до Претседателството на Владата на ФНРЈ, при што биле изложени главните прашања за уредување на односите меѓу црквата и државата. Во првата точка од претставката стои: „да се сочува единството на Православната црква во нашата држава и да се сузбијат сите политички струења кои одат кон разбивање на тоа единство. Како пример за ваквите тенденции го наведуваме случајот во Народна Република Македонија, каде сè досега не можеа да се воспостават редовните канонски црковни власти и каде се покажува отворено тежнеење за некој вид на сепаратизам кој не е во интерес ниту на нашата црква, ниту на нашата држава“.[108]

На 5 мај 1947 година Соборот на Српската православна црква како прва точка на дневниот ред ја разгледувал положбата на епархиите на територијата на НР Македонија. Во основа, повторно биле задржани ставовите донесени од Синодот уште во 1945 година. Патријархот остро се спротивставил на предлозите кои доаѓале од Иницијативниот одбор и од функционери во Македонија, називот на православната црква да биде југословенска. Од повеќето архијереи било прифатено македонското црковно прашање да остане отворено додека не се реши по канонски пат, а дотогаш да не се бираат епископи. Имало и предлози митрополитот Јосиф и епископот Викентиј да се вратат во епархии во Македонија. Светиот архијерејски собор одлучил да се ис-

[107] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 158; Миодраг Periћ, Историско – правните..., 222.

[108] Српска православна црква у Другом светском рату..., 160-161.

прати претставка до Сојузната влада, со цел, да им се овозможи на митрополитот Јосиф и епископот Викентиј враќање во Скопската, односно Злетовско-струмичката епархија „врз основа на каноните и законските права на Српската православна црква да се воспостави црковен поредок и редовна состојба во православната црква во Македонија".[109]

На 10 мај 1947 година претседателот на Владата на НР Македонија Лазар Колишевски во придружба на генералниот секретар на претседателот на републиката генерал Љубодраг Ѓуриќ и на протојерејот Милан Смиљаниќ го посетил патријархот Гаврил. Колишевски пред патријархот ги поддржал барањата на македонското свештенство, преточени во резолуцијата од Свештеничката конференција од мај 1946 година. Претседателот на Владата на НРМ истакнал дека барањата на македонските свештеници се оправдани, дека имаат право на духовна слобода, свој епископат и народно свештенство. Колишевски остро се спротивставил на враќањето на митрополитот Јосиф како архијереј во Скопската епархија. Патријархот, пак, инсистирал на враќање на состојбата од 1941 година.[110] На ваквото инсистирање на патријархот, Колишевски истакнал дека во Пиринска Македонија митрополитот неврокопски Борис би се ставил во служба на Македонците.[111] Дека кажаното од страна на Колишевски не било без основа говори и фактот дека во Иницијативниот одбор дел од свештенството размислувало „на чело на Православната црква во Македонија да дојде порано ракоположен епископ од Пиринска Македонија, и на тој начин прашањето да се приведе кон крај", доколку би дошло до обединување на Пиринска со НР Македонија.[112] Неколку месеци пред средбата на Колишевски со патријархот Гаврил, во Софија советникот во Југословенската амбасада Петар Манговски разговарал со митрополитот Борис.

[109] Ibidem, 154 – 156.

[110] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Проблеми на Православната црква во Македонија; Автокефална или автономна црква; Митрополит Скопски Јосиф, Мемоари..., 319

[111] Митрополитот неврокопски Борис (1888-1948) со световно име Вангел Разумов бил роден во село Ѓавато, Битолско. Во 1910 година го завршил Цариградскиот духовен семинар кога бил и замонашен. Во 1915 година дипломирал на Богословскиот факултет во Черневци (тогашна Австро-Унгарија). Во 1931 година бил ракоположен за епископ, а во 1935 година Светиот синод на Бугарската православна црква го избрал за неврокопски митрополит. Врз митрополитот Борис бил извршен атентат во 1948 година. (Веселин Ангелов, Неврокопската епархия при управлението на митрополит Борис (1935-1948) - Религия и църква въ България, София, 1999, 293-304).

[112] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Одвојување на Македонската црква 1946

До средбата дошло на 24 октомври 1946 година, при што, меѓу другото, митрополитот ги изнел своите видувања за ставот на Бугарската православна црква кон НР Македонија, нагласувајќи „дека апсолутно е убеден во оформувањето на македонската нација“.[113]

Покрај ваквиот неуспешен тек на разговорите со раководството на Српската православна црква, ситуацијата налагала партијата во Македонија и понатаму да се занимава со сѐ уште отвореното црковно прашање. На седницата на Централниот комитет биле разгледани повеќе насоки за решавање на овој отворен проблем. Претседателот на Владата на НРМ, Лазар Колишевски, бил задолжен да напише писмо до сите партиски организации во внатрешноста, и јасно и концизно да се изложи состојбата во врска со статусот на Православната црква во Македонија. Партиските ставови за автономија на црквата во Македонија требало да бидат популаризирани од страна на партиските раководители меѓу свештенството. Партијата имала јасен став за назначување на епископи Македонци за македонските епархии.[114]

На седницата одржана на 13 мај 1947 година патријархот го информирал Архијерејскиот собор за посетата на Лазар Колишевски на Патријаршијата, при што Соборот го одобрил неговиот одлучен став „во никој случај да не се попушта по прашањето на Српската православна црква во НР Македонија, а црковниот поредок треба да се сочува онака како што постоел со векови“. На оваа седница митрополитот Јосиф за првпат изразил спремност да се „жртвува во интерес на Српската православна црква“, мислејќи на повлекување од Скопската епархија доколку е тој пречка за решавање на проблемот. Митрополитот Јосиф истакнал дека напуштањето на позицијата е рамно на самоубиство, „но, доколку се бара жртва за црковниот поредок тој би бил спре-

---

[113] Во разговорот митрополитот Борис навел дека: „Бугарија ги има искористено сите средства да ја заземе Македонија и поради тоа има водено толку војни. Бидејќи таа сето тоа го загуби, денес не и преостанува ништо друго туку само да се помири со новата состојба и да го поздрави формирањето на Народна Република Македонија. Истото тоа важи и за Бугарската црква. Треба да се има на ум дека нашата црква е народна, а не револуционерна институција. Токму затоа таа ја прифаќа новосоздадената состојба и затоа го поздравува создавањето на македонската држава. Јас лично, како Македонец се радувам на создавањето на македонската држава и сакам таа да ја обедини цела Македонија, за да престане да биде јаболко на раздорот и да стане спојка на сите народи на Балканот. Меѓутоа, доколку Македонците сакаат да ја зацврстат својата држава тие треба да имаат своја автокефална црква. Со ова прашање Бугарскиот свет синод се нема занимавано, но, јас сум убеден дека тој ќе го поздрави создавањето на самостојната Македонска црква, бидејќи според нашето гледиште црквата треба да биде со својот народ“. (Катерина Тодороска, Оливера Димова, Еден документ за ставот на Бугарската црква по прашања кои се однесуваат на Македонија, Историја, XLI/1-2. Скопје, 2005, 129-132).

[114] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 1. 71/378 – 379.

мен да го стори тоа". Патријархот сметал дека за некакво сменување на Јосиф не треба да се дискутира.[115]

На 19 мај 1947 година Архијерејскиот собор на Српската православна црква упатил писмо до Претседателството на Сојузната влада на ФНРЈ во кое го изнел историјатот на проблемите во Македонија по 1944 година, при што се барало Сојузната влада да се заложи кај властите во НР Македонија да се овозможи враќање на српските архијереи. Соборот на Српската православна црква барањето за воспоставување на самостојна Македонска православна црква не го гледала како едно автохтоно движење на македонскиот народ туку како „остаток и последица на територијалната окупација" во време на Втората светска војна.[116] Одговор на писмото не бил добиен, поради што Синодот повторно, во септември, се обратил до Претседателството на владата.[117] Митрополитот Јосиф на почетокот на септември заминал за Врање каде што се наоѓал црковниот суд на Скопската епархија, но, од страна на градскиот одбор побарале да го напушти градот. За ова митрополитот го известил Синодот на 18 септември, а Синодот упатил претставка до Претседателството на Сојузната влада „заради нарушување на правата и угледот на СПЦ".[118]

Истата година биле извршени и некои промени во Уставот на Српската православна црква. Некои од нив би можеле да значат и од-

---

115 Патријархот сметал дека не треба да се врши притисок врз митрополитот Јосиф, ниту, пак, дека би требало да се води некаква дискусија по ова прашање „туку сето ова го изјавува за Светиот архијерејски собор да знае како се воделе преговорите меѓу него и Колишевски". (Српска православна црква у II Светском рату..., 158–159).

116 Драган Клакиќ, Op. cit. , 309. Во писмото до Сојузната влада се истакнувало: „Светиот архијерејски собор го разгледуваше ова болно прашање за нашата црковна управа во Македонија и заклучи дека тоа со сите свои појави навлегува во основните темели на единството на нашата црква и неговото решавање не трпи понатамошно одложување. Затоа Светиот архијерејски собор го моли Претседателството на Сојузната влада на ова прашање да посвети најгрижливо внимание во интерес на здрава државна политика и правилни односи со Српската православна црква и со своето посредување кај надлежните власти во НР Македонија да овозможи што побрзо враќање на законските архијереи во Македонија, односно во тамошните три епархии Скопската, Охридско-битолската и Злетовско-струмичката"...„каде е крајно време да се престане со нередовната црковна состојба која оди на штета на самиот народ и на добриот ред во државата". (Српска православна црква у Другом светском рату..., 162).

117 Радмила Радић, Држава и верске заједнице, I/289.

118 Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 161 Пузовиќ наведува дека претседателот на свештеничкото здружение од Македонија допатувал во Врање каде се наоѓал црковниот суд за Скопската епархија при што градските власти наредиле црковниот суд да се исели од градот.

редени минимални отстапки кон дел од барањата на Иницијативниот одбор. Во членот 4 на Уставот се вели: „Службен јазик во Српската православна црква е српскиот јазик со кирилското писмо. Во исклучителни оправдани случаи може да се отстапи од оваа одредба во поглед на јазикот за внатрешна употреба, за што специјална одлука носи Соборот на Српската православна црква, врз основа на ова одредба“.[119] Несомнено, со овие измени се тежнеело да се задоволат некои барања кои ги поставил Иницијативниот одбор. На ваквите одредби од Уставот на СПЦ за употреба на јазикот после една деценија реагирал епископот американско-канадски Дионисиј (Миливојевиќ), со забелешка дека одредбите треба да важат за епархиите кои се надвор од Југославија.[120]

Во септември 1947 година делегација на Иницијативниот одбор во состав на свештениците: Нестор Поповски, Илија Мукаетов, Борис Станковски, Цветко Крстески и членот на Иницијативниот одбор Димче Јаковлевски повторно го посетила патријархот Гаврил и во присуство на митрополитот загрепски Дамаскин, главниот секретар на Синодот и на претседателот на Верската комисија на НР Србија ги поставила следниве барања:

1. „Црквата во Македонија да биде самоуправна, во канонско единство со Српската црква и во канонско единство со Југословенската патријаршија;
2. НР Македонија за своите епархии да добие народни архијереи што ќе проповедаат на народен јазик и кои ќе бидат избрани од народот и свештенството во НРМ, а ќе му бидат предложени на Светиот архијерејски собор за хиротонија;
3. Да се внесат измени во Уставот на СПЦ, претставници од сите цркви да донесат нов устав на Југословенската патријаршија. Црквата во НРМ да има право да донесе свој устав во духот на единството на Југословенската патријаршија. Патријархот да носи титула „српски и на цела Југославија“, а честитките за Божик и Велигден да бидат печатени и на македонски јазик“.[121]

Патријархот рекол дека во никој случај нема да се согласи со разбивање на Српската православна црква, држејќи говор за историското право на СПЦ над епархиите во НР Македонија. Тој изјавил дека

[119] Гласник Српске православне цркве, бр. 7 – 8, Београд 1 август 1947 године, 193.

[120] Ваквите забелешки епископот Дионисиј ги изнел во писмо упатено до патријархот Викентиј во 1957 година, во кое остро се спротивставува на начинот на решавањето на црковното прашање во Македонија. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Прилог од 7. I. 1958 година).

[121] Драган Клакиќ, Op. cit. , 309.

не може да се дискутира и за прашањето за избор на епископи во македонските епархии, додека се живи митрополитот Јосиф и епископот Викентиј.[122] Патријархот Гаврил, всушност, барал да се воспостави црковниот поредок каков што постоел до април 1941 година, и предложил сите барања на претставниците од Иницијативниот одбор да бидат доставени во писмена форма. Поглаварот на СПЦ нагласил дека ваквите барања се неприфатливи бидејќи се изразува филетизам, како и дека Српската православна црква нема никакви претензии да влијае врз локалниот развој на црквата во Македонија, изразувајќи подготвеност да излезе во пресрет на некои барања, искажувајќи ги познатите ставови за прашањето на архијереите во Македонија и промената на името на СПЦ.[123]

Од предлозите кои Иницијативниот одбор ги упатил до патријархот се гледа дека барањата се сведувале само на одредени самоуправни права, во смисла на употреба на македонскиот јазик и избор на епископи кои би потекнувале од редот на македонското свештенство. Одредбите од Првиот црковно-народен собор за автокефална Македонска православна црква биле ставени *ad acta*. И покрај категоричкото одбивање на Српската црква за создавање на Југословенска патријаршија, веројатно, под притисок на властите (републички и сојузни), претставниците на Иницијативниот одбор и понатаму ја трошеле својата енергија претставувајќи ја оваа нереална идеја пред Српската православна црква.

---

[122] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Одвојување на македонската црква – анализа.

[123] Во разговорите патријархот истакнал: „Вие сакате во еден облик митрополитски систем, доколку ви дозволиме вам, тогаш тоа треба да го дозволиме и во Загреб, Цетиње и другите покраини. Тоа не зависи од мене. Вие грешите што не дозволувате кај вас да се воспостави редовен црковен поредок. Доколку останувате на тој став тоа исклучува секаков договор. Јас жалам што морам да ви го кажам тоа. Државата и црквата се различни работи. Црквата е установа која не може да се споредува со минливите политички случувања. Денешниот црковен поредок е воспоставен пред векови и ние тој поредок мораме да го браниме“. (Радмила Радић, Патријарх Гаврило..., 354-355). Во врска со изборот на архијереи Македонци за епархиите во Македонија и за употребата на македонскиот јазик патријархот Гаврил истакнал: „Српската православна црква нема никакви претензии да влијае на локалниот развој на црковните прилики во Македонија. Кога државата ја признала македонската националност, а со тоа и македонскиот јазик ние немаме ништо против тоа во црковниот живот во Македонија тие принципи на дијалекти - јазик и националност да се признаат. Што се однесува за кандидатите за архијереи тие да бидат домородни ќе може да се излезе во пресрет во иднина кога ќе имате такви кандидати“. (Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви-македонско црквено питање..., 162)

Резултатите од оваа посета на делегацијата на Иницијативниот одбор биле разгледани на Пленум одржан на 13 и 14 октомври 1947 година. На него било соопштено дека се залудни инсистирањата на Иницијативниот одбор за решавање на ова прашање, бидејќи патријархот, воопшто, не сакал да отстапи од претходно искажаните ставови во однос на Македонија.[124] Соочен со непопустливиот став на Српската православна црква Иницијативниот одбор сè повеќе се оддалечувал од прокламираните одредби за самостојност на Македонската црква или за нејзин рамноправен статус во Југословенска патријаршија. Во мај 1948 година, пред редовното заседание на Архијерејскиот собор, Иницијативниот одбор упатил писмо до Српската православна црква во кое се наведени следниве барања:

1. „Македонскиот народ и неговото свештенство имаат еднодушна желба и право во однос на својата црква да добијат свои архијереи, кои ќе бидат вистински народни и црковни претставници;
2. Православната црква во НР Македонија да биде самоуправна и да се вика: „Православна црква во НР Македонија", која ќе биде во канонска врска со Српската православна патријаршија;
3. Колку што е можно побрзо да се изврши избор на кандидати за епископи, а кандидатите избрани од нашето свештенство и народот, да му бидат предложени на Светиот архијерејски собор за хиротонија;
4. Сите споменати барања да бидат потврдени со уставни одредби".[125]

До усвојување на барањата на Соборското заседание во 1948 година не дошло, бидејќи во Соборот констатирале дека „акцијата на Иницијативниот одбор е неканонска и дека води кон црковен раскол". Патријархот Гаврил во однос на македонското црковно прашање се покажал како доста „тврд". На почетокот на април 1949 година го повикал на разговор во Патријаршијата протојерејот Милан Смиљаниќ, кој бил близок до властите и мошне активен во свештеничкото здружение. На разговорот присуствувале и скопскиот митрополит Јосиф и

[124] Миодраг Периќ, Историско – правните..., 227.

[125] Јован Белчовски, Op. cit. , 145 – 146; Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., I/291-292 „Кај раководството на Иницијативниот одбор, како и кај македонското политичко раководство во ова време постоело уверување дека ваквото решение на македонското црковно прашање ќе биде во полза на двете страни и во духот на оправданите желби на југословенските народи, во општиот интерес на верата и црквата, за чување на братството и единството на нашите народи". (Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква..., 131)

нишкиот епископ Јован, при што патријархот рекол дека ќе ја осуди Македонската православна црква. Во март 1950 година, во разговор со претставници на Државната комисија за верски прашања патријархот истакнал дека: „претставниците на македонското свештенство и претседателот на македонската влада Лазар Колишевски, всушност, не знаат што сакаат“. Претставниците на комисијата се обидувале да го убедат патријархот во потребата за решавање на проблемите на црквата во Македонија, затоа што постоеле одредени претензии на СССР кон Македонија, со што се сложил и патријархот.[126]

Во овој период постоеле повеќе тешкотии околу зачувувањето на единството на македонското свештенство заради влијанието што некои великодостојници од Српската православна црква го имале врз дел од свештенството. Пленумот на Иницијативниот одбор одржан од 12 до 14 октомври 1949 година изразил незадоволство од некои регистрирани случаи на контакти и потпаѓање на некои македонски свештеници по влијание на Српската православна црква. Не прифаќајќи го ваквото однесување на некои свешетеници, дел од членовите на Иницијативниот одбор на октомврискиот Пленум барале преземање на соодветни санкции против сите кои ја прифаќале политиката на Српската православна црква. Било заклучено, заради запознавање на пошироката јавност, Иницијативниот одбор да направи извештај за црковната состојба во Македонија и да ги испрати до Сојузот на свештеничките здруженија на ФНРЈ.[127]

Набрзо во мај 1950 година починал патријархот Гаврил, по што македонското црковно прашање влегло во квалитативно различна фаза, заради пристапот на новиот патријарх кон овој проблем.

## 2.6/ СПЦ и македонското црковно прашање 1950-1958 година - Почеток на преговорите – Времето на патријархот Викентиј

Иницијативниот одбор по изборот на патријархот Викентиј[128] својата активност ја насочил кон изнаоѓање на компромисно решение

[126] Радмила Радић, Патријарх Гаврило..., 355

[127] Миодраг Periќ, Историско – правните…, 229.

[128] Патријархот Викентиј со световно име Витомир Проданов бил роден 1890 година во Бачко Петрово Село во тогашна Австро-Унгарија. Завршил богословија во Сремски Карловци, а во 1917 година се замонашил. За викарен епископ марчански бил избран во 1936 година. Во декември 1939 година бил избран за епископ злетовско-струмички, а на 15 февруари бил востоличен во Штип. (Епископ Сава, Епархије и епископи Српске православне цркве..., 521)

за организацијата на Православната црква во Македонија, а како најважно се потенцирало прашањето за избор на идните епископи.

Во овој период од страна на Иницијативниот одбор биле правени повеќе кандидатски листи за лица кои би можеле да се предложат на Архијерејскиот собор на Српската православна црква за нивен избор за епископи. Покрај кандидатите кои живееле во Македонија секогаш се сметало и на тогашниот архимандрит во редовите на Српската православна црква, Доситеј.[129] За времето на патријархот Гаврил во Српската православна црква, воопшто, и не се размислувало за изборот на архимандритот Доситеј, заради познатиот патријархов став кон македонското црковно прашање. Во редовите на СПЦ за епископи биле бирани луѓе со многу помал стаж во црковната хиерархија од Доситеј. Архимандритот Доситеј не верувал дека Соборот би го избрал за епископ, а тоа свое мислење го искажал во разговор со свештеник од Македонија.[130] Во овој период архимандритот Доситеј бил управник на патријаршискиот двор во Сремски Карловци, што повеќе се сметало за казна отколку напредување, бидејќи претходно Доситеј

[129] Доситеј, со световно име Димитрија Стојкоски, е роден на 7 декември 1906 година во Смедерево. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 11, Предлог за одликување на м. Доситеј од 22. VI 1967 година). Потекнувал од печалбарско семејство, во Србија доселено од Маврово. Во 1922 година започнал да учи на богословијата во Сремски Карловци, а во 1924 година се вратил во Македонија и на своја осумнаесетгодишна возраст се замонашил во манастирот Света Пречиста близу Кичево. Набргу потоа заминува во Света Гора каде останал осум години. По враќањето од Света Гора го довршил богословското образование во Битолската богословија, по што започнал да напредува во црковната хиерархија. На 12. 2. 1932 година бил унапреден во чин ѓакон, а на празникот Цветници истата година во црквата Свети Климент во Охрид од страна на епископот Николај (Велимировиќ) бил ракоположен во чин јеромонах. По завршувањето на богословијата својата теолошка наобразба ја заокружил на Теолошкиот факултет во Белград каде што дипломирал во 1942 година, по што бил поставен за чиновник во Патријаршијата. По враќањето на патријархот Гаврил (1946) бил назначен за старешина на патријаршискиот двор во Сремски Карловци. Во 1951 година Архијерејскиот собор на СПЦ го избрал за викарен епископ топлички. Во јули 1951 година бил хиротонисан во Соборната црква во Белград од страна на епископот сремски Никанор (Иличиќ) и од епископот моравички Герман (Џориќ) - подоцнежниот српски патријарх. Во 1958 година на Вториот црковно-народен собор е избран за поглавар на Македонската православна црква со титула архиепископ охридски и скопски и митрополит македонски, а во 1967 година застанува на чело на автокефалната Македонска православна црква. Починал на 20 мај 1981 година во Скопје. (Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј, Скопје 1995)

[130] Во разговорот тогашниот архимандрит Доситеј рекол: „нема од изборот ништо, ја намеравам некако да се ослободам од должноста управник на патријаршиското добро (во Сремски Карловци) па да отидам во Хиландар и тамо да проживејам овија години што ми останаја“ (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514 - 535, Биографски податоци за лица предвидени за разни црковни звања, 7. 08. 1950)

бил службеник во Патријаршијата. Најверојатно бил испратен во Сремски Карловци заради некои несогласувања со митрополитот Јосиф.[131]

Но, по смртта на патријархот Гаврил многу нешта се промениле, па така и архимандритот Доситеј бил земен во предвид за избор во епископски чин. Ова било дел од дипломатската тактика на новиот патријарх Викентиј, кој користејќи го македонското потекло на Доситеј имал намера заедно со него да испрати и други епископи на Српската православна црква во македонските епархии, меѓу кои и митрополитот Јосиф. На овој начин, преку испраќањето на Доситеј во Македонија заедно со други српски епископи, во Српската православна црква сметале дека на мала врата ќе им биде овозможено во Македонија да ги задржат изгубените предвоени позиции.[132]

Партиските и државните структури во Македонија го следеле однесувањето на Доситеј. Во еден партиски извештај се вели: „во секој однос тој е морален, трудољубив и доста религиозен, но, не верски фанатик, дружељубив и пристапен. Како богослов не покажувал никакви тенденции за политичка припадност, а по македонското национално прашање немал негативен став“.[133]

Државните органи на сојузно и на републичко ниво на почетокот на педесеттите години биле многу заинтересирани за дезактуелизирање на македонското црковно прашање, пред сѐ, за избор на епископи во македонските епархии, со што конечно би се ставил крај на овој долгогодишен проблем. Тие будно собирале податоци за луѓето кои би можеле да бидат идни епископи, а ова особено се засилило по изборот на Доситеј за епископ во Српската православна црква. Тогаш тој бил окарактеризиран како „сериозен и чесен човек“ кој бил познат на многумина од црквата уште од времето на неговото школување во Битолската богословија, при што се напоменувало дека против него во Македонија не би постоел отпор и дека би бил добро примен од свештенството, кај кое уживал голем углед.[134] Во македонските цр-

[131] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514 - 535, Биографски податоци за лица предвидени за разни црковни звања, 7. 8. 1950 година; Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 27)

[132] Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 32.

[133] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 69/509 - 513, Прашање за Православната црква во НРМ.

[134] Во анализата за можните кандидати за епископи во македонските епархии составена по смртта на патријархот Гаврил за тогашниот архимандрит Доситеј пишува: „...Во 1947 година еден наш свештеник од Македонија го посети митрополитот Јосиф и по поведениот разговор за прашањето на црквата во Македонија му рекол доколку не сакате да се вратам во Македонија ви го даваме Доситеј за епископ, тој е ваш Македонец. На оваа основа бидејќи Доситеј долго време работеше во Патријаршијата, а не стоеше лошо со Јосиф, започна сомнеж дека Доситеј е човек на Јо-

ковни кругови се размислувало и за повеќе други кандидати, бидејќи постоело мислење доколку се предложат повеќе кандидати пред Архијерејскиот собор на Српската православна црква, архијереите би имале поголема можност за избор на некои од нив. Меѓу кандидатите имало свештеници, активни членови на Иницијативниот одбор како и мирјани.[135]

Во Сојузната комисија за верски прашања во овој период сметале преку македонското црковно прашање да изнајдат решение на проблемите со дел од епископатот на Српската православна црква. По изборот на Викентиј за српски патријарх тој немал голема поддршка во Соборот на Српската православна црква, а во Сојузната комисија се сметало дека преку изборот на епископи за трите епархии во Македонија би можело да му се обезбеди мнозинство на патријархот во Архијерејскиот собор на СПЦ.[136] И самиот патријарх Викентиј во разговори со претставници од Сојузната верска комисија барал политичка поддршка за избор на епископи кои во Соборот би биле на страната на патријархот, наспроти бројните противници. За епископи ги предложил Герман (Ѓориќ), Доситеј (Стојковиќ), д-р Андреј (Фрушиќ) и др.[137]

сиф и бидејќи Јосиф не може да се врати во Македонија, има намера да ни го натури Доситеј и преку него да го спроведува тоа што сака. Но, подоцна се покажа дека односот меѓу Доситеј и Јосиф не е добар. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514 - 525, Биографски податоци, 7. 8. 1950 година. )

135 Од свештениците како кандидати во почетокот на педесеттите години фигурираат: претседателот на Иницијативниот одбор Нестор Поповски, роден 1916 година во село Лазарополе, Климе Малевски роден 1918 година во Струга и Атанас Поповски роден 1908 година (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 70/514 - 525), но, како свештеници сите тие биле семејни луѓе, односно женети со што не ги задоволувале докрај пропишаните канонски услови. Помеѓу предложените кандидати имало и богослови коишто не биле свештеници: Димитар Аврамовски од Лешок роден 1914 година со завршена богословија, Антоније Николовски од село Смоларе, Струмичко роден 1920 година со завршена богословија и филозофски факултет, Никола Трајковски од Битола роден 1906 година со завршен правен факултет, Димко Јовановски од Струга со завршен филозофски факултет и Борис Бошковски роден 1915 година со богословски факултет (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 67)

136 Во македонското политичко раководство сметале дека со изборот на новиот патријарх „кој ќе соработува со власта по сите прашања“ се создале поволни услови за решавање на македонското црковно прашање. Властите во Македонија сметале дека изборот на епископи за македонските епархии е тесно поврзано со изборот на патријархот кој „иако е подготвен да соработува со народната власт нема мнозинство во Синодот и Соборот. Ставот на другарите од УДБ за ФНРЈ е преку избор на владици во НРМ и во другите републики да се обезбеди мнозинство за патријархот “ (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 69/509-513)

137 Радмила Радић, Држава и верске заједнице, I/292. Герман и Доситеј биле избрани за епископи на Соборското заседание 1951 година.

Во септември 1950 година Централниот комитет на КПМ донел повеќе заклучоци во врска со идниот статус на Православната црква во Македонија. Според партиските согледувања во овој период, црквата во Македонија морала да биде во тесна канонска врска со Српската православна црква. Признавајќи го канонското и црковно единство со СПЦ, а, со цел, да дојде до консолидација на црковните прилики и како што тогаш се сметало, правилно решавање на македонското црковно прашање. Во основа на овие барања е автономниот статус на Црквата во Македонија како и правото на Македонската православна црква да има свој посебен статут во духот на одредбите на новиот Устав на Српската православна црква со кој би се регулирал внатрешниот живот.[138]

Во анализа направена во ЦК на КПМ со наслов „Прашање на Православната црква во НРМ" од 29 август 1950 година, меѓу другото, се говори и за ставот што делегацијата на македононското свештенство би го имала при средбата со новоизбраниот српски патријарх. „Делегацијата која ќе отиде кај патријархот по решвање на црковното прашање мислиме дека би требало да постапи на следниот начин: 1) Да ја признае јурисдикцијата на Српската црква бидејќи во една држава не може да има две јурисдикции; 2) Да се бара црквата во Македонија да се вика Православна црква во НР Македонија, а истата да има митрополитски карактер, што значи на чело на истата да стои скопскиот митрополит, на кој директно се потчинети штипскиот и битолскиот владика; 3) Скопскиот митрополит да биде член на Синодот, а автоматски тој и другите владици ќе се членови на Соборот преку кој ќе се создаде мнозинство за патријархот; 4) Владиците да се домородци избрани од народното свештенство, а хиротонисани од патријархот; 5) Богослужбен јазик да биде црковно-словенскиот а административен македонскиот јазик; 6) Сите работи да се озваничат со устав, со што досегашниот устав на СПЦ ке се измени во духот на новите прилики".[139]

По јавно дадените изјави на патријархот за брзото решавање на македонското црковно прашање, во ноември 1951 година, дошло и до првата официјална средба меѓу претставниците на Иницијативниот одбор од Македонија со патријархот и членовите на Синодот на Српската православна црква. На состанокот од страна на Српската православна црква освен патријархот присуствувале и епископите: браничевски Венјамин (Таушановиќ), милешевски Макариј (Ѓорѓевиќ), ба-

[138] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 27/133, Предлог решење питања цркве у Македонији, Записник од состанокот на ЦК КПМ од 5. 9. 1950 година.

[139] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 69. 509-513

њалучки д-р Василиј (Костиќ) и сремски Никанор (Иличиќ). Делегацијата на Иницијативниот одбор ја сочинувале неговиот претседател Нестор Поповски, свештениците Климе Малевски, Борис Станковски, Ѓорѓи Ангеловски, како и еден од кандидатите за епископи, свештеникот Томо Димовски. Покрај нив бил присутен и Димитар Јаковлевски член на Иницијативниот одбор.

На состанокот од делегацијата на Иницијативниот одбор се инсистирало Соборот на Српската православна црква да ги избере епископот топлички Доситеј и свештеникот Томо Димовски за епископи во македонските епархии, при што категорички било одбиено барањето митрополитот Јосиф да се врати во Скопската епархија, на што особено инсистирал епископот бањалучки Василиј. Од страна на патријархот било побарано на богослужбите да се споменува неговото име и да се дозволи епископот Доситеј, како негов викар, да доаѓа во Македонија и да богослужи. На крајот делегацијата на Иницијативниот одбор изразила подготвеност да ја признае јурисдикцијата на Српската православна црква, при што ги доставила следните барања:

1. „Додека да се реши прашањето со митрополитот Јосиф, кого македонскиот народ не го сака, да се одберат двајца епископи; викарниот епископ топлички Доситеј, по потекло Македонец и да се хиротониса протојерејот Томо Димовски, битолски парох, за втор епископ;
2. Во иднина во епархиите во Македонија да се бираат епископи само од Македонија;
3. Во администрацијата да се употребува македонскиот јазик, вклучувајќи ја и кореспонденцијата;
4. Да се преименуваат црковните општини и печати во НР Македонија наместо „Српска православна општина ...“ „Православна црковна општина во“ и сл.;
5. Во македонските епархии да се назначуваат само свештеници од Македонија[140] и
6. По можност, првата хиротонија на вториот кандидат за епископ да се изврши во Македонија, со цел, целиот македонски на-

[140] Оваа точка ја нема во официјалниот записник од состанокот одржан на 6. 11. 1951 година (Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, папка-А, Прашање на Православната црква во НР Македонија и ставот на Белград, Записник од 6 ноември 1951 година), но, во литературата која се однесува на овој состанок барањето на Иницијативниот одбор се состои од шесте наведени точки.

род и свештенството да разбере дека тоа не е враќање на старото и тоа за него да биде голема манифестација“.[141]

По одржаната средба со патријархот и членовите на Синодот Иницијативниот одбор на 13 ноември 1951 година одржал Пленум на кој свештенството било запознато со разговорите водени во Патријаршијата во Белград и по дискусијата биле усвоени неколку предлози кои на 16 ноември биле испратени до патријархот, а во нив се предвидувало:

1. „Православната црква во НР Македонија ја признава јурисдикцијата на Српската православна црква доколку истата го почитува националниот суверенитет на македонскиот народ. Административен јазик во Православната црква во НР Македонија ќе биде македонскиот, а богослужбен црковно-словенскиот јазик;

2. Како кандидати за први архијереи на Православната црква во НР Македонија ги предлагаме епископот Доситеј и Томо Димовски. Хиротонијата на Томо Димовски да биде во Скопје. Идните кандидати да бидат од редот на македонскиот народ“.

Освен овие барања во писмото потпишано од Нестор Поповски, на патријархот Викентиј му се предлагало пред Соборот да го постави прашањето за преместување на митрополитот Јосиф од Скопската епархија и да го испрати епископот Доситеј во посета во Македонија, со цел, да се запознае со свештенството и условите во Македонија. На патријархот му била предложена и проширена листа на кандидати за епископи во македонските епархии.[142]

Кон крајот на ноември 1951 година за „Танјуг“ патријархот Викентиј изјавил дека Српската православна црква сака да се изнајде решавање на македонското црковно прашање. Тој напоменал дека при промените на Уставот на СПЦ од 1947 година, биле внесени одредени одредби со кои требало да се задоволат определени барања на македонското свештенство, веројатно, мислејќи на употребата на јазикот. „Никогаш не дојде до целосно прекинување на врските помеѓу Свети-

[141] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква..., 132; Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1052; Јован Белчовски, Op. cit. , 146; Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., I/294

[142] Освен Доситеј и Томо Димовски во проширената листа влегле и Стефан поп Иванов Минов од Богданци роден 1899 година, со завршена богословија во Цариград, Димитар Аврамовски од Лешок роден 1914 година, со завршена богословија во Призрен и Никола Трајковски од Битола роден 1912 година со завршен правен факултет кој уживал авторитет меѓу свештенството. (Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Писмо од Иницијативниот одбор до патријархот Викентиј)

од архијерејски синод и свештенството во Македонија, во богословиите се примаат кандидати од Македонија. Претставници на македонското свештенство учествуваа при изборот на нов патријарх. Пред извесно време дојдоа членовите на Иницијативниот одбор и со оглед на тоа што свештениците изјавија дека ја признаваат јурисдикцијата на СПЦ мислам дека црковното прашање во Македонија ќе се реши поволно".[143] Ваквите изјави и однесување влеале надеж во Македонија дека раководството на Српската православна црква можеби ќе заземе нов став по однос на македонското црковно прашање.

Во честите контакти со претставниците на Државната комисија за верски прашања патријархот Викентиј истакнал дека не може да се прифати автокефалност на црквата во Македонија. Според него, автономијата на црквата во Македонија би значела Македонците да имаат тројца свои епископи кои би сочинувале еден мал собор и би донесувале одлуки кои се однесуваат само за нивната територија, додека во Соборот на Српската православна црква би членувал само еден македонски епископ, односно митрополит. За патријархот било прифатливо во администрацијата во македонските епархии да се употребува македонскиот, а во богослужбата старословенскиот јазик. За патријархот бил прифатлив називот „Православна црква во Македонија", но, не и Македонска православна црква. Патријархот сметал дека претходно би требало да се измени Уставот на СПЦ, за што било потребно мнозинство во Соборот, за што предлагал избор на епископи кои би биле негова потпора наспроти моќната опозиција во Соборот.[144]

Кај македонското политичко раководство постоел оптимизам дека на наредното заседание на Архијерејскиот собор на СПЦ би дошло до прифаќање на барањата на Иницијативниот одбор. Се правеле анализи како би изгледала организационата структура на Православната црква во Македонија доколку се реши македонското црковно прашање. Како и дотогаш би имало три епархии со седиште во Скопје,

---

[143] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, папка-А, Одговори патријарха Викентија уреднику Танјуга 27. 11. 1951

[144] Радмила Радић, Држава и верске заједнице, I/292 Покрај тоа што во Македонија верувале во добронамерноста и решеноста на патријархот Викентиј, компромисно да се реши македонското црковно прашање, тој во повеќе разговори со претставниците на Сојузната комисија за верски прашања се изјаснувал дури и против автономија на македонските епархии во рамките на Српската православна црква. На почетокот на 1955 година тој се изјаснил „против каква било автономија, најдобро би било Македонците да организираат редовен црковен живот во рамките на Српската црква". (Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Информација из разговора друга Дилпарића са патријархом дана 10. 1. 1955 година)

Битола и Штип. Македонските епископи требало да бидат и членови на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква.[145]

Кон крајот на 1951 година Претседателството на Владата на ФНРЈ барало од Државната комисија за верски прашања да му се укаже на патријархот Викентиј дека македонското црковно прашање претставува и национално прашање. Со македонското црковно прашање и ставот на патријархот во Синодот бил запознат и Александар Ранковиќ, кој, пак, имал и средба со патријархот Викентиј.[146]

Бидејќи кај поголем дел од епископатот на Српската православна црква не постоело расположение да се прифатат кандидатите за архијереи предложени од Иницијативниот одбор, во Сојузната комисија за верски прашања започнале да размислуваат и за други солуции. Тогашниот претседател на Сојузната комисија за верски прашања, Милое Дилпариќ ја прифатил формулацијата дека во Македонија нема соодветни кандидати за епископска должност и ги убедувал претставниците на Иницијативниот одбор дека треба да се согласат со епархиите во Македонија да раководат архијереи кои ќе ги назначи Српската православна црква при што тие “...ќе бидат само форма во раководењето, додека битните работи ќе ги решаваат напредните свештеници“.[147]

Но, доколку во Македонија се согласеле да прифатат епископи кои не биле Македонци тоа би значело дека сè што било утврдено на Првиот црковно-народен собор и на Свештеничката конференција би било погазено. Па така, во Иницијативниот одбор, но, и во раководството во Македонија останале на ставот за пополнување на македонските епархии со домороден епископат. Во средината на 1951 година за главни кандидати важеле топличкиот епископ Доситеј и Томо Димовски парохиски свештеник од Битола.[148] Во меѓувреме, заради про-

---

145 Се оставала можност во прво време една од епархиите во Македонија да биде испразнета заради недостаток на соодветен кадар од кого би се избирале епископите. (Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Прашања на Православната црква во НР Македонија-анализа)

146 Радмила Радиħ, Држава и верске заједнице..., I/295

147 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 72/540 - 541, Информација од 19 мај 1954 година.

148 Во Сојузната и републичките комисии за верски прашања имале детални биографии за кандидатите за епископи. Прота Томо Димовски бил окарактеризиран како „патриот приврзан кон денешната власт“. Тој ветил дека по сите прашања во црковната политика „апсолутно ќе соработува со народните власти“. (Радмила Радиħ, Држава и верске заједнице..., I/295). Како учесник на Вториот црковно-народен собор за него стои следната карактеристика: „Томо Димовски на 50 години, архијерејски заменик, наш долгогодишен добар соработник“. ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-1, Spisok na delegati na Makedonskiot crkveno-naroden sobor, Skopje, 1958 godina. )

тивеењето на некои епископи за кандидирање на протојереј Томо Димовски, при разговори со патријархот Викентиј како кандидат бил предложен и Димитар Аврамовски од Лешок, богослов, кој во овој период бил наставник по руски јазик во Гевгелија.[149]

Сите овие предлози кои доаѓале од Иницијативниот одбор биле разгледувани од патријархот Викентиј кој во разговор со членовите на Сојузната комисија за верски прашања изразил сомнеж дека кандидатот, свештеникот Томо Димовски би бил прифатлив за повеќето архијереи на Српската православна црква, додека позитивно се изјаснил за Димитар Аврамовски. Патријархот сметал дека за ова прашање би се расправало на Соборот во 1952 година и предложил кандидатите Томо Димовски и Димитар Аврамовски да заминат за Белград, за да се запознае со нив, како и да им даде упатства кои би биле потребни при подготовката за епископски чин.[150]

Патријархот Викентиј упатил писмо до епископите во кое барал да го изнесат својот став за начинот на решавање на прашањето на црквата во Македонија, укажувајќи дека кандидатите кои биле предложени за епископи во епархиите во Македонија ги немале потребните квалификации. Одговор на писмото од патријархот испратиле 18 епископи, од кои десетмина позитивно се изјасниле за Аврамовски.[151]

---

[149] Димитар Аврамовски од црковните кругови во Македонија бил предложен за кандидат за епископ, а за него имало расположение дури и кај некои епископи во Српската православна црква, но, одредени кругови во партиското и државно раководство немале позитивно мислење за овој кандидат. Димитар Аврамовски бил роден на 15. 11. 1914 година во Лешок. Со помош на тогашниот скопски митрополит Варнава (Росиќ) - подоцнежниот српски патријарх, завршил шестокласна богословија во Призрен, по што работел како наставник по веронаука. По завршувањето на војната од страна на Иницијативниот одбор бил предложен за кандидат за епископ, но, заради неговите политички ставови и спротивставувања на официјалната политика, критика на Лазар Колишевски и на колективизацијата немал симпатии кај тогашното политичко раководство во Македонија (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 72/540 - 541) Според официјалните извештаи тој бил убиен при обид за бегство во Грција во јуни 1952 година, но, според некои понови истражувања се одрекуваат овие официјални извештаи и врз изјави на сведоци се смета дека не се работело за убиство при бегство, туку за чисто исценирано убиство од страна на властите. (Ванчо Меанџиски, Жртва на комунистичкото слепило, Епоха 5. 4. 1991 година)

[150] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 73/542 - 545, Преписка од Државната комисија за верски прашања на Владата на ФНРЈ до генералниот секретар на Владата на НРМ, 28 јули 1951 година.

[151] Против предлогот за избор на Аврамовски во епископски чин биле митрополитот црногорско-приморски Арсениј и епископите: шабачки Симеон, тимочки Емилијан, бањалучки Василиј и нишки Јован. (Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., I/295). Овие епископи и во наредниот период ќе претставуваат цврста опозиција на патријархот во обидите за изнаоѓање на решение за македонското црковно прашање.

По изборот на Доситеј за епископ во Српската православна црква во 1951 година, Иницијативниот одбор се обратил до патријархот Викентиј и побарал епископот Доситеј неофицијално да ја посети Македонија, бидејќи важел за кандидат за епископ во Македонија. Тој допатувал во Македонија на 6 декември 1951 година, а пред самото доаѓање од патријархот побарал дозвола да изврши богослужби во епархиите во Македонија. На 7 декември епископот Доситеј бил примен во Владата на НР Македонија и во Комисијата за верски прашања. Следниот ден отслужил литургија во Скопје.[152]

За време на посетата во Македонија, епископот Доситеј освен Скопје ги посетил и Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Тетово и Куманово, а за сето ова време патријархот Викентиј во Белград бил редовно известуван, но, во еден момент тој го повикал Доситеј веднаш да се врати во Белград, бидејќи митрополитот Јосиф извршил притисок и го обвинил епископот Доситеј дека ги нарушил канонските норми и Уставот на Српската православна црква, кога без негова согласност вршел богослужби во скопската епархија. По овој настан и патријархот бил незадоволен од однесувањето на Доситеј во Македонија, па дури и не го примил веднаш по враќањето во Белград. На ваквиот развој на настаните во државните органи кои се бавеле со верските прашања констатирале дека „патријархот е немоќен и неодлучен, тактизира со епископите кои работат против него и често пати ги застапува нивните ставови по многу прашања“.[153]

По овие настани Доситеј бил приморан да напише писмо до митрополитот Јосиф во кое го известил за неговите постапки и богослужбите во Скопската епархија, без негова дозвола. Меѓу другото во писмото стои: „... Кога пристигнав во Скопје бев известен дека ќе се одржи прослава и дека народот, државните власти и другите повикани гости се известени дека тој ден ќе служам во Скопје. Видов дека се работи за недоразбирање и се обидов да ги убедам дека не сум во можност да служам во Скопје, бидејќи немам дозвола од Вашето Високопреосвештенство. Меѓутоа, сè беше залудно, зашто свештенството и можеше да се убеди, но, благочестивиот народ на доверената ви Скопска епархија не можев да го убедам, туку на нивна молба морав да попуштам, да се сложам против канонките, за тој ден да служам во Скопје“. По сето ова патријархот Викентиј покажал големо колебање по однос на решавањето на македонското црковно прашање, а во некои приватни разговори нагласил дека „Доситеј му ги расипал намерите

[152] Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 34; Драган Клакиќ, Op. cit. , 310.

[153] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, Проблеми на Православната црква во НР Македонија (1951)

за целото прашање, а изразил мислење дека Македонците се несигурни и дека нема доверба во нивната искреност“.[154]

Особено силен притисок врз епископатот на Српската православна црква во однос на македонското црковно прашање вршеле архијереите во емиграција, епископите Дионисиј (Миливоевиќ) и д-р Николај (Велимировиќ), кои во почетокот на педесеттите години испраќаат писма до Архијерејскиот собор на СПЦ во кој го искажуваат своето уверување дека Српската православна црква и патријархот ќе умеат, по случајот на македонското црковно прашање, да ги зачуваат интересите на Српската црква и српскиот народ. Епископот на Српската православна црква во САД и Канада Дионисиј (Миливојевиќ) во врска со решавањето на македонското црковно прашање на 16 јануари 1952 година упатил писмо до патријархот Викентиј во кое бара: „Принципиелно да се отфрли сечија молба или предлог за признавање на автономната Македонска православна црква бидејќи тоа би било во спротивност со историјата, светите канони на Православната црква, како и со решенијата на Вселенската патријаршија“.[155]

Како што се очекувало на редовното Соборско заседание во 1952 година не биле избрани епископи за епархиите во Македонија. Светиот архијерејски собор го задолжил Синодот на СПЦ да настојува во епархиите во НР Македонија да се воспостави редовна црковна состојба.[156]

По одбивањето на македонските предлози Иницијативниот одбор бил ставен во една крајно непријатна состојба бидејќи од страна на државното раководство не му било дозволено решавањето на македонското црковно прашање да го бара на самостојна основа, туку било наложувано решението да се бара во рамките на СПЦ од каде што биле одбивани сите иницијативи кои доаѓале од Македонија, дури и оние кои во крајна линија потполно ја прифаќале јурисдикцијата на Српската православна црква со извесни административни самоуправни права за епархиите во Македонија. Во рамките на политичкото раководство во Македонија по изјавите на патријархот Викентиј се

[154] Драган Клакиќ, Op. cit. , 312.

[155] Во писмото на епископот Дионисиј, меѓу другото, се наведувало: „Се противам да се излегува во пресрет на барањата и желбите на Иницијативниот одбор, на властите во НР Македонија, или на свештенството, во поглед на изборот на кандидати за епископи во нашите епархии на југот...Како српски православен епископ и член на Светиот архијерејски собор јас од тоа се оградувам и такво решение не би можел да прифатам“. (ДАРМ, ф Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Zabeleška o razgovoru izmedju patrijarha Vikentija i sekretara komisije)

[156] Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Изјава патријарха Викентија, 6 јун 1952 година.

верувало дека Архијерејскиот собор на Српската православна црква во 1951-1952 година ќе избере епископи за македонските епархии. Откако не дошло до избор, забележителна е делумна пасивност во државните и партиските структури, во врска со црковното прашање, дури и за избор на епископи за епархиите во Македонија. Во анализа на црковното прашање во Републичката комисија за верски прашања од април 1953 година се вели: „... до средината на 1952 година нашата партија и власт беа многу заинтересирани, но, оттогаш престана интересот бидејќи се укажа дека е покорисно без владици“.[157]

Сепак, и во текот на 1953 година имало разговори и средби помеѓу претставниците на Иницијативниот одбор и членовите на Синодот на Српската православна црква на кои било расправано за следните точки:

1. Православната црква во Македонија да ја признае јурисдикцијата на Српската патријаршија;
2. Православната црква во Македонија да има митрополитски карактер, на чело со митрополит, кому би му биле потчинети останатите архијереи во НР Македонија, а митрополитот скопски да биде член на Светиот синод на СПЦ;
3. Архијереите во НР Македонија, првенствено, да се бираат од редовите на Македонците;
4. Во црковната администрација службен јазик да биде македонскиот, а во богослужбата црковно-словенскиот јазик;
5. За епископи се предложени: за Скопската епархија Нестор Поповски, свештеник, претседател на Иницијативнот одбор, за Злетовско-струмичката епархија викарниот епископ на патријархот Доситеј.[158]

И покрај сè, контактите меѓу македонското свештенство преку Иницијативниот одбор и Српската православна црква и натаму се

[157] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Проблеми во Православната црква во НРМ, 2. 04. 1953

[158] Непосредно пред почетокот на заседанието на Соборот во 1953 година, Иницијативниот одбор до Синодот испратил акт во кој побарал на Соборското заседание на дневен ред да не се поставува прашањето за црквата во Македонија, бидејќи предложените кандидати се повлекле од кандидатурата. Ваквото однесување во Патријаршијата го протолкувале како желба прашањето на Православната црква во Македонија да остане што подолго отворено, бидејќи членовите на одборот имале неконтролирана власт. Мнозинството од епископите сметале дека членовите на Иницијативниот одбор се „бугарски настроени“ и дека во својата активност имале поддршка од водечките партиски и државни функционери во Македонија Лазар Колишевски, Љупчо Арсов и Елисие Поповски. (Радмила Радић, Држава и верске заједнице, I/296)

одржувале, со цел, да се изнајде решение за проблемот. Во текот на 1954 година непосредно пред Соборското заседание ова прашање повторно било покренато, и од страна на СПЦ била изразена готовност доколку „црквата во НР Македонија располага со кандидати проблемот да се реши“.[159] Во средината на април 1954 година патријархот Викентиј и членовите на Синодот одржале состанок во Сојузната комисија за верски прашања и посебно внимание посветиле на македонското црковно прашање. Патријархот инсистирал на зачувување на единството на СПЦ, а другите барања, како што биле употребата на јазикот, или називот на парохиите, според него, не биле значајни прашања. На средбата епископите банатски Висарион (Костиќ) и браничевски Хризостом (Војновиќ), изјавиле дека митрополитот Јосиф треба да се пензионира, а потоа да се изберат епископи за сите три епархии во Македонија. Било истакнато дека во Српската православна црква има расположение за епископ во Македонија да биде избран викарот на патријархот Доситеј, но, барале да им се предложат уште двајца кандидати.[160] Непосредно пред почетокот на заседанието на Архијерејскиот собор претставници на СПЦ неколку пати се состанале со претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Добривоје Радосављевиќ, како и со претседателот на Извршниот совет на Македонија Љупчо Арсов. Главно, се разговарало за кандидатите за епископи во македонските епархии, при што патријархот и некои епископи изразувале сомнеж дека предложените кандидати Нестор Поповски и Томо Димовски би можеле да бидат избрани од Соборот.

На 24 мај 1954 година во Патријаршијата во Белград се сретнале претставници на Синодот на СПЦ и Сојузната комисија за верски прашања, на која присуствувал и Љупчо Арсов. Патријархот рекол дека за Нестор Поповски и Томо Димовски постои голема критика, што значело дека Соборот нема да ги избере за епископи. Љупчо Арсов во своето излагање го навел историјатот на македонското црковно прашање по 1945 година, при што навел неколку факти: „Тенденцијата за афтокефална Македонска црква се јавила веднаш по ослободувањето... Власта го убедувала свештенството дека тоа не е пат за решавање на проблемот. Подоцна, тенденцијата за афтокефалност се заменила со тенденција за митрополитски систем и автономија. Потоа, од сето тоа се отстапило и останало само дека МПЦ треба да биде во канонско единство со СПЦ и дека го признава патријархот за поглавар“. Во однос на предложените кандидати за епископи Арсов истакнал дека:...

---

159 Драган Кљакиќ, Op. cit. , 313.

160 ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Разговор во Сојузната комисија за верски прашања со Синодот на Српската православна црква, 15 април 1954 година.

„предлозите за кандидати не се дело на Извршниот совет на Македонија, туку на сите од Македонија. Меѓу 250-260 свештеници во Македонија немаше подобри кандидати“.[161] На 7 јуни 1954 година во Скопје бил одржан Пленум на Иницијативниот одбор на кој биле усвоени неколку заклучоци, кои наредниот ден му биле испратени на патријархот. Во заклучоците се предлагало:

1. „Православната црква во Македонија да биде во канонско единство со Српската православна црква на чело со патријархот Викентиј, Светиот архијерејски собор и Светиот архијерејски синод;
2. Црквата во Македонија да се вика Православна црква во Македонија, како би се запазил националниот суверенитет на православното свештенство и македонскиот народ и во таа смисла да се викаат и пониските организациони единици;
3. Во администрацијата да се употребува македонскиот, а во црквата црковно–словенскиот јазик;
4. Светиот архијерејски собор на СПЦ да ги избере за епископи на испразнетите три епархии на Православната црква во Македонија следните кандидати: Нестор Поповски, претседател на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија, за Скопската епархија, прота Томо Димовски парохиски свештеник од Битола, за Охридско-битолската епархија и преосвештениот епископ Доситеј, викар на Неговата Светост господин Викентиј за испразнетата Злетовско-струмичка епархија“.[162]

Пред почетокот на Соборското заседание претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Добривоје Радосављевиќ изразил сомневање дека ќе се реши македонското црковно прашање, односно дека би се избрале предложените кандидати за епископи... „затоа што со тоа се менува односот на силите во Соборот, бидејќи ние би добиле три позитивни епископи“. Откако ги добиле предлозите од Иницијативниот одбор Синодот имал уште еден состанок со претставниците на Сојузната комисија за верски прашања, по што македонското црковно прашање дошло на дневен ред и на Соборското заседание. Прашањето било разгледано на Законодавниот и Административниот одбор, при што патријархот се заложил прашањето да се реши позитивно. Но, наместо тоа во име на Законодавниот одбор епископот бања-

[161] ДАРМ, ф. Извршен совет на НРМ/СРМ 159. 109. 36. 688-698

[162] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Идеи за решавање на црковното прашање во Македонија

лучки д-р Василиј (Костиќ), пред Соборот излегол со предлог кој бил едногласно прифатен. Во предлогот се наведувало: „1) Светиот архијерејски собор со задоволство ја зема на знаење претставката на православното свештенство во Македонија од 8 јуни 1954 година, во поглед на средување на тамошните прилики; 2) Исто така, Светиот архијерејски собор начелно нема ништо против желбите, изразени во претставката на православното свештенство во НР Македонија, тамошните црковни прилики да се средат во границите на прописите на Уставот на Српската православна црква; 3) Соборот го замолува патријархот со Светиот архијерејски синод и понатаму да дејствува во правец на средување на црковните прилики во НР Македонија".[163]

Против каков било компромис во врска со македонското прашање биле неколкумина постари епископи кои успевале да го наметнат своето видување врз Соборот. Во тоа предничеле, главно, епископите бирани пред Втората светска војна како шабачкиот епископ Симеон, нишкиот Јован, тимочкиот Емилијан, митрополитот загрепски Дамаскин, дабро-босански Нектариј, како и епископот бањалучки Василиј, кој бил избран за епископ во времето на патријархот Гаврил во 1947 година.[164] Оваа група на епископи на Српската православна црква била категорична во своите погледи кон македонското црковно прашање, сметајќи дека не треба да се дозволи создавање на „црква во црква". Споменатиот бањалучки епископ д-р Василиј (Костиќ) кој ја имал клучната улога на Соборското заседание во 1954 година преку одбивањето на македонските предлози во разговори со некои епископи јасно го искажувал својот став кон македонското црковно прашање, особено кон изборот на епископи: „...комунистите сакаат да ја понижат СПЦ и да наметнат луѓе кои не се достојни да носат мантии, овде се работи за комунистичка линија, македонска држава - македонски народ, а сега сакаат и македонска црква". На друго место истакнал дека во Македонија не треба да се отвори богословија бидејќи во тој случај ќе се запостави српскиот јазик, додавајќи дека „Просто е жалосно што се дејствува деструктивно врз тој наш елемент на југот, југот – кој низ историјата беше неисцрпна ризница на српството – денес се отуѓува". Слични ставови имал и тогашниот шабачки епископ д-р Симеон (Станковиќ), тој на некои свештеници од Македонија им велел дека нема никакви изгледи да се реши прашањето за македонската црква, бидејќи кандидатите ги немаат потребните квалификации, а што е најважно, за нив се известени дека се ориентирани кон Бугарија и дека како епископи ќе настојуваат да ја отцепат црквата во НР Македо-

[163] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/207-209

[164] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Предлози за решавање на црковното прашање во Македонија

нија.[165] Републичката комисија за верски прашања на 27.10.1954 година го разгледувала начинот на решавање на македонското црковно прашање. Се разговарало за состојбата во Иницијативниот одбор, при што се констатирале бројни слабости. Членот на Комисијата, свештеникот Борис Станковски соочен со отпорот на Соборот на СПЦ кон изборот на кандидатите на Иницијативниот одбор за македонските епархии истакнал: „...„Спрема мене со еден владика и измена на Уставот е најцелисходно решение за нас во Македонија".[166]

Патријархот Викентиј на 29 октомври 1954 година го известил претседателот на Сојузната верска комисија дека, наводно, главна пречка за решавање на прашањето е во тоа што „ ...Македонците немаат свои погодни кандидати", па во таа смисла тој сугерирал некои свои решенија. Тој навел дека сите лица во црковните управи во македонските епархии би биле Македонци, поврзани со него како патријарх и како администратор на епархиите во НР Македонија. Кон крајот на годината до патријархот повторно се обратил епископот американско-канадски Дионисиј кој меѓу другото истакнал дека остро се спротивставува на тенденцијата за создавање на некоја самостојна Македонска православна црква.[167]

На 12 јануари 1955 година делегација на Иницијативниот одбор отпатувала во Белград, за да ги продолжи разговорите за решавање на македонското црковно прашање. Делегацијата ја сочинувале членовите на Иницијативниот одбор Нестор Поповски, Борис Станковски, Климент Малески, Илија Мукаетов и Кирил Стојанов. Средбата се одржала во Српската патријаршија во присуство на патријархот Викентиј, тогашниот будимски епископ Герман и викарниот топлички епископ Доситеј. Патријархот се залагал тој да биде признат за администратор на трите епархии во Македонија, а потоа да се формираат епархиски црковни тела и претставници од нив да влезат во патријаршискиот Управен одбор и Совет, а прашањето за епископи за македонските епархии да остане отворено сѐ додека не се најдат погодни личности. Овој разговор завршил без конкретни заклучоци, а во делегацијата на Иницијативниот одбор по своето враќање составиле информација во која меѓу другото се вели: „...Патријаршијата не мисли да прави никакви отстапки за ова прашање, туку сака да го реши во духот на поранешните закони, што се гледа од тоа дека целото праша-

[165] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи) приредил проф. д-р Цане Мојановски, Скопје, 2004; 17-18; Драган Кљакиќ, op. cit. , 313;

[166] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 19

[167] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, писмо од епископот Дионисиј до патријархот Викентиј 28. 12. 1954 година.

ње тие го третираат само како испразнети епархии, а не како црква во НР Македонија“.[168]

Иницијативниот одбор заземал став за што го известил и патријархот Викентиј, дека црковното прашање во Македонија треба да се разреши уставно, т.е во член 14 од Уставот на Српската православна црква во кој се вели дека во нејзин состав влегуваат и Скопската, Злетовско–струмичката и Охридско–битолската епархија, да се внесе текст во кој би се навело дека во состав на Српската православна црква влегува и Православната црква во НР Македонија со наведените епархии. Службен јазик во епархиите во НР Македонија да биде македонскиот, а богослужбен црковно–словенскиот јазик. Овие барања Иницијативниот одбор ги сметал за последен предлог а нивното менување или модификација не би можел да ги прифати.[169]

По разговорите на патријархот со претставниците на Иницијативниот одбор Светиот архијерејски синод на Српската православна црква во февруари 1955 година донел решение за употреба на македонскиот јазик во епархиите на територијата на Македонија. Во оваа одлука се вели:

1. „Се дозволува на територијата на НРМ и тоа во Скопската (освен делот што е во НР Србија), Злетовско–струмичката и Охридско–битолската епархија употреба на македонскиот јазик во администрацијата и проповедите;
2. Се дозволува употреба на печати со црковен грб и натпис на македонски јазик и кирилско писмо... , што се однесува до изме-

[168] Во разговорите свештеникот Илија Мукаетов побарал да се променат членовите 14 и 15 од Уставот на Српската православна црква каде и епархиите во Македонија се наброени како српски епархии и предложил, наместо дотогашната формулација да стои: „во Српската црква влегува и Православната црква во НР Македонија со Скопската, Охридско-битолската и Злетовско-струмичката епархија“. На ваквиот предлог реагирал тогашниот будимски епископ Герман: „Па, сепак, тоа е создавање на посебна црква што ние не можеме да го дозволиме“. Свештеникот Боро Станковски истакнал, доколку не може да се прифати барањето за автономна црква, тогаш епархиите во Македонија би морале да имаат чисто национално обележје и од тоа не смееме да отстапиме ниту. пак. таков договор би се прифатил во НРМ. На оваа констатација реагирал епископот топлички Доситеј со зборовите: „Остави го ти тоа, ти си народен пратеник и знаеш како одат сите тие работи... Барате создавање на две цркви што ние не можеме да го дозволиме. Понекогаш настапувате претерано националистички. На мене повеќе не сметајте да бидам кандидат, бидејќи не сакам да дојдам во НР Македонија. ” (Драган Кљакиќ, Op. cit. , 313-318)

[169] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Информација од Иницијативниот одбор, 1955 година.

на на член 14 од Уставот на Српската православна црква, надлежен е да решава Светиот архијерејски собор“.[170]

Ова била прва одлука на Синодот на Српската православна црква со која се прифатило некое барање од Иницијативниот одбор од Македонија. По ваквиот развој на настаните во Македонија уште повеќе се разгореле надежите за што побрзо решавање на прашањето на Македонската православна црква.

Претходно, патријархот разговарал со секретарот на Сојузната комисија за верски прашања и го известил дека Синодот го разгледал македонското црковно прашање, при што одлучил на Православната црква во Македонија да и се даде национално обележје на тој начин што на печатите ќе стои текст „Православна црква Н.Н. во НР Македонија или Народна Република Македонија – Прврославна црква Н.Н.“. Во Синодот биле на становиште дека е невозможно Православната црква во Македонија да се нарекува Македонска православна црква, што според патријархот би значело дека во Југославија има две православни цркви. Патријархот верувал дека никој од епископите не би имал ништо против во Македонија да има домороден епископат. На крајот од разговорот побарал да се сретне со Д. Радосављевиќ и Љ. Арсов заради дополнителни консултации.[171] До средба на патријархот со Радосављевиќ и Арсов дошло на 4 мај 1955 година. Арсов истакнал дека од Соборот се очекувало на наредното заседание да ги реши прашањата за избор на епископи, за називот на црквата во Македонија и измените на дел од Уставот на СПЦ во кој се споменувале македонските епархии. Дури потоа, според Арсов, можело да дојде до нормализација на црковните прилики во Македонија.

Светиот архијерејски собор на СПЦ на седницата одржана на 1 јуни одлучил во трите епархии во Македонија да се изберат домашни епископи и да се дозволи употреба на македонскиот јазик во внатрешната администрација, додека богослужбата останувала на црковнословенски јазик.[172] Соборот го овластил патријархот Викентиј како администратор на епархиите во НР Македонија заедно со Синодот да работат во тој дух, водејќи сметка за канонитe и уставните прописи

170 ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Решение на СПЦ за црковното прашање во Македонија, 17. 2. 1955 година.

171 Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Zabeleška od posetata na patrijarhot Vikentij

172 Патријархот за одлуката на Соборот го известил претседателот на Сојузната комисија за верски прашања, по што бил приреден и прием за патријархот и архијереите присутни на Соборското заседание. (Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/215-216)

на Српската православна црква.[173] Еден дел од епископатот на Српската православна црква сметал дека ова прашање конечно треба да биде тргнато од дневен ред, а патријархот и некои други епископи како што бил браничевскиот владика Хризостом сметале дека митрополитот Јосиф треба да се пензионира, бидејќи бил главен кочничар во решавањето на статусот на црквата во Македонија.[174]

Во октомври 1955 година, делегација на Српската православна црква предводена од патријархот Викентиј во која биле и епископите банатски Висарион и будимски Герман ја посетиле Грчката православна црква.[175] При враќањето од Грција делегацијата на СПЦ во која бил и свештеникот Цветко Крстески, била дочекана во Скопје од повеќе членови на Иницијативниот одбор, како и од претседателот и секретарот на Комисијата за верски прашања во Македонија. Тоа било првпат по завршувањето на Втората светска војна патријарх на СПЦ да ја посети Македонија.[176]

Повеќегодишното одложување на решавањето на црковното прашање придонело за одредени несогласувања меѓу свештенството во Македонија. Дел од свештениците зборувале дека со избор на епископи за македонските епархии раководството на Иницијативниот одбор би ги изгубило дотогашните привилегии. Особено, незадоволство постоело кон претседателот на Иницијативниот одбор Нестор Поповски и кон еден од кандидатите за епископ Томо Димовски.[177]

На заседанието на Архијерејскиот собор во 1956 година се разговарало за македонското црковно прашање. Загрепскиот митрополит Дамаскин се заложил проблемот со избор на епископи во епархиите

---

[173] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 163

[174] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Разговор во Сојузната комисија за верски прашања со Синодот на СПЦ.

[175] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Informacija o pravoslavnoj crkvi

[176] „Нова Македонија“ 13. 11. 1955 година. По доаѓањето во Македонија патријархот Викентиј разговарал со Нестор Поповски за беседата која требало да ја држи при литургијата во црквата Света Мина. Прифатил да го спомене ослободувањето на Скопје, борбата на македонскиот народ, црковното прашање и изборот на епископи. Но, во беседата патријархот, воопшто, не зборувал за македонското црковно прашање. Во разговор со свештеници патријархот велел дека не ги разбира изјавите на Македонците дека од 1918 до 1941 година живееле во ропство. Тој не сакал да разговара за црква во Македонија туку само за три епархии во состав на СПЦ во кои се употребува македонскиот јазик и домашен епископат. (Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/217-218)

[177] Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Положба во Иницијативниот одбор (1956)

во Македонија да се реши со еднostран избор на епископи за овие епархии и упатување на барање до властите да им се дозволи на епископите преземање на должноста. Соборот заклучил, патријархот и Синодот да работат во духот на одлуката од 1955 година. Во септември 1956 година Црковно-народниот собор на Американско-канадската епархија предводен од епископот Дионисиј донел соборска резолуција во која меѓу другото „протестира против притисокот на безбожниот комунистички режим врз СПЦ и бара во Јужна Србија да се изврши слободен и непречен избор на српски епископи... “.[178]

Во ноември 1956 година црковното прашање во Македонија било на дневен ред на седницата на Извршниот комитет на ЦК СКМ. Партиските органи сметале дека за прашањето на Македонската православна црква не треба да се истапува со решенија кои би ги заостриле односите во федерацијата и дека треба да се спроведува умерена политика. Одредени партиски функционери како што бил Љупчо Арсов истакнувале дека тешко може да се прават натамошни компромиси во однос на македонското црковно прашање, а Страхил Гигов сметал дека ова прашање што поскоро мора да се тргне од дневен ред и да се реши во соработка со Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија.[179] Во исто време прашањето го разгледувале сојузните органи. Тие, пак, се залагале да се прифатат сугестиите кои доаѓале од страна на Српската православна црква, поточно од патријархот Викентиј и тој да се прифати како администратор на епархиите во Македонија, а во овие епархии да се изврши избор на членови на епархиските одбори, кои би ги назначил самиот патријарх. Од страна на Сојузната комисија за верски прашања се предлагало името на Македонската православна црква да биде Православна црква во НР Македонија.[180]

Кон крајот на годината се интензивирале контактите на претставниците на Иницијативниот одбор со патријархот. Во средината на декември 1956 година делегација на Сојузот на свештенички здруженија го посетила патријархот Викентиј, а како претставници на македонското свештенство биле Нестор Поповски, Цветко Крстески и Ѓорѓи Ангеловски. Кога се поставило македонското црковно прашање, патријархот се обратил до свештениците од Македонија со прашањето зошто не го признаат за администратор во епархиите во Македонија,

[178] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9 Informacija o pravoslavnoj crkvi

[179] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 66. 41/336-342, Записник од седницата на Извршниот комитет на ЦК СКМ од 16 ноември 1956 година.

[180] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Записник са седнице Савезне комисије за верска питања.

при што нагласил дека како администратор нема да испраќа викарни епископи кои би го менувале. Свештеникот Ѓорги Ангеловски изразил сомнеж дека администрирањето би можело да се одложи во недоглед, на што патријархот одговорил доколку го прифатат за администратор веќе на наредното Соборско заседание ќе се заложи за избор на епископите за епархиите во Македонија.[181] Всушност, патријархот како администратор на македонските епархии до изборот на епископи би ги именувал архијерејските заменици и членовите на духовните судови.[182]

Пред крајот на годината во Иницијативниот одбор и во епархиите во Македонија се одржале повеќе седници на кои се разговарало за прифаќање на патријархот за администратор. Извршното тело на Иницијативниот одбор одржало седница на 25.12.1956 година и долго се разговарало дали патријархот да се признае за администратор, при што биле донесени следните заклучоци: „патријархот може да биде признаен за администратор, но, при обврзно постоење на Иницијативниот одбор со сите негови досегашни права. Администрацијата да биде обусловена времено, најмногу до два собора. Да не се испраќаат викари, а патријархот како администратор да ракополага свештеници". Во Иницијативниот одбор направиле и анализа зошто е прифатливо патријархот да се признае за администратор. Според нивното мислење би се отстранило сомневањето кај претставниците на СПЦ во искреноста на македонското свештенство за единство со Српската црква. На патријархот би му се дала можност пред Архијерејскиот собор да се застапува со повеќе право за избор на епископи во НР Македонија. Патријархот би ракополагал свештеници, што би придонело да се подобри состојбата со свештеничкиот кадар, но, и би се издигнал авторитетот на Иницијативниот одбор кај свештенството и народот, со што би се сузбило гледиштето на некои свештеници дека Иницијативниот одбор и Верската комисија не сакаат да се заложат за разрешување на црковното прашање.[183]

---

181 Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Разговор по црквеном питању у Македонији у Савезу удружења.

182 Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 163

183 На 26. 12. 1956 година биле одржани советувања на архијерејските наместници во Скопската и Злетовско-струмичката епархија, при што биле донесени исти заклучоци за прифаќање на патријархот Викентиј за администратор на македонските епархии под услов администрирањето да биде времено (најмногу до две соборски заседанија), да постои и Иницијативниот одбор и да не се испраќаат викарни епископи во Македонија. (Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Извод од записникот од заседанието на извршното тело на Иницијативниот одбор одржано на 25. 12. 1956 година. )

Анализирајќи ги односите меѓу државата и Српската православна црква за 1956 година во Сојузната комисија за верски прашања, секретарот на комисијата Милоје Дилпариќ истакнал дека релациите меѓу државата и СПЦ во прилична мерка се подобриле. Според овој извештај најреакционерниот дел од епископатот настојувал да не и отежнуваат на црквата со нови проблеми во односите со државата, затоа што не можеле да извлечат корист од тоа. Но, сепак, дел од епископатот настојувал некои прашања да останат нерешени и спорни, со цел, СПЦ да има аргументи за тврдењето дека е оневозможена во дејствувањето од страна на режимот.[184] Едно од спорните прашања, се разбира, било и македонското.

Особено чести контакти со претставниците на Сојузната комисија за верски прашања имал патријархот Викентиј. На почетокот на 1957 година во разговор со секретарот на Верската комисија, М. Дилпариќ, истакнал дека планира односите со Македонците да ги уреди да наликуваат на односите на Руската православна црква и Православната црква во Украина. На патријархот не му било јасно зошто во Македонија не ги прифаќаат неговите предлози за реорганизација и за неговото администрирање со македонските епархии.[185]

Како се наближувало редовното заседание на Архијерејскиот собор на СПЦ за 1957 година, така во Верската комисија во Македонија се интензивирале состаноците посветени на решавањето на македонското црковно прашање. Верската комисија при Извршниот совет на НР Македонија во еден свој извештај од почетокот на 1957 година заклучува дека положбата на Православната црква во НРМ во организациска смисла „веќе е неодржлива“. Помеѓу македонското свештенство биле забележани три струења и тоа:

а) Македонското црковно прашање да се реши надвор од рамките на Српската православна црква, значи на самостојна основа;

б) Една помала група на свештеници се залагала да дојде до директно поврзување со Српската православна црква;

в) И ставот на македонското црковно прашање да се реши преку Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија на компромисен начин, преку постигнување на договор со Српската православна црква.

Меѓутоа, постоело големо сомневање дека договорот со СПЦ во иднина би бил почитуван од неа. Се укажувало на солуцијата патри-

---

[184] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9 Zapisnik sa savetovanja u komisiji za verska pitanja SIV-a održanog 12. 2. 1957 g.

[185] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/218

јархот да биде назначен за администратор на епархиите во Македонија (еден од предлозите на Сојузната комисија за верски прашања од 1956 година), а Лазар Колишевски се застапувал за договор кој требало да го постигнат Иницијативниот одбор и патријархот, додека Лазар Мојсов изразил мислење дека тоа треба да биде крајна граница на отстапки од македонска страна кон Српската православна црква.[186]

Откако македонските партиски и државни органи во основа ги прифатиле заклучоците од Сојузната комисија за верски прашања, а пред постигнувањето на договорот помеѓу Иницијативниот одбор за организирање на Православната црква во Македонија и патријархот Викентиј, за негово прифаќање како администратор на трите епархии во Македонија, во траење од една година до избор на македонски архијереи, делегација на Иницијативниот одбор на 29.3.1957 година го посетила Извршниот совет на НРМ и ги изложила своите погледи за решавање на ова прашање.

Претседателот на Иницијативниот одбор, Нестор Поповски, во име на делегацијата ги изложил заклучоците донесени на Пленумот на Иницијативниот одбор одржан на 27 и 28.3.1957 година. Централно прашање кое било предмет на интерес на Иницијативниот одбор било изработување на нов предлог за решавање на црковното прашање во Македонија. Претседателот на Иницијативниот одбор истакнал дека членовите на Пленумот оцениле дека во интерес на црквата во тој момент било да се пристапи кон донесување на компромисно решение кое се состоело во следното:

1. „Да се прифати патријархот за администратор на епархиите во Македонија (во првичниот предлог стоело дека администрацијата можела да трае во период меѓу одржување на два до три собори, а во конечното решение патријархот се прифаќа за администратор само во период меѓу два собора што значи за една година);
2. Изборот на епископи да биде за сите три епархии во Македонија;
3. Патријархот би општел непосредно со архијерејските заменици во епархиите до избор на архијереи;
4. Патријархот во меѓувреме да не испраќа свои викарни епископи во Македонија;
5. Патријархот да ракоположи свештеници за македонските епархии“.

[186] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 66. 45/356 – 362, Седница на Извршен комитет на ЦК СКМ, 6. 2. 1957 година.

Иницијативниот одбор сметал дека нема простор за понатамошни отстапки кон Српската православна црква. Во име на Извршниот совет на НР Македонија, Страхил Гигов го изнел ставот дека овој предлог мора да се прифати не само како добра волја, туку и максимум отстапки кои би можеле да се направат. Гигов сметал дека би требало категорички да се оди на овој став, а понатаму би можело да се дискутира само за нови предлози кои би биле добиени од патријархот.[187]

На состанокот на Републичката комисија за верски прашања одржан на 11.3.1957 година претседателот на Комисијата Страхил Гигов истакнал дека:.. „меѓу свештенството постои нервоза, а Иницијативниот одбор го губи угледот. Основната задача да го реши црковното прашање не успеал да го реши, а има и други нерешени прашања. Со Патријаршијата сè уште немаме постигнато договор, освен што направија отстапки, за служење на македонски јазик, избор на епархиски тела и да имаат свој печат, неспорно е прашањето околу признавањето на патријархот за администратор во Македонија. Јас мислам дека состојбата е таква што може да се направи уште тој последен компромис, па ако и тогаш ништо не се постигне, да се бара друг начин за решавање на тоа прашање... " На седницата било истакнато дека во врска со изборот на епископи се останува на предлогот за избор на епископот топлички Доситеј и свештениците Нестор Поповски и Томо Димовски. Но, во комисијата биле свесни за отпорот во Патријаршијата кон последните двајца кандидати. Дури и епископот Доситеј бил против предлагање на женети лица за епископска должност. Членот на комисијата Павле Поповски истакнал дека Доситеј предлагал Соборот да го избере него за епископ битолски, а во другите две епархии да биде администратор. Тој ветувал дека би работел во координација со македонското свештенство, а доколку би дошло до несогласувања бил подготвен да ја напушти Македонија. Претседателот на комисијата Гигов застанал зад ставот Доситеј да се избере „ ...заедно со другите двајца, а не само него изолирано".[188]

Во април 1957 година, патријархот ја известил Сојузната верска комисија дека Соборот на Српската православна црква би можел да ги прифати предлозите кои оделе во правец на решение на македонското црковно прашање. Тој сметал дека во Македонија не би требало веднаш да се бираат епископи, туку дека, прво, треба да се изврши организирање на црквата како што препорачале Соборот и Синодот, па по-

[187] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Записник од приемот на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија на 29. 3. 1957 година во Извршниот совет на Народна Република Македонија.

[188] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 21-22

тоа патријархот како администратор на епархиите во Македонија и претставници од Иницијативниот одбор заедно да бараат кандидати за епископи. Тој побарал од Иницијативниот одбор да се предложат архијерејски заменици за македонските епархии коишто веднаш би ги именувал. Овие заменици потоа требало да ги организираат епархиските совети и епархиските управни одбори.[189]

Патријархот барал од претставниците на Иницијативниот одбор да ги прифатат неговите предлози, што би придонело да се зајакнат неговите позиции во Соборот и би се оневозможиле нападите од одредени епископи. Тој во разговорот со делегацијата на Иницијативниот одбор, која го посетила на 9 април 1957 година во Белград, нагласил дека на Соборот ќе бидат разгледани нивните предлози во целина, додека за избор на епископи ќе се чека до наредниот Собор (1958). Говорејќи за епископатот нагласил дека меѓу нив има многумина кои ја прифаќаат неговата политика и кои се подготвени да ги спроведуваат неговите решенија, но, над нив на соборските заседанија постарите епископи, вообичаено, вршеле силно влијание во негативна смисла на зборот"...кои не расчистиле со своите шовинистички погледи и кои младите епископи просто ги принудувале да гласаат против она за што претходно му ветиле". Меѓу нив се истакнувал епископот Василиј (Костиќ), кој особено бил против изборот на Томо Димовски за епископ.[190]

На 10 април делегацијата на Иницијативниот одбор го посетила Синодот на СПЦ и го доставила следниот предлог:

1. „Патријархот на СПЦ се признава за администратор во епархиите на НРМ под следните услови: администрирањето на патријархот да не биде подолго од времето меѓу две заседанија на Архијерејскиот собор;
2. На Архијерејскиот собор на СПЦ да му биде предложена проширена листа на кандидати (пет) од која веднаш ќе изврши избор на епископи за сите три епархии. Кандидатската листа, односно кандидатите да ги предложи македонското свештенство;
3. Во текот на администрирањето на патријархот, управните и финансиските работи со свештенството и црквите во Македонија да се извршуваат преку архијерејските заменици и намесници;

[189] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Разговор со патријархот Викентиј 2. 04. 1957.

[190] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Информација за посетата на претседателот на Иницијативниот одбор на патријархот Викентиј во Белград

4. До целосниот избор на епископи, патријархот нема да испраќа српски архијереи (било викари, било на друг начин и во друга форма) во епархиите во НРМ;

5. Во текот на администрирањето на патријархот да бидат ракоположени предложените кандидати за свештеници од редот на завршените македонски богослови, а патријархот лично може да ги посетува епархиите во НРМ.[191]

На 13 април 1957 година Републичката комисија за верски прашања во Македонија одржала седница на која како прва точка била поставена информацијата за најновите моменти во решавањето на прашањето на Православната црква во Македонија. Претседателот на Комисијата Страхил Гигов ги информирал членовите за предлогот од Иницијативниот одбор кој бил претставен пред патријархот и Синодот. Гигов истакнал дека предлогот бил прифатен од патријархот и Синодот и останувала уште одлуката на Архијерејскиот собор. Впечатокот на Гигов бил дека и Соборот би го прифатил предлогот за решавање на црковното прашање во Македонија.[192]

Во велигденското послание патријархот меѓу другото изразил радост што на законит начин било воспоставено единство на црквата, додавајќи дека со ова не било завршено сѐ, дека треба уште многу да се постигне.[193] На 27 мај 1957 година Светиот архијерејски собор на Српската православна црква донел одлука за администрација на патријархот во македонските епархии. Во одлуката било констатирано дека: „Светиот архијерејски собор со радост и задоволство прима на знаење дека во Скопската, Охридско-битолската и Злетовско-струмичката епархија, кои се наоѓаат на територијата на НР Македонија, организацијата на црковната управа е во смисла на Уставот на Српската православна црква. Со оглед на извршената организација Светиот архијерејски собор утврдува дека во споменатите епархии е конс-

---

[191] Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Спогодба од април 1957 година; Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 29

[192] Во дискусијата која се развила во комисијата извесна резерва кон предлозите изразил само членот Драги Тозија, кој се сомневал дека преку прифаќање на предлозите Патријаршијата ќе се обиде да создаде нова положба меѓу свештенството во Македонија и на тој начин да дојде до неисполнување на условите. На забелешката било одговорено дека: „како нашиот така и општојугословенскиот интерес бараше и го оправдува овој чекор, а, пак, поставените услови ја обврзуваа Српската црква да постапи по предлогот, бидејќи во спротивно за натамошните последици, односно за евентуалните чекори во друг правец, вината би паднала само на Српската црква“. (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 26-28)

[193] Ђ. Слијепчевић, Македонско црквено питање..., 56

татирана канонска состојба и е вратен мирот во нашата црква. Светиот архијерејски собор го поздравува свештенството и верниците во НР Македонија и изјавува дека и во иднина во духот на спогодбата постигната меѓу Синодот и Иницијативниот одбор ќе обрнува внимание на желбите на свештенството и народот во НР Македонија во рамките на канонite и Уставот на СПЦ. Се замолува Неговата светост патријархот српски, господин Викентиј, како администратор на епархиите во НР Македонија оваа одлука на Светиот архијерејски собор како и одлуката на Светиот архијерејски собор од 1955 година преку епархиските власти да ја објави на свештенството и народот заради знаење и извршување.[194]

Постигнатиот напредок во решавањето на македонското црковно прашање бил поздравен од Сојузниот извршен совет. При приемот на членовите на Светиот архијерејски собор на СПЦ во Извршниот совет на 27 мај 1957 година, секретарот на Извршниот совет Вељко Зечевиќ истакнал дека покрај настојувањата за решавање на тековните прашања, како позитивен факт е можноста заедно со Извршниот совет на Македонија да се влијае кон средување на црковното прашање во Македонија. Патријархот Викентиј се заблагодарил за помошта при решавањето на црковното прашање во Македонија.[195]

Одлуката од 1957 година и разговорите во Соборот имале одглас и во српската емиграција. Американско–канадскиот епископ Дионисиј испратил остро писмо до членовите на Синодот на Српската православна црква и жестоко ги осудил разговорите за употреба на македонскиот јазик во црковната администрација во Македонија. Овој епископ ги обвинил членовите на Соборот дека ја признале македонската националност и дека се откажале од српските обележја на „класичниот српски југ“. Во писмото тој категорички изјавил дека не ја признава таквата спогодба при што навел дека „изборот на домашни – Македонци за епископи на нашите три епархии во НР Македонија само ги потврдува тезите и тенденцијата за идно создавање на независна Македонска православна црква“. Епископот Дионисиј се обратил до патријархот со забелешката... „дали нашите господа архијереи на чело со Вашата свестост се свесни, дали гледаат каква штета и нанесоа на Српската православна црква, на Патријаршијата во целина со

[194] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Одлука на Соборот на СПЦ од 27. 5. 1957 година; Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 30

[195] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 164; Ђоко. Слијепчевић, Историја Српске православне цркве..., 206

овој договор од кој мора да се огради секој родољуб и да го осуди како српско национално предавство".[196]

На 3 јули 1957 година на 79 години, во манастирот Воведение близу Белград починал митрополитот Јосиф (Цвијовиќ), со што се отвориле можности за решавање на прашањето, односно за избор на митрополит во Скопје, бидејќи Јосиф одбивал да се повлече доброволно од епархијата. Патријархот Викентиј ракополагал богослови за епархиите во Македонија како нивни администратор, со што се ублажувал проблемот на недостаток на свештенички кадар. Кон крајот на годината и претседателот на Иницијативниот одбор Нестор Поповски бил унапреден во протојерејски чин од патријархот. Во разговорите со претставниците од Сојузната комисија за верски прашања, патријархот го истакнувал своето задоволство од тоа како се одвивале настаните, а за македонското црковно прашање разговарал со повеќемина епископи кои биле задоволни од односот на некои свештеници во Македонија, кои ги одбиле руските предлози да се примат епископи за македонските епархии од Бугарија.[197]

Како се наближувало времето за одржување на Соборот на Српската православна црква во 1958 година, така и ова прашање сè повеќе доаѓало во центарот на вниманието. Долго време била подготвувана посетата на патријархот на СПЦ на Македонија. Непосредно пред тргнувањето патријархот заедно со членовите на Синодот ја посетиле Сојузната комисија за верски прашања каде нејзиниот претседател Д. Радосављевиќ истакнал: „Решавањето на ова прашање се одложува веќе со години и тоа добива карактер на политичко прашање, затоа што погледите на Македонците започнаа да се вртат кон Бугарите и Русите. По минатогодишната соборска одлука настапи извесно олеснување и се роди надеж. Сега во Македонија очекуваат решение, дали потполно или делумно тоа е сеедно...Македонците од својот првобитен став многу отстапија: најпрвин, бараа потполно отцепување, потоа, извесна автономија и на крајот незначителни отстапки. Доколку нивните надежи и овој пат не се остварат долу ќе имаме сериозна состојба". Во текот на разговорот било споменато и прашањето за избор на епископи за епархиите во Македонија, кое за членовите на Синодот сè уште било отворено.[198]

[196] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Писмо од епископот Дионисије (препис); Драган Кљакиќ, Op. cit. , 318.

[197] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Разговори на патријархот Викентиј во Сојузната комисија за верски прашања од 3. 12. 1957 и 21. 12. 1957 година.

[198] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/223; Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 164

Кон крајот на март и почетокот на април 1958 година патријархот Викентиј заедно со нишкиот епископ Јован, браничевскиот Хризостом и топличкиот Доситеј ја посетиле Македонија. Тие на 29.3. 1958 година биле примени и од претседателот на Собранието на НРМ Лазар Колишевски[199], при што сите се согласиле дека решението на македонското црковно прашање не треба да се одлага. Во текот на разговорите Колишевски го истакнал фактот дека свештенството во Македонија отстапило од барањата за автокефалност и со своите отстапки овозможило да се дојде до договор. Тој нагласил дека одолговлекувањето на решавањето на ова прашање би можело да доведе до колебање кај дел од свештенството. За Колишевски решавањето на македонското црковно прашање било од големо значење и за македонската економска емиграција во САД, Австралија и Канада. За македонското црковно прашање сè повеќе се интересирале и соседните бугарската и грчката црква кои дури нуделе и јеромонаси и архимандрити како кандидати за македонските епархии. На крајот од разговорите претседателот на македонското собрание предупредил дека Српската православна црква без одлагање мора да го реши ова црковно прашање или во спротивност би се пристапило кон друго решение.[200] За време на повеќедневниот престој делегацијата на СПЦ покрај Скопје ги посетила и Тетово, Гостивар, Струга, Охрид и Битола. За време на посетите и на свеченостите покрај свештенството учествувале и претставници на републичките власти. [201]

Сепак, еден дел од епископите во движењето за самостојност на Македонската црква гледале голем удел на бугарското влијание од минатото, а не автохтоно внатрешно движење. Пред поаѓањето на делегацијата на Српската православна црква за Македонија, тимочкиот епископ д-р Емилијан (Пиперковиќ) испратил писмо до нишкиот епископ д-р Јован (Илиќ), член на делегацијата во кое го советува „правилно да ја оцени состојбата долу“ со препорака „помалку да зборува а повеќе да набљудува и слуша“. Епископот Емилијан во писмото вели

[199] На приемот освен патријархот и епископите присуствувале и шефот на кабинетот на патријархот Викентиј, Ѓорѓе Жуњиќ, архијерејските заменици за Скопската и Злетовско-струмичката епархија Нестор Попоски и Михаил Панев, секретарот на свештеничкото здружение Боро Станковски, претседателот на Комисијата за верски прашања на НР Македонија Страхил Гигов, секретарот на Комисијата Доне Илиевски и секретарот на Комисијата за верски прашања при Сојузниот извршен совет Милоје Дилпариќ.

[200] Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Стенографски белешки од приемот на делегацијата на СПЦ.

[201] Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 41

дека „повеќето македонски свештеници се бугарофили и дека не треба да се одлага прашањето за испраќање на епископи“.[202]

По враќањето од Македонија патријархот Викентиј се сретнал со секретарот на Комисијата за верски прашања при Сојузниот извршен совет Милоје Дилпариќ. Патријархот изразил задоволство во врска со престојот во Македонија, при што искажал уверување „...дека е направена извонредна работа, а целиот проблем бил колосално поставен“. Црковните кругови во Белград биле исклучително задоволни, при што побарал да се разговара со некои постари епископи. Пред крајот на разговорот патријархот Викентиј предложил претседателот на Верската комисија Добривоје Радосавлевиќ во почетокот на јуни да приреди прием за членовите на Соборот, бидејќи во тој период Соборот би бил на средината на своето заседание и време кога со епископите најмногу би можело да се разговара за македонското црковно прашање.[203]

Во врска со донесувањето на одлука за Македонската црква, тогашниот жички епископ Герман во разговор со претседателот на Сојузната комисија за верски прашања изразил мислење дека повеќето епископи се негативно расположени за барањата кои биле поставувани од Македонија. Особено негативно расположение имало кон кандидатската листа за епископи. Тој сметал дека на Соборот во врска со македонското црковно прашање најважен ќе биде ставот и држењето на патријархот Викентиј. „Доколку патријархот биде енергичен со барање прашањето да се реши, и доколку го образложи со силни аргументи прашањето може да биде решено. Но, доколку патријархот биде колеблив и неодлучен, дозволувајќи на самиот Собор да се изнесуваат најразлични мислења, ставови и предлози, прашањето тешко ќе помине“ – рекол тогашниот жички епископ Герман.[204]

По враќањето од Македонија патријархот Викентиј го доставил до Светиот синод актот на Црковниот суд на Скопската епархија во кој се предлагале кандидати за епископи. Во предлогот како кандидати биле определени: протојерејот Нестор Поповски од Скопје, протојере-

[202] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Информација од УДБ-а, писмо од тимочкиот епископ Емилијан до нишкиот епискот Јован, 28. 03. 1958.

[203] Патријархот во разговорот со Милоје Дилпариќ побарал претседателот на Верската комисија Добривоје Радосавлевиќ да се сретне со епископите Јован нишки и Емилијан тимочки, а дека лично тој на заседанието на Соборот без отстапување ќе се залага, конечно, прашањето да биде решено. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Забелешка за разговорот на Милоје Дилпариќ со патријархот Викентиј од 18. 4. 1958 година)

[204] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Мишљење епископа Германа о решењу црквеног питања у Македонији.

јот Томо Димовски од Битола, свештеникот Спиро Поповски од село Кривогаштани Прилепско и Владимир Поповски гимназиски професор од Охрид.[205] На молба на Синодот патријархот како администратор на македонските епархии доставил податоци за брачната и семејната состојба на предложените кандидати.[206] Актот со предложените кандидати Синодот го препратил до Светиот архијерејски собор.

Непосредно пред започнувањето на заседанието на Соборот се подгревале надежи дека црковните состојби во Македонија, конечно, ќе се средат и се најавувала средбата на членовите на Соборот на СПЦ со претседателот Тито.[207] Редовното заседание на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква започало со работа на 26. 5. 1958 година, а една од точките на дневниот ред било и прашањето за избор на епископи за епархиите во Македонија. По започнувањето на Соборот, за патријархот и архијереите биле организирани приеми од највисоките претставници на власта. Членовите на Архијерејскиот собор биле примени од претседателот на Сојузната комисија за верски прашања, Добривоје Радосављевиќ, кој истакнал дека мора да се изберат тројца епископи за епархиите во Македонија. Радосављевиќ навел дека решавањето на црковното прашање во НРМ навлегло во завршна фаза и дека македонските свештеници и властите во НРМ оделе до крајни граници на попуштање.[208] Членовите на Светиот архијерејски собор на СПЦ на 28.5.1958 година биле примени и од претседателот на Републиката при што патријархот Викентиј истакнал дека црковните прилики во НР Македонија ќе се средат, констатирајќи дека „Светиот архијерејски собор ќе го реши прашањето на Православната црква во Македонија“.[209]

Конечно, Соборот на 10.6.1958 година го разгледувал и македонското црковно прашање, односно изборот на епископи за трите македонски епархии, за што биле донесени следните заклучоци:

---

205 Славко Димовски, Историја на Македонската православна црква..., 1056; Ђоко Слијепчевић, Историја Српске православне цркве..., 208.

206 Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 164

207 „Нова Македонија“ 4. 4-6. 4. 1958 година.

208 Некои архијереи за време на разговорот со Радосављевиќ (дабро-босанскиот митрополит Нектариј) обрнале внимание дека сите кандидати за епископи биле женети што било во спротивност со канонитe на Православната црква. (Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 164; Радмила Радић, Op. cit, II/226)

209 ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Прилог од 20. 10. 1958 година.

1. „Светиот архијерејски собор начелно нема ништо против изборот на епископи за епархиите на територијата на НР Македонија од редот на домородците;

2. Со оглед на фактот дека од предложените кандидати и тоа: а) протојереј Тома Димовски, б) протојереј Нестор Поповски, в) свештеник Спиро Попоски и господин Владимир Зафиров Попоски, наставник во Скопје, не можат да бидат бирани за епископи бидејќи како женети, немаат канонски услови за избор за епископи, Светиот архијерејски собор го одлага пополнувањето на испразнетите епархии во Народна Република Македонија и прашањето го става во надлежност на Светиот архијерејски синод понатаму да го проучува ова прашање;

3. Да се замоли Неговата Светост патријархот господин Викентиј како администратор на споменатите епархии на Светиот архијерејски собор да му предложи нови личности, кои би можеле да дојдат предвид како кандидати за епископски чин за епархиите кои се наоѓаат на територијата на НР Македонија;

4. Истовремено, да се замоли Неговата Светост патријархот како администратор на споменатите епархии во случај на потреба да му ја соопшти оваа одлука на Светиот архијерејски собор на свештенството со потребното објаснување“.[210]

По негативната одлука на Архијерејскиот собор на Српската православна црква и прекршувањето на спогодбата потпишана во 1957 година со Иницијативниот одбор кај претставниците на државно–партиската власт во Македонија се срушиле илузиите за компромисно решавање на македонското црковно прашање во рамките на Српската православна црква. Се правеле анализи и во редовите на Иницијативниот одбор, но, и во државните комисии задолжени за верските прашања, што понатаму, бидејќи статусот на црквата во Македонија можел да предизвика и политички проблеми. Се размислувало за повеќе солуции при решавањето на ова прашање. Предлозите се движеле од решавање на статусот на Православната црква во Македонија во рамките на СПЦ, па до создавање на автокефална Македонска православна црква, што по 1945 година и Првиот црковно–народен

[210] Предарг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 164 При расправата во Соборот за изборот на предложените кандидати одлучно се спротивставиле загрепскиот митрополит Дамаскин, дабро-босанскиот митрополитот Нектариј и епископите: тимочкиот епископ Емилијан, нишкиот Јован, шабачкиот Симеон, а некои епископи дури предлагале ова прашање и да се симне од дневен ред, па дури и да се прекинат сите односи со државата. (Радмила Радић, Op. cit, II/226-227).

собор било првпат јавно да се размислува за црковна самостојност. Но, сепак, во согласност со тогашните политички услови во државата бил вршен притисок врз Иницијативниот одбор да се изнајде начин според кој не би биле прекинати сите врски меѓу Македонската и Српската православна црква.[211]

Одлуката на Соборот на СПЦ предизвикала незадоволство кај државните органи како на сојузно така и на републичко ниво. Набрзо на 5 јули починал и патријархот Викентиј, по што сојузните власти станале уште поактивни, со цел, да создадат поволен амбиент за избор на патријарх кој би бил прифатлив и за нив. Токму затоа зачестиле и состаноците и приемите на епископите и свештенството. На приемот на делегатите на главното собрание на Сојузното здружение на православното свештенство во Сојузниот извршен совет на 25 септември Д. Радосављевиќ во врска со црковното прашање во Македонија истакнал: „Посебно прашање во односите на црквата и државата, а кое е исклучително значајно е македонското црковно прашање. Зошто државата се меша во тоа? Сосема природно би било во нашите услови, каде што црквата е одвоена од државата, посебно да не се интересираме, но, ова е специфично прашање и токму затоа државата се интересира. Македонскиот народ за првпат сега остварува своја национална слобода. Имало различни влијанија и угнетувања, но, сега македонскиот народ е господар во сопствената куќа“.[212]

Набргу по завршувањето на Соборот на СПЦ во Сојузната комисија за верски прашања била составена информација за црковното прашање во Македонија. Било констатирано дека на дел од епископите на СПЦ не им одговарало подобрување на односите со државата заради што тие воопшто не ги земале предвид нејзините интереси, туку поаѓале од моментот дека Југославија се наоѓала во тешка состојба, кампања од Исток и ослабување на врските со Западот, заради што сметале дека државата немало да оди на заострување на односите со Српската православна црква, односно дека ќе се помири со ваквата

[211] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Црквено питање у Македонији после одлуке Сабора Српске православне цркве у јуну 1958 године.

[212] И во овој случај Радосављевиќ ја истакнал потребата од единство во црквата, но, на рамноправна основа, додавајќи дека државата мора да се интересира за ова прашање, нагласувајќи дека на државата не и е сеедно дали Македонците со правилно решавање на ова прашање ќе се чувствуваат рамноправни и дали решението на ова прашање ќе ги врзува за Југославија или, пак, не. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Govor pretsednika Savezne komisije za verska pitanja D. Radosavljevića delegatima Glavne skupštine saveza udruženja pravoslavnog sveštenstva)

одлука. Во информацијата биле наведени три варијанти за понатамошно решавање на прашањето. Се предвидувало решавање на прашањето на база на единство со СПЦ преку свикување на вонреден Собор на кој би биле избрани епископите; решавање по пат на притисок на СПЦ да се создаде автономна Македонска црква и како трета варијанта потполно одделување од СПЦ и создавање на автокефална Македонска православна црква. Веднаш потоа, државните органи започнале да се подготвуваат за одржување на Пленум на Иницијативниот одбор во Македонија кој би свикал црковно-народен собор на кој би се возобновила Охридската архиепископија која, пак, би останала во персонална унииja со СПЦ преку личноста на српскиот патријарх.[213]

[213] На овој состанок кој се одржал во Сојузната комисија за верски прашања на 20. 7. 1958 година присуствувале Д. Радосављевиќ, С. Гигов, Д. Илиевски, М. Дилпариќ и претставник од Сојузното министерство за внатрешни работи. На состанокот биле донесени повеќе заклучоци со кои била поставена рамката на Вториот црковно-народен собор. Меѓу останато се предвидувало во средината на август еден член на Сојузната комисија за верски прашања (Мато Радуловиќ) да разговара со епископот Доситеј, со цел, тој да прифати да биде еден од епископите кои ќе бидат избирани на црковно-народниот собор. На состанокот дури бил изработен и нацрт на соопштението кое требало да го објави Нова Македонија по одржувањето на Пленумот на Иницијативниот одбор предвиден за 23. 7. 1958 година. (Радмила Радић, Op. cit, II/228-230)

# 3/ Втор црковно-народен собор

Иницијативниот одбор за организирање на Македонска православна црква ја разгледал новонастанатата состојба на проширен пленарен состанок што се одржал на 23 јули во Скопје. Едногласно било констатирано дека свештенството и верниците од Македонија со негодување ја примиле одлуката на Архијерејскиот собор на Српската православна црква и дека тоа не е во согласност со духот на договорот меѓу покојниот патријарх Викентиј и Иницијативниот одбор од 1957 година, за решавање на црковните прилики во Македонија. Се разгледувале и причините за отфрлање на кандидатската листа за епископи во Македонија, при што се констатирало дека ова прашање, всушност, игра клучна улога во нормализацијата на црковниот живот во Македонија. Во Иницијативниот одбор заклучиле дека вината за нерешавање на ова прашање паѓа врз Архијерејскиот собор на Српската православна црква со оглед на отстапките и компромисите што биле правени од Иницијативниот одбор во претходните години. Покрај решение за свикување на црковно–народен собор на кој било предвидено да се изврши избор на тројца епископи за македонските епархии, било решено на Соборот да му биде предложено обновување на Охридската архиепископија, која би била во канонско единство со Српската православна црква преку личноста на заедничкиот патријарх.[1] Во работата на овој проширен пленум на Иницијативниот одбор освен членовите на Пленумот и архијерејските заменици на Скопската, Охридско–битолската и Злетовско–струмичката епархија земале учество и членовите на црковните судови, архијерејските наместници и претставниците на епархиските свештенички здруженија. Проширениот пленум на Иницијативниот одбор за организирање на православна црква во НР Македонија ги донел следниве заклучоци:

1. „Да се свика црковно-народен собор во Македонија;

2. На соборот да му се предложи обновување на Охридската архиепископија, која би била во канонско единство со Српската православна црква, преку нејзиниот поглавар Неговата Светост патријархот;

3. На Соборот да се предложи кандидатска листа од која Соборот ќе избере тројца епископи за епархиите во НР Македонија;

---

[1] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Нови напори за решавање на прашањето на Православната црква во Македонија.

4. Воспоставената црковна организација во епархиите во Народна Република Македонија врз основа на договорот со Блаженопочившиот патријарх Викентие да остане сѐ до конечната одлука на Црковно-народниот собор;

5. Се задолжува Извршниот одбор на Иницијативниот одбор да ги изврши сите потребни подготовки за свикување на Црковно-народниот собор и дополнително да го одредеи времето и местото за неговото одржување;

6. Решенијата на проширениот Пленум да бидат писмено доставени до Светиот архијерејски синод на Српската православана црква од страна на Извршниот одбор на Иницијатаивниот одбор;

7. Со решенијата на проширениот Пленум да бидат запознаени претставниците на народната власт, коишто досега укажуваа максимална помош за правилно и конечно решавање на црковното прашање и да се замолат и овој пат да укажат помош како би се овозможило ова прашање да се симне од дневен ред во интерес на нашата татковина“.[2]

Од заклучоците кои биле донесени на овој проширен Пленум на Иницијативниот одбор јасно е дека заложбите и влијанијата на државните органи вродиле со плод. Тие биле преточени во одлуката да му се предложи на Соборот обнова на Охридската архиепископија како Македонска православна црква, но, таа, сепак, да остане во канонско единство со Српската православна црква преку заедничкиот поглавар – патријархот на СПЦ. На Пленумот бил заземен став кој во иднина ќе се покаже како неоправдан и кој ќе донесе нови проблеми и натегања со Српската православна црква. Со заложбата Македонската православна црква да остане во канонско единство со Српската, преку заедничкиот патријарх, статусот на МПЦ бил поставен на половина пат помеѓу автономија и автокефалност (самостојност).

По одржувањето на проширениот Пленум на Иницијативниот одбор биле извршени низа подготвителни активности, како што била подготовката на Уставот на идната Македонска православна црква. Иницијативниот одбор посебно внимание им посветил на кандидатските листи за избор на епископи како и за изборот на поглаварот на Македонската православна црква. Одборот излегол со мислење дека најсоодветна личност за оваа должност е долгогодишниот кандидат

[2] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Писмо од Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија до Извршниот совет на НРМ од 29. 7. 1958 година)

на Иницијативниот одбор за архијереј во Македонија топличкиот епископ во СПЦ, Доситеј.[3]

Откако подготовките за одржување на Вториот црковно-народен собор биле при крај делегација од Иницијативниот одбор пристигнала во Белград и на 26.9.1958 година се сретнала со новоизбраниот патријарх Герман и членовите на Синодот.[4] Протојерејот Нестор Поповски на патријархот Герман му го честитал изборот за поглавар на Српската православна црква и изразил уверување дека Православната црква во НР Македонија ќе го сочува канонското единство со СПЦ, при што била упатена покана до патријархот тој лично или негов претеник да присуствува на претстојниот собор, напоменувајќи дека православната црква би останала единствена, бидејќи би имала еден поглавар. Патријархот Герман во разговорите, меѓу другото, истакнал дека свикувањето на црковно-народен собор е спротивно со Уставот на СПЦ и дека тоа би значело раскол во Српската црква, а не единство, констатирајќи дека е неоправдано поставувањето на прашањето за обнова на Охридската архиепископија. На крајот од разговорот патријархот Герман истакнал дека не може да учествува на Соборот, ниту, пак, да испрати свој претеник, и повторно апелирал Соборот, воопшто, да не се одржи.[5]

Наредниот ден на 27.9.1958 година епископот Доситеј бил повикан во Сојузната верска комисија и разговарал со секретарот на Комисијата Милоје Дилпариќ и претседателот на Верската комисија на НР Македонија Страхил Гигов. На состанокот Гигов го известил епископот Доситеј дека е испратен од страна на Лазар Колишевски и од Владата на НРМ во согласност со Сојузната влада да го повика да присуствува на црковно-народниот собор во Охрид, истакнувајќи дека тој сè уште е нивен кандидат за една од епархиите во Македонија, при што се сметало дека преку неговата личност би се одржало единството меѓу СПЦ и Црквата во Македонија. Секретарот на Сојузната верска комисија сугерирал Синодот на СПЦ да го одреди епископот Доситеј за администратор на епархиите во Македонија, по што не би му требало одобрение за заминување во Охрид.[6]

---

[3] Миодраг Периќ, Историско – правните..., 241.

[4] Во делегацијата биле: свештениците Нестор Поповски, Боро Станковски, Кирил Стојановски и Климе Малевски, како и Димитар Јаковлевски потпретседател на Епархискиот совет на Скопската епархија.

[5] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Извод из записника 45 седнице Светог Архијерејског Синода одржане 29. септембра 1958 у Београду Зап. Бр. 656 Син. Бр. 2721; Радмила Радић, Држава и верске заједнице II..., 232

[6] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Извод из записника 45 седнице Светог Архијерејског Синода..., 4

По само два дена на 29.9.1958 година епископот Доситеј бил повикан во Синодот да ги извести за разговорите што ги имал во Сојузната верска комисија.[7] Откако епископот Доситеј ги известил дека дал согласност да замине на Соборот во Охрид, од членовите на Синодот побарал разбирање истакнувајќи дека е свесен за последиците. На ова патријархот Герман одговорил дека „црковно-народниот собор е противуставно тело. Не се согласувам и не ви дозволувам да заминете“.[8] Наредниот ден епископот Доситеј повторно го посетил патријархот Герман кого го известил дека заминува за Скопје. Патријархот вршел притисок да се откаже од својата намера.

Доситеј разговарал со членовите на Синодот и со некои епископи кои во тој момент биле во Белград. Најпрвин разговарал со епископот бранички Хризостом (Војновиќ) кој истакнал дека е најважно што Македонците сакаат единство на црквата преку патријархот. Епископот Хризостом истакнал дека и Македонците „треба национално да се изживеат“ како што тоа го прават и Србите и „денес често со полна уста изговараат Светосавска црква“. На средбата Доситеј бил охрабрен да не се плаши од расчинување. Во сличен тон бил и разговорот со епископот пакрачки Емилијан (Мариновиќ) кој му сугерирал дека би било подобро сега да не заминува во Македонија, но, дека како последица од заминувањето нема да има расчинување. Во разговорот епископот Емилијан рекол дека така размислува и патријархот, но, заради останатите епископи официјално е против. Доситеј се сретнал и со зворничко-тузланскиот епископ Лонгин (Томиќ) и банатскиот епископ Висарион (Костиќ) кои на некој начин му изразиле поддршка, додека захумско-херцеговскиот епископ Владислав (Митровиќ) се држел воздржано, „официјално истакнувајќи ги канoните и Уставот на СПЦ“.[9]

Во црковните кругови во Македонија настанало големо олеснување кога епископот Доситеј ја прифатил кандидатурата од Иницијативниот одбор и покрај притисокот што го вршеле врз него во Синодот на СПЦ, решил да замине во Македонија.[10]

---

[7] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 166

[8] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Извод из записника 45 седнице Светог Архијерејског Синода..., 5

[9] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Забелешка о разговору претседника Комисије за верска питања Савезног извршног већа друга Добривоја Радосавлевића са епископом топличким Доситејем на дан 1. X. 1958 године.

[10] Доне Илиевски, архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 47.

Освен подготовките што биле вршени од Иницијативниот одбор и државните органи активно следеле што се случува на црковен план. Тие особено инсистирале да се почитува одредбата за канонско единство на Македонската православна црква со Српската православна црква преку личноста на заедничкиот патријарх. Во Републичката комисија за верски прашања биле заинтересирани и за кадровските решенија, односно кои личности би биле избрани за епископи на Македонската православна црква. Затоа биле преземани и повеќе оперативни мерки во врска со црковно – народниот собор кој бил означен дека „освен големото црковно значење има и големо политичко значење како во земјата така во извесна смисла и вон земјата“.[11] Пред одржувањето на Соборот од страна на Државниот секретаријат за внатрешни работи била направена анализа за сите делегати на Соборот, за нивниот однос кон власта, односот кон македонското црковно прашање, за односот кон Српската православна црква и сл.[12] Во анализата се констатира дека на Соборот ќе присуствуваат како делегати 220 лица од кои: „...26 наши соработници и 35 делегати на кои можеме да се потпреме за извесни информации и поставуваме задачи и линија за дејствување меѓу останатите делегати. Покрај наведените има уште 30 делегати на кои би можеле да оствариме целосно влијание“.[13]

---

[11] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Plan za operativni merki vo vrska so Makedonskiot crkovno – naroden sobor.

[12] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Spisok na delegati na Makedonskiot crkveno-naroden sobor, 1-18

[13] Меѓу оперативните мерки кои биле преземени од безбедносните органи пред одржувањето на соборот се и следниве: „Да се одржи состанок со шефовите на отсеците и референтите од II одделение од СВР на кои треба да им се изнесе новата ситуација и да им се постават соодветни задачи, т. е. полна мобилизација на сите извори за информации за секојдневен увид во коментарите на свештениците и верниците во врска со соборот; Посебно да се испитаат мислењата и ставовите на делегатите за соборот во врска со решавањето на црковното прашање и кандидатите за митрополит и епископи. Врз основа на тоа глобално да се види мислењето на делегатите поодделно за секој истакнат кандидат; Да се озвучат просториите на митрополиите во Скопје и Битола (во Штип нема митрополитска зграда) за да бидеме во тек на интимните коментари и комбинации на одделни истакнати функционери во црквата; да се озвучат 10-12 соби во хотелот каде ќе бидат сместени делегатите на соборот. Во таквите соби да бидат сместени Нестор Поповски и Кирил Стојанов; Методи Гогов и Славчо Петров; Климе Малевски и Спиро Атанасовски; Боро Ангеловски и Вељо Манчевски; Илија Тодоровски и Трајан Митрев; Илија Мукаетов и Петар Давитковски, Благој Андоновски и Русе Апостоловски и Атанас Поповски и Михаил Панев...да се заведе контрола на поштата од свештеници и мирјани за Патријаршијата и одделни епископи и свештеници во НР Србија и обратно. Исто така, да се контролира евентуално одење на свештеници и истакнати мирјани во Патријаршијата, или одење на такви од НР Србија, со цел, да се устано-

По прифаќањето на епископот Доситеј да дојде во Македонија и да се вклучи во работата на Соборот и во животот на Македонската православна црква била направена и кандидатска листа за избор на епископи. Тоа биле луѓе кои во претходниот период важеле за кандидати за епископската должност, протојерејот Томо Димовски, Никола Трајковски, протојереј Спиро Поповски и теологот Владимир Поповски.[14]

По сите извршени подготовки Вториот македонски црковно–народен собор отпочнал со работа на 4 октомври 1958 година во присуство на 291 соборјанин (свештеници и мирјани). Претседателот на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија, Нестор Поповски го отворил Соборот и ја прочитал одлуката на проширениот Пленум на Иницијативниот одбор од 23 јули 1958 година за свикување на Соборот. Во текот на работата биле избрани Работно претседателство и Верификациона комисија. Во почетокот работата на соборот ја поздравил и претседателот на Извршниот совет на НР Македонија и претседател на Републичката комисија за верски прашања Страхил Гигов. На Соборот се обратил и Милое Дилпариќ секретар на Комисијата за верски прашања при Сојузниот извршен совет, при што го поздравил Соборот во име на претседателот на Сојузната комисија за верски прашања, Добривое Радосављевиќ.[15] По утврдувањето на дневниот ред бил сослушан и едногласно усвоен извештајот за работата на Иницијативниот одбор. Потврдени и одобрени биле и напорите и работата што Одборот ја вршел во макотрпните и долготрајни преговори и разговори со раководството на Српската православна црква.[16]

Во извештајот што бил одобрен од Соборот, поднесен од претседателот на Иницијативниот одбор Нестор Поповски, покрај другото се подвлекувал и негативниот однос на Српската православна црква кон решавањето на црковното прашање во Македонија. Поради таквиот однос на Српската црква, претседателот на Иницијативниот одбор на крајот од извештајот предложил црковното прашање во Македонија да се решава самостојно. Соборот го прифатил овој предлог заедно со предлогот за обнова на Охридската архиепископија како Македонска православна црква, но, бил прифатен и ставот, поглаварот на Српската православна црква да се признае и за поглавар на Македонската

ви карактерот на такви контакти во претсоборската активност.... ". (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Plan za operativni merki...1-4)

[14] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква..., 140.

[15] Гласник на МПЦ 1959, I/1, Историски собор.

[16] Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 49.

православна црква со што во одредена мера се ограничувала самостојноста на Македонската православна црква. Одлуката на Вториот македонски црковно–народен собор за обнова на Охридската архиепископија била објавена во катедралната црква Света Софија во Охрид и таа гласи:

„Изразувајќи ја желбата на македонскиот православен народ и на неговото свештенство да има своја црква, а врз основа на историските и канонски права, Македонскиот црковно–народен собор едногласно ја донесе следната одлука:

1. Овој Црковно–народен собор одлучи да се обнови старата македонска Охридска архиепископија која беше присилно укината, а нејзините епархии беа приклучени кон Цариградската патријаршија во 1767 година и истата се вика „Македонска православна црква“.

2. Според основните канонски прописи дека црковните граници треба да се поклопуваат со државните граници, овој Собор одлучи црковните граници на епархиите на Македонската православна црква целосно да се поклопуваат со границите на НР Македонија.

3. Во составот на Македонската православна црква влегуваат: Скопската митрополија, Охридско–битолската и Злетовско–струмичката епархија со своите парохии што се наоѓаат на територијата на НР Македонија.

4. На чело на Македонската православна црква стои митрополит кој ја носи титулата – „архиепископ охридски и скопски и митрополит македонски“. Седиште на митрополитот е во градот Скопје. Митрополитот со епархиските архијереи претставуваат највисока духовна власт во Православната црква во Македонија.

5. Животот и работата на Македонската митрополија, како и целиот црковен живот, ќе се одвива според Уставот и одредбите на Македонската црква што ќе ги донесе овој Собор како и според канонитe на Православната црква.

6. Овој Собор ќе го избере првиот митрополит на епархиските архијереи на Македонската православна црква од средината на своите домашни синови, а според Правилникот што ќе го донесе Соборот.

7. Заради одржување на црковно–канонското единство на Православната црква во ФНРЈ, Македонската православна црква ќе го признава патријархот на Српската православна црква како врховен поглавар на Православната црква. Единството на православната црква го репрезентира патријархот.

8. Правата и односите меѓу патријархот на Српската православна црква и Македонската православна црква ќе бидат утврдени со посебен договор.

9. Овој црковно–народен собор, по изборот на митрополит и епархиски архијереи, ќе ја продолжи својата работа како прв законодавен и уредбодавен редовен собор на Македонската митрополија.

10. За хиротонија на избраните архијереи и за преговори, односно склучување договор со Српската црква, се овластува Митрополитскиот соборно – управен одбор.[17]

По донесувањето на одлуката за обнова на Охридската архиепископија делегатите и гостите на Соборот се пристапило кон избор на поглаварот на Македонската православна црква, односно на архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски (како што тогаш била официјалната титула на поглаварот на Македонската православна црква, којашто ќе ја носи сѐ до прогласувањето на автокефалноста во 1967 година), како и на епархиските архијереи. Претседателот на кандидатската комисија свештеникот Боро Станковски ги предложил кандидатите за избор на прв македонски митрополит и ги прочитал нивните биографии. По гласањето било утврдено дека за прв македонски митрополит е избран дотогашниот топлички епископ господин Доситеј.[18] По изборот посебна соборска делегација го вовела митрополитот Доситеј во црквата Света Софија каде што поглаварот на Македонската православна црква се обратил до соборјаните. На 5 октомври било извршено свеченото устоличување на првиот македонски митрополит Доситеј во црквата Свети Климент. Потоа, следувала заклетвата што ја прочитал архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски Доситеј.[19]

По востоличувањето на поглаварот на Македонската православна црква соборјаните повторно се собрале во црквата Света Софија за да ги изберат архијереите на Преспанско-битолската и Злетовско-стру-

[17] Гласник на МПЦ 1959, I/1, Историски собор.

[18] Ibidem Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1065; Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски..., 58 – 65

[19] Текстот на заклетвата гласел: „Јас, Доситеј избран и востоличен митрополит македонски се заколнувам на семожниот Бог дека на својата татковина и на народните власти ќе им бидам верен и предан, ќе го почитувам и чувам црковниот устав, ќе ја чувам чистотата на православната црква, каноните и прописите, а посебно ќе ја почитувам Македонската православна црква во сѐ, па и во своите дела и постапки ќе се раководам само за доброто и интересите на нашата Света црква и татковина. Нека ми помогне сезнајниот Бог, Пресвета Богородица, светите словенски апостоли Кирил и Методиј и свети Климент и Наум Охридски ". (Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски..., 65–70. )

мичката епархија. Со тајно гласање за преспанско-битолски епископ бил избран Никола Трајковски со 191 глас, а за злетовско-струмички протосингелот бил избран Наум (Томо Димовски) со 139 гласа.[20]

По изборот на архијереите претседателот на Извршниот совет на НР Македонија Страхил Гигов приредил свечен прием за сите членови на Соборот. На 6 октомври 1958 година под раководство на архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски Доситеј Соборот ја продолжил работата со разгледување на Предлог - уставот на Македонската православна црква. Од името на комисијата за Уставот свештеникот Кирил Стојанов поднел писмено образложение. По дискусијата Уставот на Македонската православна црква едногласно бил донесен. Потоа, следело конституирање на Митрополитскиот управен одбор, Митрополитскиот црковно–судски совет и Митрополитскиот црковно–просветен совет со избор на нивните членови со што Соборот ја завршил својата работа.[21]

Соборските одлуки предизвикале интерес кај печатот од соседните земји, како и кај странските новински агенции. „Танјуг“ го пренел пишувањето на грчката „Вима“ дека „...со изборот на Доситеј во последен момент е избегната опасноста од остварување на бугарските аспирации во оваа српска област“. „Вима“ пишувала дека Доситеј ѝ припаѓал на Белградската ерархија што било одлучувачко Македонската црква да биде потчинета на Српската патријаршија. „Ројтер“ на 10 октомври јавил дека православното свештенство во Македонија образувало полунезависна Православна црква со владина поддршка која останала во канонско единство со Српската црква.[22] Кратко по Соборот од Охрид на соборските одлуки се осврнал и весникот „Македонска трибуна“ со натписот „Уште еден доказ за србизација на Македонија“. Весникот ја цитирал статијата на американско-канадскиот епископ Дионисиј за „Глас канадских Срба“ каде епископот го поздравувал потегот на патријархот за обнова на Охридската архиепископија во рамките на Српската православна црква и под српскиот патријарх.[23]

[20] Поглаварот на Македонската православна црква Доситеј на 10 октомври во манастирот Света Богородица во село Побожје, Скопско, го замонашил Никола Трајковски и му го дал монашкото име Климент. На 12 октомври го произвел во чин ѓакон, а на 14 октомври во чин јеромонах. На 19. 10. 1958 година на литургија во црквата Свети Димитриј во Битола го ракоположил во архимандритски чин. Протосингелот Наум бил ракоположен за архимандрит на 12. 10. 1958 година. (Гласник на МПЦ, I/1, 1959)

[21] Гласник на МПЦ 1959, I/1, Историски собор.

[22] Архив на МАНУ, ф, Лазар Колишевски, к-45, Папка-2 Пишување на странскиот печат

[23] Ibidem Папка-3 Преглед на емигрантскиот печат

По завршувањето на Вториот црковно-народен собор, митрополитот македонски Доситеј со овластување од Митрополитскиот соборски управен одбор му се обратил на српскиот патријарх Герман со писмо во кое го информирал за донесените одлуки на Соборот во Охрид, дека тој е прифатен за врховен поглавар на Македонската православна црква и дека Македонската црква останува во канонско единство со Српската православна црква. Во писмото се барало и разрешување од викарната должност што дотогаш ја извршувал Доситеј. На писмото од страна на Српската православна црква немало никакви официјални реакции. Во Синодот очекувале да им биде доставен Уставот на МПЦ. По приемот на соборските материјали, патријархот ја известил Сојузната комисија за верски прашања, а материјалите биле доставени до сите архијереи на СПЦ. Одлуките на Вториот црковно–народен собор предизвикале најразлични реагирања помеѓу епископатот на Српската православна црква. Одредени епископи барале вонреден архијерејски собор на СПЦ и осуда на Соборот од Охрид. Во оваа група епископи спаѓале бањалучкиот владика Василиј, нишкиот владика Јован, загрепскиот Дамаскин и други. Но, преовладала онаа група која била против донесување на избрзани одлуки. Имено, бил донесен заклучок најнапред да се добијат официјалните материјали, а дури потоа да се носат определени одлуки.[24] Речиси, сите епископи во Србија коментирале дека со создавањето на Македонската православна црква се урива единството на СПЦ. Бањалучкиот епископ Василиј барал митрополитот Доситеј и епископите Климент и Наум да се изведат пред црковен суд и да се прогласат за расколници. Него го поддржувале тимочкиот епископ Емилијан, шабачкиот Симеон и рашко-призренскиот Павле.[25]

Патријархот Герман во разговор со секретарот на Сојузната комисија М. Дилпариќ рекол дека на Соборот во Охрид е прогласена самостојност и дека тоа што тој се споменува како заеднички поглавар не значи ништо. Патријархот бил незадоволен и од Уставот на Македонската православна црква којшто му бил испратен од митрополитот Доситеј.[26]

Во македонските политички кругови, пак, владеело задоволство од одржувањето и одлуките на Соборот. Обновувањето на Охридската

[24] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Нови проблеми у односима МПЦ са СПЦ.

[25] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/236

[26] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Разговор со патријархот Герман, 10. 11. 1958 година.

архиепископија се оценувало како голем политички успех, бидејќи се заокружувало македонското национално прашање.[27]

Но, по завршувањето на Соборот пред поглаварот и органите на Македонската православна црква стоел проблемот на заживувањето на нормален црковен живот. Тоа не можело да се стори сѐ додека не биле хиротонисани и двајцата избрани епископи. Токму заради тоа било јасно дека треба да се прават нови напори и да се изнаоѓаат нови форми за разбирање со Српската православна црква. Се разбира, ваквата состојба го упатувала раководството на Македонската православна црква на тесна соработка со државата.

Во Републичката комисија за верски прашања неколку месеци по доаѓањето на митрополитот Доситеј во Македонија и изборот за поглавар на МПЦ, оценувале дека тој има желба за одржување чести контакти со членовите на Комисијата, заради одредени консултации во решавање на проблемите и тешкотиите со кои се соочувал тој лично, но, и црквата во целина.[28] Освен тоа Синодот на МПЦ, со цел да се стабилизира црковната организација и за решавање на бројните наталожени прашања од организационен, материјален или кадровски карактер бил упатен да бара поддршка и помош од државата.[29] Во согласност со црковните канони хиротонијата на двајцата епископи можеле да ја извршат најмалку двајца православни архијереи. Во Репуб-

[27] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Записник са седнице Комисије за верска питања при Извршном већу НР. Македоније, одржана дана 28. 11. 1958 године.

[28] Државните органи само еден месец по одржувањето на Вториот црковно-народен собор констатираат дека отпочнале да дејствуваат определени струи коишто и претходно постоеле меѓу свештенството. „Имено, поголем број свештеници на еден или друг начин настојуваат да се додворат пред митрополитот Доситеј, да добијат подобра позиција кај него и да им наштетат на оние со кои не се трпат. Во оваа смисла особено активни се покажале протојереј Ѓоко Ангелковски со своето опкружување и Климе Малевски во Битола. Тие особено го напаѓаа протојерејот Нестор Поповски, додека Климе Малевски ја чека секоја прилика на еден или друг начин да го нападне владиката Наум, ова особено го прави пред владиката Климент, кој како што изгледа с¯ уште не може доволно добро да се снајде, а заради својата наивност склон е да потпаѓа под туѓи влијанија. Митрополитот Доситеј досега прилично ладно и резервирано ги прима овие работи и на еден или друг начин со својата смиреност настојува да ги помири духовите. Тој искажува задоволство од доброто држење на протојерејот Нестор, за кого вели дека е многу внимателен како кон митрополитот, така и во односот со другите свештеници. За него вели дека без оглед на тоа што му е познат односот на одредени свештеници, тој не појавил тенденција да ги озборува...". (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 32)

[29] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Некои нови проблеми во односите со Македонската православна црква 14. 3. 1962 година.

личката комисија за верски прашања сметале дека без оглед на дотогашното реагирање на епископатот на Српската православна црква би требало сериозно да се обмислат можностите и да се преземат соодветни мерки, со цел, да се дејствува врз епископите. Во оваа смисла сметале дека треба поактивно да се ангажираат Сојузната и републичките комисии за верски прашања како и да се обноват индивидуалните контакти со одредени архијереи на СПЦ.[30]

Заради ваквата состојба МПЦ морала да бара начин за нормализација на односите со СПЦ. Се сметало дека по тој пат би се створиле услови за хиротонија на новоизбраните епископи Климент и Наум, би се отстраниле сите проблеми, кои дотогаш постоеле, а би се нормализирале и односите со другите православни цркви.

Ова, се разбира, би имало и соодветен позитивен одраз и помеѓу македонското иселеништво. Во државно-партиските структури во Македонија се констатирало дека веднаш по прогласувањето на МПЦ биле покренати иницијативи за формирање на македонски црковни општини, со што добар дел од емиграцијата би се „ослободил од влијанието на ванчовистички и бугарски елементи а преку тоа би се засилило поврзувањето со нашата република и ФНРЈ“.[31]

[30] Во Републичката комисија за верски прашања биле правени повеќе нацрт-верзии за идните односи меѓу МПЦ и СПЦ. Во една анализа од крајот на ноември 1958 година се предвидувало во нормализирањето на односите да произлезат заемни права и обврски, така што патријархот на СПЦ спрема МПЦ би имал: „право преку митрополитот да општи со МПЦ; право да истапува во име на МПЦ пред останатите православни цркви (ова никако не би смеело да се однесува на македонските епархии во странство); право да врши канонски визитации на МПЦ; право преку извештаи да се запознава со проблемите на МПЦ; право да упатува посланија до свештениците и верниците (но, доколку истите бидат општи, а не такви кои ќе се однесуваат само до српските верници); право да учествува во хиротонија на нови епископи на МПЦ; право да биде од страна на македонскиот митрополит споменуван на богослужења. Правата, пак, на МПЦ би биле: „право на македонските архијереи да учествуваат при избор на нов патријарх...Овие права произлегуваат од оправданиот интерес за личноста на патријархот. Имено, ако тој е поглавар и ја презентира МПЦ, тогаш разбирливо е во неговиот избор да учествуваат претставници на МПЦ. ; Учеството на архијереите на МПЦ во Архијерејскиот собор на СПЦ да биде на следниот начин; Македонскиот митрополит да биде редовен член на Архијерејскиот собор, право на епископите да учествуваат во работата на Архијерејскиот собор во следните случаи: при избор на патријарх, при третирање на односите со други земји, при заземање ставови за односот со државата, при донесување на нормативни акти од општо значење за православието. Право на македонскиот митрополит да учествува со патријархот на СПЦ во сите преговори со претставниците на народната власт..., право на МПЦ да се снабдува со Свето миро од СПЦ“. (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 34-35)

[31] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Извештај за верската дејност и односите помеѓу црквата и државата во НР Македонија (1959)

# 4/ Односите на Македонската и Српската Православна Црква 1959-1967

## 4.1/ Одлуките на Соборот на СПЦ од 1959 година

За прашањето на Македонската православна црква во Сојузната комисија за верски прашања во декември 1958 година разговарале пакрачкиот епископ Емилијан и зворничко-тузланскиот епископ Лонгин. Епископот Емилијан во разговорот со секретарот на комисијата М. Дилпариќ рекол дека Синодот го добил писмото од митрополитот Доситеј со одлуките од Соборот и Уставот на МПЦ. Тие биле преведени на српско-хрватски јазик и испратени до сите епископи за мислење. Епископот истакнал дека ќе настојува да се изнајде решение кое ќе биде најдобро и за црквата и за државата. Епископот мислел дека и патријархот Герман ќе се заземе за најдобро можно решение по ова прашање, иако на патријархот прилично му сметале инсигниите кои ги носел митрополитот Доситеј, белата пана камилавка и двете панагии.[1]

За прашањето на Македонската православна црква, меѓу другото, во Сојузната комисија на 13.12.1958 година разговарал и зворничко-тузланскиот епископ Лонгин. Епископот го известил секретарот на комисијата дека му ја честитал славата на митрополитот Доситеј, а депешата ја упатил официјалната титула на митрополитот. Епископот бил оптимист во врска со решението за Македонската православна црква нагласувајќи дека „епископите се доволно паметни да видат дека за вакво решение зборуваат и надворешно-политичките причини“. За прашањето на МПЦ епископот Лонгин разговарал само со банатскиот епископ Висарион.[2]

На почетокот на 1959 година патријархот Герман во повеќе наврати во Сојузната комисија разговарал за верски прашања во врска со Македонската православна црква. Патријархот имал забелешки на по-

[1] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Забелешка о посети епископа пакрачког Емилијана, члана Синода СПЦ Савезној комисији за верска питања на дан 6. XII. 1958 године.

[2] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Забелешка о посети епископа зворничко-тузланског Лонгина, члана Синода СПЦ Савезној комисији за верска питања на дан 13. XII. 1958 године.

веќе членови на Уставот на МПЦ, а го потенцирал членот 41, кој според патријархот, ја дефинирал МПЦ како самостојна.[3]

На 5 март 1959 година Републичката комисијата за верски прашања го разгледувала прашањето за средување на односите меѓу Македонската и Српската православна црква. Претседателот Страхил Гигов ги информирал членовите на комисијата дека Српската православна црква имала повеќе примедби на Уставот и дека во врска со тоа прашање имал средба со митрополитот Доситеј. Митрополитот истакнал дека ќе упати писмо до патријархот Герман.[4]

На 10 март 1959 година архиепископот Доситеј испратил писмо до патријархот Герман и до Соборот во кое ги известува дека: „Според практиката во православието секој народ да има и своја национална црква и нашиот македонски народ извојувајќи ја својата национална слобода сакаше и сака да има и своја национална црковна организација... По опсежна и плодна дискусија на Црковно-народниот собор православните свештеници и верници едногласно ја изразиле желбата и волјата како од верски така и од државно-правни причини Македонската православна црква да остане во духовно-канонско единство со Српската православна црква, преку личноста на Неговата светост патријархот на Српската православна црква кој би бил патријарх и на Македонската православна црква. Ова наше тежнение дојде до израз и во Уставот на Македонската православна црква каде ова се истакнува на неколку места. Ние, навистина, сакаме да останеме во канонско единство со Српската православна црква. Тоа единство би се одржувало преку заедничкиот патријарх, но, така што ниту Српската православна црква да не се меша во внатрешните работи на Македонската православна црква, ниту, пак, Македонската православна црква да не се меша во внатрешните работи на Српската православна црква...Заради тоа се обраќаме до Светиот архијерејски собор на Српската православна црква со молба и уверување дека ќе бидеме правилно сфатени во нашите настојувања внатрешните работи на Македонската православна црква да се уредуваат со посебен устав. На крајот сметаме дека

[3] Во членот 41 од Уставот на МПЦ усвоен на Црковно-народниот собор одржан од 4 до 6 октомври 1958 година пишувало: „Митрополитот го репрезентира единството на Македонската православна црква како нејзин духовен поглавар и чувар на самостојноста и како таков управува со Македонската православна црква во чисто духовните работи самостојно и со Светиот синод. Тој ја претставува Митрополијата во однос на патријархот на Српската православна црква и Патријаршијата, во однос на другите православни цркви и другите вероисповеди т. е. како таков ги ужива сите почести кои му припаѓаат“. (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 61)

[4] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 2, Записник од седницата на Комисијата за верски прашања одржана на 5. III. 1959 година

потребата од единство е заради интересите на нашата света Православна црква, како и интересите на нашата државна заедница“. [5]

Пред започнување на заседанието на Соборот на СПЦ со дел од епископите во комисиите за верски прашања се воделе разговори за решавањето на прашањето на МПЦ. Некои од епископите Василиј, Јован и др. изразиле сомневање дека МПЦ би можела да послужи како база за бугарската пропаганда. Банатскиот епископ Висарион истакнал дека „во епископатот преовладува мислењето да не се оди на заострување на односите по ова прашање, ниту со државата ниту со МПЦ, нагласувајќи дека ќе му предложи на Соборот патријархот да ракоположи само еден од избраните епископи, кој ги исполнува сите канонски услови, а потоа митрополитот Доситеј и новоракоположениот епископ да извршат хиротонија на третиот епископ во МПЦ“.[6]

Очигледно, прашањето за хиротонија на избраните македонски епископи било тешко за епископатот на СПЦ. Особено неприфатлив бил избраниот злетовско-струмички епископ Наум, во чие ракополагање не сакале да учествуваат српските архијереи. Во еден разговор со секретарот на Сојузната комисија М. Дилпариќ од ноември 1958 година, патријархот Герман дури барал начин како да се избегне неговото или учеството на епископи на СПЦ и во хиротонијата на епископот Климент. Тој предлагал митрополитот Доситеј сам да го ракоположи Климент „ ...или, на некој начин во Скопје да се доведе крфскиот митрополит Методиј, па хиротонијата да ја изврши заедно со Доситеј“. Потоа Доситеј и Климент би го ракоположиле третиот избран епископ, односно Наум. Патријархот побарал ова размислување да остане доверливо.[7]

Непосредно пред започнувањето на Соборското заседание патријархот Герман се сретнал со претседателот на Сојузната комисија Д. Радосављевиќ. Патријархот истакнал дека до преземање на крајни мерки, мислејќи на осуда на Доситеј и на Соборот, не би дошло. Патријархот имал намера на Соборот да му предложи да се констатира постојната состојба во Македонија, но, и да побара измена на некои членови од Уставот на МПЦ, со цел, да се одржи единството со СПЦ, а сѐ со цел да се одобри хиротонијата на веќе избраните епископи. Патријархот заедно со една група на епископи составил предлог за решавање на прашањето на МПЦ, кој ќе го доставел до Соборот. Епископите Хризостом, Емилијан пакрачки, Висарион Никанор и Лонгин биле на него-

[5] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Препис писма Митрополита Доситеја Патријарху СПЦ

[6] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/241

[7] Ibidem, 236

ва страна подготвени за решение, додека митрополитот загрепски Дамаскин и нишкиот епископ Јован, рашко-призренскиот Павле и шумадискиот Валеријан ги оценувал за свои противници и опозиција во однос на решавање на прашањето.[8] На соборско заседание во 1959 година кое траело од 3 до 19 јуни архијереите на Српската православна црква морале да донесат одлука за официјалниот статус на Македонската православна црква. Прв чекор бил направен со изборот на митрополитот Доситеј за епархиски архијереј на скопската епархија. На предлог на патријархот Герман за епископ преспанско-битолски бил избран архимандритот Климент (Трајковски).[9]

На 5 јуни била одржана седница на законодавниот одбор во состав на дабро–босанскиот митрополит Нектариј, бачкиот епископ Никанор и браничкиот епископ Хризостом. На седницата биле поставени пет алтернативи за решавање на прашањето на МПЦ: 1) Да се осуди митрополитот Доситеј и Соборот да се прогласи за неканонски; 2) Целото прашање да се затвори со давање на автокефалност на МПЦ; 3) Давање на автономија; 4) Усвојување на постојната состојба со извесни промени во Уставот на МПЦ; 5) Да се одложи донесувањето на конечната одлука додека прашањето не се проучи подетално. Првата и петтата солуција од законодавниот одбор биле веднаш отфрлени и за нив не се распрaвало.

Законодавниот одбор овие предлози ги доставил до Епископската конференција на која преовладувале умерени ставови за изнаоѓање на конечно решение. За осуда на Соборот од Охрид се изјасниле само двајца епископи, захумско–херцеговачкиот Владислав и рашко–призренскиот Павле.[10]

Во извештајот испратен од Белград до Секретаријатот за внатрешни работи на Македонија се вели дека Македонската православна црква е завршена работа - факт и доколку епископите донесат неповолна одлука можат да ги влошат односите со државата. Групата на

[8] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 2, Извештај од 5. јуни 1959.

[9] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви-македонско црквено питање..., 167 Против изборот биле епископите шабачко-ваљевски Симеон (Станковиќ) и рашко-призренски Павле (Стојчевиќ). Голем отпор постоел кај еден дел од архиереите за хиротонијата на идните епископи во Македонија. Особено постоел отпор кон епископот Наум. Против неговата хиротонија се изјасниле седум епископи митрополитот загребски Дамаскин и епископите нишки Јован, тимочки Емилијан, бањалучки Василиј, захумско – херцеговачки Владислав, шабачки Симеон и сремски Макариј. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 2, Разговор со патријархот Герман. )

[10] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 2, Документ од 5 јуни 1959 година.

т.н. стари епископи „воздивнува и кука дека Српската црква пропаѓа". На другата страна биле патријархот и неколкумина епископи – Хризостом, Висарион, Никанор, Лонгин, Емилијан дури и Нектариј, кои работеле на пронаоѓање на некакво решение. Во прилог на изнаоѓање на решение, односно попуштање од страна на епископатот одел и фактот што непосредно пред Соборското заседание Сојузната верска комисија донела одлука СПЦ да добие дотација од вкупно 70 милиони динари, 30 милиони за редовните трошоци, 10 милиони за богословиите и 30 милиони за социјално осигурување.[11]

Конечното решение Соборот на СПЦ за Македонската православна црква го донел на 17 јуни 1959 година. Во одлуката на Соборот се вели: „Светиот архијерејски собор на Српската православна црква по разгледувањето на предметот по прашањето на настанатите црковни состојби во НР Македонија, под Архијерејски собор бр. 47/1958 и 6/1959 година Зап. 57 од 17/4 јуни 1959 година ја донесе следната одлука: Светиот архијерејски собор констатира дека: Скопската, Охридско–битолската и Злетовско–струмичката епархија на Црковно–народен собор одржан во Охрид од 4 до 6 октомври 1958 година се издвоиле во самостојна Македонска православна црква која се раководи според Уставот донесен на овој Собор, но, и натаму останува во канонско единство со Српската православна црква преку нејзиниот поглавар Неговата Светост патријархот на СПЦ".

Во одлуката Соборот препорачува да се променат 35 од вкупно 171 член од Уставот на Македонската православна црква. Во текстот на одлуката на Соборот стои:

„Раководејќи се од највисоките интереси на Црквата, државата и црковната икономија Светиот архијерејски собор го ополномоштува Неговата Светост патријархот на Српската православна црква да постапи по член 55 точка 4 од Уставот на Српската православна црква кога горните препораки ќе бидат прифатени;

– Митрополитите и епархиските архијереи на Македонската православна црква ќе учествуваат како членови на Изборниот собор во изборот на патријархот на Српската православна црква;

– Титулата и посебните обележја по член 52 точки 6 и 7 од Уставот на Македонската православна црква митрополитот македонски ќе ги носи на територијата на Македонската митрополија;

– Со оваа одлука престануваат да важат прописите од Уставот на Српската православна црква за епархиите и архијереите на територи-

[11] Архив на МАНУ, ф. Лазар Колишевски, к-45, Depeša DSU-FNRJ do DSU-NRM II Odelenju 06. 06. 1959 godine.

јата на НР Македонија".[12] Оваа одлука на 26 јуни 1959 година била доставена до Сојузната комисија за верски прашања и во неа детално се наброени забелешките кои Архијерејскиот собор ги имал за Уставот на Македонската православна црква.

По завршувањето на Соборот, патријархот Герман со членовите на Синодот бил примен од претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Д. Радосављевиќ. На средбата патријархот истакнал дека: „Светиот архијерејски собор вложил најголем напор илегалната состојба на црквата во Македонија да ја врати во нормала и да создаде канонски поредок. Тоа ни приближно не би го направил да не го имал предвид државниот интерес. Одевме во попуштање до крајни граници, ако и тие во Македонија сакаат канонски поредок, тие без збор ќе ги прифатат дадените примедби". Истовремено, митрополитот Доситеј бил примен од претседателот на Извршниот совет на НР Македонија, Љупчо Арсов, при што на митрополитот му била претставена одлуката на Соборот и забелешките што биле дадени на Уставот на МПЦ од Архијерејскиот собор на СПЦ. Арсов на крајот му рекол на митрополитот Доситеј дека во постојните услови не можел да се постигне посериозен компромис.[13] Митрополитскиот соборски управен одбор на Македонската православна црква на седница одржана на 2 и 3 јули 1959 година ја прифатил Одлуката со препораките на Светиот архијерејски собор на СПЦ, за што го известиле патријархот и Архијерејскиот собор.[14]

Веднаш по донесената одлука од страна на Соборот на Српската православна црква уследила посета на нејзина делегација на Македонија предводена од патријархот Герман со која требало заедно со поглаварот на Македонската православна црква, Доситеј, да ги хиротонисаат избраните епископи на Соборот во Охрид. Делегацијата во состав на српскиот патријарх Герман, бачкиот епископ Никанор, банатскиот Висарион и горно– карловачкиот Симеон, на 18 јули 1959 година пристигнала во Скопје. Тие биле во придружба на членови од Сојузната комисија за верски прашања. За време на оваа посета делегацијата на Српската православна црква била примена и од претседателот на

[12] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 44-52

[13] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/241

[14] Во писмото се наведува дека од Одлуката на Архијерејскиот собор на СПЦ се констатирало дека патријархот Герман заедно со членовите на Соборот ја оправдале вербата и ги исполниле очекувањата на македонското свештенство и верниците. Одлуката е оценета како акт со историско значење, со што се ставило крај на едно минато и се трасирале нови насоки и нови перспективи во односите на двете цркви. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Писмо до Њ. СВ. АЕМ Патријархот српски г. г. Герман и СВ. АРХ. Синод на СПЦ)

Собранието на НР Македонија Лазар Колишевски. На 19 јули била извршена хиротонија на архимандритот Климент, избран на Соборот во Охрид 1958 година за преспанско–битолски епископ. Чинот на хиротонијата го извршил патријархот Герман во сослужение на митрополитот Доситеј како поглавар на МПЦ и бачкиот епископ Никанор, во црквата Света Мина во Скопје.[15] Со хиротонијата на епископот Климент се исполниле канонските услови за самостојна хиротонија на епископот Наум, што се случило на 26 јули 1959 година во Штип. Хиротонијата ја извршиле митрополитот македонски Доситеј и епископот Климент.[16] Со тоа целосно и канонски бил конституиран Синодот на Македонската православна црква и таа започнала да функционира и да ги извршува поставените задачи во согласност со својот Устав. На 2 август 1959 година митрополитот македонски Доситеј на свечен начин извршил интронизација на преспанско–битолскиот епископ Климент во црквата Свети Димитриј во Битола.

На 17 септември 1959 година Републичката комисија за односи со верските заедници ја разгледала информацијата за хиротонија на епископите преспанско-битолски и злетовско-струмички. Информација за извршената хиротонија поднел секретарот на Комисијата Доне Илиевски, кој дал и појаснување за резултатите од посетата на патријархот Герман, како и за новата положба во која се нашла Македонската православна црква по хиротонијата на епископите. Претседателот на Комисијата С. Гигов истакнал дека хиротонијата претставува заокружување на црковното прашање. Тој сметал дека би требало да се сугерира пред црковните власти да се преземат мерки и да се пристапи кон подготовка на редовниот Собор на МПЦ на кој би се разгледувале препораките од СПЦ за промени во Уставот кои, пак, биле прифатени од Митрополитскиот управен одбор.[17]

Со хиротонијата на епископите Српската православна црква ја признала Македонската православна црква како посебен субјект, со што се сметало дека се надминале сите спорови меѓу двете цркви. Во македонското републичко раководство верувале дека Македонската православна црква би имала нормални односи и со другите православни цркви.[18]

---

15 Гласник на МПЦ 1959, I/5, 17 – 18; Милан Д. Јанковић, Op. cit. , . 509

16 Хиротонија на Неговото високо достоинство господин Наум во Штип, Гласник на МПЦ 1959 I/5.

17 Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 43

18 ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 2, Нови проблему у односу МПЦ – СПЦ, 18. 12. 1959.

Меѓутоа, развојот на настаните покажал дека афирмацијата, односно претставувањето на Македонската православна црква пред останатите православни цркви нема да оди така лесно како што очекувало политичкото раководство. Иако со одлуката од 1959 година Соборот на СПЦ ја признал Македонската православна црква, најверојатно, тоа било направено од страв од потполно осамостојување на Македонската црква, а оваа одлука била далеку од политиката на СПЦ кон Македонија и стремежите за враќање на предвоениот црковен поредок.

Во Комисијата за верски прашања оценувале дека одлуката за формирање на МПЦ ни оддалеку не била доволна за нејзина канонска легализација.[19]

## 4.2/ Црковните односи 1960-1965 година

Дел од препораките на Соборот на СПЦ за измена на Уставот на Македонската православна црква биле причина за нови недоразбирања во односите меѓу двете цркви. Државните органи се обидувале да воспостават почести контакти меѓу патријархот Герман и митрополитот Доситеј, но, резултатите не секогаш биле позитивни. Во основа проблемот лежел во забелешките што биле дадени од СПЦ во однос на одличјата кои ги носел митрополитот Доситеј како поглавар на МПЦ, кои биле неприфатливи за Српската црква. Одличјата на митрополитот, белата панакамилавка со брилијантен крст, а при богослужбите носењето на две панагии и крст кои биле одредени со членот 52 од Уставот на МПЦ, биле една од главните забелешки на СПЦ кон Уставот на Македонската православна црква.

Првиот поголем проблем настанал во мај 1960 година при устоличувањето на патријархот Герман во тронот на пеќските архиепископи. Митрополитот Доситеј се согласил да присуствува на устоличувањето под услов да носи бела панакамилавка и на свеченостите да му се одреди место, кое како поглавар на МПЦ му припаѓа по положба. Патријархот Герман, пак, ја известил Сојузната комисија за верски прашања дека митрополитот Доситеј не би требало да се појавува на устоличувањето со белата панакамилавка бидејќи со тоа би предизвикал незадоволство. На устоличувањето на 29 мај 1960 година не присуствувал митрополитот Доситеј по договор со Македонската комиси-

[19] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Некои нови проблеми во односите со Македонската православна црква.

ја за верски прашања, со цел да не дојде до непријатности поврзани со титулата и одличјата на митрополитот.[20]

Бидејќи во јуни 1960 година на редовниот Митрополитски собор не се расправало за препораките на Соборот на СПЦ, била формирана комисија за разгледување на Уставот на Македонската православна црква и дадените препораки од страна на Архијерејскиот собор на СПЦ. Претседател на комисијата бил преспанско-битолскиот епископ Климент. Комисијата ги разгледала препораките за измени на Уставот. Во образложението за нацрт-измените и дополнувањата на Уставот на МПЦ се наведува дека комисијата се раководела од желбата да се извршат што помали отстапувања од препораките на Светиот архијерејски собор на СПЦ. Не е прифатен текстот од препораките кои се однесувале на титулата и одличјата на митрополитот, членот 52 став 1 точки 6 и 7.[21] Во образложението се наведува дека македонскиот митрополит во претходните две години на многу јавни настапи се легитимирал со својата титула и со своите одличја, така што измените во овој поглед биле неприфатливи. Во записникот од заседанието на Синодската комисија одржано на 30.9.1960 година стои: „Комисијата опстојно го разгледа прашањето за звањето на митрополитот македонски и носењето на одличјата и застана на становиште да не се отстапува од Уставот на Македонската православна црква т.е. дека звањето и одличјата не можат од никого да му се оспорат".[22] Во меѓувреме Републичката комисија за верски прашања ги разгледувала препораките при што било констатирано дека: „препораките не беа ставени пред соборот во јуни оваа година[23] поради тоа што во меѓувреме усле-

[20] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 125; Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/249. Во Комисијата за верски прашања во Македонија биле незадоволни од односот на митрополитот Доситеј кај патријархот Герман. Во анализа од 1960 година се вели: „Имено, тој повеќе пати јавно го напаѓаше патријархот Герман (дека е непријател, дека не придонел за македонското црковно прашање дека не е за патријарх и т. н), во писмените контакти не секогаш со нужен респект се однесуваше, за новата 1960 година митрополитот Доситеј одбиваше во изјавата да се спомене СПЦ и Герман, во врска со одлуката на Архијерејскиот собор постојано негодуваше, често пати префрлуваше дека сме ја издале МПЦ и сл. Меѓу останатото ова придонесе и за тоа во јуни 1960 година на редовниот Митрополитски собор да не може да се изврши новелирање на Уставот на МПЦ ". (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-2, Средување на односите на МПЦ со СПЦ; Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 124-126)

[21] Во точките 6 и 7 од Уставот на МПЦ стоело: 6. „носи титула и сеословува со Ваше Блаженство 7. носи како особено црковно одличје: бела панакамилавка со брилијантен крст, а при богослужбите две панагии и крст ".

[22] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 95

[23] Се мисли на Митрополитскиот собор одржан на 16 и 17 јуни 1960 година.

ди нов текст на Одлуката што патријархот Герман ја достави до Македонската митрополија, со одредби кои не постоеја во Одлуката од минатата година. Патем, заради тоа што се наложија и нови измени и дополни и на крајот затоа што црквата не беше готова-припремена за нови измени. Особено, тешко падна ограничувањето на митрополитот во користењето на титулата и одличјата само во подрачјето на МПЦ".[24]

На крајот на годината на 21 и 22.12.1960 година Митрополитскиот собор под претседателство на митрополитот македонски Доситеј одржал вонредна седница на која како прва точка биле измените и дополненијата на Уставот на МПЦ. По прашањето на Уставот воведно образложение имал преспанско-битолскиот епископ Климент, а измените на текстот ги читал митрополитскиот секретар Нестор Поповски. Отворајќи ја дискусијата митрополитот Доситеј напомнал дека до овие измени дошло заради ускладување на Уставот со препораките на Архијерејскиот собор на Српската православна црква. Тој ја подвлекол потребата за зачувување на канонското единство со СПЦ. Предложениот Устав со мали дополнувања бил усвоен.[25] Републичката комисијата за верски прашања на 27.12.1960 година ја разгледала работата на Соборот, а претседателот на комисијата Мито Мицајков сметал дека со тоа конечно би се средиле односите меѓу двете цркви и прашањето би се тргнало од дневен ред. Тој ја информирал комисијата дека усвоениот Устав ќе биде доставен до патријархот Герман по разговорот што требало да се обави во Сојузната комисија. На седницата било договорено да се направат службени посети на Синодот на МПЦ, на патријархот, на Сојузната комисија и на Сојузниот извршен совет.[26]

Откако Уставот бил доставен до СПЦ, патријархот го известил Добривоје Радосављевиќ дека не знае како да постапи бидејќи сите препораки не биле прифатени. Тој сметал дека единството било зачу-

[24] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 169

[25] За време на воведното обраќање митрополитот Доситеј истакнал дека Српската православна црква е Мајка црква на Македонската православна црква. Овие зборови на митрополитот предизвикале одредено реагирање, така што при усвојувањето на Уставот неколкумина свештеници како Смиљан Поповски од Охрид, Нестор Поповски и други истакнале дека Мајка црква на МПЦ е само Охридската архиепископија, обновена 1958 година. На паузата митрополитот му се заблагодарил на Нестор Поповски што го извлекол од незгодата во која западнал не сакајќи. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Белешка о ванредном Сабору Македонске православне цркве одржаном 21 и 22 12 1960 године).

[26] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-2 Записник од седницата на Републичката комисија за верски прашања одржана на 27. 12. 1960 година)

вано и не сакал да се заострат односите. Радосављевиќ одговорил дека сите суштински приговори биле прифатени и заради општоцрковните и државни интереси би требало да дојде делегација на МПЦ во Белград, со што би бил ставен крај на проблемот.[27] Патријархот сметал дека со тоа е доведен во непријатна состојба, при што изразил стравување дека епископите ќе бараат објаснување - зошто извршил хиротонија на епископи на Македонската православна црква пред усвојување на препораките од Соборот на Српската православна црква.[28]

### 4.2.1/ Српската православна црква и македонското иселениште – Формирање на епархија во дијаспората

Освен проблемот со одличјата и титулата на поглаварот на МПЦ и прашањето за формирање на епархија на МПЦ било предмет на несогласување меѓу двете цркви во дијаспората. Една од забелешките на СПЦ за Уставот на Македонската православна црква бил и членот 12 каде се зборувало за формирање на посебни епархии за православните верници – Македонци во странство. СПЦ во препораките за измена на Уставот барала да може да се формираат епархии во странство по претходна согласност на патријархот. Во врска со оваа забелешка се водела опстојна дискусија. Повеќето од членовите на Синодската комисија за разгледување на препораките од СПЦ биле против прифаќање на забелешката. Но, во Републичката комисија сметале дека оваа забелешка на СПЦ треба да се прифати заради нормализација на односите меѓу црквите сметајќи дека и Сојузната комисија би се заложила да му објасни на патријархот кога би се поставило прашањето за основање на епархија во дијаспората.[29]

Веднаш по целосното конституирање на Македонската православна црква започнале да пристигнуваат иницијативи од македонски-

[27] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/253-54

[28] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 4, Информација од 29. 3. 1966 година.

[29] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 171 членот 12 од Уставот на МПЦ усвоен на Соборот во Охрид 1958 гласел: „Освен наброените епархии можат да се организираат и посебни епархии за православните верници – Македонци во странство, каде што за тоа има услови (во Америка, Канада, Австралија)“. Во препораките од СПЦ стоело: Член 12 во кој се зборува за основа на нови епархии во странство по зборовите „може да се“ да се додаде по „претходна согласност на патријархот“. Забелешките на СПЦ биле прифатени на Соборот одржан во декември 1960 година.

те иселеници за формирање на македонски црковни општини. Токму црквите и црковните општини играле значајна улога среде македонското иселеништво, а во тоа се состоело и посебното значење на Македонската православна црква и нејзиното влијание помеѓу иселеништвото. Во рамките на овие црковни општини се одвивал, речиси, целиот културно–просветен, па и политички живот на иселеништвото.[30] Најголемиот дел од македонското иселеништво позитивно го примил формирањето на Македонската православна црква, бидејќи прашањето за самостојна црква било сметано за неразделив дел од македонскиот национален идентитет. Поради ова Македонската православна црква се обидувала во рамките на своите можности поорганизирано да дејствува за прифаќање на иницијативите за формирање на македонски црковни општини, а се обидувала и да го активира иселеништвото секаде каде што постоеле услови за тоа. Се разбира, дека оваа активност подразбирала големи финансиски средства што Македонската православна црква ги немала.[31]

Прв осветен храм надвор од Македонија, од македонски епископ бил храмот Свети Георги во Мелбурн, Австралија. Во август 1960 година храмот го осветил злетовско–струмичкиот епископ Наум.[32] Покрај настојувањето на грчката и бугарската црква и на дипломатските претставништва кои вршеле притисок на македонското иселеништво, особено на оние по потекло од Егејска Македонија, македонската црква во Мелбурн за брзо време успеала во своите редови да привлече голем дел од македонското иселеништво. По осветувањето на црквата во Мелбурн во повеќе места низ Австралија каде имало македонски колонии се јавил интерес за формирање на македонски црковни општини, како што биле Сиднеј, Перт, Аделаид и други места. Во Њукастл близу Сиднеј набрзо по осветувањето на црквата во Мелбурн била купена и локација за изградба на црква.

Во почетокот на 1961 година била формирана и регистрирана пред американските власти Македонската православна црковна општина во Гери – Индијана, САД, а на нивно барање истата година бил испратен и свештеникот Спиро Атанасовски од Македонија. Во март 1961 година митрополитот Доситеј го известил патријархот Герман за поставувањето на протојерејот Спиро Атанасовски во Гери. Патријархот бил незадоволен и му одговорил на митрополитот дека овој

[30] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Македонски иселеници и православна црква, 24. 11. 1958 година.

[31] ДАРМ, ф. Извршен совет, 159. 109. 36/688 – 698, Извештај за работата на Републичката комисија за верски прашања, 20. 2. 1963 година.

[32] Славе Николовски – Катин, Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД, Скопје 1991, 45.

случај би можел да предизвика несакани последици и побарал во иднина да има претходен договор со консултирање на државните органи. На крајот на март патријархот му испратил писмо на американско-канадскиот епископ Дионисиј за мислење по повод поставувањето на македонскиот свештеник во Гери. Епископот Дионисиј одговорил дека е против доаѓањето на свештеникот Атанасовски, „дека доаѓањето на свештеникот и создавање на парохија и општина на т.н. МПЦ значи делење на српската парохија и општина што е спротивно на интересите на СПЦ“.[33] По подготовките во октомври 1962 година започнала изградбата на црквата „Свети Петар и Павле“ во градот Гери. Црквата била осветена на 12 јули 1963 година од поглаварот на МПЦ.[34]

Во август 1962 година била формирана и Македонска црковна општина во Торонто, Канада каде на повик на иселениците престојувала и делегација на Македонската православна црква.[35] По пребродувањето на почетните тешкотии од бројната македонска колонија во Торонто биле собрани над 100.000 долари и била купена погодна локација во центарот на Торонто, по што започнала изградбата. На 18 април 1965 година македонската црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто била осветена од митрополитот Доситеј.

Пред поаѓањето за САД и Канада митрополитот Доситеј на 13 април 1965 година телефонски го известил патријархот дека на повик на македонските иселеници делегација на Македонската православна црква[36] заминува за Северна Америка, со цел да ги осветат новоизградените цркви. На информацијата патријархот Герман реагирал остро, напоменувајќи дека тоа е неканонски бидејќи таму постојат епархии и архијереи на СПЦ. Патријархот го предупредил митрополитот Доситеј дека сето тоа може да има тешки последици и по канонците, и би можел да биде повикан на одговорност.[37] Во рамките на посетата на

[33] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/251; Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 184-185

[34] Александар Трајановски, Возобновувањето на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, Скопје, 2008, 436-445

[35] Делегацијата на МПЦ предводена од епископот Наум престојувала во Канада од 28 јули до 15 септември 1962 година. („Нова Македонија“ 30. 9. 1962 година)

[36] Во делегацијата покрај митрополитот Доситеј биле и епископот Наум, протојерејот Нестор Поповски и јерођаконот Кирил.

[37] На крајот од разговорот Доситеј го прашал патријархот што би сакал да му донесе од патот во Америка. На ова патријархот двапати подвлекол: „Од тебе барам да ми донесеш само единство“. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 10, Белешка о разговору митрополита македонског Доситеја са патријархом Германом, дана 13. IV. 1965 године).

САД и Канада на делегацијата на Синодот на Македонската православна црква била осветена и црквата во Коломбос – Охајо, САД.[38]

Веднаш по враќањето на делегацијата на МПЦ од Америка во Републичката комисија за верски прашања била составена информација во која меѓу другото се вели: „Резултатите од овие посети можат позитивно да се оценат... Ова е толку позначајно бидејќи на овој пат е остварен значаен успех во навлегувањето и опфаќањето на нашето позитивно иселеништво во македонските црковни општини, а со тоа и нивно тесно поврзување со Македонската митрополија во Скопје и нашата земја. Ова претставува натамошно потиснување, односно ослободување на нашето иселеништво од влијанието на михајловистичката МПО. Создавањето на црковните општини претставува успех бидејќи голем дел од сонародниците се оттргнуваат од бугарските цркви под контрола на МПО, грчките и другите цркви и се вклучуваат под јурисдикција на Македонската православна црква... “. Во заклучокот од информацијата се наведува дека Синодот на МПЦ би морал посериозно да се зафати со формирање на епархија во странство, а како посебна точка е нотирана и потребата да се инсистира патријархот Герман и СПЦ „конечно да го изменат гледањето кон МПЦ во странство и да не прават пречки и тешкотии“.[39]

За релативно краток период од 1958 година па до прогласувањето на автокефалноста, се покажало колку е значајна Македонската православна црква и како верска, но и како национална институција за македонското иселеништво. Токму затоа и се размислувало за формирање на македонска православна епархија во странство која би била надлежна за македонското иселеништво, но, за ова имало крајно негативни реакции од Српската православна црква, која сметала дека Македонците во странство треба да се подредени на постојните српски цркви, бидејќи Македонската православна црква била во канонско единство со српската.[40] Иако во основа Српската православна црква воопшто не била засегната од формирањето на оваа епархија, бидејќи се работело за македонска емиграција, која, речиси, воопшто немала контакти со Српската црква во странство, сепак, во нејзините кругови владеело негативно расположение за ова прашање.

Иако акциите на Македонската православна црква сред македонското иселеништво не биле официјално спречувани, сепак, патри-

[38] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 101. 12/166 - 181, Мишљење за коначно сређивање статуса Македонске православне цркве, 29. 1. 1964 године; Славе Николовски – Катин, Op. cit. , 111 – 133.

[39] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 10 Информација за посетата на делагацијата на МПЦ на Канада и САД , 2. VI. 1965 година.

[40] ДАРМ, ф. Извршен совет, 159. 109. 36/688 – 698, Извештај од 20. 2. 1963 година.

јархот Герман изразувал јавно негодување. Ова особено се чувствувало кога Македонската православна црква требало да испрати делегации или свои свештеници во странство. Иако со Уставот на МПЦ не било пропишано, сепак, митрополитот Доситеј како израз на добра волја и желба за разбирање и соработка редовно го консултирал патријархот Герман. Меѓутоа, често пати добивал одговори дека Македонската православна црква во странство треба да се потчини на постојните српски цркви.[41] Основањето на македонски цркви во дијаспората не останало незабележано од Цариградската патријаршија. Во февруари 1961 година цариградскиот патријарх Атинагора со писмо се обратил до патријархот Герман и барал објаснување за осветувањето на црквата „Св Горѓи" во Мелбурн. Патријархот Атинагора реагирал затоа што верниците претходно припаѓале под јурисдикција на Грчката архиепископија за Австралија и Нов Зеланд. Патријархот Герман по претходна консултација со Сојузната комисија за верски прашања на 31 мај одговорил на писмото на цариградскиот патријарх. Во него патријархот известил за желбите и барањата на верниците од Македонија покрај признаената националност и автономно републичко уредување да им се признае и црковна автономија во 1959 година. Патријархот во писмото навел дека „...на чело на МПЦ е нејзиниот митрополит и таа во поглед на уредувањето и управувањето потполно е автономна, но, во канонски поглед е во единство со СПЦ преку нејзиниот патријарх кој е врховен поглавар на Македонската православна црква".[42]

### 4.2.2/ Односот на сојузните и републичките власти кон македонско-српските црковни односи

Сакајќи да дојде до целосно средување на односите меѓу Македонската и Српската православна црква, републичките органи во Македонија често пати изразувале незадоволство од односот на митрополитот Доситеј кон патријархот Герман, како и од неговиот однос кон свештениците кои властите ги сметале за лојални. Како што властите во Македонија не биле целосно задоволни од односот на митрополитот Доситеј и тој искажувал одредено незадоволство, па тоа и јавно го истакнувал пред секретарот на Сојузната комисија.[43] Некои

[41] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 101. 12/166 – 181

[42] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонскатат православна црква..., 154

[43] Во 1961 година претседателот на Комисијата за верски прашања во Македонија Мито Мицајков разговарал со митрополитот Доситеј, за неговиот однос кон држава-

свештеници му забележувале на митрополитот зошто им ветувал на свештеници од Србија дека ќе ги прими во редовите на Македонската православна црква.[44]

Митрополитот Доситеј пред државните органи во Македонија во текот на 1961 година неколкупати изразувал желба да го посети Белград и Патријаршијата. До посетата дошло на почетокот на 1962 година. Митрополитот Доситеј заминал во Белград со секретарот Нестор Поповски, а во име на патријархот Герман во Белград ги пречекал викарниот епископ моравички Сава (Вуковиќ) и претставници од Сојузната комисија за верски прашања. Митрополитот забележал дека во Патријаршијата бил воведен на споредниот влез. При посетата на Сремски Карловци не бил пречекан од епархискиот архијереј Макариј (Ѓорѓевиќ). Митрополитот бил задоволен од приемот кај бачкиот епископ Никанор (Иличиќ) и кај жичкиот епископ д-р Василиј (Костиќ).

За време на посетата дошло до инцидент по кој митрополитот сакал да се врати во Скопје. Патријархот при обиколката на Сремски Карловци и Нови Сад се појавил без крст на камилавката, при што било побарано и од митрополитот да го симне крстот. За ова Доситеј остро реагирал кај секретарот на Комисијата за верски прашања на Македонија, Д. Илиевски. Патријархот истакнал дека двајцата не можат да бидат патријарси. Сепак, митрополитот ги примал сугестиите од опкружувањето, патријархот да оди како што смета за потребно, а Доситеј да оди онака како што дошол во Белград.

Митрополитот бил незадоволен затоа што патријархот избегнувал да разговара со него „во четири очи“ туку кога бил повикан кај па-

та, кон патријархот Герман и кон свештенството. Во тезите за разговорот меѓу другото стои: „Во односот со државата често внесува сомнеж, негодува, одредени работи ги толкува како акт на државата насочени против неговата личност. Често ги напаѓа и највисоките државни раководители. Често и нескриено изразува сомнеж дека го шпионираат, дека на него внимаваат. Односот со Герман е неправилен. Не само што во овие односи не сакше да ги сфати потребите и користа од една општојугословенска политика туку не сакаше да го почитува и она што со Уставот на МПЦ беше пропишано. Најбезобзирно го напаѓаше Герман...Доситеј пројави тенденција за ограничување и потиснување на лојалните свештеници, оние врз кои почиваше дотогашната црковна организација. Ги напаѓа за шпионирање. Тој започна да ги фаворизира оние кои беа со сомнително однесување и поранешни осуденици“. (Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Тезе за разговор са митрополитом Доситејом 1961 године).

[44] Свештениците Ѓорги Ангеловски, Боро Станковски и Климе Малевски му забележувале за митрополитот Доситеј дека сака да ја „србизира МПЦ“ со ветувањето на некои свештеници од Србија дека ќе ги прими во МПЦ. (Архив на МАНУ Ibidem, Белешке са разговора председника Републичке комисије М. Мицајкова и митрополита македонског Доситеја 25. 5. 1961 године).

тријархот на разговор на 7.2.1962 година, биле присутни сите членови на Синодот. На средбата членовите на Синодот го покренале прашањето за Уставот на МПЦ, односно побарале објаснување зошто не се внесени сите препораки на СПЦ. На прашањето митрополитот одговорил дека со одлуката на СПЦ од 1959 година прописите на СПЦ не важат на територијата на Македонската православна црква. Епископите имале приговори и на начинот на избор на епископи, како и за прашањето на инсигниите (одличјата). Патријархот негодувал и заради испраќањето на македонски свештеник во Гери - САД. Сепак, митрополитот Доситеј сметал дека со посетата се пробиени дотогашните пречки во односите со СПЦ, констатирајќи дека работите се смириле, при што не очекувал потешкотии во натамошните односи меѓу двете цркви. [45]

Иако одличјата на митрополитот (белата панакамилавка, брилијантниот крст кои по правило се одличја на поглавар на автокефална црква) се поставиле како проблем, сепак, ова прашање не претставувало основа на проблемот. Причината за конфликтот била подлабока. При една средба во Републичката комисија за верски прашања митрополитот Доситеј истакнал дека во разговор со бањалучкиот епископ Андреј (Фрушиќ) било истакнато дека во епископатот на СПЦ не се поставувале како проблем одличјата на македонскиот митрополит, тоа повеќе било прашање на „личните обзири“ на патријархот Герман, туку проблемот го сведувале на тоа дека „епископатот не можел да се помири со тоа патријархот на СПЦ да биде и патријарх на МПЦ“.[46] Всушност, основата на проблемот била во статусот на МПЦ.

Зборувајќи за посетата на митрополитот Доситеј во Сојузната комисија за верски прашања патријархот Герман истакнал дека таа била успешно завршена, но, сепак, не бил задоволен од Уставот на МПЦ. Државните органи биле задоволни од односот на патријархот при посетата на митрополитот Доситеј.[47] Претходно на 13 јануари 1962 година во Сојузната комисија за верски прашања се разговарало

---

[45] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 2 Белешке о посети митрополита македонског Доситеја Републичкој комисији за верска питања 23. 2. 1962 године. Претседателот на Комисијата Мицајков при разговорот со митрополитот Доситеј истакнал дека со посетата требало да се придонесе за понатамошна афирмација на МПЦ, да се создадат подобри услови за односите помеѓу црквите, преку контактите со епископите на СПЦ, особено со некои од оние кои се во опозиција во однос на прашањето на МПЦ и да се отстранат тешкотиите.

[46] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Белешка за разговорот со митрополитот Доситеј во Републичката комисија за верски прашања од 6. 10. 1964 година).

[47] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/257

за односите на МПЦ со СПЦ.[48] Во врска на односите меѓу двете цркви било заклучено:

„– Пред СПЦ да се настапи со фактот дека МПЦ постои и живее самостоен црковен живот.

– Во сите контакти со претставниците на СПЦ, а, со цел, потполно нормализирање на односите да не се прават никакви компромиси кои ја допираат самостојноста на МПЦ. Посебно беше подвлечено дека обележјата и титулата се дел од самостојноста на МПЦ и како такви, тука не може да се прават никакви компромиси.

– Беше констатирано дека се направени повеќе чекори кои придонесуваат за афирмација на МПЦ. Меѓутоа, сепак, ова значи пролонгирање на прашањата за потполно легализирање на МПЦ пред другите цркви. Понатаму беше заклучено: Да се преземат мерки и сѐ да се направи за да може Архијерејскиот собор на СПЦ да донесе декларација со која би се објавила легалноста на постоењето на МПЦ, така што со таа декларација да се запознаат и сите помесни цркви“.[49]

По донесенените заклучоци во Сојузната комисија за верски прашања, во март 1962 година во Републичката комисија во Македонија била направена анализа за развојот и дејствувањето на МПЦ. Посетата на митрополитот Доситеј на Српската православна црква од почетокот на годината се очекувало дека ќе придонесе за натамошно подобрување на односите меѓу двете цркви и нивно потполно нормализирање. Но, во Комисијата биле свесни дека претстоеле низа активности кои требало да придонесат за натамошно развивање на добрите односи меѓу црквите и за целосната канонска легализација на Македонската православна црква, преку донесување на посебна декларација на Архијерејскиот собор на СПЦ. Меѓу заклучоците на Комисијата се потенцирало, во случај на доаѓање на рускиот или цариградскиот патријарх во Југославија, да се побара од патријархот Герман, да ја посети и Македонската православна црква.

Во заклучоците на Комисијата меѓу друго стоело: „наскоро да биде поканет во посета и одмор на МПЦ патријархот Герман, за што би требало да бидат преземени сериозни подготовки. Преку посетата да дојде до израз вниманието и вистинската почит на МПЦ кон него како кон признат патријарх и на МПЦ; Да се настојува да дојдат во посета на МПЦ и некои од епископите на СПЦ; Во рамките на Уставот на МПЦ на соодветен начин да се информира патријархот Герман за не-

[48] На состанокот присуствувале: Д. Радосављевиќ, претседател на Сојузната комисија, М. Мицајков претседател на Комисијата за верски прашања во НРМ, Мато Радуловиќ, Милоје Дилпариќ, Доне Илиевски и Крсто Лековиќ.

[49] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 185

кои поважни работи од животот на МПЦ, со што би се избегнувале непотребните примедби и приговори“.[50]

На почетокот на април 1962 година, Републичката комисија за верски прашања одржала седница на која, меѓу другото, повторно една од точките било прашањето за односите со МПЦ, како и релацијата Македонска и Српска православна црква. Претседателот на Комисијата, Мицајков истакнал дека бил постигнат успех во осамостојувањето на МПЦ и решавањето на македонското црковно прашање, со што, според него, бил постигнат и политички успех и ефект. Била истакната потребата од „будно следење на работата на МПЦ од страна на сите фактори... Овде ние треба да ги поставиме односите држава-црква, а треба да укажеме на сите мерки и активности кои се правилни за нашата заедница. Ние треба да имаме збор во решавањето на односите меѓу МПЦ и СПЦ каде веќе има извесни почетоци во остварување на овие контакти. Меѓутоа, постојат и некои недорасчистени работи“.[51]

Во контекст на средување на односите меѓу двете цркви и заклучоците на Комисијата за верски прашања од март, била посетата на рускиот патријарх Алексиј во мај 1962 година. Тој придружуван од повеќечлена делегација на Руската православна црква во чиј состав имало и двајца епископи, заедно со српскиот патријарх Герман и неколку епископи на Српската православна црква го посетиле Охрид.[52] При

[50] Во Комисијата сметале дека во однос на Македонската православна црква државата би требало да пројавува интерес само за општи работи, особено за работи кои претставуваат поширок интерес и за политиката на државата. Според нив тоа можело да бидат следните работи: “За проблемите во врска со МПЦ во странство ...државата треба да пројавува непосреден и перманентен интерес; За натамошните односи со СПЦ и нивното усклaдување, како од аспект на општите интереси така и заради одразот на МПЦ во странство; за учество на претставници на МПЦ во разни делегации што одат во странство; Надзор над правилната реализација на долгорочната дотација и увид во користењето на редовната дотација; Да се настојува да се продолжи практиката на увид во работата (особено тие надвод од службениот дел) што се објавуваат во службениот весник на МПЦ;...По прашањето на кандидати за избор на нови епископи да се инсистира на целосно и бескомпромисно договарање согласност (со право на вето од наша страна). Ова било некогаш, но и денес е во сите цркви, а посебно е познато во СПЦ...” (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9 Некои нови проблеми во односите со Македонската православна црква 14. 03. 1962)

[51] Во врска со дејствувањето на црквата сред македонското иселеништво Мицајков напоменал дека „во наш интерес е преку собирање на нашите иселеници ние да ги одвоиме од реакционерните секти кои влијаат на нив како што се ванчомихајловисти, бугарофили, гркомани и др. Ова е доста деликатна задача која треба сестрано да биде разгледана од наша страна“. (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 182-183)

[52] Покрај патријархот, во делегацијата на Српската православна црква биле и митрополитот загрепски д-р Дамаскин (Граданички) и епископот банатски Висарион

оваа посета на празникот на словенските просветители Свети Кирил и Методиј во Охрид била одржана и заедничка служба во која учествувале рускиот патријарх Алексиј, српскиот Герман и архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски Доситеј. Во Верската комисија во Македонија особено биле задоволни од оваа посета, како заради контактите што биле остварени со поглаварот на Руската православна црква, уште повеќе заради односот на митрополитот Дамаскин и на патријархот Герман кој одржал афирмативен говор за МПЦ. Во Комисијата оцениле дека Македонската православна црква се здобила со нова афирмација на надворешен план, што би можело да влијае на односите со другите православни цркви во источните земји.

По оваа посета во Македонија се очекувало и потполно нормализирање на односите со СПЦ „и потполна канонска легализација на Македонската православна црква“.[53] Всушност, ова било и прво сослужување на поглаварот на Македонската православна црква со поглавари на други православни цркви.

На почетокот на септември 1962 година патријархот Герман бил гостин на митрополитот Доситеј. За време на посетата бил примен од Љупчо Арсов и Александар Грличков.[54] Кон крајот на 1962 година прашањето на МПЦ како од Српската црква, а делумно и од државните органи било ставено по страна бидејќи се актуелизирало прашањето на американско-канадскиот епископ Дионисиј (Миливојевиќ). Сепак, прашањето за конечното средување на односите на двете цркви и канонската легализација на Македонската православна црква, било поставено на почетокот на 1963 година од страна на Комисијата за верски прашања во Македонија. Во Комисијата констатирале дека Соборот на своето редовно заседание во 1962 година не донел декларација за признавање на МПЦ, со која подоцна би биле запознаени останатите православни цркви. Причината се барала во некои формалин пречки, во одличјата на митрополитот, односно во белата панакамилафка. Заради несогласувања со одличјата, митрополитот Доситеј не бил во делегацијата на Српската православна црква која во октомври 1962 година ја посетила Романската православна црква. Во делегацијата на СПЦ бил злетовско-струмичкиот епископ Наум. Заради ваквите односи се констатирало дека биле потребни понатамошни настојувања за целосна нормализација на односите со СПЦ, односно прецизирање на

(Костиќ). Покрај нив во Охрид допатувале и Милан Смиљаниќ претседател на Сојузот на здруженијата на православни свештеници и секретарот на Сојузната комисија за верски прашања, Милоје Дилпариќ.

[53] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Информација за престојот и посетата на патријархот московски и на цела Русија, Алексиј. 30. 5. 1962 година.

[54] Радмила Радић, Држава и верске заједнице, II/258

статусот на патријархот Герман кон МПЦ, како и односот на Македонската православна црква кон другите цркви.[55]

До нови проблеми во односите меѓу двете цркви дошло летото 1963 година по повод заминувањето на делегација на Света Гора за илјадагодишнината од нејзиното постоење. Првично, во делегацијата на СПЦ требало да биде епископот Климент. По интервенција од македонска страна патријархот Герман се согласил во делегацијата да дојде митрополитот Доситеј, но, под услов да не ги носи одличјата кои не биле прифатливи за СПЦ. Митрополитот Доситеј го прифатил условот, но бил незадоволен од односот на патријархот кон него.[56]

На 18 декември 1963 година во Сојузната комисија повторно се разговарало за односите меѓу МПЦ и СПЦ.[57] Разговорот бил иницириан заради изнаоѓање на решение за прашањето на Македонската православна црква, нормализација на односите со СПЦ и легализирање на МПЦ пред другите цркви. Претседателот на републичката комисија Боро Чаушев ги образложил прашањата за легализација на МПЦ. Тој истакнал дека биле усвоени сите препораки на СПЦ, освен промената на членот 52 од Уставот на МПЦ, кои се однесувале на одличјата и титулата на митрополитот македонски. Чаушев се осврнал и на прашањето за формирање на епархија на МПЦ во странство. Од страна на М. Радуловиќ и М. Марковиќ било истакнато дека е подобро работата да се пролонгира, односно дека не било поволно да се покренува прашањето на МПЦ, кога Српската православна црква преживувала внатрешна криза, мислејќи на проблемите со епископот Дионисиј во Америка, бидејќи тоа би можело да има негативни последици врз СПЦ.

Во разговорот претседателот на Републичката комисија за верски прашања Боро Чаушев приговорил против недогледното пролонгирање на прашањето. На крајот од разговорот било заклучено: „1. Да се истапи со нов материјал пред СПЦ (дека Уставот ќе се усогласи освен по прашањето на инсигниите). Како услов да се постави барање за неодложно легализирање на МПЦ пред другите цркви од страна на СПЦ. Доколку се наиде на непремостливо неразбирање кај СПЦ во однос на инсигниите, тогаш повторно да се преиспита ставот и по можност да се оди на компромис (што би значело отстапување од ставот од 13.1.1962 година). 2. Да се настојува патријархот да даде согласност за епархијата на МПЦ во странство. 3. Повторно да се усогласи Уставот

[55] ДАРМ. ф. Извршен совет на НРМ 1. 159. 109. 36/688-698

[56] Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 95

[57] Во разговорите учествувале претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Мома Марковиќ, потпретседателот Мато Радуловиќ, претседателот на Републичката комисија за верски прашања на СРМ Боро Чаушев и секретарот Доне Илиевски.

на МПЦ со препораките од 1959 година за да се одбегнат формалните приговори. 4. Од СПЦ да се бара од Уставот на СПЦ да се избришат епархиите на МПЦ, бидејќи не можат повеќе да се третираат како дел од СПЦ". Во разговорот се поставило и прашањето за рамноправно учество на епископите на МПЦ во изборот на Патријархот на СПЦ и МПЦ.[58]

На почетокот на 1964 година во Републичката комисија за верски прашања во Македонија повторно ги анализирале односите меѓу СПЦ и МПЦ и конечното средување на статусот на Македонскта православна црква. Во Комисијата размислувале за модификација на членот 52 од Уставот на МПЦ.[59] Реализацијата на предложените измени и дополненија на Уставот на МПЦ според анализата во Републичката комисија требало да бидат условени со соодветни потези на епископатот на СПЦ кои биле таксативно наброени: „а. Со донесување на одлука на Архијерејскиот собор на СПЦ која по пат на грамота, мировно писмо, декларација или на друг начин би била упатена до сите православни цркви. Со ова би се легализирало постоењето на МПЦ, во заедница со останатите цркви, подоцна и нејзиното признавање од страна на останатите цркви. б. Патријархот Герман би требало да даде согласност (во смисла на членот 12 од Уставот на МПЦ) за основање на епархија на МПЦ во странство. в. Во Уставот на СПЦ треба да се избришат одредбите со кои епархиите на МПЦ се третираат како дел од СПЦ (членот 14 точките 13,16,19 и последниот став). г. Да се внесе одредба во Уставот на СПЦ по која патријархот би се третирал како патријарх српски и македонски. д. Треба да се среди прашањето за евентуално учество на МПЦ во изборот на патријархот на начин како што е уредено за СПЦ". Во анализата се констатира дека би требало да се обезбеди гаранција од СПЦ дека ќе истапи со декларација или друг соодветен начин пред другите православни цркви, за целосна легализација на Македонската православна црква, бидејќи „без ваква гаранција не би имало смисла да се вршат измени во Уставот на МПЦ".[60] Оваа анализа била дел од работните материјали кои се разгледувале на седницата на Комисијата за верски прашања на 21 јануари 1964 годи-

---

[58] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 186

[59] Според предлогот точката 6 од членот 52 на Уставот требало да гласи: „носи како особено црковно одличје по правило бела панакамилавка со брилијантен крст". Со измените би му се дала на македонскиот митрополит уставна можност кога настапувал надвор од земјата во присуство на патријархот да не мора да носи бела панакамилавка.

[60] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 101. 12/166 – 181, Мишљење за коначно сређивање статуса Македонске православне цркве.

на. Претседателот Б. Чаушев потенцирал два најважни момента од односите меѓу двете цркви „1. МПЦ сè уште не била целосно легализирана пред другите православни цркви. 2. МПЦ сè уште се третира како дел од СПЦ, а митрополитот македонски како скопски“.[61]

Сојузната комисија за верски прашања ги разгледувала односите меѓу МПЦ и СПЦ на седници во текот на април и мај 1964 година. На 4 април била донесена одлука Македонскиот црковно-народен собор во целост да ги усвои препораките на Соборот на СПЦ од 1959 година, а прашањето за одличјата на митрополитот да се прецизира со патријархот Герман пред одржување на заседанието на Соборот.

Потпретседателот на Комисијата М. Радуловиќ на состанокот го поставил прашањето дали државните органи сакаат една православна црква која би ја сочинувале две автономни цркви во Југославија со еден патријарх, или две автокефални цркви со свои поглавари. Второто, според негово мислење не можело да се изведе без поголеми потреси и би предизвикало политичка штета. По седницата на Комисијата Радуловиќ разговарал со патријархот кој барал ова прашање да не се поставува заради внатрешни причини во СПЦ, пред сè заради расколот во Америка. Единствениот излез патријархот го гледал во целосното прифаќање на препораките од 1959 година. Тој стравувал дека со поставувањето на прашањето на МПЦ, некои епископи би побарале објаснување зошто е извршена хиротонијата на епископот Климент во 1959 година пред усвојување на препораките на Архијерејскиот собор на Српската православна црква.[62]

Заради ваквата состојба и изнесените проблеми во односите помеѓу Македонската и Српската православна црква кои создавале атмосфера на „меѓусебна недоверба“, на иницијатива на Сојузната комисија за верски прашања во Сојузниот извршен совет на 15 јуни 1964 година бил реализиран разговор на кој учествувале: претседателот на Сојузниот извршен совет Петар Стамболиќ, членот на Сојузниот извршен совет и претседател на Сојузната комисија за верски прашања Мома Марковиќ, секретарот на ЦК СКМ Крсте Црвенковски, претседателот на Извршниот совет на СРМ Александар Грличков, членот на Извршниот совет на СРМ и претседател на Комисијата за верски пра-

[61] Претседателот на Комисијата Чаушев напоменал дека патријархот Герман по правило се јавувал како патријарх српски а ретко како патријарх на двете цркви. Тој на крајот од своето излагање како главна задача на Комисијата ја потенцирал „легализацијата на МПЦ како самостојна црква“. Најисцрпно излагање на седницата имал секретарот на комисијата Доне Илиевски. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 10 Записник од седницата на Републичката комисија за верски прашања на СРМ одржана на 21. 1. 1964 година.

[62] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/262

шања Боро Чаушев и потпретседателот на Сојузната комија за верски прашања Мато Радуловиќ. Во разговорите било констатирано дека прашањето на Македонската православна црква од политички аспект е решено и дека Македонската православна црква постои и функционира. Во поглед на Уставот на МПЦ се констатирало дека не е во потполност усогласен со препораките на Архијерејскиот собор на Српската православна црква од 1959 година, што според нив се покажало како главна пречка за средување на односите. На состанокот биле донесени следните заклучоци:

„1) Од политички и други причини потребно е да се сочува канонското единство меѓу Српската и Македонската православна црква, изразено преку личноста на заедничкиот патријарх, 2) Македонската православна црква треба во потполност да го усклади својот Устав во согласност со препораките на Архијерејскиот собор на Српската православна црква од 1959 година, 3) Не инсистирајќи на промени на Уставот на СПЦ по прашањето на епархиите на подрачјето на Република Македонија и по прашањето на патријархот како врховен поглавар на Српската и Македонската православна црква, се смета дека овие две прашања се решени во завршните одредби (одлуката) на Архијерејскиот собор на СПЦ од 1959 година, 4) По потполното усогласување на Уставот на Македонската православна црква со препораките на Архијерејскиот собор на СПЦ, потребно е и корисно Српската црква на соодветен начин да ги запознае останатите православни цркви со постоењето на Македонската православна црква“.[63]

На 9 јули во Сојузната комисија била одржана средба со патријархот Герман.[64] На патријархот му било предочено дека од политички причини било потребно да се сочува канонското единство помеѓу Српската и Македонската православна црква, а по усогласувањето на Уставот на МПЦ освен членот каде се зборува за одличјата на митрополитот со препораките на Архијерејскиот собор на СПЦ, од патријархот на СПЦ било побарано на соодветен начин да ги запознае останатите православни цркви за постоењето на Македонската православна црква. На изнесениот предлог се спротивставил патријархот Герман објаснувајќи дека тој не е овластен да ја менува препораката од Архијерејскиот собор. Патријархот барал и членот 52 од Уставот на МПЦ,

---

[63] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-10 Информација о досадашњим односима између Српске и Македонске православне цркве и најновији моменти у тим односима.

[64] На средбата присуствувале претседателот на Извршниот совет на СРМ Александар Грличков, претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Мома Марковиќ, претседателот на Републичката комисија за верски прашања Боро Чаушев, потпретседателот на Сојузната комисија Мато Радуловиќ и секретарот Златко Фрид.

во кој се зборува за одличјата, да биде променет во согласност со препораките од 1959 година. Во текот на разговорот патријархот Герман истакнал дека „не му е јасна неговата положба во однос на МПЦ, бидејќи со МПЦ го поврзуваат сосема тенки врски". Патријархот се спротивставил и на прашањето за формирање на епархија на МПЦ во странство, истакнувајќи дека со тоа се разбива Српската црква во странство.[65]

Во септември, пред одржувањето на Митрополитскиот црковнонароден собор митрополитот Доситеј како член на официјалната делегација на Српската православна црква ја посетил Бугарската православна црква. Посетата траела од 3 до 13 септември 1965 година, а во неа покрај митрополитот бил патријархот Герман и славонскиот епископ Емилијан. Учеството на митрополитот Доситеј во делегацијата која ја посетила Бугарската православна црква било значајно како за МПЦ така и за политичките фактори во Македонија.

Веднаш по неговото враќање во Републичката комисија за верски прашања бил извршен разговор за неговите впечатоци од посетата. Доситеј изразил задоволство што бил член на делегацијата, бидејќи дошло до нова афирмација на Македонската православна црква, овој пат пред Бугарската црква. Во разговорот Доситеј изразил незадоволство заради извесна недоследност во однесувањето на патријархот Герман. Спротивно на претходниот договор патријархот настапувал како српски патријарх, а делегацијата ја претставувал само како делегација на СПЦ. Покрај ова патријархот не го претставувал митрополитот Доситеј како „митрополит македонски" туку само како „митрополит Доситеј". Ваквото настапување траело до приемот во Амбасадата на СФРЈ кога интервенирал амбасадорот Дража Марковиќ дека тоа е делегација на СПЦ и МПЦ и дека тој е патријарх на двете цркви. По оваа интервенција патријархот го претставувал Доситеј како митрополит македонски. Доситеј бил задоволен и од односот на патријархот Кирил кон него. „Тој изразил задоволство од посетата на Доситеј, симпатии кон Македонската православна црква и му советувал да не чека и да преземе мерки околу развојот на црквата и особено за подмладувањето со нови епископи и свештеници. Кирил изразил подгот-

---

[65] Во предлогот на Сојузната комисија до патријархот било истакнато членот 52 од Уставот на МПЦ да остане без промени. Меѓутоа, меѓу патријархот Герман и митрополитот Доситеј со посебни договори да се утврди во кои случаи митрополитот македонски нема да носи бела пана. Во Сојузната комисија не инсистирале на промена на Уставот на СПЦ по прашањето на епархиите на подрачјето на Македонија, односно за промена на Уставот на СПЦ каде биле наведени македонските епархии како составен дел од Српската православна црква. (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 215-217)

веност веднаш да ја признаат МПЦ само кога за тоа би добиле соодветен акт за постоењето на МПЦ од страна на Српската православна црква. Патријархот Кирил изразил мислење дека „Герман сѐ уште се тегави да ја признае МПЦ, со цел, да не се замери со Грчката црква“.[66]

За разлика од позитивните впечатоци на митрополитот Доситеј од средбите со клирот на Бугарската православна црква особено со патријархот Кирил, патријархот Герман по враќањето во разговор со претставниците од Сојузната комисија за верски прашања истакнал дека „Бугарите не можат да се помират со постоењето на МПЦ“, потенцирајќи дека бугарските црковни великодостојници митрополитот Доситеј го нарекувале како скопски митрополит.[67]

По враќањето на митрополитот Доситеј од посетата на Бугарската православна црква, започнале подготовките за Митрополитскиот црковно-народен собор. Соборот бил закажан за април 1964 година, но, заради дополнителни консултации бил одложен за ноември. Основното прашање на Соборот било усогласување на Уставот на МПЦ со препораките на Архијерејскиот собор на СПЦ од 1959 година. Со измените на Уставот требало да се придонесе кон создавање на поповолна клима во односите меѓу двете цркви, како и за понатамошната канонска легализација на Македонската православна црква пред останатите православни цркви.

Во дискусиите на Соборот кој се одржал на 24.11.1964 година му било оддавано признание на патријархот Герман за хиротонијата на епископот Климент во 1959 година и за учеството на епископите на МПЦ при посетите на Руската, Романската и Бугарската црква. Соборот едногласно ги прифатил сите предложени измени на Уставот.[68] На Соборот било заклучено пречистениот текст на Уставот со посебно

---

[66] Во разговорот Доситеј искажал дека при престојот во Белград добил впечаток дека односот на архијереите на СПЦ кон него и кон МПЦ е многу поблагопријатен од порано. Мошне поволно се изразил за загрепскиот митрополит Дамаскин и за тимочкиот епископ Емилијан, додека за рашко-призренскиот епископ Павле се изразил мошне негативно. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 10 Белешка за разговорот на митрополитот Доситеј во Републичката комисија за верски прашања од 6. X. 1964 година ).

[67] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/184

[68] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 10, Информација о одржаном Митрополитском црквено-народном сабору Македонске православне цркве 24. XI. 1964 године. Тоа подразбирало дека во присуство на патријархот на СПЦ македонскиот митрополит би требало да носи црна пана-камилавка, но, да го задржи брилијантниот крст на камилавката и митрополитската панагија на свети Климент (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Преглед на утврдените отстапки во текстот на Уставот на МПЦ во споредба со препораките од СПЦ).

писмо да му биде испратен на патријархот Герман. Усвојувајќи ги предложените измени и дополнувања посебно внимание се посветило на членот 52 од Уставот, каде се зборува за инсигниите на митрополитот. Било одлучено членот да не претрпи измени. Но, со цел, инсигниите да не бидат пречка за развојот на добри односи со СПЦ, Соборот донел посебна одлука со која го овластила и обврзала митрополитот Доситеј да се договори со патријархот за употребата на инсигниите, надвор од подрачјето каде имала јурисдикција Македонската православна црква, во присуство на патријархот Герман.

На 14.12.1964 година Уставот на МПЦ заедно со пропратно писмо му биле доставени на патријархот Герман. Во писмото била изразена желба за потполно средување на односите помеѓу двете цркви. Бидејќи препораките за промени во Уставот биле усвоени од патријархот се барало да се заложи пред Архијерејскиот собор да се констатира дека Уставот на МПЦ е усогласен со препораките на СПЦ од 1959 година, по што би следел соодветен акт со кој би биле запознаени останатите православни цркви за постоењето на МПЦ. [69]

## 4.3/ Финансиските и кадровските проблеми во Македонската православна црква 1958-1967

Иако главно прашање во овој период за МПЦ биле односите со Српската православна црква, Македонската црква се соочувала и со доста проблеми како што биле финансиските и проблемите со образованието на свештенички подмладок, заради сè поочигледниот недостаток на свештенички кадар. Заради тешката материјална положба во која се нашле некои свештеници веднаш по конституирањето на Македонската православна црква некои од нив примале лична помош. Во овој период, речиси, сите свештеници биле членови на свештеничкото здружение, кое во 1960 година броело 256 свештеници од кои 45 примале материјална помош.[70] Државните органи преку доделување на материјална помош сакале да ги привлечат верските организации за нивен поблизок однос со државата. Во еден извештај од Комисијата за верски прашања од 1963 година се истакнува: „доделувањето на материјална помош секако има позитивен одраз во нивните односи

[69] Истовремено, патријархот и митрополитот Доситеј требало да се договорат околу инсигниите, но, до средба до одржувањето на Соборското заседание во 1965 година не дошло.

[70] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 2, Бројна положба на верските заедници.

спрема државата, тие го ценат тоа и се стремат да го изразат. Со оглед на тоа дека материјалната состојба на верските службеници е слаба покрај редовните дотации што се наменети, главно, за раководствата на верските заедници на извесен број верски службеници се доделува и лична помош. Оваа е наменета за посиромашните, учесниците во НОБ и свештениците што имаат лојален и позитивен однос спрема нашата заедница... Сметаме дека оваа помош заслужува посебно внимание бидејќи ваквата помош дејствува стимулативно за натамошното развивање на добри и конструктивни односи спрема државата и за почитување на општествените интереси на нашата заедница“.[71] Материјална помош добивале, речиси, сите верски заедници. По 1945 година од Македонската православна црква биле одземени повеќе цркви и манастири како што биле црквата Свети Спас во Скопје, манастирот Свети Пантелејмон во Нерези, црквите Свети Климент и Света Софија во Охрид и манастирите Свети Наум и Свети Јован Бигорски, кои Македонската православна црква не можела да ги користи како верски објекти, ниту да ги користи приходите од овие цркви и манастири.[72]

[71] ДАРМ, ф. Извршен совет, 159. 109. 36/688 – 698, Извештај за работата на Републичката комисија за верски прашања, 20. 2. 1963 година.

[72] На Вонредниот собор на Македонската православна црква одржан на 21 и 22 декември 1960 година во врска со културно-историските споменици (црквите Света Софија и Свети Климент во Охрид, Свети Спас во Скопје, и манастирите Свети Пантелејмон во Нерези, Свети Јован Бигорски и Свети Наум кои повеќе години се наоѓале под директно раководство на Заводот за заштита на културно-историските споменици на Македонија во име на Светиот синод и Митрополитскиот управен одбор, митрополитот Доситеј предложил да се донесе Одлука со која Соборот би побарал од Извршниот совет на Македонија овие споменици да ги прими во трајно управување и успешно чување. Образложувајќи ја оваа одлука којашто ја прочитал Нестор Поповски, митрополитот Доситеј истакнал дека се работи за споменици на културата од големо значење кое излегува од границите на црквата и претставува дел од интересите на македонскиот народ, неговата историја и култура. Била истакната потребата од вложување на огромни средства кои МПЦ не можела да ги обезбеди, како и лошата кадровска положба на МПЦ (особено малиот број на монаси), како и стручни кадри кои би можеле да придонесат за ефикасно зачувување на овие објекти. Предлогот на митрополитот едногласно бил прифатен. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Белешка о ванредном Сабору Македонске православне цркве, одржаном 21 и 22 XII 1960 године). Ова прашање било разгледувано и на седницата на Републичката комисија на 27. 12. 1960 година. Претседателот на Комисијата Мито Мицајков во врска со културно-историските споменици напоменал дека за прашањето било разговарано со членовите на Синодот и се согласиле да се изнајде решение во смисла на донесената одлука. Сепак, во Комисијата наишле на отпор кај епископот Климент, кој останал осамен во спротивставувањето споменатите цркви и манастири да ги преземе државата. За возврат било договорено Извршниот совет да додели на МПЦ долгорочна дотација во износ од 250. 000. 000 динари. (Ibidem..., к-9,

Во овој период биле одземени и повеќе земјишта кои припаѓале на Македонската православна црква и од кои таа можела да егзистира. Поради ваквата незадоволителна економска состојба државните органи биле принудени да издвојуваат одредени материјални средства за Македонската православна црква, бидејќи тие и ги одземале споменатите имоти. Соочувајќи се со потребите на црквата за нејзино нормално функционирање, а врз основа на член 11 од Законот за правната положба на верските заедници, Извршниот совет на НР Македонија во 1961 година донел одлука со која на Македонската православна црква и била доделена помош за подмирување на некои посебни потреби (како што биле изградба на зграда на митрополијата, реновирање на црквата Света Мина во Скопје и др.) во износ од 250 милиони динари. Помошта имала наменски карактер и се исплатувала сукцесивно во рок од пет години.[73] Другите верски заедници во Македонија и Југославија добивале ваква помош од државата па дури и во многу поголеми износи заради задоволување на некои потреби на верските заедници, но, и од причини кои веќе ги споменавме. Српската православна црква добивала редовни дотации од државата во периодот по 1945 година. Само во 1964 година на Српската патријаршија од страна на Сојузната комисија за верски прашања и биле одобрени 195 милиони динари. СПЦ добивала помош и од републиките каде што дејствувала.[74]

Со уште потешка материјална состојба Македонската православна црква се соочила по земјотресот во Скопје во 1963 година. Во овој земјотрес биле уништени или оштетени речиси сите верски објекти или административни згради на верските заедници. Ова ги ставило верските заедници, особено Македонската православна црква, пред бројни проблеми бидејќи се нашла во положба да не може уредно да ги врши верските и административни работи во своето седиште во Скопје. Со земјотресот Македонската православна црква претрпела штети од 250 милиони динари (овие штети изнесувале исто колку помошта што и беше доделена на МПЦ во 1961 година), биле уништени две цркви и административната зграда. По земјотресот во главниот град на Македонија и седиштето на Македонската православна црква останале само две помалку оштетени цркви во кои можел да се одви-

Записник од седницата на Републичката комисија за верски прашања одржана на 27. 12. 1960 година).

[73] ДАРМ, ф. Извршен совет, 159. 97. 16/195, Одлука на Извршниот совет од 25. 02. 1961 година.

[74] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 4, Извештај на Сојузната комисија за верски прашања, 30. 4. 1964 година.

ва верскиот живот на верниците, а МПЦ сè почесто го поставувала прашањето за изградба на соборна црква во градот Скопје.[75]

Значаен проблем за Македонската православна црква претставувало оформувањето на млад богословски кадар. Меѓу двете светски војни во Битола работела богословија на Српската православна црква во која се образувале кадри за свештеници, главно, од Македонија. Оваа богословија работела до 1941 година. И покрај повеќевековниот континуитет на црковно и духовно образование во Македонја, Иницијативниот одбор во 1945 година се соочил со проблемот на недостаток од високообразован црковен клер што особено лошо се одразило при изборот на епископи за македонските епархии. Во првите години по ослободувањето речиси и да немало ученици од Македонија кои се запишувале во богословиите во Србија. Проблемот се усложнувал и со тоа што голем број на стари свештеници веќе не можеле да ја вршат својата служба. Дури во почетокот на педесеттите години интересот за запишување во богословиите во Србија бил нешто поголем. Во овој период во Призренската богословија учеле 20 ученици од Македонија а во Раковица близу Белград, 3 ученици. За школување на поголем број од учениците издршка давала митрополијата во Скопје, односно Иницијативниот одбор.[76] Во 1957 година во Раковица се школувале 10 ученици, а во Призренската богословија 17 ученици.[77]

Како одминувало времето недостатокот на свештенички кадар сè повеќе се чувствувал. За ова најдобро зборуваат податоците од тогашната Охридско–битолска епархија кои се однесуваат за периодот пред одржувањето на Соборот во Охрид во 1958 година. Во епархијата

75 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 101. 11/158 – 165, Информација за положбата на верските заедници во Скопје по катастрофалниот земјотрес. Интересно е да се напомене за ставот што државните и партиски органи го имале заземено по однос на градење на нови верски објекти. Релативно кратко пред земјотресот во Скопје на седница на Извршниот комитет на ЦК СКМ од 16 ноември 1956 година било расправано за ова прашање, а членовите на ЦК ги изнеле своите мислења. Крсте Црвенковски сметал дека „...Треба да се спроведува умерена политика во однос на црквата. Не треба да се допушта изградување на нови цркви, но некаде треба да се дозволи нивно реновирање...“, а Лазар Колишевски сметал: „ ....не треба да се води либерален курс што ќе овозможи градење на нови цркви, но, не треба да се дозволи и рушење...“ (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 66. 41/336 – 342, Записник од седницата на Извршниот комитет на ЦК СКМ од 16. 11. 1956 година).

76 Во 1951 година во Скопје биле одржани приемни испити за ученици кои сакале да се здобијат со богословско образование, при што за првпат интересот бил особено голем. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 74/546 – 547, Преглед на ученици богослови од НР Македонија).

77 Истовремено во медресите во Приштина и Сараево имало 5 ученици, а во католичките богословии 18 ученици од Македонија (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 9, Savetovanje u Saveznoj komisii za verska pitanja)

имало 119 парохии, од кои во 82 имало свештеници, а дури 37 парохии биле без свештеници.[78] Во 1959 година Македонската православна црква имала 166 активни свештеници и 52 пензионирани свештеника, од кои голем дел заради недостатокот од свештенички кадар сѐ уште биле активни. Во манастирите живееле 28 јеромонаси и 50 монахињи. Пред Втората светска војна во Македонија имало 334 парохии, 330 свештеници и 150 монаси.[79] Заради ваквата состојба во црквата станувале свесни за својата состојба и вниманието го насочувале кон испраќање на ученици во богословиите во Србија. Во истиот период само од Охридско–битолската епархија таму се школувале девет ученици од кои шест на товар на епархискиот буџет.[80] Слична била состојбата и во другите две епархии во Македонија. Со ваков кадровски и економски потенцијал располагала Македонската православна црква при нејзиното конституирање.

Со оваа состојба се соочил и поглаварот Доситеј и Синодот на Македонската православна црква. Тие голем дел од своето време и енергија ги насочиле кон решавање на овие проблеми. Според официјалните податоци изнесени на Црковниот собор во 1963 година Охридската и Скопската архиепископија стипендирале 9 богослови и 2 студента на Теолошкиот факултет во Белград. Се бележело намалување на парохиите во Охридско– битолската епархија каде во 1962 година имало 110 парохии од кои 83 пополнети со свештеници, а 27 празни. Уште полоша била состојбата во Злетовско–струмичката епархија каде имало 6 архијерејски намесништва со 86 парохии од кои 52 пополнети и 34 празни. Во оваа епархија освен со недостатокот на свештенички кадар (над 1/3 од парохиите биле без свештеници) и образовната структура на свештенството била доста слаба. Со високо образование имало само 1 свештеник, со богословија 19 свештеници, со непотполна богословија 10, а без никаква стручна подготовка 21 свештеник.[81] Во трите епархии на МПЦ во 1964 година дејствувале

[78] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Извештај за работата и положбата во Охридско–битолската епархија.

[79] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к-45, Извештај за верската дејност и односите помеѓу црквата и државата во НР Македонија.

[80] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 1, Извештај за работата и положбата во Охридско–битолската епархија.

[81] Црковно – народен собор на МПЦ, Весник на МПЦ 1963, VI/5 – 6. Ваквата лоша кадровска и образовна состојба во Македонската православна црква не била исклучок од состојбата на целата територија на тогашна Југославија, како и во Српската православна црква. Според официјални податоци во 1964 година Српската православна црква имала 835 испразнети парохии, а во некои епархии овој број на испразнети парохии бил и до 50%. Пред војната Српската православна црква имала пет богословии, а во 1964 година две. Од 1945 – 1964 година секоја година Српска-

205 активни свештеници, односно повеќе од 100 парохии биле испразнети. Заради ваквата положба околу триесет пензионирани свештеници опслужувале одредени парохии. Според една анализа на Републичката комисија за верски прашања кадровската структура на свештенството била лоша. Од вкупниот број на свештеници активни и пензионирани само 93 имале завршено богословско образование додека бројот на факултетски образованите свештеници бил 21, додека повеќе од 120 свештеници биле без богословско образование. Во периодот 1944-1964 година од Македонија богословија завршиле 31 лице, од кои само 18 биле ракоположени за свештеници. Во 1964 година на школување во богословиите во Призрен и Раковица имало 19 ученици кои биле стипендирани од МПЦ додека на Теолошкиот и други факултети се наоѓале 11 свештеници на МПЦ. [82] Особено неповолна била и старосната структура на свештенството во Македонската православна црква. Само 48 свештеници биле на возраст под 40 години, додека над 100 свештеници биле помеѓу 50 и 90 години. Во Македонската православна црква, но, и во Републичката комисија за верски прашања не биле задоволни од начинот на кој се школувале македонските богослови во богословијата на СПЦ, особено во Призрен.

## 4.4/ Заострување на односите меѓу Македонската и Српската православна црква

На 6 јануари 1965 година во Сојузната комисија за верски прашања бил одржан состанок на кој повторно се разгледувале односите помеѓу Српската и Македонската православна црква.[83] На состанокот

та православна црква добивала 19 нови свештеници. Од 520 завршени богослови по војната само 302 прифатиле да примат свештенички чин (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 4, Извештај на Сојузната комисија за верски прашања, 30. 4. 1964 година). За состојбите во поодделни епархии на Српската православна црква најилустративен е примерот со Браничевската епархија каде надлежен архијереј бил еден од најревносните епископи што Српската црква го имала, Хризостом (Воиновиќ). Епархијата имала 400. 000 верници, а првиот богослов по војната бил ракоположен дури во 1956 година. Во 1960 година во епархијата на толкав број верници имало 105 свештеници од кои 12 биле со високо образование, 70 со богословија а со непотполна стручна спрема биле 23 свештеници. (Гордана Жујовић, Епископ Хризостом, Живот и рад, Београд 1991).

[82] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 10, Кадровската положба на Македонската православна црква, јуни 1964 година.

[83] На состанокот присуствувале потпретседателот и секретарот на Сојузната комисија Мато Радуловиќ и Златко Фрид и претседателот на Комисијата за верски прашања на Македонија, Б. Чаушев.

се дискутирало за прашањата кои повеќепати биле елаборирани во комисијата, одличјата на поглаварот на МПЦ, нејзиното претставување пред останатите православни цркви и прашањето за епархија на МПЦ во странство. Биле донесени повеќе препораки меѓу кои: „Решавањето на прашањето за носењето на инсигнии треба да се препушти на договор помеѓу патријархот Герман и митрополитот Доситеј, односно тие треба да се упатат на меѓусебен контакт и договор... Се оценува дека не би било опортуно по ова прашање да се заоструваат односите СПЦ и МПЦ и односите на Православната црква во целина со државата... Патријархот Герман ќе ги запознае останатите православни цркви во светот за новонастанатите промени во Православната црква во СФРЈ (во духот на поранешното писмо на Атинагора) и истовремено ќе ги запознае дека тој е поглавар и на СПЦ и на МПЦ“.[84]

Во меѓувреме по приемот на материјалите од Соборот на МПЦ одржан во ноември 1964 година патријархот Герман формирал правна комисија која извршила споредување на Уставот на МПЦ со препораките на Соборот на СПЦ од 1959 година. Комисијата дошла до заклучок дека и овој пат Уставот не бил во потполност усогласен според препораките. Во разговор со претставници на Сојузната комисиија за верски прашања патријархот изјавил дека МПЦ не ги прифатила препораките и дека на Соборот епископите ќе одбијат да разговараат за ова прашање.

По ваквиот развој на настаните на 15 мај 1965 година бил свикан Митрополитскиот управен одбор на МПЦ како надлежен за ова прашање, а врз основа на Соборската одлука од ноември 1964 година, на посебна седница во Битола било извршено пречистување на Уставот во смисла на целосно усогласување со препораките на СПЦ. По враќањето на митрополитот Доситеј од посетата на црковните општини во САД и Канада пречистениот текст од Уставот му бил врачен на патријархот Герман.[85] Во писмото што митрополитот Доситеј и Синодот на Македонската православна црква на 17 мај 1965 година го упатиле до патријархот Герман меѓу другото се вели: „со овој акт Соборот на Македонската православна црква ги отстрани сите пречки за потполно средување на односите меѓу двете цркви и со право очекуваме дека ќе најдеме оправдано разбирање кај вас и кај членовите на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква и дека Соборот на овогодишното заседание согласувајќи се со пречистениот текст на Уставот на Македонската православна црква ќе донесе и со-

[84] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 218-220

[85] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Информација о односима Српске и Македонске православне цркве и најновији моменти из тих односа.

одветен акт со кој би биле запознаени сите сестрински православни цркви за постоењето на Македонската православна црква". Заседанието на Архијерејскиот собор било во тек и Синодот на Српската православна црква заклучил дека временски не е во можност да изврши споредување на Уставот на Македонската православна црква со препораките на Соборот на Српската православна црква. Прашањето не било поставено на дневен ред на Соборот.

Патријархот на 31 мај 1965 година, испратил писмо до митрополитот Доситеј во кое ги изнел причините за непоставувањето на Уставот на Македонската православна црква на заседанието на Архијерејскиот собор, истовремено, објаснувајќи дека тоа прашање ќе биде разгледано на првата наредна сесија на Соборот за што би биле донесени и посебни решенија.[86] На известувањето одговорил митрополитот Доситеј со напомена доколку и на наредното Соборско заседание прашањето на МПЦ не биде ставено на дневен ред „слободни сме да изјавиме дека во овој случај Македонската православна црква ја симнува од себе одговорноста за евентуални реперкусии".[87]

Републичката комисија за верски прашања заседавала набргу по завршувањето на заседанието на Соборот на Српската православна црква. Меѓу другото, било констатирано дека кај СПЦ нема расположение за средување на односите со МПЦ и покрај тоа што била извршена измена на Уставот во согласност со препораките добиени од Српската црква. Било заклучено прашањето да се постави и на следното заседание на Соборот на СПЦ.[88] Во Синодот на Македонската пра-

---

[86] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Информација од 23. 3. 1966 година. Во писмото меѓу другото стои: „ ...редовното годишно заседание почна на 14. 5 а заврши на 27. 5 и не бевме во можност да се позанимаваме со новиот Устав на Македонската православна црква...Со оглед, пак, на големото значење и важност на овој проблем кон кој ние мораме да пристапиме со големо интересирање и студиозно проучување, ако даде Господ ние со Светиот архијерејски синод ќе го искористиме времето што ни претстои и ќе му го посветиме сето должно внимание за да можеме на првото наредно заседание на Соборот да го разгледаме и да донесеме потребна одлука".

[87] Радмила Радић, Држава и верске заједнице, , , II/266.

[88] На седницата одржана на 12. 6. 1965 година било заклучено: „Да се сугерира на Синодот на МПЦ ова (неставањето на прашањето на соборското заседание б. м) мирно и без нервоза да се прими и да не се смета како пропаднато, туку како одложување на решението; Да се настојува да дојде до нови контакти со патријархот Герман, при што отворено и сериозно ќе се разговара по сите прашања, Републичката комисија да инсистира кај Сојузната комисија во Белград, да направи еден посилен притисок кај патријархот за Уставот на МПЦ; Да се инсистира патријархот Герман и СПЦ конечно да го измени гледањето кон МПЦ во странство и да не прават пречки и тешкотии" (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 221-222).

вославна црква отворено истакнувале дека не можат во недоглед да ја продолжуваат практиката според која дисциплинирано настапуваат во согласност со сугестиите на државата, додека патријархот не постапувал според сугестиите кои му биле давани во Сојузната комисија.[89]

Во текот на 1965 година, Синодот на МПЦ се бавел и со внатрешното доизградување на црквата. Заради недостатокот на кадар, а особено на високообразован свештенички кадар ова прашање се поставило на највисоко ниво во Македонската православна црква. Во Синодот на седница одржана во октомври 1965 година, било покренато прашањето за отворање на богословија, како заради потребата од школување на млад свештенички кадар, така и заради неповолното искуство од школувањето на македонските богослови во богословиите на Српската православна црква. На седницата било заклучено заради комплексноста на прашањето тоа целосно да биде обработено од посебна комисија која била формирана од страна на Синодот.[90] До конечното отворање на македонската богословија, Македонската православна црква сѐ почесто ги испраќала македонските ученици во богословиите на Српската православна црква, приморана заради хроничниот недостаток на кадар. Според податоците од 1967 година непосредно пред прогласувањето на автокефалноста во српските богословии се наоѓале околу 45 богослови и 4 студенти на Теолошкиот факултет во Белград.[91]

[89] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Информација од 29. 3. 1966 година. На почетокот на јуни 1965 година во Републичката комисија за верски прашања на СРМ оцениле дека официјално преку Сојузната комисија би требало да се изрази незадоволство пред патријархот Герман. При ова требало да се нагласи дека натамошните односи можат да бидат целосно препуштени на раководството на МПЦ. (ДАРМ, Ibidem, к-10, Информација за овогодишното заседание на Архијерејскиот собор на СПЦ и прашањето на МПЦ 3. VI. 1965)

[90] Во Синодот на Македонската православна црква, констатирале дека раководството на богословиите особено тоа во Призрен настојувало македонските богослови да ги држи понастрана од МПЦ. Републичката комисија предлагала сѐ додека не се отвори богословија во Македонија, МПЦ да обезбеди поорганизирано следење на изборот на кандидати за богослови, а потоа да се одржуваат контакти и да се следи развојот на богословите, сѐ додека се на школување. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 4, Информација од седница на Синодот на МПЦ одржана од 20. 9 до 14. 10. 1965 година.

[91] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 4, Список на активни свештеници во МПЦ март 1967 година. Според овој список Македонската православна црква имала 223 свештеници од кои со високо образование биле 9 свештеници, со богословија 107, со непотполна богословија 61 свештеник и со основно образование 46 свештеници.

Уште на Црковниот собор во 1963 година била донесена одлука за избор на двајца викарни епископи (помошници епископи) со титула велички и тивериополски. Светиот архијерејски синод на седница одржана на 13.10.1965 година го избрала за викарен епископ велички дотогашниот протојереј Ѓорги Поповски во монаштвото наречен Методиј.[92]

На почетокот на 1966 година прашањето на македонско-српските црковни односи повторно било на дневен ред на Сојузната комисија за верски прашања. На седницата опширно излагање имал претседателот на Македонската верска комисија Б. Чаушев при што било заклучено: „1. Со оглед на приближување на седницата на Архијерејскиот собор на СПЦ благовремено треба да се актуелизира прашањето на МПЦ и да се настојува да се дојде до позитивно решение. 2. Бидејќи се има предвид недоволното разбирање кај претставниците на СПЦ, се смета за потребно со ова прашање да настапи Сојузната комисија, со што би се дало до знаење дека за ова прашање постои поширок интерес. Во оваа смисла треба да се поведе разговор и со патријархот Герман. 3. Во разговорите со претставниците на СПЦ треба да се даде до знаење дека не се работи за барања за признавање на Уставот на МПЦ, бидејќи тоа е Устав на друга црква и за тоа не е надлежен Архијерејскиот собор на СПЦ, туку дека од Соборот на СПЦ се очекува да се констатира дека Уставот на МПЦ е усогласен со препораките на СПЦ, а потоа со соодветен акт на Соборот на СПЦ да се запознаат и другите православни цркви за постоењето и статусот на МПЦ... 4. Бидејќи патријархот се жали дека наидува на отпор кај архијереите, препорачано им е на републичките комисии да дејствуваат во оваа смисла кај подрачните епископи“.[93]

Пред редовното заседание на Архијерејскиот собор на СПЦ митрополитот Доситеј на почетокот на март престојувал во Белград каде разговарал со патријархот и членовите на Синодот. Патријархот најпрвин разговарал со митрополитот Доситеј при што му рекол дека во

---

[92] Епископот велички а потоа митрополит дебарско–кичевски Методиј бил роден на 27 март 1914 година во Прилеп. Шестокласна богословија завршил во Битола во 1935 година, а Филозофски факултет група Историја во Скопје. До изборот за епископ бил парохиски свештеник во Прилеп. На 12. 2. 1966 година во метохот Свети Наум Охридски во Битола бил замонашен од поглаварот на МПЦ Доситеј. Наречението за епископот било извршено на 12. 3. 1966 година од архијереите на Македонската православна црква Доситеј, Климент и Наум, а хиротонијата била извршена на 13 март 1966 година. (Еден голем настан во животот на МПЦ, Хиротонија на негово високо достоинство архимандрит Методиј во Прилеп, Весник на МПЦ 1966, VII/2). Починал како дебарско-кичевски митрополит на 25. 2. 1976 година.

[93] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Белешка за разговор во сојузната комисија за верски прашања од 15. 2. 1966 година.

Синодот го разгледуваат прашањето на МПЦ, дека тој наидува на отпор кај епископите, бидејќи сметале дека ова прашање значи разбивање на СПЦ. Во епископатот според зборовите на патријархот не се согласувале тој да биде патријарх и на МПЦ туку само српски патријарх. Патријархот му предложил на Доситеј Соборот на СПЦ да изврши измена во Уставот на СПЦ, па наместо набројување на македонските епархии да се внесе дека во составот на СПЦ е и Македонската православна црква со три епархии. Во тој случај патријархот би ја задржал титулата „патријарх српски" додека епископите на МПЦ би се вброиле како членови на Архијерејскиот собор на СПЦ.

Ваквите ставови биле повторени и во разговорите кои митрополитот Доситеј ги имал на 3.3.1966 година со членовите на Синодот. Изнесените ставови на патријархот категорички ги поддржал епископот шабачки Јован (Велимировиќ). Митрополитот Доситеј истакнал дека ништо ново не се бара, освен пред другите цркви да се легализира тоа што било кажано во Одлуката на СПЦ од 1959 година. Тој одбил МПЦ на кој било начин повторно да се вклопи во Српската црква. На овој состанок било заклучено на 15 и 16 март 1966 година да се одржи заедничка седница на синодите на двете цркви.

На средбата покрај поглаварите на СПЦ и МПЦ учествувале: нишкиот епископ д-р Јован (Илиќ), славонскиот Емилијан (Мариновиќ), шабачкиот Јован (Велимировиќ), бањалучкиот д-р Андреј (Фрушиќ), преспанско-битолскиот Климент, злетовско-струмичкиот Наум и викарниот епископ велички Методиј. Средбата на епископите се одржала на 16 март, при што членовите на Синодот на СПЦ истакнале дека Македонската православна црква треба да остане под јурисдикција на Српската, во Уставот на СПЦ да се внесе Македонската православна црква и нејзините епархии, а од македонските архијереи било побарано да учествуваат во работата на Архијерејскиот собор на Српската православна црква, титулата на патријархот да биде „српски" и отворено истакнале дека погрешиле во 1959 година.

Од страна на архијереите на Македонската православна црква било побарано Соборот на Српската православна црква да се придржува до своите одлуки од 1959 година, да се признае самостојноста на Македонската православна црква и за тоа да се известат останатите православни цркви. На крајот од разговорите станало сосема јасно во кој правец ќе се развива ова прашање откако нишкиот епископ д-р Јован (Илиќ) рекол: „вие треба да не разберете, ние сме ве ослободиле, кај нас сѐ уште има луѓе со рани од Куманово и Кајмакчалан".[94]

[94] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Информација од 18. 3. 1966 година; Автокефалноста на МПЦ (документи)..., 225-226

По разговорите во Синодот на СПЦ члeновите на Синодот на Македонската православна црква на чело со митрополитот Доситеј на 17.3.1966 година го посетиле претседателот на Сојузната комисија за верски прашања. Во оваа прилика го изнеле својот став за конечното решавање на прашањето на Македонската православна црква и јасно побарале да се влијае кај раководството на Српската православна црква, да се реши ова прашање, бидејќи Сојузната комисија во претходниот период самата си го земала правото да влијае врз одлуките на Македонската православна црква. На членовите на Синодот на МПЦ им било кажано дека нивните барања се оправдани и дека надлежните државни органи ќе помогнат прашањето да се реши позитивно.[95]

На состанокот одржан на 21.3.1966 година во Сојузната комисија за верски прашања Б. Чаушев истакнал дека Уставот е само повод за пролонгирање на прашањето на МПЦ од страна на Српската православна црква. Тој навел дека претставниците на СПЦ покажале тенденција за враќање на МПЦ на предвоените позиции. „Спрема тоа, доколку Архијерејскиот собор на СПЦ не покаже подготвеност работата да се заврши, МПЦ, веројатно, ќе оди на крајно решение, во кое нема да биде спречувана“. Претседателот на Сојузната комисија М. Морача се согласил со изнесеното гледиште, истакнувајќи дека „најважно е држењето на патријархот Герман од што ќе зависи ставот на Соборот“.[96]

За ова прашање било разговарано и во Извршниот совет на СРМ. На 19 април 1966 година кај претседателот на Извршниот совет на СРМ, Никола Минчев било разговарано за најновите моменти за решавањето на статусот на Македонската православна црква. На состанокот присуствувале претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Милутин Морача, членот на Извршниот совет на СРМ и претседател на Републичката комисија за верски прашања Боро Чаушев како и други членови на Републичката и Сојузната комисија. На состанокот, меѓу другото, се констатирало дека Српската православна црква сака да ја врати старата состојба (се мисли на состојбата од пред 1941 година) и дека известувањето на другите православни цркви за постоењето на МПЦ е критично прашање, бидејќи Македонската црква со тоа би се легализирала и претставила пред останатиот православен свет.

На состанокот биле донесени следните заклучоци; „1. Сојузната комисија да ги поддржи барањата на МПЦ особено по прашањето за известување на останатите цркви за постоењето и статусот на МПЦ; 2.

[95] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Информација од 29. 3. 1966 година.

[96] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 227-228

Нема никакви пречки ова да не се заврши на претстојниот Собор; 3. Не треба да ѝ се дозволи на СПЦ сега да ја покренува канонската основаност на Македонскиот собор од 1958 година, бидејќи тоа е веќе санкционирано со Одлуката на Соборот на СПЦ од 1959 година... 4. Запознавањето на останатите цркви за МПЦ е суштинско прашање бидејќи МПЦ ќе престане да биде третирана како внатрешна работа на СПЦ... 5. Заклучено беше Морача со Немања Марковиќ и Боро Чаушев да поведат разговор со Синодот на СПЦ на кој меѓу останатото ќе им биде дадено до знаење дека во случај на негативен однос на СПЦ, на МПЦ нема да и се прават никакви пречки самостојно да побара решение надвор од СПЦ, а за последиците ќе биде одговорна само СПЦ. Доколку, пак, Соборот на СПЦ од канонски причини смета дека не може да го разреши прашањето на постојната платформа (онаа од 1959 година), тогаш треба да се настојува да се изнајде соодветно решение за признавање на автокефалноста на МПЦ“. [97]

На 26 април 1966 година дошло до средба на членовите на Синодот на Српската православна црква[98] и патријархот Герман во Сојузната комисија за верски прашања. Од патријархот и Синодот било побарано на заседанието на Архијерејскиот собор да се констатира дека е постапено по одлуката на Соборот на СПЦ од 1959 година и за тоа да бидат известени останатите православни цркви, за постоењето на Македонската православна црква која останувала во канонско единство со Српската преку „личноста на патријархот српски кој е признат и за патријарх на Македонската православна црква“. Патријархот и членовите на Синодот сметале дека ова прашање може да се реши само во согласност со канонските прописи истакнувајќи дека: „Соборот од 1958 година бил неканонски; ... дека во СПЦ не се сложуваат со обновата на Охридската архиепископија; известувањето на останатите цркви за МПЦ не би можеле да го прифатат, бидејќи таа не е афтокефална црква“. Во текот на разговорот патријархот во однос на Охридската архиепископија навел дека „...таа историски се смета за грчка архиепископија и дека нејзината надлежност во свое време се протегала до Белград“. По завршениот разговор во Сојузната комисија констатирале дека: „Разговорот ја потврдил намерата на СПЦ и понатаму да ги држи несредени состојбите со МПЦ, ...очигледно им паѓа тешко да ги известат останатите цркви за МПЦ, што е јасно бидејќи се плашат де-

[97] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Разговор во Извршниот совет на СРМ по прашањето на МПЦ и односите со СПЦ, 19.4.1966 година.

[98] Покрај патријархот Герман во разговорот учествувале и членовите на Синодот: нишкиот епископ Јован, славонскиот Емилијан, бањалучкиот Андреј и шабачкиот епископ Јован.

ка со тоа би отпаднале настојувањата МПЦ да се третира како интерна работа“. [99]

Непосредно пред заседанието на Соборот на СПЦ кое започнало на 11 мај стигнала последната верзија на Уставот на МПЦ, по што заседавала Комисијата за проучување на прашањето на МПЦ. На состанокот било констатирано дека Македонската православна црква ги преминала границите на автономија. Комисијата препорачувала да се бара конечно внесување на препораките во Уставот на МПЦ, разјаснување на некои членови и потврда дека Уставот на Македонската православна црква не може да се менува без одобрение од Архијерејскиот собор на СПЦ.[100] На 7 мај во Сојузната комисија повторно на дневен ред било прашањето на односите МПЦ - СПЦ. Претседателот на Сојузната комисија и покрај донесените заклучоци за прифаќање на барањата на МПЦ, изразил сомневање дека Архијерејскиот собор би ги прифатил барањата, инсистирајќи Синодот на МПЦ да го повлече барањето за известување на останатите православни цркви за постоењето на МПЦ.

Кај претставниците на власта постоела замореност од ова прашање, заради што инсистирале на негово решавање, иако знаеле дека Соборот нема да ги прифати барањата на МПЦ. На седницата одржана на 6.7.1966 година, во Сојузната комисија за верски прашања во многу дискусии се напоменувало дека епископатот на СПЦ е оптоварен со национализам и шовинизам и заради тоа државата би требало да се дистанцира од прашањето. Анте Маљас од Комисијата за верски прашања на БиХ зборувајќи на оваа тема рекол: „...Ние сме арбитри и виновни сме ѝ на едната и на другата црква. Јас само би се дистанцирал и би им препуштил на двете цркви сами да се разберат и би интервенирал само тогаш кога тоа би станало политички проблем...Нашата улога во решавањето на односите помеѓу СПЦ и МПЦ е неблагодарна“.[101] Конечно на 23 мај 1966 година Соборот на СПЦ го разгледувал барањето од Македонската православна црква. Било констатирано дека Уставот на Македонската православна црква е усогласен со препораките на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква од 1959 година. Во одлуката се вели: „...Светиот архијерејски собор на

[99] ДАРМ, ф. Републичка комисија..., к. 5, Информација од април 1966 година; Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 236-242

[100] Радмила Радиќ, Држава и верске заједнице, , , II/268

[101] На состанокот биле повторени заклучоците од претходните седници одржани на иста тема. Во третата точка се вели: „На претставниците на СПЦ им е ставено до знаење дека Сојузната влада очекува прашањето на МПЦ да биде завршено на овој Собор“. (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 243-244, 253-258).

Српската православна црква констатира дека Македонската православна црква со тоа ја спровела својата организација и понатаму останува во единство со Српската православна црква преку српскиот патријарх, со тоа што во својата дејност ќе се управува во согласност со тој Устав чии одредби, кои сега се формулирани според препораките на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква, не може да се менуваат без согласност на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква“.[102]

По завршувањето на Соборското заседание била одржана седница на Републичката комисија за верски прашања во Македонија. На седницата било констатирано дека Одлуката на Соборот дава одговор само на едно прашање, за усогласеноста на Уставот на Македонската православна црква со препораките на СПЦ, додека ништо не било решено за прашањето на известување на останатите православни цркви, со што МПЦ и понатаму останала внатрешна работа на Српската црква. Во Комисијата особено внимание посветиле на делот од одлуката каде се вели дека МПЦ и понатаму останува во единство со СПЦ, што не било во склад со член 1 од усогласениот Устав на МПЦ, каде се зборувало за „канонско единство“. Во Комисијата сметале дека под поимот канонско единство се подразбира општо единство што ги сврзува сите православни цркви, додека зборот единство би можел да се толкува како јурисдикција.

Во заклучоците на Комисијата се констатира дека со Одлуката на Архијерејскиот собор на СПЦ јасно излегло на површина противењето на патријархот Герман и на одредени епископи за решавање на прашањето на МПЦ. Внесувањето на клаузулата дека органите на МПЦ не може без согласност на Архијерејскиот собор на СПЦ да го менуваат Уставот се оценувало како обид за ограничување на самостојноста на МПЦ. Во врска со ова прашање било констатирано дека: „1.Од почетокот (пред 22 години) па до овој Архијерејски собор на СПЦ, Македонската православна црква истапувала со минимални барања. Меѓутоа, овие минимални барања и до денес не се прифатени, 2. Очигледно е дека во Соборот на СПЦ а посебно кај патријархот Герман не постои добра волја да го решат прашањето на МПЦ, 3. За одлуката на Архијерејскиот собор во врска со МПЦ, СПЦ нема намера да ги обавести другите православни цркви, 4. Дека ова прашање се симнува од политичко прашање, а да се препушти на МПЦ “. [103]

---

[102] ДАРМ, ф. Извршен совет, к. 143, Информација за актуелните проблеми за окончување на македонското црковно прашање.

[103] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 10, Записникот бр. 5 од седницата на Републичката комисија за верски прашања при Извршниот совет на СРМ од 27. VI. 1966 година.

Помошник-претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Петар Шеговиќ на почетокот на ноември разговарал со епископот шабачки Јован,[104] кој јасно истакнал дека Македонската православна црква нема да добие автокефалност, „бидејки веќе доволно добиле“. Епископот Јован сметал дека на автокефалноста на МПЦ би реагирале некои други православни цркви.[105] На 3.12.1966 година Светиот синод на Македонската православна црква со писмо се обратил до Светиот архијерејски собор на Српската православна црква во кое известува за незадоволството од Одлуката од 23 мај. Синодот известил дека по проучување на настанатите состојби се дошло до заклучок во кој меѓу другото стои: „Исцрпени се сите можности за завршување на македонското црковно прашање со постојната платформа. Светиот архијерејски синод на МПЦ оценува дека преостанува единствената можност за принципиелно решавање на прашањето на Македонската православна црква, а тоа е прогласување на нејзината автокефалност. Раководејќи се од историските и канонските основи на Светата православна црква, воопшто, која е со богато минато на подрачјето на Македонија, САС на Македонската православна црква изразува длабоко уверување дека македонскиот народ т.е. Македонската православна црква има полни историски и канонски права за автокефална православна црква“. Во писмото се наведуваат и органите и телата на Македонската православна црква, како и нејзиниот кадровски потенцијал. Покрај архиепископот Синодот на МПЦ го сочинувале и двајца епархиски и еден викарен епископ. Кадровскиот состав бил подобрен во однос на 1958 година, и непосредно пред прогласувањето на автокефалноста во МПЦ дејствувале 334 свештеници, 54 монаси и монахињи, 34 завршени, но, не ракоположени богослови и теолози, додека на школување во богословиите на Српската православна црква се наоѓале 60 богослови, на Теолошкиот факултет во Белград студирале тројца студенти, а еден студент бил на студии на Московската духовна академија. [106]

[104] Еден од „потврдите“ противници за прифаќање на барањата на МПЦ, избран за епископ во 1960 година, внук од брат на епископот Николај (Велимировиќ). Речиси една деценија неговото име било на кандидатските листи на Соборот на СПЦ за избор во епископски чин, но неговиот избор бил одложуван заради противењето на државните органи.

[105] Радмила Радиħ, Држава и верске заједнице, , , II/275

[106] Македонската православна црква располагала и со 953 цркви и капели, 86 манастири и метоси, а според непотполните податоци имало и преку 1. 000. 000 верници. Во периодот 1958-1967 година биле формирани и пет црковни општини на македонските иселеници во САД, Канада и Австралија (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Писмо од Светиот архијерејски синод на МПЦ до Светиот архијерејски собор на СПЦ. )

По донесената Одлука на Соборот на СПЦ во Синодот на Македонската православна црква цврсто застанале на становиштето да се бара автокефалност што и јавно го изнеле пред Синодот на Српската православна црква. До разговори дошло на 18 ноември 1966 година,[107] во Патријаршијата во Белград. Митрополитот Доситеј истакнал дека Одлуката на Соборот не го решава македонското црковно прашање и целата работа се враќа на позициите од 1945 година. Митрополитот навел дека за Одлуката ќе биде известен Црковно-народниот собор и подвлекол „Ние добивме своја татковина, како нашиот народ... Затоа сме решени од СПЦ да бараме автокефалност". Во продолжението на разговорот митрополитот Доситеј истакнал дека нема да се отстапи од автокефалноста и дури после давањето на автокефалност на Македонската црква може да постои вистинско братство меѓу СПЦ и МПЦ, односно сè додека МПЦ не биде автокефална ќе има несогласувања и нашите односи нема да бидат добри".[108] Патријархот истакнал дека со одлуката на Соборот „е дадено сè", односно МПЦ не може сама да го менува Уставот бидејќи е автономна, а не автокефална.[109] Митрополитот Доситеј во разговорот навел дека одлуката за ав-

[107] Во делегацијата на МПЦ биле митрополитот Доситеј, и епископите Климент, Наум и Методиј, додека од СПЦ на разговорите присуствувале патријархот Герман, митрополитот црногорско-приморски Данило и нишкиот епископ Јован, далматинскиот Стефан, шабачкиот, Јован и захумско-херцеговскиот Владислав, епископи кои имале, главно, негативен став кон македонската црковна самостојност.

[108] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 10, Službena beleška o vodjenim razgovorima izmedju Svetog arhijerejskog sinoda Srpske pravoslavne crkve i Svetog arhijerejskog sinoda Makedonske pravoslavne crkve.

[109] Разговорот понатаму се одвивал во следниот тек: „Доситеј: не сакаме да бидеме под јурисдикција на СПЦ. Герман: Зошто? Доситеј: Затоа што сме Македонци. Герман: Каква тешкотија имате од тоа што сте под јурисдикција на СПЦ? Доситеј: Вие не нè признавате, другите цркви, исто така, не нè признаваат... Герман: Ние сме длабоко убедени во тоа дека секогаш сме работеле со добра волја и расположение да ви помогнеме да се чувствувате слободни. Доколку ставивме извесни примедби 1959 и 1966 година тоа е, со цел, да го зачуваме канонскиот ред и реноме на нашата црква, која секогаш го чувала канонскиот поредок. Српската православна црква никогаш не дејствувала на начин тој што е под нејзина јурисдикција да се чувствува потчинет. И сега имаме најдобра волја за решавање на вашите проблеми, но, не преку канонитe. Повторувам, ние можеме вашите желби само да ги пренесеме на Светиот архијерејски собор. Доситеј: Не бараме СПЦ да ги решава нашите проблеми. Ние сами ќе ги решаваме нашите проблеми. Сакаме да бидеме во добри односи, но, никако не сакаме јурисдикција на СПЦ. Герман: Што пречи Српската православна црква на Македонската црква. Доситеј: Тоа што нè сметате за Јужносрбијанци, а не за Македонци. Герман: Со Уставот на оваа држава призната е и македонската нација па и ние не можеме да ја оспоруваме. Но, ние не заборавамe дека во Македонија има и Срби...". Понатаму разговорот се одвивал во сличен тон при што патријархот ги предупредил членовите на Синодот на МПЦ да се воздржат од как-

токефалност ја доставиле и до Извршниот совет на Македонија, за што добиле поддршка.

Со оваа одлука на Српската православна црква на некој начин биле поразени и државните органи, особено на сојузно ниво кои најмногу инсистирале на канонското единство меѓу двете цркви. Сега овие органи сакале да се дистанцираат од проблемите во односите меѓу Српската и Македонската православна црква и сѐ повеќе во Сојузната комисија за верски прашања истакнувале дека ова е чисто црковно прашање и како такво треба да ѝ се препушти на црквата да го решава.[110] Сојузната комисија за верски прашање на седница одржана на почетокот на 1967 година меѓу другото заклучува дека „...Прашањето за признавање на автокефалноста на МПЦ е исклучително црковно прашање.... “ [111]

Писмото на Светиот синод МПЦ, било разгледувано на седница на Синодот на СПЦ на 9 декември, при што било одлучено барањето на МПЦ да се достави на разгледување на Архијерејскиот собор на СПЦ. Некои од членовите на Синодот сметале дека МПЦ нема ниту историско, ниту, пак, канонско право за барањето за автокефалност.[112] По разгледување на прашањето на Синодската седница патријархот Герман разговарал во Сојузната комисија за односите помеѓу СПЦ и МПЦ. Изнесувајќи го своето мислење за признавањето на автокефалноста на Македонската православна црква патријархот рекол дека тоа е тежок проблем за СПЦ и според неговото мислење кај членовите на Соборот не постоело расположение за признавање на автокефалноста на МПЦ. Според мислењето на патријархот прашањето било чисто канонско, а според каноните на вселенските собори во една самостојна држава можела да постои една автокефална православна црква, додавајќи дека на седницата на Синодот имало жолчна дискусија околу барањето за автокефалност на МПЦ, но, сепак, успеал барањето на МПЦ да го стави на дневен ред за редовното Соборско заседание во 1967 година. На патријархот му било укажано за можноста за свикување на Црковно-народен собор на МПЦ и за прогласување на автокефалност, како и на можноста некои православни цркви по еднострано то прогласување на автокефалноста да ја признаат Македонската православна црква. Патријархот изјавил дека СПЦ како матична црква нема да го признае тоа и дека така ќе постапат и Цариградската и другите

ва било неканонска постапка бидејќи САС на СПЦ „не би можел да затвора очи пред нови кршења на каноните...“ (Ibidem..., 2-5).

110 ДАРМ, ф. ЦК КМП/СКМ, 427. 142. 5. /46 – 56.

111 Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 272

112 Радмила Радић, Држава и верске заједнице, , , II/277

грчки цркви (Ерусалимската, Антиохиската, Грчката, Кипарската). Патријархот истакнал дека терминот „единство" посилно го изразува вистинското единство на СПЦ и МПЦ, отколку канонско единство во кое се наоѓаат сите православни цркви, намерно биле внесени одредбите со кои се условува менувањето на Уставот на МПЦ, бидејќи, според, нив Синодот на МПЦ го одолговлекувал менувањето на Уставот според препораките од 1959 година. Што се однесувало до известувањето на другите православни цркви патријархот рекол дека Соборот на СПЦ не може да донесе никаква одлука, бидејќи вакво известување се правело само во случај на давање на автокефалност на некоја црква, додавајќи дека МПЦ е автономна црква која *де факто* е самостојна бидејќи раководството на СПЦ и тој лично не се мешале во нејзините работи. На крајот патријархот го искажал својот став дека како патријарх на СПЦ и МПЦ треба да се потпишува само во контактите со МПЦ и Сојузната комисија за верски прашања.[113]

Кон крајот на 1966 година Републичката комисија за верски прашања и Извршниот совет на СРМ ги поддржале ставовите на Синодот на Македонската православна црква за автокефалност. Во републичкото раководство откако се разочарале во одлуките на СПЦ, како и во односот на некои раководители на сојузно ниво, оцениле дека барањето на Синодот на МПЦ за прогласување на автокефалност е потполно оправдано. Во основа на овој заклучок бил резултатот од сознанието на републичките органи дека се исцрпени сите можности и дека не можело да се дојде до задоволително решение на основа на претходната платформа. Партиските форуми дури сега дошле до заклучок дека самостојноста на Македонската православна црква не е само политичко или црковно прашање, туку дека преку самостојноста на МПЦ се оди кон понатамошна афирмација на македонската нација без оглед на тоа што ова било црковно прашање.[114] Македонското раководство сфатило дека платформата на која дотогаш се инсистирало (се мисли на платформата за заеднички патријарх) се покажала како нереална, а меѓу другото и како канонски неприфатлива. Се искажале размислувања, според кои, илузорно би било секое понатамошно инсистирање за решавање на прашањето на МПЦ на основа на спомена-

[113] Во текот на разговорот од страна на претседателот на Сојузната комисија биле искажани повеќе забелешки на одлуката на Соборот од 1966 година, особено во ограничувањето на МПЦ да може да го менува Уставот и за известувањето на другите православни цркви за постоењето на МПЦ. Одговарајќи на забелешките патријархот ги изнел од порано познатите официјални ставови на епископатот на СПЦ. (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 269-271).

[114] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 159. 26/655 – 684, Информативен преглед бр. 27/1967 година.

тата платформа, бидејќи тоа би значело одржување на отворено жариште и на чести судири меѓу двете цркви со сите реперкусии кои би произлегле од тоа.[115]

На почетокот на 1967 година прашањето на МПЦ, сега прогласувањето на афтокефалноста, повторно било на дневен ред на Сојузната комисија за верски прашања. На 23 јануари 1967 година Комисијата одржала седница на која биле донесени следните заклучоци: „1. Со оглед на негативната одлука на Соборот на СПЦ од мај 1966 година по прашањето на МПЦ, Сојузната комисија за верски прашања, смета дека МПЦ оправдано го поставува прашањето за својата автокефалност. Тоа е нормално барање на МПЦ кое произлегува од тежнеењето на верниците и свештениците во СР Македонија да имаат своја црква. Спрема тоа, Одлуката на Архијерејскиот собор од 1959 година и враќањето на неа само би ги влошило односите помеѓу двете цркви. Сојузната комисија за верски прашања смета дека врз основа на автокефалноста на МПЦ е можно да се засноваат рамноправни односи помеѓу СПЦ и МПЦ; 2. Прогласувањето на автокефалноста на МПЦ ќе биде позитивно прифатено од нашата јавност... 3. Барањето на МПЦ да ѝ се признае автокефалноста е нов квалитет во односите на двете цркви...“[116]

На 7 март 1967 година претседателот на Сојузниот извршен совет Петар Стамболиќ го примил патријархот Герман, заедно со митрополитот црногорско-приморски Данило и епископот далматински Стефан. Откако се осврнал на историјатот на прашањето патријархот се обратил до Стамболиќ и побарал да влијае врз Македонската православна црква „да не избрза во своето барање и да не донесе еднострана одлука за својата автокефалност, бидејќи во тој случај Архијерејскиот собор на СПЦ би постапил според канаоните“. Патријархот истакнал дека Соборот ќе го осуди прогласувањето на автокефалноста за што ќе ги извести сите православни цркви. Но, Стамболиќ рекол дека Македонците сакаат да се афирмираат како нација во сите полиња и дека тоа треба да се разбере и да им се помогне, додавајќи дека државните власти нема да се мешаат во тоа. Ваквиот одговор за патријархот и членовите на Синодот бил разочарувачки.[117]

[115] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Информација од 5. 12. 1966 година.

[116] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 142. 5/46 – 56; Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 271-273

[117] Патријархот Герман нагласил дека СПЦ ужива голем углед во светот и дека повеќето православни цркви не би ја признале автокефалноста на МПЦ, истакнувајќи дека во една држава може да постои само една автокефална православна црква. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 11 Информација од

На 17 април архиепископот Доситеј, епископот Методиј и протојерејот Нестор Поповски биле примени од Петар Стамболиќ. Откако архиепископот Доситеј направил краток пресек на развојот на прашањето по 1945 година, Петар Стамболиќ подвлекол дека одлуката од 1959 година била најдобра платформа и дека МПЦ би требало да преговара со СПЦ за промени на одлуката од 1966 година. Петар Стамболиќ истакнал дека од судирот меѓу двете цркви корист би имале одредени структури во странство. Митрополитот Доситеј потсетил дека 22 години се пролонгира ова прашање и енергично се спротивставил на враќање на платформата од 1959 година, по одлуката на Соборот од 1966 година. Во разговорот членовите на делегацијата на МПЦ побарале помош за позитивното решавање на барањето на МПЦ за автокефалност, јасно истакнувајќи дека во случај на негативна одлука на Соборот на СПЦ, Синодот на Македонската православна црква е одлучен да свика црковно-народен собор на кој ќе се прогласи автокефалноста.[118]

Истиот ден делегација на МПЦ била примена и кај патријархот Герман и според нивната оценка приемот бил многу лош и навредлив, а разговорот се водел не од канонски аспект туку од политички позиции. На барањето на делегацијата на МПЦ на Соборското заседание да се прифати афтокефалноста, било одговорено дека Српската православна црква заради МПЦ нема да дозволи да ги расипе односите со грчката црква и држава. Од претставниците на СПЦ било истакнато дека на Македонската православна црква не и е потребна автокефалност бидејќи во единство би биле посилни како црква. На крајот од разговорот патријархот Герман побарал МПЦ да ја повлече писмената претставка со која бара автокефалност, а потоа тие би настојувале да променат нешто во одлуката од 1966 година.[119]

---

21. IV 1967 година; Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 284-287; Милан Д. Јанковић, Op. Cit, 413; Радмила Радић, Држава и верске заједнице, , , II/279)

[118] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 11, Информација за разговорите на митрополитот Доситеј со претседателот на СИС др. Стамболиќ и патријархот Герман; Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 296

[119] Овој разговор кај патријархот Герман претставниците на МПЦ го оцениле како многу лош, а односот на претставниците на СПЦ бил на позициите од 1941 година. После овој разговор при средбата со Претседателот на Републичката комисија Боро Чаушев, архиепископот Доситеј изјавил дека тие многу жалат што биле премногу внимателни и послушни, што од порано не биле поодлучни, како и тоа што ја прифатиле сугестијата и наместо во март претстојниот Собор го одложиле за после редовното соборско заседание на СПЦ. Архиепископот нагласил дека за разлика од внимателниот однос што за сето време го имала МПЦ, епископатот на СПЦ

Прашањето за односите меѓу двете цркви, односно барањето на МПЦ за прогласување на автокефалност кон крајот на април било разгледувано и на највисоко политичко ниво во државата, во Сојузниот извршен совет. На состанокот одржан на 25 април 1967 година присуствувале Едвард Кардељ, Петар Стамболиќ, Вељко Влаховиќ, Мијалко Тодоровиќ, Добривое Радосављевиќ, Крсте Црвенковски, Никола Минчев и Милутин Морача. На состанокот било констатирано дека односите меѓу Српската и Македонската православна црква сè повеќе се заостуваат, заради различните ставови по повеќе прашања. Било заклучено дека овие односи особено се влошиле по одлуката на Архијерејскиот собор на СПЦ од 23 мај 1966 година, со која биле ревидирани ставовите од 1959 година. И покрај одредените настојувања на надлежните фактори епископатот на Српската православна црква не покажал разбирање и подготвеност за регулирање на односите меѓу двете цркви, дека дотогашниот развој на односите меѓу СПЦ и МПЦ бара политичките и државните фактори уште еднаш да му укажат на Соборот и Синодот на СПЦ на оправданоста на барањата за автокефалност и дека е во интерес на самата Српска црква да ја признае автокефалноста на МПЦ.

Тргнувајќи од овие констатации било заклучено „политичките и државни фактори на СР Србија уште еднаш да му укажат на раководството на СПЦ на сите штетни последици од нивниот негативен став во поглед на оправданите барања за автокефалност на Македонската православна црква". Раководствата на СР Србија и СР Македонија во случај на негативна одлука на Соборот на СПЦ на заседанието во 1967 година требало да договорат какви мерки би се преземале во земјата за да не дојде до негативни политички последици.[120] Кон крајот на април бил одржан состанок помеѓу претседателите на извршните совети на СР Србија и СР Македонија, Драги Стаменковиќ и Никола Минчев. Претседателот Минчев истакнал дека раководството во Македонија ќе настојува подготовките за Соборот на МПЦ да протечат во мирна атмосфера, избегнувајќи напади на СПЦ, додека Стаменковиќ се обврзал најпрвин да разговара со патријархот, а потоа и со Синодот на СПЦ, во која прилика би ги известил за политичкиот став по прашањето на автокефалноста на МПЦ. До разговор меѓу претседателот

во целиот период се држел до своите тези и позиции, не примајќи никакви влијанија. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 11, Информација за разговорите на митрополитот Доситеј со претседателот на СИС др. Стамболиќ и патријархот Герман)

[120] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 142. 6/57 – 58, Белешка од седницата одржана на 25. 4. 1967 година; К. Црвенковски, С. Милосавлевски, Нашиот поглед за времето на Колишевски, Скопје 1996, 168.

на Извршниот совет на Србија Д. Стаменковиќ и патријархот дошло на 5 мај 1967 година. Стаменковиќ го известил патријархот дека раководството на Србија, иако се работи за црковно прашање, треба да заземе став во врска со македонската црковна самостојност. Бидејќи прашањето станувало политичко, раководството на Србија ги поддржувало барањата за автокефалност. Патријархот истакнал дека прашањето е решено 1959 година, „...и отворено ви велам, доколку се прогласи автокефалност Доситеј ќе го дадеме на суд...“[121]

По состанокот со Петар Стамболиќ од крајот на април и македонското партиско раководство расправало за ова прашање. На 8 мај 1967 година била одржана седница на Претседателството и Извршниот комитет на ЦК СКМ на која била донесена одлука да се поддржи барањето на Македонската православна црква за автокефалност, да се обават консултации со раководството на СР Србија, како и сите општински верски комисии во Македонија да се запознаат со чекорите коишто Македонската православна црква сметала дека треба да ги преземе на овој план.[122]

Пред одржувањето на редовното заседание на Архијерејскиот собор од Комисијата за верски прашања при Извршниот совет на СР Србија обавиле разговори со сите архијереи на територијата на Србија. Според извештајот испратен до Републичката комисија за верски прашања во Македонија на архијереите им било укажано на сериозноста на состојбата и можноста за политички импликации во случај на негативен став на епископатот на Српската православна црква кон барањето за автокефалност поднесено од Македонската православна црква. Врз основа на разговорите во Комисијата заклучиле дека на заседанието на Соборот на СПЦ во 1967 година тешко може да се очекува позитивно решение за барањето на МПЦ, но, се изразува надеж дека јасно и категорично соопштените ставови би имале одредено влијание. [123]

Во оваа информација накратко се соопштуваат ставовите на сите епископи на СПЦ на територијата на Србија. Зе шумадискиот епископ Валеријан сметале дека нема да се залага за признавање на автокефалност на МПЦ, но, дека до крај ќе се заложи за толерантен став

[121] Милан Д. Јанковић, Op. cit, 413-416.

[122] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 5, Белешка од IV заедничка седница на Претседателството и Извршниот комитет на ЦК СКМ, 8. 5. 1967 година.

[123] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-10, Информација о разговорима са епископима Српске православне цркве са подручја СР Србије, обављеним пред овогодишње заседање Сабора по питању односа између Српске и Македонске православне цркве.

кон МПЦ „кога оваа сама ќе се издвои", ставот на браничевскиот епископ Хризостом се оценува како најпрогресивен „мислиме дека ќе го поддржи барањата на МПЦ". За жичкиот епископ Василиј, рашко-призренскиот Павле и сремскиот епископ Макариј се констатира дека одлучно биле против признавање на автокефалноста, додека нишкиот епископ Јован, тимочкиот Емилијан, бачкиот Никанор и шабачко-валевскиот епископ Јован, својот став – сметале во комисијата, би го изградиле врз основа на позицијата на патријархот и мислењето на мнозинството. Според оваа информација епископот Хризостом не бил осамен во прифаќањето на македонското барање. За банатскиот епископ Висарион се констатира дека „ќе се заложи за признавање на автокефалноста на Македонската православна црква".

Барањето на МПЦ за добивање на автокефалност било разгледано на редовното заседание на Архијерејскиот собор на СПЦ на 24 мај 1967 година по што патријархот Герман испратил писмо до Светиот синод на Македонската православна црква и Сојузната комисија за верски прашања во кои ги известува дека барањето на МПЦ за добивање на автокефалност не може да се уважи. Во Одлуката се вели: „Светиот архијерејски собор на Српската православна црква на своето редовно годишно заседание го разгледуваше вашето барање бр. 226 од 3 декември 1966 година, на Македонската православна црква да ѝ се додели автокефалност, па во врска со тоа ја донесе под АС бр. 44/зап. 10 од 24 (11) мај 1967 година, оваа одлука: Не може да се уважи барањето на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква од 3 декември 1966 година бр. 226 на автономната Македонска православна црква да и се даде автокефалност". Во опширното образложение на одлуката се зборува дека МПЦ не ги исполнува канонските услови за стекнување на автокефалност, дека нема доволен кадровски потенцијал, школи за подготвување на идниот свештенички кадар, со што, според Соборот на СПЦ, недостасувале неколку битни услови за давање на автокефалност. На крајот од одлуката се вели: „Доколку таа спротивно на каноните, сама на својот Митрополитски црковно-народен собор се прогласи за автокефална, таа ќе се смета, како од Српската православна црква, така и од останатите православни автокефални цркви, за расколничка верска организација и како таква ќе биде исклучена од општење со нив".[124]

По донесувањето на одлуката на Соборот, патријархот Герман се сретнал со претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Мило Јовиќевиќ. Го запознал дека барањето на МПЦ едногласно било

---

[124] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 11, Prepis odluke Svetog arhijerejskog sabora Srpske pravoslavne crkve

одбиено од членовите на Соборот, под мотивација дека Македонската православна црква не ги исполнува канонските услови кои се потребни за стекнување на автокефалност. Патријархот напоменал дека во една самостојна држава не може да постојат две автокефални православни цркви, дека МПЦ нема потребен број на епархии и дека не ги исполнува и другите потребни услови за канонски отпуст.[125] Во овој период во Македонија веќе биле во тек подготовките за свикување на Третиот црковно-народен собор и прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква. Непосредно пред прогласувањето на автокефалноста на 12 јули 1967 година бил хиротонисан архимандритот Кирил[126] за епископ тивериополски со што Синодот на Македонската православна црква пред чинот на прогласување на автокефалноста го сочинувале петмина архијереи.[127]

[125] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 304-306

[126] Епископот тивериополски Кирил (Никола Поповски), роден 1934 година во Царев Двор, Ресенско. Завршил богословија во Призрен. Во 1964 година се замонашил во манастирот „Света Пречиста" крај Кичево. Во 1965 година се запишал на Московската духовна академија. Целосно теолошките студии ги завршил на Богословскиот факултет во Скопје. Бил митрополит американско-канадско-австралиски, а по основањето на Полошко-кумановската епархија во 1971 година, бил назначен за администратор, а подоцна и за нејзин митрополит.

[127] Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски..., 132 – 133.

# 5/ Трет црковно-народен собор – прогласување на автокефалноста

По сеопфатните подготовки на Светиот архијерејски синод, Македонската православна црква го свикала Третиот црковно–народен собор, на 17 јули 1967 година. Во присуство на делегатите претпладнето на 17 јули 1967 година Соборот започнал со работа во катедралната црква Света Софија. Со Соборот раководел поглаварот на Македонската православна црква архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски Доситеј. На почетокот на работата делегатите на Соборот извршиле некои дополнувања на Уставот на Македонската првославна црква, а биле основани и две нови епархии: Дебарско–кичевската и Американско–канадско–австралиската епархија.

Светиот синод на Македонската православна црква пред соборјаните поднел исцрпен извештај за текот низ кој минале односите со Српската православна црква. Соборот едногласно ја одобрил работата на Синодот давајќи му полна поддршка со посебна резолуција во името на свештенството и православниот македонски народ.[1] Во оваа резолуција меѓу другото се вели: „Митрополитскиот црковно–народен собор позитивно го оценува решението на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква да се отфрли обидот на Српската православна црква за ограничување на самостојноста на Македонската православна црква. Имено, со одлуката на Српската православна црква од 1966 година веќе беше надмината платформата за односите меѓу двете цркви па затоа Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква беше принуден да ја преиспита положбата и да побара друго соодветно решение“.[2] Понатаму во резолуцијата се вели: „Изразувајќи ја волјата, желбата и чувствата на македонското свештенство и благочестивите христијани, Црковно– народниот собор со евангелска еднодушност го прима и поздравува ставот на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква за прогласување на автокефалноста на МПЦ“.[3]

---

[1] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква..., 160–161; Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1076–1077.

[2] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 314-341; Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 101.

[3] Ibidem, 102.

Давајќи согласност за прогласување на автокефалност на Македонската православна црква, Митрополитскиот црковно–народен собор изразил длабоко убедување дека ова големо дело ќе биде во полза на светата православна црква и како таква Македонската православна црква ќе биде примена и признаена од сите автокефални цркви. На 18 јули на свечена седница во охридската црква Свети Климент по призивот на Светиот Дух, Синодот најнапред ги пополнил двете новоосновани епархии. За епархиски архијереј на Дебарско–кичевската епархија бил назначен викарниот епископ велички Методиј, а за архијереј на Американско–канадско-австралиската епархија викарниот епископ тивериополски Кирил. По донесувањето на овие одлуки Светиот синод на Македонската православна црква во состав на митрополитот македонски Доситеј (претседавач на Соборот) и преспанско–битолскиот митрополит Климент, злетовско–струмичкиот Наум, дебарско–кичевскиот Методиј и американско–канадско–австралискиот митрополит Кирил ја прогласиле Македонската православна црква за автокефална. Притоа, Светиот архијерејски синод ја донел и Одлуката за прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква која гласи:

„1. Македонската православна црква – наследничка на обновената Охридска архиепископија – се ПРОГЛАСУВА ЗА АВТОКЕФАЛНА.

2. На чело на автокефалната Македонска православна црква стои АРХИЕПИСКОП со достоинство „АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ“.

3. Диецезата на автокефалната Македонска православна црква се поклопува со границите на македонската национална држава – Социјалистичка Република Македонија.

4. Автокефалната Македонска православна црква како дел од единствената света соборна и апостолска црква, го прима и го чува своето Свето писмо, прописите на сите вселенски и помесни собори, како што го чуваат и другите автокефални православни цркви и го отфрла секое друговерско учење.

5. Автокефалната Македонска православна црква се управува во согласност со Светото писмо, Светото предание, Апостолските преданија, каноните на светите вселенски и помесни собори и Уставот на Македонската православна црква.

6. Препис од оваа одлука да им се достави на сите автокефални православни цркви, како и на сите епархии и црковни општини на автокефалната Македонска православна црква.

7. Објавувањето на оваа одлука ќе се изврши пред Црковно– народниот собор на Македонската православна црква, свештенството и благочестивите христијани на Светата архијерејска литургија во црквата „Свети Климент Охридски“ во Охрид.

8. Оваа одлука стапува во сила по донесувањето. [4]

На 19 јули архиепископот Доситеј и Архиепископскиот црковно-народен собор упатиле писма до патријархот Герман во кои го известиле дека откако Црковно-народниот собор дал согласност и препорака Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква прогласил автокефалност и интронизација на архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски во ново достоинство, што произлегувало од прогласената автокефалност во архиепископ охридски и македонски.[5]

[4] Одлука за прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква, Весник на МПЦ, IX/5–6, Скопје 1967.

[5] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 361-365

# 6/ Македонско-српските црковни односи по прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква (1967-1970)

## 6.1/ Вонредното заседание на Соборот на Српската православна црква – септември 1967 година

На 15 август се одржала седница на Синодот на СПЦ на која патријархот ги запознал членовите дека по приемот на актот за прогласување на автокефалност на МПЦ ги известил поглаварите на автокефалните цркви за одлуката на Соборот на СПЦ од 24 мај, по што на предлог на епископот сремски Макариј (Ѓорѓевиќ) било закажано вонредно заседание на Архијерејскиот собор на СПЦ за 15 септември со единствена точка на дневен ред прогласување на автокефалноста на МПЦ.[1] Пред заседанието на Соборот, а по извештајот на претседателот на Сојузната комисија за верски прашања М. Јовиќевиќ за прогласувањето на автокефалноста на МПЦ и можните последици од реакцијата на Српската православна црква, претседателот на Сојузниот извршен совет Мика Шпиљак и претседателот на Извршниот совет на Србија Ѓурица Јојкиќ разговарале со патријархот. На 31 август во разговор со Ѓ. Јојкиќ патријархот истакнал дека митрополитот Доситеј бил предупреден за последиците, а дека црквата се држи до своите норми и канони. Претседателот на Извршниот совет на Србија побарал од патријархот да не се оди на заострување на состојбата.[2] Сојузната комисија за верски прашања на 5.9.1967 одржала седница на која биле разгледани односите меѓу двете цркви по прогласувањето на автокефалноста на МПЦ. Комисијата и дала целосна поддршка на автокефалноста на Македонската православна црква, при што, меѓу другото, се заклучило да се влијае на епископатот на СПЦ на претстојниот Собор да не донесе екстремни одлуки кои би предизвикале посериозни политички последици во земјата.[3]

---

[1] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/282

[2] Милан Д. Јанковић, Op. cit, 416-417.

[3] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 6 Информација о односима Српске православне цркве и Македонске православне цркве након проглашења аутокефалности МПЦ.

На вонредното заседание на Светиот архијерејски собор на СПЦ жичкиот епископ д-р Василиј (Костиќ) барал да се преземат најригорозни мерки предвидени со црковните канони, МПЦ да ја повлече одлуката за автокефалност, а во спротивно целата црква епархијата и свештенството да се прогласат за расколнички, а поглаварот Доситеј и архијереите да се расчинат. Предлогот на епископот Василиј бил поддржан од митрополитот црногорско-приморски Данило и од епископите сремски Макариј и среднозападно американски Фирмилијан. Наспроти нив шумадискиот епископ Валеријан, банатскиот Висарион, славонскиот Емилијан, браничевскиот Хризостом, зворничко-тузланскиот Лонгин и бањалучкиот епископ Андреј предлагале да се прекинат односите само со ерархијата на МПЦ, „...а Синодот на СПЦ да поведе постапка против виновниците за расколот ".[4]

На крајот од заседанието Соборот ја донел следната одлука: „Бидејќи вишата ерархија на Македонската православна црква не ја прифати надлежно донесената одлука на САС на СПЦ, АС бр.44/зап.10 од 24 (11) мај 1967 година и самоволно и неканонски се отцепи од својата Мајка црква во расколничка верска организација, во согласност со споменатата одлука да се прекине со оваа ерархија службено и канонско општење и да се задолжи САС на СПЦ да поведе постапка против виновниците на расколот.

Со верниот народ на Македонија да не се прекинува општењето, туку да им се излегува во пресрет на потребите.

На богословите и на студентите од Македонија, на оние кои сакаат да им се овозможи и натаму да се запишуваат во нашите богословски школи и да учат во нив. Приемот да го вршат архијереи во чии епархии се наоѓаат богословските училишта.

Оваа одлука да се објави во првиот нареден број на „Гласник", службениот весник на Српската православна црква и за неа да се известат сите сестрински православни цркви заради запознавање".[5]

Веднаш по завршувањето на вонредното заседание на Соборот на Српската православна црква, Синодот на Грчката православна црква на вонредна седница расправал за ова прашање при што констати-

[4] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/282

[5] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 142. 8, Одлука Архиерејског сабора Српске православне цркве по питању проглашења аутокефалности Македонске православне цркве, 15. 9. 1967 године. Во образложението на Одлуката се наведувало дека покрај канонските причини, автокефалност на МПЦ не може да и биде дадена и заради недостојноста на раководството на МПЦ, при што се поставило и прашањето „што би се случило со Православната црква доколку секоја етничка група започне да прогласува автокефалност". (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 142. 5/46-56).

рал дека „формирањето на независна Македонска црква ќе го смета како противканонски акт и незаконска постапка и како што предвидуваат светите канони ги прекинува сите врски со архијереите и свештенството на оваа самостојна црква. Грчката православна црква ќе се држи до оваа одлука додека свештените лица на самоволно прогласената црква не се покајат и не се вратат во братската Српска православна црква .[6]

По вонредното заседание на Соборот на СПЦ Синодот на Македонската православна црква на 17 октомври одржал седница на која се разгледувала одлуката на Српската црква и било заклучено дека: „Одлуката на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква од 15 септември 1967 година е невообичаена и туѓа на практиката, основите и учењето на Светата православна црква. Како таква, таа може да биде само штетна, не само по нашите две цркви туку по Светата православна црква воопшто...Отфрлајќи ја Одлуката на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква од 15 септември 1967 година, Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква длабоко верува дека еден ден, сепак, над страстите ќе надвладее духот на разумот и великодостојниците на сестринската Српската православна црква ќе влезат во општење со автокефалната Македонска православна црква.[7]

Државните органи, пред сè Сојузната комисија будно го следеле дејствувањето на СПЦ. Во една анализа направена од Сојузната комисија за верски прашања од јуни 1969 година се констатирало дека од 1966 година одредени акции на СПЦ значително отстапувале од поранешна политика на добри односи со државата, при што, промената на политиката на раководството на Српската православна црква кон државата се совпаѓа со моментот на заострувањето на нејзините односи со Македонската православна црква.[8] Претседателот на Комисијата, Мило Јовиќевиќ констатирал дека од страна на државата се прави сè за да се одржат добри односи со раководството на СПЦ, како и дека Српската црква имала повластена положба во однос на останатите верски заедници. Според анализите еден од битните фактори за таквите поранешни односи била улогата на Управата за државна безбедност, која сè до Четвртиот пленум цврсто ја држела контролата врз целата ситуација во СПЦ, а посебно патријархот Герман. Во овој контекст била изјавата на Крсте Црвенковски во октомври 1967 година

[6] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 142. 12/74, Соопштение на грчкиот Синод, 15. 9. 1967 година; Виолета Ачкоска, Братството и единството 1944 – 1974 ..., 196.

[7] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 396-400

[8] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Односот на Српската православна црква спрема државата, 2. 6. 1969 година,

дека без Александар Ранковиќ прашањето на Македонската православна црква би било решено многу порано.[9]

### 6. 2/ Продлабочување на недовербата

По прогласувањето на автокефалноста, Македонската православна црква продолжила да ја дооформува својата структура. Светиот синод на Македонската православна црква на 26 септември донел Одлука (Син.бр. 38 зап.бр. 12/67) за отворање на средно богословско училиште. На 31 октомври 1967 година богословијата Свети Климент Охридски започнала со работа како петокласна богословија. На почетокот на својата работа секоја година се запишувале по 20–30 ученици. Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква за прв ректор на богословијата го поставил професорот Борис Бошковски.[10]

Во првата половина на ноември 1967 година делегација на Македонската православна црква, митрополитите Наум и Кирил и протојерејот Нестор Поповски ги посетиле Бугарската, Романската и Руската православна црква. Делегацијата на 3 ноември престојувала во Софија, каде се состанале со варненскиот митрополит Јосиф, а на патот кон Романија делегацијата била примена и од русенскиот митрополит Софрониј. Впечатокот на делегацијата на МПЦ била дека Бугарската црква е наклонета кон Македонската православна црква, меѓутоа, сериозно била загрижена за осипувањето на бугарските и македонско-бугарските цркви во прекуокеанските земји, заради преминувањето на верниците во МПЦ. Истата делегација од 4 до 6. 11. 1967 година, престојувала во Романија каде биле примени од патријархот Јустинијан, кој изјавил дека Одлуката на Соборот на СПЦ од 1959 година претставува акт за законско осамостојување на МПЦ. Патријархот изразил и желби за развивање на срдечни односи меѓу двете цркви. Делегацијата на Македонската православна црква на 14 и 15 ноември престојувала во Московската патријаршија. Делегацијата била примена од двајца протојереи, функционери во Одделот за надворешни работи на Руската православна црква. Претставниците на Руската црква ги сослушале искажувањата на македонската делегација и се интере-

[9] T. Cepreganov, P Shashko, The Macedonian Orthodox Church, Eastern Christianity and the Cold War, 1945-91, Edited by Lucian N. Leustean, Routledge, London and New York, 2010, 181; Радмила Радић, Држава и верске заједнице...II/285

[10] Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски..., 125; Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1016.

сирале за односот на државата и приемот на кој наишла делегацијата во Бугарската и Романската црква. Во Москва делегацијата била примена и од југословенскиот амбасадор Добривоје Видиќ.[11]

Спорот меѓу двете цркви се одразил и на односите на Српската православна црква со државно-партиската структура. Патријархот Герман заради присуството на архиепископот Доситеј не присуствувал на приемот кај претседателот на републиката по повод одбележувањето на 29 Ноември, денот на Републиката.[12] Непосредно по овој настан на 11 декември 1967 година, патријархот Герман разговарал со Милош Миниќ, претседател на Собранието на СР Србија. Во разговорите патријархот навел дека доколку имало повеќе разбирање од страна на сојузните, но и републичките власти не би дошло до прогласување на автокефалност на Македонската православна црква. Во продолжение патријархот истакнал дека до автокефалност на МПЦ би дошло можеби подоцна кога би се создале сите поволни услови, додавајќи дека токму тој направил сè Македонската црква да стекне автономија, која во голема мера ја уживала оваа привилегија, иако и тогаш морал да се справува со големи тешкотии во врвот на Српската православна црква.[13] Патријархот Герман изразил стравување дека одвојувањето на Македонската православна црква од Српската црква со прогласување на автокефалност е само вовед во една понатамошна иницијатива за делење на СПЦ. Ова стравување патријархот го изнел во контекст на аргументите со кои се раководел Архијерејскиот собор на СПЦ во одлуката да не ја признае автокефалноста на МПЦ, истакнувајќи дека такво стравување постоело кај сите членови на Соборот.[14]

---

[11] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 11, Информација за досегашните акции на Синодот на МПЦ за афирмација пред останатите православни цркви 20. 11. 1967година.

[12] Ibidem k-6 Информација о односима Српске православне цркве и Македонске православне цркве након проглашења аутокефалности МПЦ. Наредната година на приемот по повод 25- годишнината од Второто заседание на АВНОЈ на 28 ноември 1968 година кај претседателот на Републиката бил повикан само патријархот Герман и покрај тоа што сите републички верски комисии се изјасниле во прилог на рамноправниот третман на Српската и Македонската православна црква. Се разбира, ова не останало незабележано од претставниците на католичката црква. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 6, Српска православна црква упорито наставља хегемонистичку политику према МПЦ и Македонији фебруар 1969 године)

[13] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)..., 417

[14] Во поткрепа на изнесеното патријархот Герман рекол дека Православната црква во Црна Гора била автокефална и дека подоцна се соединила со СПЦ. Доколку Српската православна црква би се согласила со автокефалност на Македонската црква „зошто и во Црна Гора не би побарале автокефалност на црквата, кога Црна Гора во минатото веќе имала автокефална црква“. (Ibidem..., 413)

Кон крајот на годината во Сојузната комисија го анализирале односот на Српската православна црква и на патријархот Герман кон државата, особено по неговото недоаѓање на приемот по повод денот на републиката. Во комисијата негативно ја оценувале и промената во Уставот на СПЦ, за начинот и постапката на избор на патријарх, што било направено, со цел, да се спречи влијанието на државните структури при изборот на поглавар на СПЦ, како што било случај со претходните избори.

На почетокот на 1968 година продолжиле разговорите што највисоките државни претставници ги имале со поглаварите на Српската и Македонската православна црква. Претседателот на Сојузниот извршен совет Мика Шпиљак на 18 јануари се сретнал со патријархот Герман кој ги повторил ставовите искажани во претходните средби со државните раководители нагласувајќи дека: „Црковно-народниот собор немал ниту законско ниту канонско право да прогласи автокефалност“. На прашањето на Мика Шпиљак, дали МПЦ би прогласила автокефалност, доколку за статусот на МПЦ, Српската црква ги известела останатите православни цркви, патријархот одговорил дека не можеле да го направат тоа“...„бидејќи тоа не е пропишано ниту, пак, е практика, така да се дејствува кога се работи за еден чисто внатрешен проблем на една црква... “[15]

Пред божиќните празници во 1968 година архиепископот Доситеј упатил честитки до патријархот Герман и до епископатот на СПЦ, на кои не било одговорено. Архиепископот упатил честитки и до поглаварите на другите православни цркви. Одговор добил од романскиот патријарх Јустинијан, од бугарскиот патријарх Кирил и од ленинградскиот митрополит Никодим. Честитки од бугарскиот и романскиот патријарх добиле и митрополитите Наум и Кирил.[16] Пролетта 1968

[15] Во разговотот Шпиљак нагласил доколку Српската православна црква „започне прогон“ против Синодот на МПЦ би можело да дојде до влошување на односите помеѓу државата и СПЦ. „Се поставува прашање што вие тука може да направите? Мислам дека вие назад не можете. Но можете да постапувате некако поеластично, состојбата да не се заострува и на некој начин да го задржите влијанието на Македонската црква. Во спротивно со својот строг став да не ја натерате Бугарската црква да ги признае, односно Македонската црква да не падне под влијане на Бугарската црква. Што мислите би можело ли тоа да се случи. Има ли Српската црква мудрост да го реши тоа...“ прашал и констатирал Шпиљак. (Милан Д. Јанковић, Op. cit, 417-419)

[16] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 6, Белешка за некои остварени контакти на Македонската православна црква со другите православни цркви. По судирот со СПЦ, Синодот на Македонската православна црква се нашол во тешкотија за снабдување со свето миро. Поглаварите на Романската и Бугарската православна црква во 1970 година не осврнувајќи се на извесни приго-

година злетовско-струмичкиот митрополит Наум враќајќи се од Букурешт на 1 април имал средба со патријархот Кирил и варненско-преславскиот митрополит Јосиф. Митрополитот барал признавање на автокефалноста на Македонската православна црква. Патријархот Кирил, најпрвин искажал восхит за упорноста на македонските духовници во борбата за својата самостојност, но, нагласил дека Бугарската православна црква нема јавно да се изјаснува за автокефалноста на Македонската православна црква.[17]

Во меѓувреме, архиепископот Доситеј примил писмо од цариградскиот патријарх Атинагора, во кое била дадена поддршка на Одлуката на Архијерејскиот собор на Српската православна црква и се препорачувало на Синодот на Македонската православна црква да ја „преиспита и ревидира одлуката со која е прогласена автокефалноста и да се вратат во крилото на мајката Српска православна црква".[18] Писмото, всушност, било исполнување на ветувањето од патријархот Атинагора дадено при посетата на СПЦ во октомври 1967 година.

Во овој период заострените односи меѓу Српската и Македонската православна црква често пати биле на дневен ред на Сојузната комисија за верски прашања. Активноста на Сојузната комисија се зголемила непосредно пред одржувањето на редовното заседание на Соборот на Српската православна црква во 1968 година. На седница одржана во март 1968 година, Комисијата ја усвоила информацијата за односите меѓу двете цркви, при што било заклучено во непосреден контакт со патријархот и епископите да се укаже на сериозноста на политичките последици доколку Архијерејскиот собор на СПЦ би донел одлуки кои оделе кон понатамошно заострување на односите ме-

---

вори ставиле на располагање дел од светото миро, а чинот на мироварење бил извршен во црквта Свети Димитрија во Скопје во април 1971 година. Поглаварот на Романската православна црква Јустин испратил и телеграма со сочувство по повод смртта на архиепископот Доситеј во мај 1981 година. Покрај него телеграма испратил и митрополитот варшавски и на цела Полска, Василиј. Од СПЦ ваква телеграма упатил само славонскиот епископ Емилијан (Мариновиќ). (Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 156-157, 236)

[17] Петър Петров, Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, (www. promacedonia. org)

[18] Во писмото Македонија се третирала како област во Јужна Југославија. (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к. 6 Белешка околу писмото на Цариградската патријаршија испратено до архиепископот Доситеј. ) За време на посетата на манастирот Жича на 13 октомври 1967 година, отпоздравувајќи на епископот жички Василиј а во присуство на патријархот Герман и повеќе епископи, патријархот Атинагора евоцирајќи спомени рекол дека живеел и во „српска Битола". Во периодот 1910-1918 година Атинагора тогаш како архиѓакон бил училиштен надзорник на Пелагониската патријаршиска митрополија.

ѓу двете цркви. На седницата било констатирано дека Српската православна црква и натаму стои на позициите на заострување на односите со Македонската православна црква.[19]

По седницата на Сојузната комисија нејзиниот претседател М. Јовиќевиќ се сретнал со патријархот Герман, при што му образложил дека евентуална одлука на Соборот со која би се повела постапка против македонските архијереи, би предизвикала остро реагирање на јавноста, односно влошување на односите меѓу СПЦ и државата. Патријархот одговорил дека тоа прашање мора да се стави на дневен ред на Соборот, бидејќи во 1967 година Архијерејскиот собор одредил Синодот на СПЦ да поведе постапка против македонскиот епископат и дека Синодот мора да го изврши тоа.[20]

На 19 март Синодот на СПЦ донел решение со кое архијереите на Македонската православна црква биле ставени под канонски суд. За водење на постапката и поднесување на тужба Синодот го одредил жичкиот епископ д-р Василиј (Костиќ). На 1.4.1968 година архиепископот Доситеј и архијереите на МПЦ добиле одделни решенија со кои биле ставени под канонски суд.[21] Синодот на Македонската православна црква не одлучил решенијата на Синодот на СПЦ да ги врати заради тоа што биле донесени од ненадлежен орган.

Во текот на март 1968 година дошло до средба и разговори меѓу Синодот на СПЦ и претседателот на Сојузниот извршен совет Мика Шпиљак. На средбата се говорело и за прашањето на автокефалноста

[19] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Заклучоци од седницата на Сојузната комисија за верски прашања одржана на 12. 3. 1968 година. Комисијата на оваа седница, меѓу другото, заклучила и дека „...ставот на Српската православна црква штетно се одразува врз меѓунационалните односи и им дава поттик на шовинистичките елементи и на политичката емиграција непријателски да истапуваат против СФРЈ “.

[20] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6 Разговор са патријархом Германом

[21] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 170. Во писмото упатено до архиепископот и архијереите се наведувало: „Со акт на Светиот архијерејски синод бр. 3115 од 26. 9. 1967 година ја доставивме до Синодот на Македонската православна црква одлуката на Светиот архијерејски собор на Српската православна црква Ас. бр. 50/зап. 7 од 15 септември 1967 година која се однесува на незаконитата и неканонска постапка на прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква. Постапувајќи понатаму во смисла на одлуката Светиот архијерејски собор и Светиот архијерејски синод на Српската православна црква под горниот број и датум го донесе следното решение: 1. Се ставаат под канонски црковен суд и се наредува покренување на постапка против виновниците за создавање на верска расколничка организација во Православната црква во Македонија...“ (Доне Илиевски, Смислата на некои отпори против автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1970, 63)

на Македонската православна црква. Патријархот Герман говорејќи за ова прашање истакнал дека Соборот на СПЦ ги разгледувал односите меѓу двете цркви и дошол до убедување дека тоа е чисто црковен проблем и дека како таков го решил. Патријархот замолил и властите така да го разберат проблемот и прашањето да не се поставува на политички колосек. Патријархот го изнел ставот на Соборот дека „Македонците погрешиле и дека грешката треба да ја исправат“.[22] Патријархот како и претходно бил на ставот дека Српската православна црква го решила македонското црковно прашање со платформата од 1959 година.

Претседателот на Сојузниот извршен совет Мика Шпиљак го изнел официјалниот државен став дека прашањето за признавање на автокефалноста на МПЦ не е исклучително црковно-канонски проблем, туку дека прашањето прераснало во национално-политички проблем. Шпиљак истакнал дека не може да влијае на Македонската православна црква да се врати во рамките на Српската црква, при што додал дека: „Македонија е самостојна република, македонската нација се бори за своја потполна афирмација во сите сфери на општествениот живот, па и на прашањето за автокефалност на својата црква“.[23] Вакви разговори кои се воделе на сојузно и републичко ниво ќе има и во понатамошниот период, но, ставот на Српската православна црква останувал непроменет. Патријархот Герман изјавувал дека македонските епископи ќе бидат ставени пред црковен суд и дека ќе се оди во границите кои канонските прописи ги предвидуваат. Патријархот отворено истакнувал дека доколку го немало државниот интерес, Соборот кон Доситеј би постапувал исто како спрема Дионисиј (мислејќи на расчинетиот епископ во САД и Канада), но, бидејќи двете цркви дејствуваат во една држава, сепак, не би оделе на такво решение. [24] Набрзо по разговорот со претседателот на Сојузниот извршен совет Мика Шпиљак, патријархот Герман бил примен и од претседателот на Извршниот совет на Србија, Ѓурица Јојкиќ. Разговорите се одржале непосредно пред редовното заседание на Архијерејскиот собор на СПЦ. Претседателот на Српскиот извршен совет го запознал патријархот Герман со официјалниот став на српското раководство дека прогласувањето на автокефалноста на МПЦ е прашање на македонските верници и свештеници, при што ја истакнал загриженоста на раководството на Србија за започнатата судска постапка против македонските архијереи, со што

[22] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Zabeleška o razgovoru Pretsednika saveznog izvršnog veća Mike Špiljaka sa Patrijarhom Germanom i članovima Sinoda SPC, од 22. 3. 1968 година.

[23] Ibidem

[24] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, k-6, Ibidem

ова прашање според мислењето на Јојкиќ сè повеќе се претворало во политички проблем. Тоа не се однесувало само на односите меѓу Српската и Македонската православна црква, туку навлегувало во односите меѓу народите на СФРЈ.[25]

На забелешките упатени од страна на претседателот на Српскиот извршен совет, патријархот Герман одговорил дека „Српската православна црква има свест за одговорноста и чувањето на црквата пред народот и историјата", при што побарал од српското раководство да не се меша и да не ја поддржува МПЦ.[26]

Со ваквите ставови патријархот Герман јасно ја подвлекол позицијата на СПЦ во однос на автокефалноста на Македонската православна црква, непосредно пред редовното мајско заседание на Архијерејскиот собор. Редовните средби кои сојузното и републичкото српско раководство го имале со патријархот Герман и членовите на Синодот на СПЦ, речиси, секогаш биле користени и за актуелизирањето на признавањето на автокефалноста на МПЦ.

Во септември 1968 година жичкиот епископ д-р Василиј (Костиќ), определен од Соборот за тужител во постапката против вишата епархија на МПЦ му предложил на Синодот на СПЦ во согласност со канонските прописи епископатот на МПЦ „да се повика на покајание, својата сторена грешка да ја исправат и да се вратат во крилото на Мајката црква".[27] Кон крајот на септември и на 16 октомври 1968 година патријархот Герман со писмо се обратил до архиепископот Доситеј и до архијереите на МПЦ со барање за „покајание" и враќање во рамките на Српската православна црква. Ваквото обраќање, секако, било и во врска со решението на Синодот на СПЦ од 19 март 1968 година за ставање на епископите на МПЦ под канонски суд, а во согласност со 74 апостолско правило според кое епископот пред да биде осуден треба да се повика на покајание.

[25] Милан Д. Јанковић, Op. cit, 419-421. На овие разговори од страна на Српската православна црква присуствувале и црногорско-приморскиот митрополит Данило и викарниот епископ Лаврентиј.

[26] Во разговорот патријархот одговарајќи на забелешките меѓу другото рекол: „Ние ја помагавме афирмацијата на Македонската црква...секогаш водевме грижа за интересите на државата, но, немојте да барате од нас да си спремиме мртовечки сандак", при што го поставил прашањето „Зарем Македонците мораа да чекаат комунистите да им дадат самостојна црква". (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, k-6, Zabeleška o prijemu patrijarha Germana kod pretsednika Republičkog izvršnog veća druga Djurice Jokića 3 maja 1968 g, 7)

[27] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви-македонско црквено питање..., 170

На 26 ноември 1968 година уследило ново писмо од патријархот Герман упатено директно до сите епископи на МПЦ во кое се наведувало дека Синодот на СПЦ одлучил да испрати свои пратеници за братски разговор со епископите на Македонската православна црква.[28] Синодот на МПЦ на 6.12.1968 година одржал седница од која било упатено писмо до патријархот Герман во кое се забележувало за неканонското општење со епископите на МПЦ. Сепак, предлогот за разговори бил поздравен. Во писмото се барало платформата да се базира на изнаоѓање на патишта за средување на односите меѓу двете цркви, при што однапред се отфрлал секаков разговор за ставање под канонски суд на епископите на МПЦ. За претставници на Синодот на МПЦ биле определени злетовско-струмичкиот митрополит Наум и дебарско-кичевскиот митрополит Методиј.[29]

Одговорот на писмото пристигнал наредниот ден (7.12.1968 година), односно патријархот Герман со телеграма испратена до Синодот на МПЦ известил за доаѓање на претставници на СПЦ на 12.12.1968 година во Скопје.[30] После прекинот на односите од јули 1967 година ова бил прв директен разговор меѓу делегации на двете цркви. Во делегацијата на СПЦ биле сремскиот епископ Макариј и бачкиот епископ Никанор, како и секретарот на Светиот архијерејски синод, протојереј Младен Младеновиќ.[31]

Претставниците на Македонската православна црква настапиле со платформата за признавање на автокефалноста и за нормализирање на односите меѓу двете цркви. Делегацијата на СПЦ изразила желба за братско разбирање, при што од МПЦ било побарано да се врати на платформата од 1959 година. Во разговорите било истакнато дека Српската православна црква се наоѓа во незавидна состојба заради расколот во САД и расчинувањето на епископот Дионисиј, при што подвлекле дека ваквата состојба на односите меѓу двете цркви може да ја искористат Бугарите.[32] Разговорите завршиле со резиме што го

[28] Во актите испратени до МПЦ архиепископот Доситеј билословуван како митрополит скопски, при што сеословувал со „високопреосвештен" а не со „блаженство". (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Информација за најновите моменти во односите помеѓу Српската и Македонската православна црква, 17. 12. 1968 година).

[29] Во делегацијата на Синодот на МПЦ покрај митрополитите учествувале и свештениците Нестор Поповски од Скопје и Климе Малевски од Битола, а разговорите се воделе во новата зграда на Архиепископијата во Скопје.

[30] Ibidem..., 24

[31] Доне Илиевски, Смислата на некои отпори..., 65

[32] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Информација за најновите моменти во односите..., 3

дала делегацијата на МПЦ, а епископите Макариј и Никанор прифатиле да го изнесат пред Синодот на СПЦ. Делегацијата на МПЦ побарала:

„1. Одлуката за прогласување на МПЦ не може да се менува. 2. Архијерејскиот собор на СПЦ да ја измени одлуката од 15 септември 1967 година со која биле прекинати односите со МПЦ, особено во делот каде што се зборувало за прекин на односите со вишата ерархија на МПЦ. 3. Да се стави надвор од сила решението на Синодот на СПЦ од март 1968 година со кое епископите на МПЦ биле ставени под канонски суд. 4. После ова Синодот на МПЦ е подготвен да разговара на кое било ниво и за сите работи што би воделе кон подобрување на односите меѓу двете цркви".

Заклучоците од ставовите на делегацијата на СПЦ се сведувале на: „1. Српската православна црква сака МПЦ да остане во единство со СПЦ како што било предвидено со Уставот на МПЦ (пред прогласувањето на автокефалноста) на база на одлуките на Архијерејскиот собор на СПЦ од 1959 година. 2. Доколку МПЦ ги прифати овие барања треба да ги стави надвор од сила сите одлуки што уследиле после овој Устав, а кои биле во спротивност со него и со одлуките на Архијерејскиот собор на СПЦ од 1959 година". [33] На крајот на барање на делегацијата на СПЦ сите учесници во разговорите биле примени од поглаварот на МПЦ, Доситеј.

Во Републичката комисија за верски прашања било констатирано дека би требало да се почека реакцијата на Синодот на СПЦ и потоа да се определи натамошниот курс на дејствување.[34] Во МПЦ дошло до незадоволство кога од страна на патријаршиското гласило „Православље" од 19.12.1968 година било објавено дека разговорите биле дел од продолжувањето на судскиот процес против епископите на МПЦ. Исто така, и жичкиот епископ Василиј и сремскиот Макариј тврделе дека разговорите во Скопје биле во духот на судската постапка.[35] Како реакција на ваквите изјави злетовско-струмичкиот митрополит Наум на 26 декември 1968 година со писма се обратил до главниот уредник на патријаршиското гласило „Православље" и патријархот Герман во кои протестирал заради пишувањето дека разговорите со делегацијата на СПЦ биле продолжување на судскиот процес против архијереите на МПЦ.[36]

---

[33] Ibidem..., 4.

[34] Ibid..., 6.

[35] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Српска православна црква упорито наставља хегемонистичку политику према МПЦ и Македонији, фебруари 1969.

[36] Доне Илиевски, Смислата на некои отпори..., 64-66.

По ова сè повеќе се продлабочувала недовербата. Државните органи, пред сé Сојузната комисија будно го следеле дејствувањето на СПЦ како кон Македонската православна црква така и во целина. Во една анализа направена од Сојузната комисија за верски прашања од јуни 1969 година се констатирало дека од 1966 година активноста на Српската православна црква ја карактеризираат некои моменти што заслужуваат посебно внимание. Во анализата се заклучува дека одредени акции на СПЦ значително отстапувале од поранешната политика на добри односи со државата, при што промената на политиката на раководството на Српската православна црква кон државата се совпаѓа со моментот на заострувањето на нејзините односи со Македонската православна црква.[37] Претседателот на Комисијата Мило Јовиќевиќ дури констатирал дека од страна на државата се прави сé да се одржат добри односи со епископатот на СПЦ, како и дека Српската црква имала надредена положба во однос на останатите верски заедници. Според анализите, еден од битните фактори за таквите поранешни односи била улогата на Управата за државна безбедност, која сè до Четвртиот пленум цврсто ја држела контролата врз целата ситуација во СПЦ, а посебно патријархот Герман. Таа околност битно придонела за надредената положба на СПЦ. Втор фактор кој силно влијаел врз односот на СПЦ според официјалните анализи биле реакционерните кругови на емиграцијата.[38]

Во писмото од јануари 1968 година, што долгогодишниот претседател на Сојузната комисија за верски прашања Добривоје Радосављевиќ го испратил до претседателот на Сојузниот извршен совет Мика Шпиљак, се предлага заедничка работа на сите републики во рамките на Сојузната комисија за верски прашања и во другите тела на федерацијата, заради средување на односите со СПЦ и постепено над-

[37] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Односот на Српската православна црква спрема државата, 2. 6. 1969 година.

[38] Врските со емиграцијата ги одржувале личности од високиот клер на црквата. Епископот средно-западно американски Фирмилијан (Оцокољиќ) во Југославија не дошол од 1939 година. Првпат по војната дошол дури 1967 година да учествува на работата на Соборот на кој се расправало за македонската автокефалност. По враќањето во Америка сред емиграцијата дал најповолни оценки за работата на патријархот Герман, по што дури и кралот Петар Караѓорѓевиќ го променил својот став кон СПЦ и му дал целосна поддршка на Герман, како по прашањето за Македонската православна црква така и за целата негова работа, наведувајќи дека сè дотогаш погрешно бил известуван. (Автокефалноста на Македонската православна црква документи..., 424). Помирувањето на кралот Петар со патријархот Герман и раководството на СПЦ било од краток век, бидејќи на почетокот на 1968 година тој повторно се приближил до епископот Дионисиј кој бил расчинет од СПЦ уште во 1963 година и формирал паралелна епархија во Америка.

минување на судирот меѓу Македонската и Српската православна црква, сè со цел, да се спречеле националистичките тенденции за користење на тие судири. Според Радосављевиќ најбитно било да се работи на смирување на односите меѓу Српската и Македонската православна црква и со тек на време со политичко смирување да се создаде атмосфера на соработка меѓу двете цркви внатре во Југославија, со цел, да не се дозволи создавање на услови за дејство на емигрантските кругови.[39]

Еден дел од епископатот на СПЦ преку остриот став кон прашањето на МПЦ сакал да го олесни решавањето на низа напластени проблеми во рамките на Српската црква, односот со емиграцијата, расколот во Америка и односот кон властите. Државните органи кои ја следеле работата на СПЦ посебно внимание посветувале на дејствувањето на одредени епископи кои претставувале „опозиција" на тогашната власт. Во редот на ваквите архијереи бил и жичкиот епископ Василиј, тужителот во постапката против македонските архијереи. Тој во врска со спорот меѓу Македонската и Српската православна црква сметал дека: „сегашниот судир СПЦ и МПЦ а со тоа и СПЦ - држава, ќе биде огромен поен за Српската православна црква во странство и потврда дека таа е самостојна чиста и светосавска и дека не е експонент на комунистичката политика". Епископот Василиј наведувал дека од разни краеви добивал безброј писма во кои се оддавало признание нему и на целата црква со поддршка во таа борба да останат доследни и да не се попушти во одбраната на српството и православието. Оттука, епископот заклучувал дека: „Сето тоа ја обврзува црквата да не попушти ниту чекор. Всушност, условите за најостри санкции, ликвидација на Доситеј и неговото расчинување се созреани". Во анализата на Сојузната комисија за верски прашања се наведува дека „...епископот жички Василиј (Костиќ) претставува една од централните фигури во Српската православна црква".[40]

Во информацијата која Сојузниот извршен совет ја разгледувал во текот на февруари 1969 година е констатирано дека во Српската

[39] Во писмото, меѓу другото, Радосављевиќ истакнува дека признавањето на МПЦ докрај би требало да се обезбеди во земјата. Во тој поглед „времето ќе го направи своето". „Не треба да се оди на брзи ефекти, користејќи помош од страна, бидејќи тоа води само кон понатамошно заострување на внатрешните односи, па и кон пренесување на овој национален проблем во црковниот живот на поширок терен на меѓунационалните односи. Главна цел е да се постигне смирување и посебна афирмација на МПЦ во земјата". (Автокефалноста на Македонската православна црква( документи)..., 427-428)

[40] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Neka pitanja iz odnosima sa verskim zajednicama 6. fevruari 1969 godine.

православна црква по прашањето на осамостојувањето на Македонската православна црква јасно се издвоиле две тенденции. Првата тенденција, која ја поддржувале патријархот и некои епископи била за преземање на крајни мерки, настојувајќи по секоја цена да се оневозможи афирмацијата на МПЦ. Патријархот и Синодот категорички го одбивале секој обид да се нормализираат односите помеѓу двете цркви, упорно опстојувајќи на ставот дека МПЦ може да биде само дел од Српската црква. Во информацијата се вели дека односите помеѓу двете цркви се во спротивност со основните принципи на кои се базирало општеството, како и во спротивност со современите односи меѓу верските заедници.[41]

Во февруари 1969 година патријархот Герман, пред секретарот на Секретаријатот за единство на христијаните во Ватикан, кардиналот Жан Виледебранс, тврдел дека во Југославија постои само Српската православна црква, дека СР Македонија нема статус на државност и сл.[42] При престојот на александрискиот патријарх Николаос во Белград, како гостин на СПЦ во мај 1969 година, меѓу другото, било разговарано и за прашањето на МПЦ. Во здравицата што ја одржал на 10 мај во зградата на Патријаршијата, каде меѓу црковните великодостојници присуствувал и грчкиот амбасадор во Југославија, александрискиот патријарх истакнал дека над Српската православна црква се надвиле црни облаци, дека некои архијереи сакаат да ѝ се наметнат на Српската црква, споменувајќи ги „македонските расколници" напоменувајќи дека Александриската патријаршија ѝ дава полна поддршка на Српската православна црква во однос на МПЦ.[43]

На редовното заседание на Соборот на Српската православна црква во 1969 година, била донесена одлука со која на Синодот на СПЦ му се наложило да продолжи со канонската постапка против македонските архијереи. Прашањето требало да биде припремено за наредното заседание на Соборот во мај 1970 година. Било предложено во овој период да се спроведе и заврши постапката против македонските архијереи, но предлогот не бил усвоен од Соборот.[44]

---

[41] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Нека питања из односа са верским заједницама, 12-13.

[42] Слични ставови патријархот искажал и при посетата на Руската православна црква во мај 1968 година, напагајќи го епископатот на МПЦ, во присуство на бугарскиот и романскиот патријарх, (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Српска православна црква упорито наставља хегемонистичку политику према МПЦ и Македонији фебруар 1969 године).

[43] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Односот на Српската православна црква спрема државата 2. 6. 1969 година.

[44] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/289.

Во јуни 1969 година на седница на Сојузната комисија за верски прашања повторно било разгледувано и прашањето за односот на Српската кон Македонската православна црква. Се констатирало дека односот на епископатот на СПЦ, во основа, се базира на непризнавање на македонската нација и македонската држава. Акциите кои ги презамала Српската црква кај странските амбасади и кај другите православни цркви според Комисијата í нанесувале политичка штета на угледот на СФР Југославија. Во анализата на Сојузната комисија се вели: „Карактеристичен е односот на православното свештенство по прашањето на автокефалноста на МПЦ. Тоа гледа на тој акт ,главно, како нарушување на некакво единство. Меѓутоа, истото ова свештенство преку своите здруженија јавно истапува против политиката на казнени мерки и политичка изолација којашто ја води дел од високиот клер на Српската кон Македонската православна црква. Еден и тоа не мал дел од епископатот на СПЦ, исто така, не ја поддржува оваа политика, или кон неа се однесува прилично пасивно“. Во анализата меѓу другото се истакнува и дека освен верската комисија другите општествено-политички фактори ретко биле ангажирани на овие прашања, заради што се претпоставувало дека епископатот на СПЦ во такви околности гледал отсуство на сериозен отпор кон неговиот политички курс.[45]

Во овој контекст на целосна поддршка на автокефалноста на МПЦ од страна на политичките фактори на сојузно и републичко ниво мора да се истакне дека поддршката била само од формална природа. Во информација од октомври 1969 година за активноста на МПЦ во Битола и околината се констатира дека била забележана зголемена активност на собирање на доброволни прилози за изградба и адаптација на цркви, манастири и други објекти, заради што се заклучува дека МПЦ активно работи на зголемување на бројот на верниците преку разни форми и средства и „...тоа најмногу се чувствува кај младината. Ваквата положба, сама за себе, говори дека многу малку е сторено на планот на идеолошко политичкото издигнување на населението од општествено-политичките организации, печат, радио и други средства за јавно информирање и тоа на научна основа“.[46] Иако државата застанала зад автокефалноста на МПЦ, сепак, кај некои државни органи нејзината активност предизвикувала „загриженост“.

[45] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Закључци са седнице Савезне комисије за верска питања, одржане 19 јуна 1969 године у Београду.

[46] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Информација за активноста на припадниците на македонската верска заедница во изградба на нови цркви и манастири и опфаќање на нови верници. 23. 10. 1969 година.

Во наредната 1970 година редовните средби кои сојузното и републичкото српско раководство ги имале со патријархот Герман и членовите на Синодот на СПЦ, речиси секогаш биле користени и за актуелизирањето на признавањето на автокефалноста на МПЦ. На една таква средба на патријархот Герман со Митја Рибичич, во април 1970 година, патријархот јасно истакнал дека најпрвин МПЦ би требало да ја „исправи својата погрешка" мислејќи на прогласувањето на автокефалноста, а дури потоа би дошло до нормализација на односите, прашање кое било поставено од Рибичич.[47] По патријархот Герман Рибичич истиот ден ја примил и делегацијата на МПЦ предводена од архиепископот Доситеј.[48] Во врска со односите со Српската православна црква архиепископот истакнал дека односи меѓу двете цркви не постојат заради барањето на СПЦ за враќање на состојбата како пред 1941 година. Митрополитот Наум ја нагласил кампањата што СПЦ ја водела против автокефалноста на МПЦ надвор од границите на државата. Претставниците на МПЦ имале забелешки и на односот на некои дипломатски претставници во странство кон нив и, воопшто, кон прашањето на МПЦ, наспроти кампањата на СПЦ. Претседателот на Сојузниот извршен совет истакнал дека односите меѓу Српската и Македонската православна црква се црковни односи. „Ние со нашите аргументи не можеме да ја убедиме Српската православна црква... Сме кажале во што ѝ приговараме на СПЦ. Сметаме дека Македонската нација не е само историски туку и современ факт. ... Доколку тие во тој поглед се мешаат во политиката тогаш ќе преземеме мерки и јавно ќе се дистанцираме од нив".[49]

Вакви и слични разговори претставниците на сојузните и републичките органи имале со двете цркви, но, до промена во односите не дошло. На 20 април 1970 година жичкиот епископ д-р Василиј (Костиќ), тужител во постапката против епископатот на МПЦ, го доставил оптужниот акт до Светиот архијерејски синод на Српската православна црква. Во образложението предложил да се применат канoните против архијереите на Македонската православна црква. Светиот архијерејски собор на 20 мај 1970 година го разгледал оптужниот акт и

---

[47] Милан Д. Јанковић, Op. cit, 422.

[48] Во делегацијата биле и злетовско-струмичкиот митрополит Наум, дебарско-кичевскиот Методиј и протојерејот Нестор Поповски, средбата се одржала на 9 април 1970 година. Покрај претседателот на Сојузниот извршен совет М. Рибичич на средбата присуствувал и претседателот на Сојузната комисија за верски прашања М. Јовиќевиќ.

[49] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Стенографске белешке са разговора председника Савезног извршног веќа М. Рибичича са делегацијом Македонске православне цркве.

го вратил во Синодот, со цел, во потполност да се сообрази со прописите.[50] Во наредните години ова прашање не било поставувано на заседанијата на Соборот. Во еден разговор со српското републичко раководство во март 1973 година патријархот Герман истакнал дека „...не одевме до крај во постапката и како што знаете работата сега е во мирување“.[51]

Односите меѓу Македонската и Српската православна црква биле тема на разговор на средбата меѓу претседателот на Сојузната комисија за верски прашања Мило Јовиќевиќ и амбасадорот на Романија во Југославија, Васили Сандру. На средбата одржана на 28.9.1970 година амбасадорот бил запознат со прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква, како и за судирот по ова прашање со Српската црква. Неколку делегации на МПЦ во периодот по прогласувањето на автокефаноста биле во официјални посети на Романската православна црква и во разговори со епископатот и патријархот Јустинијан наишле на добар прием и желба за соработка. М. Јовиќевиќ во разговорот со амбасадорот навел доколку Романската црква биде спремна официјално да ја признае автокефалноста на МПЦ, тоа би било прифатено како гест кон понатамошна афирмација на Македонската православна црква. Амбасадорот нагалсил дека за ова прашање ќе ги извести претпоставените во Букурешт.[52]

Во септември 1970 година прашањето на односите меѓу МПЦ и СПЦ повторно било на дневен ред на Сојузната комисија за верски прашања. Било заклучено дека односите меѓу двете цркви се заострени како резултат на непризнавањето на автокефалноста на МПЦ и ставањето на епископатот под канонски суд. Со цел да се придонесе во средување на односите меѓу двете цркви, во Комисијата заклучиле и понатаму во контактите со претставниците на СПЦ да инсистираат на признавање на автокефалноста на Македонската православна црква. Особено, требало да се обрне внимание на раководството на СПЦ да не води кампања против МПЦ во земјата и странство. На седницата било договорено да се состанат претставници на комисиите за верски прашања на Македонија и Србија, со цел, заеднички да ги разгледаат и анализираат односите меѓу двете цркви и да направат информација

[50] Предраг Пузовић, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање..., 170-171.

[51] Милан Д. Јанковић, Op. cit, 422-423.

[52] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Zabeleška o razgovoru predsednika Savezne komisije za verska pitanja Mila Jovićevića sa ambasadorom NR Rumunije u Beogradu Vasiliju Sandrom, obavljenom dana 28. IX. 1970 godine u Savezno komisiji za verska pitanja.

со предлози за конкретни мерки кои би можеле да се преземат во правец на нормализација на односите меѓу двете цркви.[53]

Врз основа на ваквиот заклучок на 28 и 29 октомври во Скопје се одржала средба меѓу претставниците на Републичките комисии за верски прашања на СР Македонија и Србија.[54] Предмет на разговорите била конфликтната состојба во односите меѓу Македонската и Српската православна црква. Претставниците на двете комисии констатирале дека разрешувањето на македонското црковно прашање, односно прогласувањето на автокефалноста на МПЦ претставува исклучително право на македонското свештенство и православниот македонски народ, што било во склад и со уставното уредување на СФРЈ, односно со сувереноста на републиките. Оттука произлегол и заклучокот дека суштината на судирот меѓу МПЦ и СПЦ бил политички и навлегувал во корпусот на маѓунационалните односи и рамноправноста. Во разговорите било констатирано дека ставовите и акциите на раководството на Српската православна црква се засновале врз основа на „политички, националистички и шовинистички гледања пред сè на македонската нација и СР Македонија“.

Врз основа на ваквите констатации било договорено: „1. Штетните последици на судирот, поточно од акциите што раководството на СПЦ перманентно ги води против Македонската православна црква, содржат изразито политички апликации, и се во директна спротивност со уставното устројство и поредокот на СФРЈ. Како такви тие се осудени од нашата општествена јавност. 2. Интерес на нашата земја и на самата црква е што побргу да се надмине ваквата ненормална и конфликтна состојба помеѓу СПЦ и МПЦ... 3. Нормализацијата на односите исклучително зависи од раководството на СПЦ, од неминовната и неодложната потреба да се надминат старите и историски гледања кон македонскиот народ и нација, СР Македонија, респективно и кон Македонската православна црква... 4. Како неодложно и од политички аспект неопходно се налага раководството на СПЦ да ја одмени канонско-судската постапка против архијереите на МПЦ и за тоа да биде за-

[53] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Zaključci sa sednice Savezne komisije za verska pitanja održane 24. 09. 1970 godine.

[54] Комисијата за верски прашања на Србија била предводена од претседателот Витомир Петковиќ, а во разговорите учествувале и Мустафа Османагиќ претседател на Комисијата за верски прашања на САП Косово, Милан Бачковиќ претседател на Покраинската комисија од Војводина, Немања Маџаревиќ претседател на Комисијата за верски прашања на Белград и секретарот Владо Станоевиќ. Од Комисијата за верски прашања при Извршниот совет на Македонија учествувале, нејзиниот претседател Анте Поповски и членовите Доне Илиевски, Димче Мире, д-р Никола Сотировски, Шукри Рамо и Љубен Апостоловски.

познаена црковната и другата јавност... 5. Состојбата на мирување во канонско-судската постапка, е оценето како тактички потег на раководството на СПЦ бидејќи објективно дава можност на СПЦ во дадена ситуација, кампањата против МПЦ да биде доведена во уште поексплозивна состојба, што би можело да има и несогледиви реперкусии и на политички план (особено со евентуално расчинување на епископите на МПЦ)...“[55] Во наредните две децении до распадот на југословенската федерација односите меѓу Македонската и Српската православна црква останале непроменети. Патријархот Герман во многубројните разговори со политичките претставници истакнувал дека прашањето било ставено во мирување.

[55] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-6, Белешка од разговорите меѓу претставниците на комисиите за верски прашања на извршните совети на СР Македонија и СР Србија 29. 10. 1970 година.

# Заклучок

По балканските војни и Првата светска војна, Српската православна црква воспоставила црковна јурисдикција врз епархиите во Македонија. По завршувањето на Втората светска војна и конституирањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација коренито се променил статусот на Српската православна црква во Македонија. Понесени од формирањето на првите национални институции најголемиот дел од македонското свештенство го поставило барањето за автокефалност на Македонската православна црква, кое било прифатено на Првиот црковно-народен собор одржан во март 1945 година. Барањето било целосно поддржано и од македонското политичко раководство. Но, автокефалноста на МПЦ во овој период на создавање на југословенската држава не била прифатлива за сојузните власти. Тоа се одразило и на македонското раководство, особено по формирањето на Првата македонска влада во април 1945 година.

Од средината на 1945 година државните органи на сојузно и републичко ниво барањето за автокефалност го дефинирале како сепаратизам или одраз на дејствувањето на пробугарски настроените свештеници. Влијанието на властите врз Иницијативниот одбор резултирало со организирање на Свештеничката конференција од мај 1946 година на која барањата на македонското свештенство биле сведени на одредени автономни права. Барањата се однесувале на внатрешна самоуправа во македонските епархии и домороден епископат.

Меѓутоа, за епископатот на Српската православна црква и ваквите барања биле неприфатливи. Главното барање било во епархиите во НР Македонија да се вратат митрополитот Јосиф и епископот Викентиј. По враќањето на патријархот Гаврил во земјата, есента 1946 година ваквиот став на СПЦ само бил зацврстен.

Во овој период Православната црква во Македонија не е институционално изградена. Таа е без свој домороден епископат, соочена со новата власт која особено во првите години по Втората светска војна, копирајќи го советскиот идеолошки модел, на религијата гледала како на несакан остаток од минатото. Притоа, црквата била доживувана како идеолошки конкурент, па дури и противник.

Разговорите на претставниците на македонското свештенство и СПЦ суштински започнале по изборот на Викентиј за поглавар на Срп-

ската православната црква во 1950 година. Во неговиот избор целосно контролиран од државните структури учествувале и македонски свештеници. Патријархот се соочувал со моќна опозиција во Соборот, пред која морал дипломатски да маневрира. Во центарот на тие маневри често пати било и македонското црковно прашање. Во почетокот и средината на педесеттите години во Сојузната и републичките комисии за верски прашања македонското црковно прашање понекогаш го користеле за наметнување на сопствените интереси во врвот на СПЦ. Тие сметале дека со избор на тројца епископи за македонските епархии кои би биле членови на Соборот на СПЦ патријархот би имал мнозинство наспроти конзервативниот епископат.

Иницијативниот одбор од Македонија од 1951 до 1958 година повеќе пати давал предлози за начинот на решавање на црковното прашање во Македонија. Тежишната точка била насочена кон изборот на епископи за епархиите во Македонија од редот на македонското свештенство. Во 1957 година патријархот Викентиј бил прифатен за администратор на македонските епархии, но, како услов бил поставен изборот на епископи во Македонија во период од една година. Предложените кандидати за епископи не биле избрани, а патријархот Викентиј кон кого биле насочени надежите починал, со што решавањето на македонското црковно прашање било поставено на друга основа.

Како најприфатливо решение за сојузните и републичките власти се поставило обнова на Охридската архиепископија. Влијанието на државните фактори било одлучувачко. Тоа се препознава во одлуката Македонската православна црква да остане во канонско единство со Српската православна црква преку заедничкиот поглавар. Ваквото решение било прифатено на Вториот црковно-народен собор одржан во октомври 1958 година. На соборот бил избран дотогашниот топлички епископ Доситеј за поглавар на Македонската православна црква. Но, одлуката Македонската православна црква да остане во канонско единство со Српската црква се покажала како потполно промашена солуција. Ваквото решение било наметнато како за македонскиот така и за српскиот клир.

Новоизбраниот српски патријарх Герман, кој застанал на тронот со одлучувачка помош на државата, на почетокот послушно ја спроведувал прокламираната политика. Во 1959 година доаѓа во Македонија и заедно со Доситеј ракоположил еден од избраните епископи со што Синодот на МПЦ канонски започнал да дејствува. Но, патријархот Герман во наредните години ќе се покаже како прилично цврст противник на македонската црковна самостојност. Остро се спротивставил на барањето за формирање на епархија на МПЦ сред дијаспората. Уште посилно било спротивставувањето на барањето за претставување

на МПЦ пред останатите православни цркви. Во својата политика кон Македонската православна црква сојузници му биле најголемиот дел од српскиот епископат, дел од државните структури околу Александар Ранковиќ, а на надворешен план блокот на влијателните и моќни грчки цркви.

Но, од средината на шеесетите години состојбата значајно се променила. Патријархот во 1966 година го загубил својот политички патрон Ранковиќ, а во Македонската православна црква растело незадоволството затоа што сѐ уште се третираат како внатрешна работа на Српската црква. Повторно одлучувачка била помошта на државните структури.

Барањето за автокефалност архиепископот и Синодот на МПЦ го изнеле пред патријархот, но, тоа било одбиено. Во Сојузната комисија за верски прашања во текот на 1966 година повеќе пати се дискутирало за македонско-српските црковни односи. Комисијата и во претходните децении имала одлучувачка улога во решавањето на македонското црковно прашање и во односите меѓу двете цркви. Патријарсите Викентиј и Герман редовно одржувале контакти со раководството на Комисијата. Сите позначајни црковни одлуки биле носени со претходни консултации со државните органи. Тие имале одлучувачко влијание, особено при изборот на епископите како во Српската така и во Македонската православна црква.

Влијанието на државата било клучно и при донесувањето на одлуките на Вториот црковно-народен собор за канонско единство меѓу двете цркви. Статусот на Македонската православна црква меѓу автономија и автокефалност предизвикал низа проблеми во меѓуцрковните односи. Сојузните и републичките органи биле загрижени дека влошените меѓуцрковни односи би можеле да влијаат и на меѓунационален план. Токму затоа и настојувале што побрзо да се реши недоречениот статус на Македонската православна црква. Но, наишле на силен отпор кај епископатот на Српската православна црква. Поголемиот дел од епископите на СПЦ во Македонската православна црква гледале како на несакан продукт на „новото време“. Македонија била дефинирана како историски српски простор, од кој СПЦ не смее да се откаже. Епископатот се повикувал и на каноните на Православната црква.

Всушност, Српската православна црква во целиот повоен период на различни начини непомирливо се спротивставувала на официјалниот државен став кон македонското црковно прашање. Веројатно, тоа била една од главните причини зошто сојузните органи го поддржале ставот на македонското политичко раководство преточен во барањето на МПЦ за прогласување на автокефалност.

На Третиот црковно-народен собор во јули 1967 година, точно двесте години по укинувањето на Охридската архиепископија на чиј историски континуитет се повикува Македонската православна црква е прогласена нејзината автокефалност. По 22 години од Првиот црковно-народен собор кога била донесена декларација за автокефалност на Македонската православан црква, преку самоуправни права на Православанта црква во Македонија и полна автономија во рамките на СПЦ, автокефалноста повторно била прифатена како најповолна солуција за МПЦ.

Очекувано, реакцијата на епископатот на Српската православна црква била остра. На вонредниот Собор од септември 1967 година Македонската православна црква е прогласена за расколничка верска организација. Државните органи биле разочарани од ставот на Српската православна црква кон прогласената автокефалност на МПЦ и ја дефинирале како своја опозиција. Во бројните разговори на патријархот Герман и повеќе епископи на СПЦ со југословенското и републичкото српско раководство отворено било истакнувано незадоволството на Српската црква од официјалната поддршка на македонската автокефалност. Сите обиди за помирување останале безуспешни.

# Прилози



Учесниците на II Црковно-народен собор, октомври 1958



Митрополитот Јосиф (Цвијовиќ)



Српскиот патријарх Викентиј (1950-1958)



Архиепископот Доситеј го прогласува првиот устав на МПЦ



Архиереите на МПЦ Наум, Доситеј и Климент



Устоличување на српскиот патријарх Герман, септември 1958



Патријархот Герман и поглаварот на МПЦ Доситеј при пречекот во Скопје, 1959



Архиереи на Македонската и Српската православна црква на црковна служба



Светиот Синод на МПЦ ја донесува одлуката за прогласување автокефалност, 17.07.1967



Светиот Архиерејски Собор на СПЦ, 1967



Архиепископот Доситеј на посета кај папата Павле VI во Рим, 1970



1.159.12.81/539-548 539

ДО ПРЕДСЕДАТЕЛОТ НА ВЕРСКАТА КОМИСИЈА ПРИ НАРОДНАТА ВЛАДА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Т У К А

634 6

5-VI-1946

Приложен со тоа писмо, чест имаме да Ви испратиме полен записник од свештеничката скупштина, одржана на 8 мај о.г., со молба за сведение.

С.Ф. С.Н.

НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА

СЕКРЕТАР: ПРЕДСЕДАТЕЛ:

Ѕ/. 121

29/VI 1946

Записник од свештеничкото собрание, мај 1946 (пропратно писмо и факсимил)

З А П И С Н И К

НА СВЕШТЕНИЧКАТА СКУПШТИНА,ОДРЖАНА НА 8,9 и 10 МАЈ 1946 ГОДИНА ВО САЛАТА НА КИНОТО "НОВА ЈУГОСЛАВИЈА " ВО гр.СКОПЈЕ.-На скупштината присаствуваа 128 свештеници од цела Македонија.

След угодна молитва кон Бога,свештеничката скупштина се поздрави од првиот член на Иницијативниот одбор,свештеник Кирил Стојанов,како од името на скупштината ги поздрави гостите мирјани,прво претставителот на Народното собрание на Македонија во лицето на Др.Павел Шатев,потпредседателот на Народното собрание,и второ преставителот на Народната влада на федерална Македонија во лицето на Епаминонда поп Андонов,председател на Верската комисија при Председништвото на владата.

И двајцата поздравени гости со кратки но содержателни ~~кикик~~ слова го поздравиа свештенството од скупштината,како пожелаа полен успех во работата за која е свештенството собрано,а за доброто на Црквата и нашиот народ.

След поздравите се пристапи кон утврдуењето на дневен ред за работата,кој ќе изгласа во следните точки:

1.Донесување на Правилник за регулирање работата на скупштината, кој во предложената и веќе написана форма се прие и прилага кон записникот

2.Отчет на Иницијативниот одбор;

3.Земање решение со које ќе се дадат сугестии за организирање на Православна Македонска-односно Југословенска црква;

4.Реорганизација на црковно-судската работа,во врска со граѓанскиот брак,кој е задолжителен;

5.Реорганизирање на врховното тело на нашата црква-Иницијативен одбор;

6.Правата и задолженијата на Иницијативниот одбор; и

7. РАЗНО

После утврдуењето на горниот дневен ред,се избра раководно тело за водење работата на скупштината во следниот состав:

1.Председател:Протојереј Спиро Личеновски

2.За оверачи на записникот:а/

а/Свештеник Иван Гелев;

б/Свештеник Ѓорѓе Ангеловски

3.За секретари:

а/Свешт.Илија Д.Мукаетов;

б/Прот.Тома Димов.

След изборот лицата од раководното тело си заемаа местата на трибуната и председателот Прот.Спиро Личеновски во кратко заблагодари на изборот и откри скупштината,како стави во работа втората точка од дневниот ред,а имено:Давање отчет од Иницијативниот одбор.

Отчето во првата част на делокруга на работата на Иницијативниот одбор го изнесе членот на истиот свештеник Кирил Стојанов,во рефератот кој го прочете и кој во целост се прилага кон записникот.

Втор докладчик по отчетот на Иницијативниот одбор е свештеник Никола Апостолски,вториот член на истиот.Он чете реферат по секторот на просветата,администрацијата и финансовата работа на одборот.Рефератот со годишниот рачун на приходите и расходите од 4 март 1945 година до 1 мај 1946 година се прилага кон записникот.

Дискусијата по отчетот е ставена на ред во следобедното заседание.

Преди да се окрие самата дебата по отчетот,по желанието на присатните свештеници,се прочете записникот од заседанието на соборот од 5 март 1945 година.

Записникот се прочете од свештеник Ѓорѓи Ангелов.След прочитането на записникот говори свештеник Русе Апостолски,кој подчерта:дека во записникот не са внесени чинениците по прашањето:дали е Соборот канонски свидан или не е,па затоа заклучава:да записникот не е аутентичен.На него му одговори свештеник Славчо Петров,кој како записничар објасни;да е записникот донесен по желанието на сите свештеници.Зима думата свештеник Илија Тодоровски,кој вели,дека неговата изјава на Соборот од 4 март 1945 година не е записана,а имено:да е Соборот пребрзо свикан и да свештениците са дошли неподготвени и така са биле ставени пред свршен чин.Во дискусијата зедоа участие и други свештеници,а меѓу нив и свешт.Иван Гелев,кој предложи да се прими записникот,кој предлог скупштината го усвои и прие записникот како е прочетен.Тој понатаму говори за возобновуењето на Македонската православна црква за која са се бориле и умирале полно синови и ќерки-на који секоја чест.

2-

Понатаму тој говори за работата на Иницијативниот одбор од месец мар 1945 година до месец мај 1946 година,како апелира кон свештенството да биде внимателно околу контролирањето на досегашната работа на тој Иницијативен одбор,кој освен досегашниот отчет не е дал друг за целото тоа време.Исто така говори и за историјското право на нашиот народ,да може да си има своја црква национална.

Вториот говорник беше,Прот.Јордан Атанасов,кој критикува работата на Иницијативниот одбор,како се специално задржа по работата на свештоливницата,која работа е само за интересите на скопските свештеници.Понатаму тој критикува изборот на судиите за Духовен суд во Скопје,како неправилен и за неговата работа како незакона,ад од соображенија:дека судел и по Екзархијскиот устав и по Брачните правила на Српската православна црква и на крајот предложи:да се парите,који скопските свештеници са ги зеле како вознаграждение од свештоливницата по 2000 динари месечно врати на црквата.

Свешт.Боро Станковски зима думата и говори за административната работа на Иницијативниот одбор,критикувајки го тој кажа:дека Иницијативниот одбор донел некоји одлуки без согласието на сите членови на Пленумо.Зима за пример одлуката со која се осудува резолуцијата на Битолскиот околијски духовен одбор.Говори и за Прилепскиот случај како лошо преставен од Иницијативниот одбор на свештеничката конференција од 19 февруари 1946 година.Исто подцрта,дека Иницијативниот одбор е укажувал благонаклоност кон некоји свештеници,које неповолно се одражавало во обштото црковно дело.Предлага да се на Иницијативниот одбор дад разрешница,но за финансовата част да се одреди ревизија.

Свешт.Нестор Поповски говори за Духовниот суд,како брани правичноста и законитоста на истиот.След тоа даде појаснения и за работата на свештоливницата.

За работа на свештоливницата говори и даде појаснения и свештеник Ѓорѓи Ангеловски,како тој смета да за таја работа не е умесна критика.

Свешт.Ѓорѓе Пандиловски говори по случајот на битолската резолуција,дека она не била волјата на сите битолски свештеници,но самоволие на неколку свештеници од околијскиот духовен одбор.Истиот објасни и случајот со суспендуването на Битолскиот околијски духовен одбор,за кој кажа:дека преку целото време саботирал работата,које нешто се види и од рефератот на самиот Иницијативен одбор.

После него говори свешт.Илија Тодоровски,кој во началото обиди свештеник Пандилов,за које беше опоменат согласно правилникот за работата на работното тело.Продолжавајки говорот тој објаснаваше случајот со донесуването на резолуцијата чиј е он иницијатор.Кажа,да мотивите за тоа са потекли не од него но од свештенството.Свештеник Атанас Попо прави белешка дека говорникот не се придржава по точката од дневниот ред.Свештеник Милан Проев исто како и О.Тодоров брани резолуцијата во Битола донесена,като критикува намесата на Иницијативниот одбор во суспендуването на Битолскиот околијски духовен одбол,като незаконита работа,која уште повеќе распали омразата меѓу битолското свештенство.Свештеник Трајче Попов говори за Скопскиот духовен одбор,като критикува дека во рефератот за работата на другите околијски духовни одбори ништо не се спомена за неговата дејност.Свешт.Кирил Стојанов член на Иницијативниот одбор во кратце кажа:дека нема ништо против критиките,зошто кој работи тој и греши,па предлага да се продолжи работата по наредната точка од дневниот ред.

Скупштината след опширна дискусија,реши:Дава се формална разрешница за работа на Иницијативниот одбор од 4 март 1945 година до 8 мај 1946 година по сите сектори на делокругот на работата му,освен финансовиот за кој ке барана ревизија и след ревизијата контролната комисија да си даде пред Пленумо,кој ке се избере,своето мнение со доклад,дали да се даде разрешница или не.

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА

-3-

во вид на распис,да се сообшти на целото свештенство во Македонија за резултатите от ревизијата.Ако скупштината наново изабере истите лица во новото раководно тело,тогаи ревизијата да биде извршена от 3-членна комисија-контролна ван от одборот.

III точка. ЗЕМАЊЕ РЕШЕНИЕ СО КОЕ ЌЕ СЕ ДАДАТ СУГЕСТИИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРАВОСЛАВНАТА МАКЕДОНСКА-ОДНОСНА ЈУГОСЛОВЕНСКА ЦРКВА.

По оваа точка изнесе реферат свешт.Стоило Давидов,кои во предговорот истакна да е грешка да се говори против одлуката на црковно-народниот собор от 4 март 1945 година,след кое изнесе историското право на нашата црква за афтокефалија.Рефератот во целост се прилага кон записникот.

После него прот.Спиро Личеновски прочете кратак реферат по точката,кои се прилага кон записникот.

Свешт.Ѓорги Анѓеловски говори против рефератот на свешт.Давидов како кажа:дека патот посочен во рефератот е тежок и не води до брзото и правилно оформување на црквата.Он предлага нов пат,пат за создавање на Југословенска црква.Свешт.Стефан Ацевски изнесе свое мнение по прашањето за создавање на Македонска Афтокефална црква,како заклучи:дека е тоа тежка и неостварлива работа.

Свешт.Атанас Поповски от с.Слатина застапува становиштето изнесено во рефератот на свешт.Давидов и предлага: да се рефератот отпечати во много примерци кои да послужат за широките слоеви на верваштите за нивно запознавање со црковната историја.

Предлогот после дискусијата по него отпада.

Свешт.Милан Проев говори во духот на Битолската резолуција,като го смета првиот црковно-народин собор за пребрзан и затова го предлага создаването на афтономна црква,а не афтокефална.

Свешт.Нестор Поповски говори по истата точка и меѓу другото кажа:"дека народоослободителната борба ни го кажа патот по кои требе да одиме,а именно:да можеме да си создадеме афтокефална црква за Македонија.

Свешт.Благои Андоновски от Куманово чете реферат во кои изнесе да е невозможно создавање на афтокефална црква без согласие на мајката српска православна патријаршија.Рефератот се прилага кон записникот.

Свешт.Методи Гогов по истата точка во духот на соборската резолузија от 4 март 1945 година,като почерта дека точка 7 от истата ни дава право да можеме като афтокефална црква на равно-правни начела со сите други православни цркви да участвуваме во создаването на Југословенска патријаршија,па следователно и предлага:да се направи апел до сите православни:српски,црногорски и др.свештеници и народ за содавање на Југословенска црква-патријаршија,а во тоа време нашата црква да ја раководи више тело,-инициативен одбор и да се во Белград сазове црковно-народен собор за разрешување на тоа прашање.

Свешт.Јован Гелев говори во духот на резолуцијата от соборот на 4 март 1945 год като подчерта:дека ние свештениците не сме надлежни да анолираме решенијата на црковно-народниот собор.Говори да требе да создадеме Македонска народна црква,дека тоа го сакат и духовите на Св.Кирил и Методи,Св.Климента,Св.Наума и др.

Свешт.Синесија Попоски от Струга чете реферат во кои подцрта да без канонска врзка со српската патријаршија е неканонски сосдавање на афтокефална црква.Рефератот се прилага кон записникот.

Свешт.Ѓорги Милошев от Велес говори за создаване на народна црква.

Свештеник Јордан от Прилеп говори за создаване на Охридска Патријаршија.Прекратена му е думата за лични обиди.

Зима думата Епаминонда поп Андонов,председател на верската на верската комисија,кои кажа: да ли ако е погрешна резолуцијата на соборот от 4 март 1945 год не е сега возможно грешката да се поправи.Пак като даваше појасненија за афтокефалноста тои каза:"дека афтокефалност значи одвоеност прекинување на секоја врзка со Српската патријаршија,затворување во круг-во сами себе си,кое значи нарушение на братството и единството на Југословенските народи.

Застапуваше единството и братсвото преко создавање на таква црква која ќе го запази тоа,а именно за афтономна црква.

Свешт.~~Борис Станковски~~ Добривое Филипович говори по истата точка и предложи да се образува одбор за изработуење на резолуција.

Свешт.Борис Станковски на крајот говори по таја точка како даде појаснениjа от државниот устав,кои требе да послужи како темел за изградуването на црквата.Исто говори и за патот по кои требе да се врви за успешното разрешуење на тоа прашање.

Свешт.Славчо Петров говори за историското право по кое црковно-народниот собор донесе своја резолуција,па за тоа тои заступува мнението за создавање на Југословенска афтокефална црква во која ќе влезат сите православни цркви во Југославија на равноправни начала.

По предложението на свешт.Филипович се избра тело да составуење на резолуција во следниот состав:

| | | |
|---|---|---|
| 1/ | Свешт. Цветко Крстевски | Прилеп; |
| 2/ | Свешт.Славчо Петров | Кр.Паланка; |
| 3/ | Свешт.Ѓорги Ангеловски | Скопје; |
| 4/ | Свешт.Методи Гогов | " |
| 5/ | Свешт.Богатин Атанасов | Битола |
| 6/ | Свешт.Илија Тодоровски | " |
| 7/ | Свешт.Борис Станковски | Куманово |

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

След тоа се закри првото следобедно заседание.

9 МАЙ 1946 година

Работата се продолжи по дневниот ред.

IV Точка:РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦРКОВНО-СУДСКАТА РАБОТА ВО ВРЗКА со ГРАЃАНСКИОТ БРАК,КОЈ Е ЗАДОЛЖИТЕЛЕН.

Докладчик по таја точка е свешт.Кирил Стојанов,кој појасни созданото положение за црковниот брак,а след стапање на снага на законот за задолжителен на граѓански брак.Вопросот се постава:да ли граѓанско разведени брачници,а венчани црковно,а неразведени от духовниот суд ќе можат повторно да се венчат црковно? Скупштинатазаклучи да не ке може.След граѓански разведениот брак,ако е и црковно венчан, ќе требат да се и црковно разведат,па след тоа да се венчат.Отец Кирил предлага процезот около црковниот развод да биде упростен,след како се имат предвид разлозите за бракоразводот во граѓанството разведуење.Ако во судсото решение разлозите за развод са разлози за развод и по брачните правила тоа истите да се усвојат и донесе решение за развод,ако пак тија разлози не са предвидени во брачните правила тогаи да се намерат во следствието такви разлози,кои са предвидени во брачните правила и след тоа да се разведе.

След него во истиот дух говоре свешт.Илија Мукаетов,како конкретно предложи:да духовните судови продолжат работата си на разведуването на от црквата сучените бракови,но таксите да бидат мали, формалностите упростени и поступката да биде брза.

Свешт.Михаил Панев говореике во истиот дух предложи да се тужбите поднесуват директно на духовниот суд а не преко енорискиот свештеник и окол.духовен Одбор.Свешт.Сречко Попов от Кочани предлага да тужбата врви по канален ред от енор.свештеник па до духовниот суд со мнение на свештеник за моралното поведение на брачниците.Свешт. Цветко Крстев предлага таксата да биде минимална за разводите.Свешт. Милан Проев предлага:да се работата подели на инициативниот одбор и тои да донесе правилник и да го разпрати до сите свештеници.

Свешт.Кирил Стојанов предлага а скупштината

Р Е Ш И

1/ Да се изработи правилник от новоизбраното црковно раководно тело по кои ќе се разведуват веке разведените бракови от окружниот народен суд,а благословени от црквата.

V ТОЧКА.

Преди да се пристапи кон работата по таја точка,скупштината бара да избраното тело за составуење на резолуција прочете истата, која е предмет на 3-тат точка от дневниот ред.

-5-

Свешт.Ѓорге Поповски чете резољуцијата.-Приложена кон записникот След четенето се отвори дискусија по неја.

Свешт.Богатин Атанасов член на телото за состав на резољуцијата си одваја своето мнение от резољуцијата на целото тело,па предлага своја резољуција која ја чете.Во залата жагор,протести протев таја резољуција и повици да се прекрати со четенето.Работата спира.Секретарот на работ.тело апелира за мир.Богатин продлжава четенето пак жагор и недоволствие,дека во неја се бара поврнуване кон јуриздикцијата на Српската Патријаршија.

Свешт.Илија Тодоров застапа резол.на свештен.Богатин.Скупштината одржи резољуц.на свешт Богатин.Свешт.Илија Мукаетов говори по резољуцијата на избраното тело като кажа:да во неја е застапена средината между подвојеното свештенство и она като таква требе да се приеме. Свешт.Јован Јован Гелев појасни ставот на народот и покани да се пристапи кон разгледуенето на избраното тело.Свешт.Борис Станкоски член на телото за резољуцијата одваја мнение от предложената резољуција и предлага:да се не донасја резољуција,но Р Е Ш Е Н И Е со кое да се даде право на Иниц.Одбор,да уреди самоуправна црква.

Свешт.Синесија говори да во загравието на првата резољуција не требе да се споменува името на иниц.Одбор.Свешт.Гогов дава појасненије на самото избрано тело за резољуцијата како кажа: да при составјането на резољуцијата не зел участие само Богатин,а да другите биле во согласие со резољуцијата.

Свешт.Борис Десовски е за корегирането став по став от првата резољуција-на телото,а от целата скупштина.Свешт.Борис Анѓеловски предлага да се измени резољуцијата соборска от 4 март 1945 година. Свешт.Славчо Петров застапа соборската резољуција като основ на кој требе да се работи.Прота Јордан Попов појаснава новата резољуција во согласие со точка 7 от Соборската резољуција.Свешт.Богатин Атанасов застапа гледиштето за ништавноста на соборската резољуција.Свешт. П.Давидков предлага:да се чете резољуцијата на избраното тело став по став,па ако е добра да се приеме.Свешт.Ѓорѓе Пандилов бара да се приеме резољуцијата на избраното тело.

Свешт.Бл.Андонов предлага да се свештенството пита: да ли одобрава соборската резољуција и да се изјасни каква црква сака. Повечето свештениците одобраваат првата резољуција на соборот, и се застапа за предложената резољуција от избраното тело за таја цел.

След като по предложената резољуција се исказаха оште неколко свештеници се прие предложената резољуција от избраното тело со малки измененија,који се усвоиха от сите свештеници на скупштината а во следнио текст:

## Р Е З О Љ У Ц И Ј А

Бидеики да резољуцијата на Македонскиот Црковно-народен Собор от 4 март 1945 год.не можеше до сега да биде остварена,Македонското правос.свештенство собрано на своја скупштина донесе своја резољуција сметајки дека е тој пат кој ќе се дојде да правилното разрешуваље на Македонското црковно прашање и донесе следната резољуција:

1/ Бараме да имаме народни Архиереи,народно свештенство и самоуправност во решавањето на сите внатрешни црковно-народни прашања

2/ Народните Архиереи да бидат избрани от народот и свештенството;

3/ Да се испрати апел до Св.Синод на српската Правос.црква.до србските правос.свештеници и народ,како и до Правосл.свештенство и православните верници на другите Југослов.народи и до црковно-народн. собор на Македонија,да ја подкрепат идајата и акцијата за по скоро организирането на православната црква во Југославија во која да влезат сите православни цркви на рамноправни начела.

-6-

4/Православните цркви на народните републики да имат право на самоуправност во внатрешните црковно-народни прашања,да се раководат от свои народни архиереи,кој ќе бидат членови на архиер.собор на православната црква во Југославија,со еднакви права и задолженија при решаванетo на прашања от интерес на заедничкиот црковен живот;

5/ Секоја народна црква,без обзир на бројот на верниците,да има по еден свои преставител во постојанното управно тело,односно во Св. Синод на православната црква во Југославија.

6/ Проекто уставо на Православната црква во Југославија да биде изработен от комисија составена от равен број преставители на сите православни цркви во Југославија:истиот да се разгледа и прими на еден заеднички црковно народен собор;

7/ До организирането на православната црква во Југославија и хиротонија на Македонски архиереи, црковниот живот во Македонија да го раководи избраното от него привременно црковно управно тело; и

8/ Ставаме во должност на това црковно управно тело да направи потребнато оваја резолуција да биде спроведена во дело.

V-та точка

РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРХОВНОТО ТЕЛО НА НАШАТА ЦРКВА-НА ИНИЦИАТИВНИОТ ОДБОР.

Во следобедното заседание на 9 мај се откри дискусија по таја точка.Свешт.Бора Станковиќ говореики по таја точка,предлага:реорганизиранетo на црковно-управното тело по следниот начин:

1/ Еден член от управното тело да се предложи за член на верската комисија,кој да застипа интересите на црквата;

2/ Извршното тело-одбор да биде от 5 члена,3 от Скопје и 2 от провинцијата,а едениот от ниф да биде постојанен администратор на централната канцеларија.

3/Пленумот да има 4 дела и тоа:

I/ Законодавен;

II/Контролен;

III/Финансов;

IV Културно просветен,а за изработка на црковниот устав во свое време да се одлачи и V-от уставотворен одбор.

Свешт.Јован Гелев критикува работата на инициативниот одбор и предлага:да се свештениците от старкот инициативен одбор не избират во новото тело.Настанува протест против това предложение-во салата голем жагор.Свештеник Гелев се налутва и напуска трибуната каде беше като член на раководното на скупштината.Свештениците се умирурат.

На предлогот како да се изврши изборот со таино или јавно гласуване,соборот реши:

ГЛАСУВАЊЕТО ДА БИДЕ ТАЈНО.

После кратка дискусија се образува кандидационен одбор во следниот состав:

| | | |
|---|---|---|
| За околија | Скопска: | Свешт.Кир.Стојанов и свешт.Ѓ.Ангеловски |
| За " | Кумановска: | Свешт.Бл.Андонов и ~~Јанко Стојановски~~ |
| За " | Битолска : | Свешт.Вел.Филипов и |
| За " | Охридска : | Свешт.Кирил Трпенов |
| За " | Ресенска: | СвештРисто Нанчев |
| За " | Струшка: | Свешт.Синесија Поповски |
| За " | Дебарска: | Свешт.Маноило Апостолски |
| За " | Гостиварска: | Свешт.Боро Томовски |
| За " | Тетовска: | Свешт.Милутин Арсов |
| За " | Велешка: | Свешт.Ристо Цветковски |
| За " | Штипска: | Свешт.Драги Спасов |
| За " | Кочанска: | Свешт.Сречко Попов |
| За " | Кратовска: | Свешт.Андон Димитров |
| За " | Струмишка: | Свешт.Кирил Николов |
| За " | Св.Николска: | Свешт.Стоимен Петров |
| За " | Кр.Паланка: | Свешт.Страхил Богданов |
| За " | Гевѓелиска: | Свешт.Алекси Моргул |
| За " | Прилепска: | Свешт.Панде Матраков |
| За " | Крушевска: | Свешт.Никола Алексовски |

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА

546

-7-

За околија . Јужно Бродска Свешт.Јакимовски
За. " КЛвадарска Свешт.Дончо Мицаиковски

Кандидационниот одбор след кратка пауза предложи приложеното кон записникот кандидатска листа која бе прочетена и като допалнително скупштината ги прие за кандидатите случаино вмакнатите свештеници во листата без знанието на кандидатционниот одбор-Свешт.Иван Ѓелев и протоер Спиро Личеновски.

След приемането на кандидатската листа започна гласуването со подпечатани листове по приложениот список но 102/сто два/ присатни гласачи.

Сите гласачи гласава.Сите гласачки листови беха изправни освен едно на кое беха написани 14 кандидата,која се огласи за неважна.

Резултатот проверен од изабраното изборно тело е следниот,а по брои на получените гласови:

1/ Свештеник Нестор Попов .........82 гласа
2/ " Славчо Петров.........59 "
3/ " Кирил Тлпенов.........55 "
4/ " Кирил Стојанов........55 "
5/ " Илија Д.Мукаетов..... 53 "
6/ " Петар Давидков ...... 51 "
7 " ~~Никола Апостолски ...... 51~~ "
8/ " ~~Борис Ангеловски ......~~ 50 "
9/ " Климе Малевски ...... 50 "
10/ " Методи Димков........ 48 "
11/ Протоер.Синесија Поповски..... 48 "
12/ Свешт.Борис Станковски...... 46 "
13/ " Спиро Атанасовски...... 46 "
14/ " Цветко Крстевски...... 42 "
15/ " Михаил Панев.......... 40 "

Архив на ... Скопје

И така се по ред до нај последниот кандидат.

Избраниот Славчо Петров моли да му се позволи:да от членството на извршниот одбор мине во пленумат бидеики да не може да доиде за постојано во Скопје за секретар-администратор.Попитан Кирил Трпенов дали ќе приме секретарството и тои откажа.Вопрос се однес и до избранија во извршнија одбор свешт. Илија Мукаетов,кој изложи да му е иденето во Скопје невозможно заради тоа дека нема кој да го замени на еноријата во Гевѓелија каде е развита униатската пропаганда.След като се питаа присатните свештениците да ли би некои доброволно отишал во Гевѓелија на мистото на свешт.Мукаетов,никои се не јави,то за това се уважи искането на свешт. Мукаетов да и понатаму остане во Гевѓелија.Свешт.Мукаетов предлага:дасе на лицето секретар-администратор определи вознаграждение кое може да варира от 5-15 хиљади,те да би истиот могал да издржава и себе си и семеиството си дома.

Скупштината предлага:да се на секретарот даде заплата,кои семеиството да си го доведе тука во Скопје.

Бидеики да се уважи оставката на Славчо Петров,да мине од извршниот одбор во пленумот,то се постави вопросот кој да биде во извршниот одбор-за секретар?

Свештеник Методи Димков член на пленумот драговолно се јавува за секретар-администратор,кое нешто скупштината го одобри т.е.да меж ду него и Славчо стане промена.

Свештеник Борис Анѓеловски предлага:да он и Никола Апостолски излезат от пленумат,а да на нивно место доидат лица од провинцијата по височината на гласовите след избраните.След обширна дискусија по предлогот свешт.Никола Апостолски се откажа от избор и така на негово место и на местото на свештеник Борис Ангеловски влезоа според всината на гласовите свештениците:Цветко Крстевски от Прилеп и Михоило Панев от Штип. Свешт.Милан Проев предлага: да сите свештеници от извршниот одбор бидат постојано во Скопје со енорија.Предлогот не е усвоен поради изнесените причини на свешт.Славчо Петров и свешт.Мукаетов.Постојанно во извшниот одбор ќе бидат даицата свештеници от Скопје и секретарот,но без согласие то на другите отсатни да не зимат решенија.

Свешт.Јордан Атанасовски от Драчево предлага да се пополни местото оверач записника на отсатниот свештеник Гелев.Скупштината го избира него за оверач на записникот.Прот.Јордан се качва на трибуната и заема си местото.

6 ШЕСТА ТОЧКА

Правата и задолженијата на инициативниот одбор.

Прв говореше по таја точка свешт.Атанас Попов от Битола, като каза: "Да се добро внимава кои права и задолженија ќе се дадат на управното тело и на окол.духов:одбор,дека от тоа ќе зависи успехот на целата работа.-Свешт.М,Гогов предлага:да се за правата и длжностите на тоа тело изработи правилник и тоа не само за телото но и за цета иерархија.Свешт.Јордан от Прилеп говори за собоборноста на црквата и неизиниот исторически развиток.Бара да се на управ.тело дадат архиер права-административни.Прекасват го говорот.Во залата жагор.-Свешт.Алексија Моргул отговара на свешт.Јордан като кажа:"излагане отца Јордана о собоности наше скупштине малце е не точно."Соборност нема без епископа,свештенство и народа,а тук само свештеници.Одобраване от свештенството.Предлага:да се на управното тела не дава архиерейска власт.

Свешт.Р.Нанчев предлага:да се изготви правилник и по него да се работи.

От един свештеник пада предложение:да управното тело дойде во контакт сос Св.Арх.Синод во Белград и направи возможвоно,да ни српски архиереи ракополагат кандидатите за свештеници.-По тоја предлог не се дойде до конкретно заклучение.Мненијата са различни.

Прота Спиро Личеновски по сугестијата на от.Гогов предлага: да се избере комисија,која ќе изработи правилникот.Предлогот се усвои.За членови на комисијата скупштината ги избра следните:

1/ Свешт.Методи Гогов Скопје
2/ " Борис Анѓеловски "
3/ Богослова Борис Бошковски "
4/ " Петар Илиевски "
5/ " Лазар Кескинов " и един член от законодав.комисија- отдел на пленумо на управното тело.

Законодат.комисија да се занимава сос таксите по разписките на разходни документи.

7 Седма точка РАЗНО

СКОПЈЕ

По таја точка прв говори свешт.Мукаетов и между другото изнесе случаја за одземуване на епориски дом во с.Негорци-Гевѓелиско от С.Н.О.за канцеларии фронтовски.-Управното тело да преку верската комисија разреши това прашање со народната власт генерално за целата црква во Македонија. По истакнотото прашање од него за издаването на вулите след задолжителен граг.брак да ли има место? След малка дискусија се заклучи:Вулите да се издават.Со бредбрачните испити каде е во пракса да се продолжи.Управното тело да даде преко разпис дознание на сите свештеници за горното.

Свешт.Теодосије Стоиковски-Битолско предлага:дасе образуе суд части,кои да иследи грешките на провинилите се свештеници во време на окупацијата.Бара да се чистат редовете на свештениците от свештенеци предатели. Се створи дискусија по това предложение.Свешт.Пет. Давитков објасни дека гражданската народ.власт преследва такива свештеници ако ги има и им суди за грешките,На мнение е дека тоа суд во свештенството не е нужен.По ова предложение се изјасниja оште некои свештеници и се от скупштината заклучи:да се не образува таков суд.

Свешт.Илија Тодоровски зима думата вракайки се на спроведените избори и неговата резолуција кажа:"да црквата нема и неможе да се организира без примането на неговио предлог во резолуцијата му. Протести от свештенството:да му се земе думата.Роптанија и повици против него.Узнемирение и повици во залата.Председателот на раководното тело зима думата на свешт.И.Тодоровски за обида на целата скупштина која се сложи и донесе резолуција за организиране то на црквата.Свешт. Тодоровски моли за извинение.Зима си думата"и неможе да се организира" назат,като кажа дека тоа го направи во могновение като омашка на езикот.Председателот му пак дава дума тои говори се удалува от предметот. Во залата жагор и повици:земете му думата за некоректност думата пак му се зима.

Свешт.Смиле Наумовски от Охрид дава по опширен доклад за положението на нашата наи голема светиња-манастирот Св.Наум,кажа:"дека манастирот е во рацитe на гражданска власт.Да во манастирот нема свештено лице.Да во црквата не се служи служба Божија.Да еугаснато кандилото на гробот на Св.Наума и нема кои да го пали,това кандило кое никогаш не беше угаснало.Да се от манастирот одземени имотите по закон за агр.реформа,но следователно да му са вратени,като е признат за историска светиња,но и поред тоа и до денеска не е предаден на црквена власт.Предлага: да се наиде свештено лице кое да биде изпратено во Св.Наум,да се от управното тело изберe дебегација која да посети Председателството на Народната Влада и да го запозна е со случајот на Св.Наум,како и да бара манастирот со вратените му имоти да се предаде на духовна власт и след това да се изпрати иеромонах во манастирот.-Иеромонах Василие от Прилеп се пријавува за одење во Св.Наум.

Св.Антон от Дебарско подробно докладва за работата во манастир Св.Наум каде бил от окл.Духовен одбор во Охрид назначен за старешина во началото на 1945 година.Между другото кажа:да му е управникот на манаст.имот-цивил правил пречки во работата,да му е претил со фрлането му во езерото,дека е тои пречил да се от фелони те прават гаки и кошули на работниците во манастирот.-Отец иеромон. Василие след доклада на отец Антона се отказва да иде во Св.Наум. След това пак се предложи:да се образува суд части кои ќе се занимава со испитиването на овакви и ним подобни работи и да преко управното тело поднесува да им се барание за заштита на честа и афторитетот на црквата преко верската комисија от надлежните.

Скупштината усвојува предлогот на от.Смилета и решава: да управното тело като соборска делегација посети верската комисија Председателот на Народната Влада и изнесе горниот случаи.

Св.Ристо Нанчев говори за истите прилики за манастирите во Ресенска околија,кои са биле во рацитe на народни одбори.

Свешт.Илија Мукаетов повдига вопросот за свешти,а имено от каде да се намери материјал?-Свешт.П.Давидков исто говори по тоа прашање и предложи:да скопската епарх.свештоливница постане свештоливница на целата Македонска црква која ќе снабдева со свеки сите цркви.-Скупштината решава:

Да свештоливницата стане свештоливница на целата Макед. црква.- Управното тело да преко надлежни министерства бара материјали церезин-парафин и др.-Управното тело да стапи во врзка со фирмата-Југопетрол Белград,и да се информира има ли таја фирма парафина.- Свешт.Кир.Стојанов појасни,дека има надежда да во скоро време се отпусне от Министерството на Тргов.и индустријата известно количество парафина,а по веќе бараното на инициативниот одбор.

Свешт.К.Трпенов предлага образуване на свешт.кооперации ако некаде има условија за такива.-Скупштината натовара управното тело и контрол.комисија да се занимава со него.

След като беа изчерпени сите точки от дневниот ред на скупштината председ.на раков.тело предложи да се от скупштината изпратат поздравителни телеграми до Председателот на Југословенската Влада Маршал Јосиф Броз Тито,до Св.Синод во Белград,до Председателот на Народ.Влада во Македонија во Скопје и до свештен.удружение на Црна гора во Цетиње.

Скупштината усваја предлогот.Секретарот Мукаетов чете телеграмите кои скупштината ги изслуша стоеики и ги поздрави со одушевлен аплауз.Телеграмите се прилагат кон записникот.

След това свештениците со молитва заблагодарија Богу за успешната работа на скупштината.-После скупштината реши:да се на свештениците кои беха присатни на соборот и останаа на гласуването издаде помошт во размер,кои да го определи пленумо на изборното тело

Скупштината се закри во 14 часа на 10 мај 1946 год.

Секретар
/п/ И.Мукаетов

Председател на Раков.
Тело:/п/ С.Личеновски

Оверачи на записникот
1/ п/ Ѓорѓе Ангеловски
2/ п/ Јордан Атанасовски

/часопис "Српска црква" од 1919 година,Сарајево,страна 269/.Нити подчинуењето на овие епархии во 1767 година од страна на Цариградската патријаршија беше канонично,нити купувањето-од страна на Српската црква е канонично и христијанско. Затоа што и во првиот и во вториот случај тоа е станало без знание и согласие на православниот македонски народ.

Во најново време после четиригодишната народо-ослободителна борба,Македонскиот народ ги оствари својите вековни идеали.Тој стана рамноправен член во братската заедница со останалите југословенски народи.Со добивањето на политичката слобода,нашиот народ доби возможност да се ослободи и во духовно-црковно отношение. Никој не е компетентен да одлучуе за начинот на уредуењето на црковниот живот во Македонија,освен православен Македонски народ и неговото свештенство.

/526-28

Оставени сами на себе си/зошто бугарските владици си отидоа во крајот на 1944 година,заедно со бугарската политичка власт, како што 1941 година направиа и владиците на Српската православна црква/,свештенството и народот беа принудени да свикаат Црковно-народен собор,за да се донесат решенија за организирането на црковниот живот во Македонија.Таков собор беше свикан на 4.IIII1945 г. На него се донесе решение да се возобнови Охридската архиепископија и организира Македонска православна црква,со народен епископат и народно свештенство.Православните македонци,преку својите делегати на соборот искажаа еднодушно желание да се сложи крај на долгогодишната и пагубна практика подржана од завоевателите на нашиот народ,да секоја власт аутоматски и без согласието на народот наметнува свои епископи на македонските епархии.Со смењаването на власта се смењаваа и подржаните од неја ненародни епископи.Тие промени носеа растројство во црковно-верскиот живот во Македонија. Ете от тие мотиви се раководеа преставителите на соборот,кога решиа да епископите и свештенството бидат народни.

(За I

Дали е решението на Македонскиот Црковно-народен собор во согласие со духот и учењето на Христовата црква,со незините канони и традиции? Православната црква за разлика од римокатолиците уште од апостолското време е почнала да дава возможност за формирање на нациотални т.е. поместни цркви.Православната црква е една.Но незиното единство е духовно,а не формално.Отците на вселенските собори раководени од желанието да Христовата црква има духовно единство,решиле да секој народ има право да си образува своја помесна црква/IV вселенски собор,17 правило/.Историјата на црквата ни покажува да секогаш имало поголемо единство кога одделни православни народи си имале свој самостојателен црковен живот, одколку кога насилно им е зимано тоа право/Пример:Однос на фанариотите кон помесните цркви на Балканскиот полуостров/Грешките на фанариотите се повторени од страна на српските и бугарските епископи кон нашиот народ.Затоа делегатите на нашиот Црковно-народен собор,кога решиа да се возобнови Охридската архиепископија, се раководеа од принципот,да само придобивањето на својето право за слободен црковен живот може да има вистинско духовно единство со другите блиски цркви,а не и кога тоа право се оспорава.

Извадок од писмото на свештениците Никола Апостолски и Кирил Стојанов до претседателот на владата на НРМ

Коj е компетентен да даде самостоjателност на правосл...
во Македониjа?Делегатите на соборот не забораваjки ги каноните и досегашните традиции на Православната црква,решиа да за истото се бара по надлежен и каноничен пат согласие и помоќ на сите сестрина сите помесни православни цркви.Зошто од сите,а не само од Српската православна црква,коjа "de jure " се смета за кириjархална црква над македонските епархии?

Прво,укинуењето на Охридската архиепископиjа/1767 / е незаконо и противно на каноните/Карт.собор,прав.118,120/.

Второ,самоволното грабење на македонските епархии од страна на грчки,српски и бугарски епископи,нивното наизменично сменување заедно со промената на државната власт,коjа ги доведуела е неканонично/Апост.прав.14;Сардик.собор прав.1 и 2/.

Трето,споменатото купување на македонските епархии од Српската црква/1919 г./,без знание и согласие на народот и неговото свештенство не е ниту канонично,нити е во духот и традициите на апостолската црква/Апост.прав.29/.

"Покровителството" над нашите епархии од страна на Цариградската патриjаршиjа/Бугарската егзархиjа и Српската патриjаршиjа/ е неканонично и нехристиjанско.Нивните епископи повеке служеле на своjите национални интереси од колку на Христа и Неговата Црква.Ете зошто делегатите на нашиот Црковно-народен собор,како изразители на сенародната воља,решиа да се сложи краj над тоа туторство над нашиот црковен живот.Бараjки своj епископат и самостоjателен црковен живот Македонскиот народ сака да се прекине со таjа погрешна и пагубна практика за него.Српската црква денеска "de facto " е толку канонски кириjархална за македонските епархии,колку пред неjа биле Бугарската егзархиjа и Цариградската патриjаршиjа.Имаjки го предвид тоа,соборот реши да се бара согласие за признавањето на самостоjателност на православната црква во Македониjа од сите автокефални православни цркви.  13а

Има ли опасност за единството на Православната црква,ако православните во Македониjа добиjат црковна самостоjателност? И порано нагласифме да Православната црква го наjдува своjето единство во духот на Христа,а не во формалното обединување.Со добивањето на самостоjателен црковен живот/а тоа е единствениот правилен и разумен пат за разрешување на нашето црковно прашање/,православните Македонци ке бидат во потесна духовна врска со верните од другите сестри цркви,одколку кога во нив гледале своjи тутори и господари.Обратно,ако нашето прашање не се разреши правилно,тогаj можат да настанат проjави противни и на духовното единство на Православната црква и за чистотата на Христовото учение.

Членовите на Црковно-народниот собор од 4III.1945 година кога донесоа резолуциjа за црковна самостоjателност на Македонскиот народ немаа,како што и сега никоj нема,никакви сепаратистички тенденции,но со тоа сакаа да наполно реализират на нашата братска државна заедница основните принципи,братството,единството и рамноправието,т.е.да и нашиот народ има оноа што го имат другите братски народи,конкретно Српскиот-црковна самостоjателност,коjа

како оформено цело подобно на државниот ни союз, ке стане равноправна единка, во црковниот сојуз на "Југословенската православна црква" или "Православната црква во Југославија", за које постојано мисли и работи сето наше свештенство, односно целиот наш народ, а које е недвосмислено формулисано во седмата точка на соборската резолуција.

Зошто се сега бара аутокефалност, а не аутономија, може да се објасни пореѓефно, ако се направи сравнение пак со уредувањето на нашата држава. Како што е Македонија федерална република, а не аутономна област или покрајина на некоја федерална република, така и во црковно отношение, Македонија требе да биде равноправна единка, т.е. за сега да има оноа што го имаат и другите, а во организираната Југословенска православна црква да биде сојузна единка.

Во С.С.С.Р. има освен Руската православна патријаршија и Грузинска патријаршија и Украински екзархат, и на никого не му пада ни на ум, да го тоа смета ка разединуење на братските сојузни советски народи.

Не еднаш дадофме предложение за организирање на Југословенска православна црква, па и преку наша полуофицијална делегација до Св. Синод на Српската православна црква, но до денеска не е во тоа направление ништо сторено, макар да се е за истото изјаснило со своја резолуција, и Црногорското свештенство.

Единството на Југославија не само што не е разрушено но е цементирано, со создавањето на 6 федерални народни републики, и со признавањето на 5 равноправни братски нации, те исто така нема да биде угрожено братството и православието, ако се по начинот на државното оформуење признае и на Македонскиот народ и црковна слобода-самостојателност, а после како равноправни цркви си создадат една сеопшта Југословенска православна црква-со општ Архиерејски собор и синод и секоја покраинска црква си има отделен Св. Синод од архиереите на дотичната покраина, подобно на федералните влади.

Никој не сака да сме веќе отделени со било какви зидови или прегради. Секој знае, ати Југославија е животна потреба за сите нејни народи и она не е случајна творевина, ами историска и животна нужност, без која слобода на отделните нејни народи е немислима.

Нашиот народ стекна и има доволно политичко искуство, за да ја спознае цела вистиност, дека нема слободна Македонија, без федеравна Титова Југославија.

Сепаратистичкото семе не може никогаш повеке да уроди со плод во нашиот народ. Денес нашиот народ го облива таласот на општо Југословенскиот, дури и сесловенскиот, патриотизам. Федеративна народна република Југославија е вистинска татковина за нас, створена и со нашите напори и жертви.

Во името на вистинското братство, единство и равноправие апелираме на Вас, на вишите преставители на народната власт, да спомогнете правилното разрешение на нашето црковно прашање. Тоа е желанието на целиот православен народ во Македонија.

ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА:

СКОПЈЕ

ЊЕГОВОЈ СВЕТОСТИ ПАТРИЈАРХУ СРПСКЕ ПРАВОСЛАВНЕ ЦРКВЕ Г.

ГЕРМАНУ

за

СВЕТИ АРХ.САБОР СРПСКЕ ПРАВОСЛАВНЕ ЦРКВЕ

Б е о г р а д

Према праксом освештаном принципу у Православљу да сваки народ има своју националну цркву и наш Македонски народ, извојевавши своју националну слободу, желео је и жели да има и своју националну црквену организацију.

Ту његу црквену организацију оформио је Македонски црквено-народни сабор, одржан у Охриду у дане од 4–6 октобра 1958 године, на коме је донет и Устав Македонске православне цркве.

У опсежној и плодној дискусији на Црквено-народном сабору православни свештеници и верници једногласно су изразили жељу и вољу, како из верских тако и државно-правних разлога, да остане
македонска православна црква
у духовном - канонском јединству са Српском православном црквом, преко личности Њ.Св. Патријарха Српске православне цркве који би био Патријарх и Македонске православне цркве. Ова наша тежња дошла је до свога изражаја и у самоме Уставу Македонске православне цркве који то истиче на неколико места /чл. 1, 38, 39/.

Ми заиста желимо да останемо у канонском јединству са Српском православном црквом. То јединство одржавало би се преко заједничког Патријарха, али тако да се ни Српска православна црква не меша у унутрашње послове Македонске православне цркве, нити пак Македонска православна црква у унутрашње послове Српске православне цркве.

Ми хоћемо да са Српском православном црквом останемо у јединству, у слози и љубави. У том циљу готови смо да међусобна питања и односе ускладимо на обострано задовољство.

Због тога обраћамо се Светом Арх. сабору Српске православне цркве са молбом и уверењем да ћемо бити правилно схваћени у нашим настојањима да се унутрашњи послови Македонске православне цркве управљају по посебном Уставу.

На крају сматрамо да нам потребу јединства изискују интереси наше свете Православне цркве, као и интереси наше државне заједнице.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Писмо од поглаварот на МПЦ до поглаварот на СПЦ

Б Е Л Е Ш К А

Са састанка одржаног 25 априла 1967 године код Председника Савезног Извршног већа по питању односа између Српске православне цркве и Македонске православне цркве.

Састанку су присуствовали другови: Едвард Кардељ, Петар Стамболић, Вељко Влаховић, Мијалко Тодоровић, Добривоје Радосављевић, Крсте Црвенковски, Никола Минчев, Драги Стаменковић и Милутин Морача.

У погледу односа између две цркве на састанку је констатовано:

- да се односи између две цркве све више заоштравају због различитих ставова по основним питањима између њих;
- да су се ови односи погоршали нарочито после одлуке Сабора Српске православне цркве од 23 маја 1966 године којом је ревидирао своју ранију одлуку из 1959 године;
- да и поред одређеног настојања надлежних фактора руководство Српске православне цркве не показује ни разумевање, ни спремност за регулисање односа између две цркве;
- да досадашњи развој односа између две цркве захтева да политички и државни фактори још једном укажу руководству Српске православне цркве на политичку оправданост захтева за аутокефалност и да је у интересу и саме Српске православне цркве признање аутокефалности Македонској православној цркви;
- да руководству Српске православне цркве исто тако треба указати и на све штетне последице њеног негативног става;

Полазећи од ових констатација закључено је:

- Да политички и државни фактори СР Србије још једном укажу руководству Српске православне цркве на све штетне последице њиховог негативног става у погледу оправданог захтева за аутокефалност Македонске православне цркве;

Белешка од состанокот кај претседателот на Сојузниот Извршен Совет

2.-

- Да се руководству СР Србије и СР Македоније у случају негативне одлуке Сабора Српске православне цркве на овогодишњем мајском заседању договоре какве мере треба предузети да у земљи не дође до негативних политичких последица.

Београд, 26.IV.1967 године

ИЗ КАБИНЕТА ПРЕДСЕДНИКА САВЕЗНОГ ИЗВРШНОГ ВЕЋА

Достављено:

- Генералном секретаријату Председника Републике,
- Кабинету председника СИВ-а,
- Другу Мијалку Тодоровићу,
- " Добривоју Радосављевићу,
- " Драгом Стаменковићу,
- " Крсти Црвенковском,
- " Николи Минчеву и
- Председницима Републичких комисија за верска питања

# СПИСОК НА КОРИСТЕНИ И КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I. Извори

### А. Необјавени архивски материјали

### А1. Фондови на Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ)

1. Албанска православна црква
2. Извршен совет на НР Македонија
3. Републичка комисија за односи со верските заедници
4. Претседателство на Владата на НРМ
5. Српска православна митрополија, Скопје
6. ЦК КПМ/СКМ, верска комисија
7. ЦК КПМ/СКМ, идеолошка комисија

### А2. Фондови на Документарното одделение на ИНИ

1. Поповски Антим, Издеглавје – нов Витлеем за време на НОБ 1943 г.
2. Поповски Антим, Сеќавање за учество во НОБ
3. Стојановски Кирил, Сеќавање од периодот на НОБ

### Б. Објавени документи

Автокефалноста на Македонската православна црква (документи) приредил проф. д-р Цане Мојановски, Скопје, 2004

АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 1, Избор, редакција и коментари д-р Александар Христов, д-р Миле Тодоровски, д-р Новица Велјановски, Скопје 1984

АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 2, Избор, редакција и коментари д-р Александар Христов, д-р Миле Тодоровски, д-р Новица Велјановски, Скопје 1984

АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) Документи од работата на Президиумот на АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание и од Третото заседание на АСНОМ, том I, книга 3, Избор, редакција и коментари д-р Новица Велјановски, Скопје 1987

АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) Документи од работата на повереноствата и на други органи на

АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание на АСНОМ, том I, книга 5, Избор, редакција и коментар д-р Новица Велјановски, Скопје 1994
Васељенска патријаршија и српско црквено питање поводом писма Њ. С. Васељенскога патријарха Константина ВЊ.ВП. Српском автокефалном митрополиту Михаилу, од архимандрита Н Дучића, Биоград, 1905
Vukmanovic Svetozar - Tempo, Revolucija koja tece, Beograd 1971
Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, том втори, Скопје 1981
Зборник на документи АСНОМ 1944 – 1964, Скопје 1964
Тодороска Катерина, Димова Оливера, Еден документ за ставот на Бугарската црква по прашања кои се однесуваат на Македонија, Историја, XLI/1-2. Скопје, 2005, 129-132
Мемоари патријарха Гаврила, Београд, 1990
Митрополит Скопски Јосиф Мемоари-друго издање-приредио мр. Велибор Џомић, Цетиње, 2008
Президиум на АСНОМ – Записници, ИНИ, Скопје 1994
Сеќавање на свештеникот Антим Поповски, Весник на МПЦ V/1 1963
Српска православна црква у Другом светском рату (из архива Светог синода), Београд 1991

## Нормативни акти

Уредба за основање државна комисија за верски прашања (Службен лист на ДФЈ, 21 август 1945 година)
Устав на Македонската православна црква, Скопје 1958
Устав Српске православне цркве, Гласник Српске православне цркве, Београд 1947
Устав на Социјалистичка Република Македонија, издание на Службен весник на СРМ, Скопје 1963
Устав на Федеративна Народна Република Југославија, Белград 1946
Ustav Socijalisticke Federativne Republike Jugoslavije, II izdanje, Sluzbeni list SFRJ, 1963

## Списанија и весници

Гласник Српске православне цркве
Весник на Македонската православна црква
Вардарски зборник
Службен лист на ФНРЈ
Службен весник на СРМ
Нова Македонија
Гласник на Институтот за национална историја (ИНИ)
Списание Историја
Токови историје
Časopis za suvremenu povjest
Istorija XX veka Časopis instituta za savremenu istoriju

## II. Литература


Ангелов Веселин, Неврокопската епархия при управлението на митрополит Борис (1935 – 1948) – Религия и църква в България, София, 1999

Архиепископ Ангеларij, Петнаесет години автокефалност, Скопје 1982

Ачкоска Виолета, Местото и улогата на владите на Македонија – некои аспекти од нивното конституирање и работа 1945 – 1995 година – ГИНИ, Скопје 1995, 39, 1 – 2

Ачкоска Виолета, Аграрно сопственичките односи промени и процеси во Македонија, Скопје 1998

Ачкоска Виолета, Македонија во Југословенската федерација 29. 11. 1943 – 8. 9. 1991 (хронологија), Скопје 2001

Ачкоска Виолета, Братството и единството 1944 – 1974 помеѓу хармонија и дисхармонја, ИНИ, Скопје 2003

Ачкоска Виолета, Македонско-српските односи во најновата историја, Зборник на трудови од Меѓународната научна конферднција „Македонија и соседите" Скопје, 2010

Баталден К. Стивен, Преиспитување на традицијата - есеи за историјата на православието, Скопје, 1997

Белчовски Јован, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје 1990

Bojadžiski Ognen, Kronologija Ohridske arhiepiskopije, Zagreb, 2010

Božić Z. J, Die Autokephalieerklärung der Makedonischen Orthodoxen Kirche, Würtzburg Augustinus Verlag (Das östliche Christentum. Neu Folge, vol. 42) 1994

Бошковски Борис, Свечена седница на Црковно–народниот собор, Сеќавања на Соборот 1958, Весник на МПЦ X/5 1968

Бартл Петер, Албанци од средњег века до данас, Београд 2001

Бован Владимир, Ученици Призренске богословије из Вардарске Македоније, Вардарски зборник бр. 5, Београд, 2006

Boeckh Katrin, Vjerski progoni u Jugoslaviji 1944-1953: staljinizam u titoizmu, Časopis za suvremenu povjest, 38/2, Zagreb, 2006

Бунтевски Ристо, Политичките ставови за решавање на македонското национално прашање на Методија Андонов-Ченто - Ченто,-човек, револуционер, државник, Зборник од материјали од тркалезната маса одржана на 24.11.1993 година во Прилеп, Прилеп 1993

Велјановски Новица, Административно–централистичкиот период во државно–правниот развој на Македонија (1945 – 1953), Скопје 1992

Велјановски Новица, Обид за периодизација на историското минато по Втората светска војна (1945 – 1991), ГИНИ, Скопје 1998, 42,2

Велјановски Новица, Македонија 1945 – 1991 државност и независност, Скопје 2002

Варнава патријарх српски, Српска православна црква у прошлости и садашњости, Сремски Карловци 1935

Веселиновић Рајко, Уједињење покрајинских цркава и успостављање Српске патријаршије – Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Веселиновић Л. Рајко, Преглед историје цркве у старој Србији и Македонији од 1766 до 1919 – Српска православна црква 1219-1969

Грбић Ристо, Општа обнова црковног живота – Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Грчев Кокан, Црковното градителство во Македонија, Скопје 1998

Гогов Методи, Петнаесет години од обновата на Охридската архиепископија, Весник на МПЦ, XV/1 1973

Димевски Славко, Црковна историја на македонскиот народ, Скопје 1965

Димевски Славко, Пет години од обновата на Охридската архиепископија, Весник на МПЦ V/1 1963

Димевски Славко, Борбата за автокефалност на православните цркви во Европа создадени во XX век, Скопје 1971

Димевски Славко, Историја на Македонската православна црква, Скопје 1989

Димитриевић Марко, Српска православна црква под бугарском окупацијом – Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Доклестиќ Љубиша, Српско-македонските црковни односи во XIX век, Скопје, 1973

Драшковић Љубомир, Школе Српске православне цркве - Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Eastern Christianity and the Cold War, 1945-91, Edited by Lucian N. Leustean, Routledge, London and New York, 2010

Епископ Сава, Епархије и епископи Српске православне цркве 1920 – 1970 – Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Жиле Оливие, Православните цркви, државите и нациите на Балканот, Гласник на ИНИ 48,1-2,2004

Жујовић Гордана, Епископ Хризостом живот и рад, Београд 1991

Зундхаузен Холм, Историја Србије од 19 до 21 века, Београд, 2009

Ђурић Вељко, Усташе и православље, Београд 1989

Иванишевић Васо, Српска православна црква под италијанском окупацијом – Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Ивановски Владо, Методија Андонов-Ченто, Човек - борец, државник – Зборник од материјали од тркалезната маса одржана на 26.11.1993 година во Прилеп, Прилеп 1993

Иванић Иван, Маћедонија и Маћедонци, опис земље и народа, Нови Сад, 1908

Игумен Никола (Трајковски), Света Русија записи од Македонија, Скопје, 2009

Илиевски Хр. Петар, Црковно–државните односи и меѓуконфесионалната егзистенција во Македонија (во постсоцијалистичкиот период со поглед кон минатото) – ГИНИ, Скопје 1998, 42/1

Илиевски Доне, Смислата на некои отпори против автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје 1970

Илиевски Доне, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје 1972

Илиевски Доне, Македонското православно свештенство во борбата за национална и црковна слобода, Скопје 1987
Илиевски Доне, Архиепископот охридски и македоски Доситеј, Скопје 1995
Илић Предраг, Српска православна црква и тајне Дахауа, Београд, 2006
Интронизација на новопроизведениот преспанско–битолски епископ Климент, Гласник на МПЦ I/5 1959
Историски собор, Гласник на МПЦ I/1 1959
Историја на македонскиот народ, кн.трета, Скопје 1969
Јанковић Д.Милан, Патријарх Герман у животу и борби за спомен храм, Београд 2001
Jovanović Vladan, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929, Beograd, 2002
Картов Владо, Културно-просветната политика на Југославија спрема македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни, Скопје 1973
Кашић Душан, Српска православна црква у тзв. Независниј Државі Хрватској, Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971
Kitromilides M. Paschalis, The legacy of the Franch Revolution: Orthoxy and nationalism- The Cambridge Hoistory of Christianity, volume 5, Eastern Christianity, edited by Michael Angold, Cambridge University Press, 2008
Костадиновски Драги, Вардарскиот дел на Македонија под јурисдикција на Српската православна црква (1919 – 1941), Скопје 1995
Костовски Стефан, Религијата и социјалистичкото општество, Скопје 1980
Костовски Стефан, Религијата и црквата во социјалистичкото самоуправно општество, Скопје 1982
Клакиќ Драган, Времето на Колишевски, Скопје 1994
Kurtovic Todor, Religija u socijalistickom samoupravnom drustvu, Sarajevo 1987
Лазаров Лазар, Општествено–економскиот развој на НР Македонија 1944 – 1957, Скопје 1988
Лечић Момир, Изградња и обнова цркава и манастира од 1920 до 1941 – Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971
Малковски Ѓорѓи, Бугарската фашистичка организација „Браник", во Македонија (1941 – 1944), Скопје 1992
Малковски Ѓорѓи, Профашистички и колаборационистички организации во Македонија 1941 – 1944, Скопје 1995
Макотрпниот пат до црковно осамостојување, Нова Македонија 29 јули 1994 година
Механџиски Ванчо, Жртва на комунистичкото слепило, Епоха 5 октомври 1991 година
Миновски Михајло, Авнојска Југославија и македонското национално прашање, Скопје 2000
Михаил, Архиепископ охридски и македонски, Скопје 1994
Мурџев Слободан, Негаторските ставови на соседните православни цркви спрема Македонската православна црква, со посебен осврт на Српската православна црква, Скопје 1992
Неговата светост патријархот Герман со висока придружба во посета на Македонија, Гласник на МПЦ I/5 1959

Николовски Славе – Катин, Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД, Скопје 1994

Пачемска Даринка, Црковните прилики во Малешевијата меѓу двете светски војни - Историја, Скопје 2001, XXXV/1 – 2

Периќ Миодраг, Активности за возобновување на Македонската православна црква во текот на НОВ 1941 – 1944 (По повод 50- годишнината од формирањето на Првото свештеничко собрание) – ГИНИ, Скопје 1993, 37/1 – 2

Периќ Миодраг, Воспоставување на Српската патријаршија во Кралството СХС и македонските епархии во составот на новата држава – ГИНИ, Скопје 1991, XXXV/ 1-2

Периќ Миодраг, Македонската православна црква и Српската православна црква – толеранција и соработка или судир – Историја, Скопје 1997, XXXIII/1-2

Периќ Миодраг, Историско–правните аспекти во односите меѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Скопје 1998

Поповски Нестор, Православната црква и Народната револуција во Југославија, Весник на МПЦ III/3 1961

Поповски Нестор, Патриотската црковно–народна дејност на нашите иселеници во странство, Весник на МПЦ II/1 1960

Петър Петров, Христо Темелски, Църква и църковен живот в Македония, (www.promacedonia.org/pp_ht/pp_ht_5.html)

Петровић К. Душан, Уједињење и обнова патријаршије – Српска православна црква 1219 – 1969 (Поводом 750-годишњице аутокефалности), Београд 1970

Прокић Милоје, Изградња цркава у послератном периоду - Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Пузовић Предраг, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање, Вардарски зборник бр. 1, Београд, 1999

Пузовић Предраг, Улога цркве и свештенства у балканским ратовима, Вардарски зборник бр. 4, Београд, 2005

Радић Радмила, Држава и верске заједнице 1945-1970, први део: 1945-1953, други део: 1954-1970, Београд, 2006

Радић Радмила, Живот у временима: Патријарх Гаврило Дожић (1881-1950), Београд, 2006

Radić Radmila, Izbor patrijarha Srpske pravoslavne crkve u 20.veku, Istorija 20. veka, XXVII/1, Beograd, 2009

Radmila Radić, 88 godina od osnivanja SPC, (www.pescanik.net)

Религия и църква в България, София, 1999

Сава епископ шумадиски, Српски јерарски од IX до XX века, Београд, Подгорица, Крагујевац, 1996

Samardjic Radovan, Religija i polozaj verskih zajednica u SFRJ, Beograd 1984

Слијепчевић Ђоко, Питање Македонске православне цркве у Југославији, Минхен, 1959

Slijepčević Djoko, Die autokephalie der so genannten "Mazedonichen" orthodoxen kirche vom kanonischen und geschichtilchen standpunkt beurtelt, Balkan

Studies, A Bianual publication of the Institute for Balkan Studies, Volume 20, Thessaloniki, 1970

Слијепчевић Ђоко, Историја Српске православне цркве, том III, Београд 1991

Стоянова Ваня, Църквата и националното обединение – Българската православна црква през Втората световна война, Религия и църква в България, София, 1999

Спирић Миодраг, Досељавање из Македоније у Алексинац током XIX века, Вардарски зборник бр. 4, Београд, 2005

Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Српска православна црква 1219 – 1969 (Поводом 750-годишњице аутокефалности), Београд 1970

Терзиски Ристислав, Бугарската православна црква во окупирана Македонија (1941–1944) – ГИНИ, Скопје, 1965, IX/2

Терзиоски Растислав, Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции, Скопје 1974

Тодоровски Глигор, Прилог кон прашањето на отпорот во Западна Македонија во време на окупацијата од 1941 до 1944 година, Весник на МПЦ V/1 1963

Тодоровски Глигор, Западна Македонија во време на окупацијата 1941 – 1944 година, Скопје, 1998

Тодоровски Глигор, Србија и реформите во Македонија, Скопје, 1987

Тодоровски Миле, Формирање и работа на Верското поверенство, Весник на МПЦ V/5 – 6 1963

Трајановски Александар, Црковно–народниот собор од 1945 година и ангажирањето на свештеникот Методи Гогов, за возобновување на Охридската архиепископија – Историја, Скопје 1995/1996, 35 – 36/1 – 4

Трајановски Александар, Возобновувањето на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, Скопје, 2008

Трет митрополитски црковно–народен собор, Весник на МПЦ IV/4 1962

Туѓман Фрањо, Историската судба на народите, Скопје 1998

The Cambridge Hoistory of Christianity, volume 5, Eastern Christianity, edited by Michael Angold, Cambridge University Press, 2008

Ћирковић Богољуб, Библиотеке Српске православне цркве - Споменица Српска православна црква 1920 – 1970, Београд 1971

Уставни гаранции за слободата на вероисповедта, Весник на МПЦ В/3 1963

Хиротонија на Неговото високодостоинство г. Наум во Штип, Гласник на МПЦ I/1 1959

Хиротонија на Неговото високодостоинство архимандрит Методиј во Прилеп, Весник на МПЦ VIII/2 1966

Cepreganov T., Shashko P, The Macedonian Orthodox Church, Eastern Christianity and the Cold War, 1945-91, Edited by Lucian N. Leustean, Routledge, London and New York, 2010

Црвенковски Крсте, Милосавлевски Славко, Нашиот поглед на времето на Колишевски, Скопје 1996

Црковно–народен собор на Македонската православна црква, Весник на МПЦ II/3 1960
Ченто - човек, револуционер, државник – Зборник од материјали од тркалезната маса одржана на 26.11.1993 година во Прилеп, Прилеп 1993
Четврти црковно–народен собор на МПЦ, Весник на МПЦ V/5 – 6 1963
Четириесет години самопрегорна служба богу, Весник на МПЦ VI/2 1964
Џамбазовски Климент, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960
Џомић Велибор, Страдање Српске цркве од комуниста, www.rastko.rs/istorija/dzomic-stradkom/index_c.html

# СОДРЖИНА


Предговор ..... 5

1. Црковните прилики во Македонија 1912-1944 година ..... 9

    1.1. Улогата на Српската православна црква во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни ..... 9

    1.2. Улогата на Бугарската и Албанската православна црква во Вардарскиот дел на Македонија 1941-1944 година ..... 16

    1.3. Формирање на верското поверенство во 1943 година ..... 21

    1.4. Македонското црковно прашање и АСНОМ ..... 24

2. СПЦ и македонското црковно прашање 1944-1958 ..... 29

    2.1. Односите на Српската православна црква со југословенската власт ..... 29

    2.2. Улогата на Сојузната и републичките комисии за верски прашања кон македонско-српските црковни односи ..... 35

    2.3. Прв црковно-народен собор ..... 40

    2.4. Свештеничка конференција во мај 1946 година ..... 49

    2.5. Односот на СПЦ кон македонското црковно прашање во времето на патријархот Гаврил (1946-1950) ..... 62

    2.6. Српската православна црква и македонското црковно прашање 1950-1958 година - Почеток на преговорите - времето на патријархот Викентиј ..... 71

3. Втор црковно-народен собор ..... 107

4. Односите на Македонската и Српската православна црква 1959-1967 ..... 119

    4.1. Одлуките на Соборот на СПЦ од 1959 година ..... 119

    4.2. Црковните односи 1960-1965 година ..... 126

        4.2.1 Српската православна црква и македонското иселениште – Формирање на епархија во дијаспората ..... 129

        4.2.2. Односот на сојузните и републичките власти кон македонско-српските црковни односи ..... 133

    4.3. Финансиските и кадровските проблеми во Македонската православна црква 1958-1967 ..... 145

    4.4. Заострување на односите меѓу Македонската и Српската православна црква ..... 150

5. Трет црковно-народен собор - прогласување на автокефалноста ..... 171

6. Македонско-српските црковни односи по прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква (1967-1970) ..... 175

6.1. Вонредното заседание на Соборот на Српската православна црква – септември 1967 година ..... 175
6.2. Продлабочување на недовербата ..... 178
Заклучок ..... 195
Прилози ..... 199
Список на користени и консултирани извори и литература ..... 227
Содржина ..... 235